ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

ЗАКОНИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ЗА СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА

Септември, 2017

Овој Проект е финансиран
од Европска Унија

<u>Одрекување:</u>

Содржината на оваа збирка на закони и подзаконски акти е подготвена со техничка помош на тимот на СЦБЛ проектот и претставува неофицијална консолидација на применливите текстови на законските и подзаконските акти објавени во Службен Весник, заклучно со септември 2017 година и на ниту еден начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

За Збирката и Проектот

Збирката што е пред Вас претставува неофицијален консолидиран текст на Законот за стечај и на правилниците за негова примена на 30 август 2017 година. Посебно е изведен и предметен регистар за брза работа со законските акти. Опфатен е и Законот за трговските друштва, во делот што се однесува на ликвидација и на бришење на трговските друштва од трговскиот регистар по службена должност.

Целта на збирката е на едно место (one-stop-shop) да се најдат сите законски и подзаконски акти што се однесуваат на стечајот и на ликвидацијата во Македонија, за да можат да ги користат сите професионалци во секојдневното работење, како оперативна помош во водењето на постапките и подобра организација на работното време.

Објавувањето на оваа збирка е овозможено со Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“(СЦБЛ), што се остварува со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и се имплементира од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting&Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Целта на проектот е да ги зајакне административните капацитети на органите кои ја имплементираат законската рамка за стечај. Во рамките на Проектот досега се реализирани бројни обуки, советувања и тркалезни маси на кои вниманието на експертите и на бројните претставници на стручните институции беше насочено кон анализа на постојната законска рамка за стечај и ликвидација и нивната имплементација. Притоа, воочена е потребата на професионалната фела од создавање на еден актуелен и консолидиран прирачник во кој би биле сублимирани сите законски акти и правилници што ја регулираат оваа материја. Преку Проектот реализирани се и обуки на стручните лица кои се баваат со стечај и ликвидација во Македонија.

Се надеваме дека оваа збирка ќе ја користат сите кои ги интересира стечајот и ликвидацијата во Македонија.

Од СЦБЛ Проектот

Содржина

ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ 8

ДЕЛ ПРВИ- ОПШТИ ОДРЕДБИ 8

ДЕЛ ВТОРИ- СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА....19

Глава прва- Основни одредби за постапката 20
Глава втора- Стечаен совет....25
Глава трета- Органи на стечајната постапка....26
Глава четврта- Поведување на стечајна постапка 62
Глава петта- Претходна постапка....65
Глава шеста- Отворање на стечајна постапка 71

ДЕЛ ТРЕТИ- СТЕЧАЈНА МАСА, УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА 60

Глава прва- Стечајна маса 79
Глава втора- Обезбедување на имотот што влегува во стечајната маса80
Обезбедување на имотот што влегува во стечајната маса....80

ДЕЛ ЧЕТВРТИ- НАМИРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА....86

Глава прва- Утврдување на побарувањата 87
Глава втора - Одлука за начинот на располагање 93
Глава трета- Впаричување на предмети врз кои е стекнато право на одвоено намирување 99
Глава четврта- Стечајни доверители....103
Глава петта- Излачни доверители 106
Глава шеста- Разлачни доверители....109
Глава седма- Доверители на стечајната маса 112

ДЕЛ ПЕТТИ- ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА....89

Глава прва- Основани правни последици 115
Глава втора- Исполнување на правните работи....123
Глава трета- Побивање на правни дејства на стечајниот должник....130
Глава четврта- Распределба....137

Глава петта- Заклучување на стечајната постапка 142
Глава шеста- Запирање на стечајната постапка 145

ДЕЛ ШЕСТИ - ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА 150

Глава прва - составување на планот.....151
Глава втора- Прифаќање и одобрување на планот за реорганизација.164
Глава трета- Правно дејство на одобрениот план за реорганизација и надзор врз спроведувањето на планот .....
.....168

ДЕЛ СЕДМИ- ЛИЧНО УПРАВУВАЊЕ ОД ДОЛЖНИКОТ 177

ДЕЛ ОСМИ - ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПРЕОСТАНАТИТЕ ОБВРСКИ.....184

ДЕЛ ДЕВЕТТИ- ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ.....194

ДЕЛ ДЕСЕТТИ - ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА.....206

Глава прва- Стечајна постапка врз имот на умрено лице –трговец 207
Глава втора- Стечајна постапка врз заеднички имот на брачни другари.....213
Глава трета- Стечајна постапка врз заедничкиот брачен имот со кој заеднички и спогодбено управувале и располагале обата брачни другари.....214

ДЕЛ ЕДИНАЕСЕТТИ- МЕЃУНАРОДЕН СТЕЧАЈ 215

Глава прва- Општи одредби 216
Глава втора- Меѓународна надлежност на суд на република македонија 217
Глава трета- Претпоставки и постапка за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка.....220
Глава четврта- Важење на призната странска одлука за отворање на стечајна постапка.....225
Глава петта- Непризнавање странска одлука за отворање на стечајна постапка.....233
Глава шеста- Странски порамнувања и други стечајни постапки 235

ДЕЛ ДВАНАЕСЕТТИ- ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ.....236

ДЕЛ ТРИНАЕСЕТТИ- ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ.....239

ПРЕДМЕТЕН РЕГИСТАР.....243

Правилник за формата и содржината на легитимација на стечајниот управник.....309
Правилник за професионални стандарди за стечајна постапка.....314
Професионален стандард за управување со парични средства и банкарски сметки.....315
Професионален стандард за попис на имотот на стечајниот должник, составување на листа на доверителите и почетниот стечаен биланс.....320
Професионален стандард за составување на извештајот на стечајниот управник за извештајното собрание.....329
Професионален стандард за минимум податоци кои треба да ги содржи планот за реорганизација кој го поднесува стечајниот управник.....334
Професионален стандард за вршење контрола над извршување на планот за реорганизација.....339
Професионален стандард за образец за завршен извештај на стечајниот управник за извршените уплати и исплати.....344
Професионален стандард за начинот на водење и чување на документација.....350
Професионален стандард за образец за месечен извештај.....355
Етички кодекс за стечајни управници.....358
Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на е-стечај.....364
Правилник за начинот на спроведување на постапката на електронска продажба како и продажбата на имотот дел од стечајната маса за која може да настанат штетни последици.....367
Правилник за наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина.....369
Правилник за формата и содржината на регистарот и листите на стечајни управници по судови и начинот на нивното водење.....376
Правилник за формата и содржината на посебната табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања.....379

Правилник за начинот на избор на стечаен управник според методата на електронски избор.....382
Правилник за содржината и начинот на водење на стечајното досие.....383
Правилник за начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за овластен стечаен управник и формата и содржината на уверението за положен испит за овластен стечаен управник.....384
Програма за посебната специјалистичка обука за подготовка и спроведување план за реорганизација како и за полагање испит за стекнување на сертификат за посебни специјалистички знаења 387

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА КОИ ЈА УРЕДУВААТ ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА.....391

Правилник за начинот за впаричување на имотот на друштвото во ликвидација.....397

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА КОИ ГО УРЕДУВААТ БРИШЕЊЕТО НА НЕАКТИВНИ СУБЈЕКТИ ОД ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР 409

ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ

ДЕЛ ПРВИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот
Член 1

Со овој закон се уредуваат целите и условите за отворање на стечајната постапка; органите на стечајната постапка; управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса; намирувањето на побарувањата на доверителите во стечајната постапка; правните последици од отворањето на стечајната постапка; планот за реорганизација; личното управување; ослободувањето од другите обврски; посебните видови стечајни постапки за поединци со статус на трговец; стечајни постапки со странски елемент и други прашања во врска со стечајот.

Значење на употребени поими
Член 2

(1) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Аранжман за финансиски колатерал" е аранжман според кој давателот на колатералот презема обврска да воспостави право на обезбедување врз финансиски инструменти или готовина или да ги пренесе неговите права врз финансиските инструменти или готовина како колатерал на име на примателот на колатералот;
2. "Банката, односно друго правно лице кое за должникот ги врши работите на платниот промет" е која било банка или друго правно лице овластено со закон кое за должникот ги врши работите на платниот промет;
3. "Внимание на уреден и совесен трговец" е правен стандард за утврдување на одговорноста на стечајниот управник при вршењето на неговите работи и овластувањата, со кои се определува вниманието на стечајниот управник кое треба да го има при вршењето на доверените работи, односно со внимание на способен и вешт човек (професионалец), при што тој одговара и за обично невнимание при вршењето на доверените работи;
4. "Готовина" се пари ставени на сметка кај носител на платниот промет, во домашна и странска валута;
5. "Доброволно порамнување" се преговори чија цел е договорно (спогодбено) уредување на должничко-доверителските односи меѓу должникот и доверителот;
6. "Доверител со обезбедено побарување" е физичко или правно лице кое има заложно право, друго право за намирување на некој предмет или право што е запишано во јавна книга;

7. "Доверител со право на издвојување на предмет или право" е лице кое врз основа на некое свое стварно или лично право може да докаже дека некој предмет не спаѓа во стечајната маса;
8. "Договор за финансиски колатерал со право на обезбедување " е договор за финансиски колатерал врз основа на кој давателот на колатерал го дава колатералот како обезбедување (залог) во корист на примателот на колатерал, при што давателот на колатерал ја задржува сопственоста врз колатералот, а примателот на колатералот се стекнува со правото на обезбедување;
9. "Договор за финансиски колатерал со пренос на сопственост" е договор за финансиски колатерал врз основа на кој давателот на колатерал ја пренесува сопственоста на финансискиот колатерал на примателот на колатерал;
10. "Доверител на стечајна маса" е физичко или правно лице кое по која било основа има побарување спрема стечајниот должник, а кое настанало по отворање на стечајна постапка;
11. "Должник" е секое правно или физичко лице над кое може да се отвори стечајна постапка согласно со овој закон;
12. "Должник во постапка за реорганизација" е правното лице - стечаен должник над кое се врши реорганизација според планот за реорганизација;
13. "Застапник по закон" е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител кој во согласност со закон го застапува друштвото;
14. "Заинтересирано лице" е секое лице чии права, обврски или интереси се засегнати од стечајната постапка или од посебни прашања во стечајната постапка, вклучувајќи го и должникот, стечајниот управник, доверителот, сопственикот на капитал во друштвото, одборот на доверители, надлежен државен орган или друго лице. Лицата со далечен, споредено или индиректен интерес засегнати од стечајната постапка не се сметаат за заинтересирана страна;
15. "Заштита на вредноста" ("соодветна заштита") се мерки кои се насочени кон одржување на економската вредност на имотот за обезбедување и имотот поседуван од трето лице за време на стечајната постапка. Заштитата може да се обезбеди со парични исплати, овозможување на право на обезбедување на алтернативен или дополнителен имот или со други средства утврдени од судот за да се обезбеди соодветна заштита;
16. "Имот на должникот" е имотот, правата и интересите на должникот, вклучувајќи ги правата и интересите во имотот без оглед дали е во владение на должникот или не, материјалните и нематеријалните права,

правата на интелектуална сопственост, правата на движен и недвижен имот, вклучувајќи ги и правата на должникот во оптовареният имот, односно имот кој е во сопственост на трети лица;
17. "Извештај за процена на имотот" е писмен извештај во којшто овластен проценител користејќи соодветни пристапи и методи според меѓународните стандарди за процена, проценил вредност на предмети и права (непаричен влог), како и во други случаи определени со овој закон;
18. "Имот на друштвото" е севкупност на правата, сопственички и други стварни права, што друштвото ги стекнува над добрата (парите, предметите и правата) што содружниците, односно акционерите ги вложиле во друштвото или коишто друштвото ги стекнало со своето работење;
19. "Имот за обезбедување" е имотот со кој се обезбедуваат побарувањата на доверителот;
20. "Изјава за согласност за еднаков третман" е изјава која го придружува планот за реорганизација, а во која учесниците во планот за реорганизација, кои формираат одделни групи, во кои како различни типови доверители имаат различен правен статус, ќе се согласат да им биде даден различен третман во нивната група;
21. "Извршување на финансиски колатерал" е автоматско или слично извршување, согласно со договореното меѓу страните, при што согласно со условите на договорот за финансиски колатерал или по закон, лицето на кого му припаѓа колатералот има право да го реализира соодветниот финансиски колатерал или одредбата за нетинг влегува во сила;
22. "Лице" е секое физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;
23. "Ликвидација на должникот" е постапка на впаричување на имотот на должникот или поделба на имотот меѓу доверителите во согласност со овој закон;
24. "Lex fori concursus" е правото на државата (земјата) во која е отворена и се води стечајната постапка;
25. "Lex rei situs" е правото на земјата во која се наоѓа имотот;
26. "Место на живеење" е местото со адреса (улица и број) на живеење на физичкото лице, како и државата ако физичкото лице е странец;
27. "Мирување на постапката" е средство кое го спречува отворањето или го суспендира продолжувањето на судските, административните или други индивидуални дејства во врска со имотот, правата, обврските и одговорностите на должникот, вклучувајќи и дејства за да се обезбеди право кое ќе биде ефективно спрема трети лица или да се спроведе тоа

право и го спречува намирувањето од имотот кој е дел од стечајната маса, прекинување на договорот со должникот и трансфер, оптоварување или располагање со имотот или со правата кои произлегуваат од стечајната маса;
28. "Необезбеден доверител" е доверител чие побарување е необезбедено;
29. "Неспособност за плаќање (инсолвентност)" е состојба кога должникот не ги намирува своите пристигнати парични обврски, односно кога е неспособен да ги исплати своите обврски, односно долгови како што пристигнуваат;
30. "Нетинг (аранжман) (close-out netting)" ги означува сите наведени услови во договорот за финансиски колатерал или во договорот во кој финансискиот колатерал е дел од договорот кои, ако се случат, ќе се смета дека сите побарувања се пристигнати, дека побарувањата се конвертираат во парични побарувања и дека тие можат да се срамнат (порамнат) меѓу себе и тоа според моменталната (актуелната) вредност;
31. "Национални стандарди" се стандарди кои се однесуваат за постапката, начинот и роковите за продажба на имотот од стечајната маса, начинот на чување на документацијата и другите национални стандарди кога тие се определени со овој закон и со актот со кој се определуваат професионалните стандарди;
32. "Овластен ревизор" е лице кое врши ревизорски работи согласно со овластувањето дадено според Законот за ревизија;
33. "Овластен проценител" е лице кое врши процена како овластен проценител и се води во регистарот на овластени проценители, воспоставен врз основа на закон;
34. "Одредби од чија примена се отстапува" се одредбите од овој закон кои предвидуваат можност трансакциите кои се однесуваат на пренос на имотот или преземање обврска пред започнувањето на стечајната постапка, да бидат поништени, односно прогласени за ништовни на друг начин и целиот имот што се пренесува, односно неговата вредност, да се врати во заеднички интерес на доверителите;
35. "Оптоварен имот" е имотот што нема вредност, односно има незначителна вредност за стечајната маса или е оптоварен до тој степен што оптоварувањето повлекува трошоци кои би ги надминале трошоците од реализација на имотот или пак би предизвикале оптоварување, односно обврска за исплата на парични средства;
36. "Одобрение од надлежен орган" е дозвола, согласност, решение или друг акт од надлежен државен орган или од друг овластен орган или организација, освен ако со овој закон не е именуван актот на државниот или на другиот овластен орган или организација;

37. "Орган на управување" е органот во акционерското друштво на кого му е доверено управувањето на друштвото како на одбор на директори во едностепениот систем на управување, на управен одбор или на управител во двостепениот систем на управување, односно на управител, односно управители или органот во којшто тие се организирани во командитно друштво, во командитно друштво со акции и во друштво со ограничена одговорност;
38. "Носител на платен промет" се банките овластени за вршење на платниот промет во земјата;
39. "Отворање на стечајна постапка" е датата на отворање на стечајната постапка утврдена со овој закон или со судска одлука;
40. "Ослободување од обврска" е ослободување на должникот од побарувањата што биле и што можеле да бидат опфатени со стечајната постапка;
41. "Обезбедено побарување" е побарување кое е обезбедено со одредено право како гаранција за долгот, а кое може да се спроведе во случај на задоцнување на должникот;
42. "Обезбедување на финансиски колатерал" е извршување на дејства неопходни за воспоставување на право на обезбедување врз финансиски инструмент или готовина или за пренесување на финансиските инструменти или готовина како колатерал на име на примателот на колатералот;
43. "Обезбедување за исполнување на обврски" е колатералот кој е даден врз основа на договор или друг аранжман за колатерал во согласност со закон, а може да се однесува на сегашни, идни, условни, безусловни, пристигнати или одложени обврски, без разлика дали произлегуваат од еден или од повеќе договорени аранжмани, од обврските на трети страни, од обврските кои се определени (специфицирани) или е можно да бидат определени на сроден начин и од обврските кои произлегуваат одвреме навреме;
44. "Обезбеден доверител" е доверител кој поседува обезбедено побарување;
45. "Право на обезбедување" е право од имотот со кое се обезбедува исплата или друго извршување на една или повеќе обврски;
46. "Порамнување" е кога побарувањето на одреден паричен износ, кој се должи на едно лице, се користи за наплата или за намалување на побарувањето наспроти побарување на паричен износ кој го должи тоа лице;
47. "Парична добивка" е добивката од продажба на оптовареният имот си додека добивката е предмет на право на обезбедување;

48. "Претпријатие" е збир од права, предмети и фактички односи кои имаат имотна вредност и кои припаѓаат кон трговската дејност на трговецот, при што овие елементи ја сочинуваат активата на трговецот, но ги опфаќаат и неговите обврски;
49. "Пренесување" е секој вид трансфер или поделба на имотот или правото на имотот, независно дали пренесувањето се врши во целост или делумно;
50. "Принцип на паритет" - "Pari passu" е начело според кое побарувањата на доверителите од исти наплатни редови се третираат и намируваат пропорционално според нивното побарување од имотот кој е дел од стечајната маса која служи за распределба на доверителите од нивниот ред;
51. "Побарување по отворање на стечај" е побарување кое настанало откако е отворена стечајната постапка;
52. "Приоритет" е правото на побарување кое е рангирано пред друго побарување каде што тоа право произлегува од примената на овој закон;
53. "Приоритетно побарување" е побарување кое ќе биде платено пред исплаќањето на општите необезбедени доверители;
54. "Поврзано лице во однос на должникот" се: 1) лице кое е или било во позиција на контрола на должникот и 2) родител, филијала, партнер или соработник на должникот. Во однос на должник кој е физичко лице, поврзаното лице подразбира лица кои се поврзани со должникот по крвна линија или друг вид поврзаност;
55. "Продажба како целина" е продажба или трансфер на претпријатието во целост или значителен дел, наспроти продажбата на одделен дел од имотот од претпријатието;
56. "Период за отстапување" е временскиот период во кој одредени зделки можат да бидат предмет на отстапување. Периодот обично се пресметува ретроактивно од денот на поднесувањето на пријавата за отворање на стечајна постапка или од денот на отворањето;
57. "Постапка за реорганизација" е постапката која го опфаќа предлогот на должникот за поведување на постапка за реорганизација, расправата и изјаснувањето на доверителите по предлогот, подготвувањето на планот за реорганизација, изјаснувањето на доверителите по планот за реорганизација и сите други активности што со овој закон ги презема стечајниот судија, должникот и доверителите заради и во врска со реорганизацијата на должникот врз основа на планот за реорганизација;
58. "Изјава за преземање на долгот" е доброволно дадена изјава во стечајна постапка со која трето лице доброволно презема долг под условите дадени во изјавата;

59. "Редовно деловно работење" се зделките поврзани со работата на должниковото претпријатие пред поведувањето на стечајната постапка и редовните деловни услови;
60. "Реорганизација" е процесот со кој добрата, финансиската состојба и одржливоста на претпријатието на должникот можат да се обноват, а претпријатието на должникот може да продолжи да функционира, со употреба на повеќе средства утврдени со овој закон, а пред сé со отпишување на долгот, одложување на долгот, преобразба на долгот во удел во друштвото и продажба на претпријатието како целина или дел од него;
61. "Седиште на друштвото" е местото, со адресата (улица и број) наведена во договорот за друштвото, во статутот, односно во изјавата за основање друштво со ограничена одговорност од едно лице и запишано во трговскиот регистар;
62. "Статусни измени" се присоединување, спојување и поделба на трговските друштва, односно на друго правно лице на начин и според условите определени со закон;
63. "Сопственик на капитал во друштвото" е сопственикот на удел, на издадените акции или слично право коешто претставува сопственичко побарување на дел од капиталот од друштвото или неговото претпријатие;
64. "Стечаен доверител" е физичко или правно лице кое по која било основа има побарување спрема стечајниот должник, а кое настанало пред отпочнување на стечајна постапка;
65. "Стечајна маса" е имотот на должникот кој е предмет на стечајната постапка;
66. "Стечајна постапка" е колективна постапка што ја води надлежниот суд за реорганизација или за ликвидација на должникот;
67. "Стечаен управник" е лице кое е овластено во стечајната постапка да ја води реорганизацијата или ликвидацијата на должникот;
68. "Странска постапка" е колективна судска или административна постапка во странска земја, вклучувајќи и привремена постапка, според закон за стечај во кој имотот и работењето на должникот подлежат на контрола или надзор од странски суд, заради реорганизација или впаричување;
69. "Странска колективна постапка" е странска постапка која се одвива во земјата каде што должникот има седиште;
70. "Странски стечаен управник" е лице или тело, како и привремено назначено лице, овластено во странска постапка да ја спроведе реорганизацијата или ликвидацијата на имотот или работењето на

должникот или да постапи како стечаен управник во странската постапка;
71. "Странски суд" е суд или друг орган надлежен да ја контролира или надгледува странската постапка;
72. "Трговски регистар" е основен регистар во кој се вршат уписите определени со овој и со друг закон;
73. "Трошоци на стечајна постапка" се побарувања кои вклучуваат трошоци на постапката, како што е надоместокот на стечајниот управник и на лица назначени од стечајниот управник, трошоци за продолженото работење на должникот, долговите што произлегуваат од овластувањата и надлежностите на стечајниот управник, трошоци што произлегуваат од договорните и правните обврски и други трошоци на постапката;
74. "Трошоци за определување на предметот" се трошоците за реална идентификација на предметот и трошоците за утврдување на правата што го товарат тој предмет, што се утврдуваат паушално, во износ од 5% од приходите остварени со продажбата или со другиот начин на располагање со предметот;
75. "Услови за активирање (спроведување) на аранжманот за финансиски колатерал" се случуваат кога има однапред определен или сличен настан како оној кој бил договорен меѓу страните или дефиниран со закон кој, откако ќе се случи, примателот на колатералот го има правото да го реализира финансискиот колатерал или влегува во сила одредбата за close-out netting;
76. "Финансиски договор" е секој спот, форвард, фјучерс, опциски или своп договор кој вклучува каматни стапки, добра, странски валути, учество во капиталот, обврзници, индекси или кој било друг финансиски инструмент, откуп или трансакција за заем на хартии од вредност и секоја друга трансакција слична на некоја од трансакциите која се однесува на погоре споменатото, склучена на финансиските пазари и комбинација од погоре споменатите трансакции;
77. "Финансиски колатерал" се пари или финансиски инструменти;
78. "Фаворизирање" е која било зделка којашто резултира со тоа што доверителот ќе добие предност или нерегуларна исплата и
79. "Финансиски инструменти" се акции или други хартии од вредност во трговско друштво; хартии од вредност еквиваленти на акции; обврзници и други инструменти за задолжување наменети за продавање на пазарот на капитал; други хартии од вредност издадени во серии кои му даваат право на сопственикот да ги купува, продава или разменува за други хартии од вредност издадени од истиот издавач, а за остварување на ова право е потпишан договор меѓу сопственикот и

издавачот со кој се овозможува продажбата, купувањето или разменувањето на овие хартии од вредност (исклучувајќи ги притоа инструментите за плаќање), преносливите купони од заедничките фондови, инструментите на пазарот на пари, должничките инструменти издадени од Народната банка на Република Македонија и сите други права и побарувања кои се однесуваат на наведените финансиски инструменти.

(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите "само" или "освен" не е исклучена множината или еднината. "Вклучува" и "вклучително" не значат дека станува збор за затворена листа, "може" означува допуштање, а "треба" означува налог и "како што е" и "на пример" изразуваат исто што изразуваат "вклучува" или "вклучително".

Цели на стечајната постапка
Член 3

(1) Стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник (во натамошниот текст: должник) со впаричување на должниковиот имот и распределба на остварените средства (приходи) на доверителите или со склучување на посебен договор за порамнување на побарувањата утврдени со планот за реорганизација што е насочен кон натамошно одржување на должниковиот деловен потфат (во натамошниот текст: претпријатието).

(2) Со реорганизација може да се врши и порамнување на побарувањата пред отворањето на стечајната постапка под условите утврдени со овој закон.

Лица над чиј имот се спроведува стечајот
Член 4

(1) Стечајна постапка се спроведува над имотот на должникот - правно лице, како и над имотот на должник - поединец кој имал регистрирана дејност, освен ако со овој закон поинаку не е предвидено.

(2) Стечајна постапка може да се спроведе и над имот на стопанска интересовна заедница, над имот на умрено лице и над заедничкиот имот на брачните другари.

(3) Стечајна постапка не може да се спроведе над имотот на Република Македонија, над фондовите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија, фондовите за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, единиците на

локалната самоуправа, над органите на државната управа, како и на други правни лица со јавно овластување, ако тие со закон се изземени од стечајната постапка.
(4) За обврската на правното лице од ставот (3) на овој член, над кое не се спроведува стечајна постапка, солидарно одговараат неговите основачи, односно содружници или акционери.
(5) Одредбите од овој закон не се применуваат на стечајната постапка над банки, штедилници, друштва за осигурување и други финансиски организации, освен одредбите со кои се уредуваат прашања кои не се уредени со посебните закони.
(6) Стечајна постапка може да се отвори и по ликвидацијата на трговско друштво, сé додека не е извршена распределба на ликвидационата маса.

Услови за отворање стечајна постапка
Член 5

(1) Стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање.
(2) Ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.
(3) Одредбите од ставот (2) на овој член нема да се применуваат ако должникот во текот на претходната постапка ги исплатил сите побарувања кои требало врз основа на важечки основи за наплата да ги исплати од сите негови сметки, или ако дојде до преземање на долг. Намирената обврска должникот може да ја докаже само со јавна исправа или со потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар).
(4) Постоењето на околностите од ставовите (2) и (3) на овој член за тоа дека должникот е неспособен за плаќање се докажува со потврда издадена од Централниот регистар. Централниот регистар е должен без одлагање на предлагачот, на негово барање, да му издаде таква потврда, во спротивно одговара за штета што доверителот поради тоа би можел да ја претрпи.
(5) Идна неспособност за плаќање постои ако должникот направи веројатно дека своите постоечки парични обврски нема да може да ги исполни по нивното пристигнување.

ДЕЛ ВТОРИ

СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

ГЛАВА ПРВА

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ ЗА ПОСТАПКАТА

Месна надлежност
Член 6

(1) Во стечајната постапка месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на должникот. Еднаш заснована месна надлежност на судот, од денот на поднесувањето на предлогот за отворање стечајна постапка, не може да се измени без оглед на околностите на случајот.
(2) Судот кој донел решение за отворање на стечајната постапка е исклучиво надлежен за решавање по тужбите за утврдување на оспорените побарувања кои настанале по отворањето на стечајната постапка. Судот пред кој се водат постапките е должен по барање на судот којшто донел решение за отворање на стечајна постапка, без одлагање, да го достави предметот со сите списи.

Примена на одредбите на Законот за парничната постапка
Член 7

На стечајната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

Начела на постапката
Член 8

(1) Стечајната постапка се поведува по предлог.
(2) Стечајната постапка е итна.
(3) Судот може да ги донесува одлуките и без усна расправа.
(4) Судот може да се откаже од сослушување на должникот кога тоа е пропишано со овој закон, или ако лицата овластени за застапување на должникот врз основа на закон или лицата кои имаат удел или акции кај должникот, односно самиот должник - поединец, се со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство, па нивното сослушување би довело до прекумерно одолжување на постапката.
(5) Предлози, изјави и приговори не можат да се даваат, односно да се поднесуваат, ако се пропушти рокот или рочиштето, односно собранието на кое требало да се дадат или поднесат, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во стечајната постапка не може да се бара враќање во поранешната состојба, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(6) Табелите и извештаите можат да се изработуваат и обработуваат во електронска форма.

Доставување
Член 9

(1) Судските писмена што се упатени на широк круг лица се доставуваат, ако со овој закон поинаку не е определено, со прикачување на писмената на огласна табла за стечај во судот (во натамошниот текст: огласна табла), како и на огласната табла кај должникот. Доставувањето се смета за извршено по истекот на третиот ден на прикачувањето на писмената на огласна табла.

(2) Кога според одредбите од овој закон судски писмена или други писмена на стечаен орган треба да се достават на должникот или на некое друго лице кое има седиште запишано во трговскиот регистар, доставувањето се врши на адреса на седиштето на тоа лице запишано во регистарот. Ако доставувањето не може да се изврши на таа адреса,тогаш доставувањето се врши со прикачување на писмената на огласна табла во судот.Доставувањето се смета дека е извршено по истекот на третиот ден сметано од денот на прикачувањето на писмената на огласна табла.

(3) На лице со непознато место на живеење судот му определува привремен застапник за прием на писмената, ако нема полномошник за прием на писмена. Во таков случај доставувањето се врши на полномошникот за примање на судските писмена или на привремениот застапник.

(4) За доставувањата извршени преку огласна табла се води евидентен регистар според временскиот редослед на објавувањето, посебно спрема секој должник. Овој регистар е јавен и мора да биде достапен на секое заинтересирано лице во текот на целото работно време на судот.

(5) За покана којашто треба да биде доставена на учесник во постапката за присуство на рочиште, односно собрание ако учесникот биде уредно поканет, а не се јави на рочиштето, односно собранието и не го оправда своето отсуство, судот нема натамошна обврска да го повикува. По негово барање судот е должен да му врачи покана во судот.

(6) Министерот за правда ќе ја пропише содржината и начинот на водење на евидентниот регистар.

(7) Доставувањето на судските писмена и на другите писмена на стечајните органи што ги врши судот, судот може да му ги довери на стечајниот управник.

(8) Стечајниот судија и стечајниот управник се одговорни за доставување на поканите до членовите на одборот на доверители за првата седница на одборот на доверители.

Јавно објавување
Член 10

(1) Судските писмена (одлуки, покани, известувања и друго) што треба јавно да се објават се доставуваат до Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавуваат и во "Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, во целост или во дел што го определува судот. Во објавеното писмено треба точно да се наведе фирмата, односно името и презимето на должникот, неговото седиште, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС), единствен даночен број (ЕДБ), сметката и предметот на работењето.

(2) Јавното објавување произведува дејство по истекот на осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". По воспоставувањето на трговскиот регистар и регистарот на другите правни лица, јавното објавување за субјектите запишани во овие регистри ќе произведува правно дејство наредниот ден по објавувањето на веб страницата на Централниот регистар.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, одлуките за објавување на повик за одржување на собранијата на доверители, известувањето за вршење на увид во табелата за утврдени и оспорени побарувања, како и известувањето за вршење увид во планот за конечна распределба на стечајната маса, се објавува и на веб страницата на Централниот регистар преку системот на е-стечај и во еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија.

(4) Во случај на погрешно објавен податок од ставот (1) на овој член се објавува исправка во истото гласило и на истата веб страница. Роковите почнуваат повторно да течат со денот на објавената исправка.

(5) Јавното објавување на судските писмена е доказ дека е извршено нивно доставување до сите учесници во стечајната постапка, ако е извршено во согласност со овој закон.

(6) Одлуките во врска со отворена, запрена и заклучена стечајна постапка и други судски одлуки кои имаат дејство врз податоците запишани во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица задолжително се запишуваат во регистарската влошка. Податоците издадени од Централниот регистар се сметаат за веродостојни.

Одлуки
Член 11

(1) Одлуките во стечајната постапка се донесуваат во форма на решение и заклучок.

(2) Со заклучокот се издава налог на службено лице или на орган на стечајната постапка за вршење одделни дејства, а за сите други случаи судот одлучува со решение, ако со овој закон поинаку не е определено.

Жалба против решение
Член 12

(1) Против решение на стечајниот судија може да се изјави жалба до апелациониот суд, преку надлежниот основен суд во рок од осум дена, кога тоа е определено со овој закон.

(2) По приемот на жалбата ненавремената, недозволената или нецелосната жалба, како и жалбата за која не е платена судска такса со решение, ќе се отфли. Стечајниот судија првиот работен ден по приемот на жалбата предметот, со сите списи, го доставува до апелациониот суд. Поднесената жалба не се доставува на одговор на спротивната страна.

(3) Решение по поднесената жалба донесува апелациониот суд најдоцна во рок од 30 дена по приемот на жалбата, освен ако со овој закон не е утврден друг рок. По поднесената жалба во стечајната постапка не се одржува расправа пред второстепениот суд. Кога на седница на советот ќе се утврди дека решението против кое е изјавена жалба се заснова на суштествена повреда на одредбите на стечајната постапка или на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, а решението веќе еднаш било укинато, од надлежниот апелационен суд мериторно ќе одлучи без одржување на расправа.

(4) Кога решението на стечајниот судија се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење, стечајниот судија е должен во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на апелациониот суд повторно да донесе решение, односно да закаже рочиште.

(5) Против процесните решенија со кои стечајниот судија раководи со постапката не е дозволена жалба.

(6) Ако според овој закон доставувањето се врши со прикачување на судското писмено на огласна табла, рокот за жалба почнува да тече по истекот на третиот ден од денот на прикачувањето на писменото на огласна табла, освен ако доставувањето не е извршено и со јавно објавување.

(7) Ако според овој закон решението треба да се достави на одредени лица, рокот за поднесување на жалба тече наредниот ден од денот на

доставувањето, освен ако доставувањето не е извршено и со јавно објавување.
(8) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го задржува извршувањето, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Приговор против заклучок
Член 13

(1) Против заклучок може да се поднесе приговор во рок од три дена од денот на објавувањето, а ако заклучокот не е објавен, од денот на неговото доставување.
(2) Стечајниот судија по приговорот на заклучокот одлучува со решение во рок од три дена по приемот на приговорот. Против решението на стечајниот судија не е дозволена жалба, освен ако со овој закон поинаку не е определено.
(3) Приговорот од ставот (1) на овој член не го задржува извршувањето на заклучокот.

Вонредни правни лекови
Член 14

Во стечајната постапка не може да се изјават вонредни правни лекови.

Трошоци на постапката
Член 15

Секој доверител ги поднесува своите трошоци во стечајната постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

ГЛАВА ВТОРА

СТЕЧАЕН СОВЕТ

Состав на стечајниот совет
Член 16
Избришан

Овластувања на стечајниот совет
Член 17
Избришан

ГЛАВА ТРЕТА

ОРГАНИ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Органи на стечајната постапка
Член 18

Органи на стечајната постапка се: стечаен судија, стечаен управник, одбор на доверители и собрание на доверители.

СТЕЧАЕН СУДИЈА
Овластувања на стечајниот судија
Член 19

(1) Стечајниот судија:
1) одлучува за поведување на претходна постапка заради утврдување на постоење услови за отворање на стечајна постапка и ја спроведува таа постапка;
2) одлучува за отворање на стечајната постапка;
3) го именува и разрешува привремениот стечаен управник и стечајниот управник;
4) одлучува за приговорите на стечајниот управник против донесените заклучоци;
5) одлучува за приговорите на доверителот, одборот на доверители и собранието на доверители;
6) на предлог на одборот на доверители, а ако тој не е основан, на предлог на стечајниот управник, ги одобрува започнатите работи што треба да се завршат во текот на стечајната постапка;
7) врши контрола над законитоста на работата на стечајниот управник;
8) одобрува пресметка на трошоците на стечајната постапка пред нивната исплата;
9) определува награда и надоместок на трошоци на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители;
10) го определува износот на авансот за покривање на трошоците во претходна постапка;
11) одобрува исплата на доверителите;
12) донесува решение за заклучување на стечајната постапка и
13) врши други работи определени со овој закон.
(2) Стечајниот судија може по службена должност, согласно со ставот (1) точка 7 од овој член по приговор или по предлог на другите органи на стечајната постапка, а по прибавено мислење на одборот на

доверители, да ги менува одлуките на стечајниот управник, ако утврди дека се спротивни на закон.
(3) Стечајниот судија во рамките на овластувањата определени со овој закон на стечајниот управник му дава писмени упатства за извршување на неговите обврски определени со овој закон, кои се задолжителни за стечајниот управник.
(4) Стечајниот судија ја следи работата на одборот на доверителите и на собранието на доверителите.

СТЕЧАЕН УПРАВНИК

Кој може да биде именуван за стечаен управник

Член 20

(1) За стечаен управник судот именува физичко лице кое:
- се стекнало со лиценца за вршење на работите на стечаен управник,
- е запишано во трговскиот регистар како трговец поединец, јавно трговско друштво, односно друштво со ограничена одговорност (во натамошниот текст: друштво) кои имаат лиценца за стечаен управник и се регистрирани за вршење на дејноста од ставот (3) на овој член и
- е член во Комората на стечајни управници.

(2) Кога стечајниот судија за стечаен управник именува друштво од ставот (1) на овој член, назначува едно од вработените лица во друштвото кое се стекнало со лиценца за вршење на работите на стечаен управник. Покрај името и презимето на физичкото лице се наведува и називот на друштвото кое е запишано во трговскиот регистар за вршење на дејноста од ставот (3) на овој член.
(3) Физичките лица кои се стекнале со лиценца за вршење на работите на стечаен управник и се запишале во трговскиот регистар како трговец поединец, односно како друштвата од ставот (1) на овој член можат да вршат дејност исклучиво поврзана со спроведување на стечајната постапка, како и изработка и контрола над спроведувањето на планот за реорганизација предвидени со овој закон.

Кој не може да добие лиценца за стечаен управник

Член 21

Со лиценца за вршење на работите на стечаен управник не може да се стекне физичко лице, односно друштво:
1) ако со правосилна одлука на судот е утврдено дека физичкото лице со умисла, односно правното лице предизвикало стечај поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања, додека трае забраната утврдена со одлука на судот;
2) кое било член на орган на управување, односно управител во

трговско друштво над кое е отворена стечајна постапка, а како член на органот на управување не покренал иницијатива за постапување согласно со членот 354 од Законот за трговските друштва;
3) кое било член на орган на управување или управител во трговското друштво чија сметка била блокирана и не постапил согласно со членот 51 став (9) од овој закон и
4) во други случаи кога со закон е одредена забрана за вршење на дејност додека трае забраната утврдена со одлука на судот.

Кој не може да биде именуван за стечаен управник
Член 22

(1) За стечаен управник не може да биде именувано лице:
1) роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено), роднина по сватовство до втор степен, или брачен другар на стечајниот судија и членовите на стечајниот совет;
2) солидарен должник со стечајниот должник;
3) кое било во договорен однос, акционер или член на орган на управување или на надзорниот одбор на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
4) кое било вработено кај стечајниот должник три години пред покренување на стечајната постапка;
5) доверител на стечајниот должник или е вработен кај доверителот на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
6) должник на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
7) конкурент на стечајниот должник или е вработено кај конкурентскиот правен субјект, односно кое има каков било конфликт на интерес во однос на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
8) кое работело како советник на стечајниот должник во врска со имотот на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;
9) роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено), роднина по сватовство до втор степен на кое било лице кое не може да биде именувано за стечаен управник според точките од 2 до 8 на овој став.
(2) Друштвото стечаен управник не може да биде именувано за стечаен управник ако кој било од неговите вработени, кои учествуваат во

водењето на стечајната постапка, ги исполнува условите од ставот (1) на овој член.

Член 22-а

Избришан

Стекнување уверение на овластен стечаен управник

Член 23

(1) Стручен испит за стекнување со уверение за положен испит за овластен стечаен управник се полага по завршена почетна обука. Стручен испит може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има живеалиште во Република Македонија,
- да има високо образование од соодветната област (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),
- со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната,
- да има најмалку три години работно искуство по дипломирањето во областа на правото, економијата или бизнис администрацијата или друго високо образование согласно со одредбите од овој член и пет години работно искуство по дипломирањето во областа на трговските дејности по дипломирањето и
- потврда за редовно посетување на почетна обука издадена од Комората на стечајните управници.

(2) Кандидатите за стекнување со уверение за положен испит за овластен стечаен управник пред полагањето на испитот имаат обврска да посетуваат почетна обука за вршење на работите стечаен управник.

(3) Почетната обука за вршење на работите стечаен управник во траење од најмалку 30 часа ја организира и спроведува Комората на стечајни управници најмалку двапати годишно според програмата од ставот (8) на овој член. На лицето кое ја посетувало почетната обука Комората му издава потврда за завршена почетна обука.

(4) Трошоците за посетување на почетната обука ги определува Комората на стечајни управници по претходно добиена согласност од министерот за економија. Трошоците за посетување на почетна обука паѓаат на товар на кандидатот кој ја посетува обуката.

(5) Испитот се состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на

кандидатот и
2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатот за подготвување на план за реорганизација на трговско друштво во стечај.
(6) Првиот дел од испитот од ставот (5) точка 1 на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(7) Вториот дел на испитот од ставот (5) точка 2 на овој член се состои од:
1) практичен пример - изработка на план за реорганизација и
2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.
(8) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литература. Програмата за полагање на испитот ја донесува министерот за економија.
(9) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот од овој член ги изготвува Комисија за полагање на испитот формирана од министерот за економија и тоа по предлог на:
- министерот за економија, двајца членови од кои еден од областа на трговското и стечајното право и еден од редот на раководни државни службеници вработени во Министерството за економија,
- Врховниот суд на Република Македонија од редот на стечајните судии и
- Комората на стечајни управници од редот на овластени стечајни управници и Комората на проценувачи од редот на овластени проценувачи.
(10) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичниот дел од вториот дел од испитот ги верификува Комисија за полагање на стручниот испит. Комисијата врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практичните примери најмалку двапати годишно.
(11) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Министерството за економија, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за економија.
(12) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените во прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат

врз подобрувањето на квалитетот на базите од овој член. Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практичните примери, комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базите и заменети со нови

(13) Членовите на Комисијата за верификација на базите на прашања и базите на практични примери имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за економија. Износот на паричниот надоместок се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата. Годишниот износ на паричниот надоместок не може да го надмине нивото на три просечни плати исплатени во Република Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

(14) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за економија. Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит, определени со овој закон. Министерот за економија, или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот. Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(15) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од ставот (14) кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(16) На овластено лице од ставот (14) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министрството за економија донесува решение.

(17) Трошоците за полагање на испитот ги определува министерот за економија. Трошоците за полагање на испитот за овластен стечаен управник паѓаат на товар на кандидатот кој го полага испитот.

Член 23-а

(1) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за економија и Јавниот радиодифузен сервис.

(2) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот наредени термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(3) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(4) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за економија, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за економија.
(5) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит ги пропишува министерот за економија.
(6) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни еден претставник од Министерството за економија, еден претставник од Комората на стечајни управници, еден претставник од Комисијата за полагање на испитот и еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).
(7) На преставниците од ставот (6) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок во висина од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.
(8) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.
(9) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просториите за полагање на испитот.
(10) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се скалдираат во централниот контролен систем на АЕК.
(11) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на испитната сесија.
(12) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

Член 23-б

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит претставник од Министерството за економија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарот во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на испит за стечаен управник во траење од три години, за што Министерството за економија донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на прием на решението

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(9) Овластените претставници од членот 23 став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(10) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените преставници од членот 23-а став (7) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.
(11) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

Член 23-в

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на испитот донесува министерот за економија по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Против решението на министерот за економија од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 23-г

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).
(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.
(3) Министерот за економија со Правилник го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

Член 23-д

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандидатот да го положи првиот дел од испитот.
(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 23-ѓ

(1)Вториот дел од испитот се состои од практичен пример.
(2) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример се од соодветната област и имаат десет можни опции на одговори од кои една е точна, пет се слични и четири се различни.
(3) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 23-е

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.
(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).
(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.
(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.
(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања за секоја област, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери за секоја област за потребите на вториот дел од испитот.
(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.
(8) Бројот на прашања и практични примери во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

Член 23-ж

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот, претставник на Министерството за економија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 23-е од овој закон.
(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 23-е став (5) од овој закон, од базите од членот 23-е став (6) од овој закон.
(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за економија дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.
(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

Член 23-з

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 23-е од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.
(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 23-ѕ

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 23-и

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секој од практичниот пример од вториот дел изнесува 180 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 23-ј

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(3) На барање на кандидатот Министестерството за економија го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 23-к

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за економија.

(3) Министерот за економија формира Комисија за ревизија на одржаните испити која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај претставник од Министерството за економија и претставник од Комората на стечајни управници, членуваат и претставник од Комисијата за полагање на испитот и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 23 од овој закон, за што доставува писмен извештај до министерот за економија.

(5) Комисијата има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата, но не порано од денот на примената на овој закон.
(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 23-е став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 23-ј од овој закон.
(7) Министерот донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.
(9) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.
(10) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од ставот (3) на овој член, доколку утврдат неправилности во спроведување на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за економија.

Член 23-л

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот кој го полага стручниот испит за овластен стечаен управник.
(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за економија врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.
(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на посебна сметката на сопствени приходи на Министерството за економија.
(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за економија најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.
(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 23-љ

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 23-а од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за економија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за економија согласно со членот 23-а став (3) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластениот претставник од членот 23-б став (5) од овој закон доколку постапи спротивно на членот 23-б став (9) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 23 од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 23 ставови (5) и (6) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот за економија ако не го донесе решението во рокот утврден со членот 23-б став (2) од овој закон.

Издавање на лиценца на физичко лице

Член 24

(1) Лиценца за вршење на работите на стечаен управник може да добие физичко лице ако ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да положил испит со кој стекнал уверение за овластен стечаен управник и

3) да достави писмена изјава пред Министерството за економија дека при вршењето на работите на стечаен управник ќе ги применува правилата во согласност со кодексот на етика и професионалните стандарди.

(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член ја издава министерот за економија во рок од осум дена од денот на доставувањето на барањето за издавање на лиценца.

(3) Лиценцата за вршење на работите на стечаен управник е со времетраење од три години.

(4) Формата и содржината на образецот на лиценцата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(5) По издавањето на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник, стечајниот управник е должен во рок не подолг од осум дена да достави докази дека:

1) склучил договор за осигурување од одговорност за штета;

2) спровел постапка за регистрирање на трговец поединец и се пријавил како вработен во истото и
3) се зачленил во Комората на стечајни управници.
(6) По доставувањето на доказите од ставот (5) на овој член стечајниот управник се запишува во Регистарот за стечајни управници кој се води во Министерството за економија.

Издавање на лиценца на друштво стечаен управник
Член 25

(1) Лиценца на друштво за стечаен управник може да добие и друштво кое ги исполнува следниве услови:
1) да има вработено најмалку едно лице кое се стекнало со лиценца за вршење на работите на стечаен управник;
2) да има вработено најмалку еден дипломиран правник и еден дипломиран економист и
3) управителот на друштвото да достави писмена изјава дека лицата кои стекнале лиценца за вршење на работите на стечаен управник и другите вработени лица во своето работење ќе ги применуваат правилата содржани во Кодексот за етика на стечајните управници и професионалните стандарди до Министерството за економија.
(2) Лиценцата на друштвото за стечаен управник е со времетраење од три години.
(3) Лиценцата од ставот (1) на овој член министерот за економија ја издава во рок од осум дена од денот на доставувањето на барањето за издавање на лиценца. По издавањето на лиценцата на друштвото на стечаен управник, се запишува во трговскиот регистар. По извршениот упис во трговскиот регистар, друштвото е должно да го извести министерот за економија за извршениот упис и да приложи документација во врска со уписот, како и да достави договор за осигурување од одговорност за штета. По доставувањето на известувањето министерот за економија го запишува друштвото во Регистарот за стечајни управници.

Одговорност за причинета штета
Член 26

Стечајниот управник, трговец - поединец, односно друштвото стечаен управник (во натамошниот текст: стечаен управник), кое со вршење на работи на стечаен управник ќе му направи штета на стечајниот должник, на доверителите или на друга заинтересирана страна, е должен да ја надомести.

Одговорност на стечајниот управник
Член 27

(1) Стечајниот управник одговара со сиот свој имот за штетата која ќе ја причини на секој учесник во стечајната постапка ако не постапува како уреден и совесен трговец, не постапува според Кодексот на етиката на стечајните управници и професионалните стандарди или не ја врши работата согласно со овој закон.

(2) Стечајниот управник не одговара за штетата причинета со дејство, односно упатство одобрено (дадено) од стечајниот судија, освен ако одобрението или упатството ги издејствувал со измама.

(3) Стечајниот управник е должен да ја надомести штетата на доверителот на стечајната маса поради неисполнување на обврската од стечајната маса преземена со негово законито правно дејство, освен ако стечајниот управник не знаел и не можел да знае за можната и веројатната недоволност на стечајната маса за исполнување на преземената обврска.

(4) Барањето за надомест на штета причинета со повреда на должноста на стечајниот управник застарува по истекот на три години од сознанието на оштетениот за штетата и околностите на кои се заснова обврската на стечајниот управник за надомест на штета.

(5) Барањето за надомест на штета застарува најдоцна по истекот на три години од правосилноста на одлуката за заклучување на стечајната постапка.

(6) Барањето за надомест на штета причинета со повреда на должноста сторена во врска со дополнителна делба или со контрола над исполнувањето на планот застарува по истекот на три години од спроведувањето на дополнителната делба или од завршувањето на надзорот.

Осигурување од одговорност за штета
Член 28

(1) Стечајниот управник - трговец поединец, односно друштво на стечаен управник е должен по приемот на лиценцата за вршење на работите стечаен управник, да склучи договор со осигурително друштво за задолжително осигурување од професионална одговорност од сите ризици кои произлегуваат од вршењето на работите на стечаен управник. Договорот за задолжително осигурување стечајниот управник го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од осум дена по приемот на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник, односно осум дена пред истекот на периодот за кој е склучен договорот.

(2) Во случај кога во рокот од ставот (1) на овој член нема да достави договор за задолжително осигурување се смета дека не ги исполнува условите за вршење на работите на стечаен управник предвидени со овој закон и министерот за економија ќе донесе решение со кое ќе му ја одземе лиценцата за вршење на работите на стечаен управник по службена должност. Примерок од решението за одземање на лиценцата се доставува до Централниот регистар на Република Македонија, најдоцна во рок од три дена.
(3) Најниска сума на осигурувањето на стечајниот управник, трговец поединец изнесува 50.000 евра, а за друштво стечаен управник 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија. Со осигурувањето на друштвото се смета дека се осигурани и вработените стечајни управници во друштвото.
(4) Доколку стечајниот судија оцени дека во конкретната стечајна постапка со оглед на висината на стечајната маса и постоење на посебни околности, како и поради постоечките или можните идни ризици, може да го задолжи стечајниот управник дополнително да се осигура. Стечајниот судија со решение ќе го определи износот на дополнителното осигурување кој не може да биде повисок од 500.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија. Против ова решение право на жалба не е дозволена.
(5) Трошоците за осигурување од ставовите (3) и (4) на овој член ги надоместува стечајниот управник.

Обновување на лиценцата за стечаен управник
Член 29

(1) Лиценцата за вршење на работите на стечаен управник се обновува секоја трета година, врз основа на барање поднесено од стечајниот управник до Министерството за економија, најдоцна во рок од 30 дена пред истекот на лиценцата.
(2) Во случај кога стечајниот управник нема да поднесе барање за продолжување на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник во овој рок, се смета дека истиот се откажал од лиценцата за вршење на работите стечаен управник и министерот за економија носи решение за престанок на важење на лиценцата за вршење на работите на стечаен управник и се брише од Регистарот за стечајни управници.
(3) Министерот за економија ќе донесе решение за обновување на лиценцата во рок од осум дена, само доколку стечајниот управник заедно со барањето за обновување на лиценцата за вршење на

работите на стечаен управник ја доставил и следнатв документација според која:
1) ги исполнува условите предвидени во членот 24, односно членот 25 од овој закон;
2) последните три години бил именуван како стечаен управник;
3) последните три години совесно и уредно ги извршувал работите на стечаен управник, согласно со одредбите од овој закон, Кодексот за етика на стечајните управници и професионалните стандарди и
4) секоја година присуствувал на 24 часа континуирана едукација од областа на стечајната постапка во организација на Комората на стечајни управници.
(4) Во случај кога стечајниот управник не ги исполнува условите од ставот (3) на овој член, министерот за економија ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за обновување на лиценцата и ќе го избрише од Регистарот на стечајни управници.
(5) Решението од ставот (4) на овој член е конечно во управна постапка и против него може да се води управен спор.
(6) Министерот за економија веднаш ги известува надлежните судови за промените во статусот на стечајните управници кои стекнале лиценца за вршење на работите на стечаен управник, како и за евентуалните промени во Регистарот за стечајни управници.

Одземање на лиценца
Член 30

(1) Министерот за економија може да донесе решение со кое ќе му ја одземе лиценцата на стечајниот управник за вршењето на работите на стечаен управник во случај ако утврди дека престанал да ги исполнува условите за стечаен управник согласно со овој закон.
(2) Стечајниот управник на кого му е одземена, односно не му е обновена лиценцата за вршење на работите на стечаен управник, не може повторно да полага испит, како и да се стекне со нова лиценца наредните пет години од денот на приемот на решението донесено од страна на министерот за економија со кое му е одземена, односно не му е обновена лиценцата за вршење на работите на стечаен управник.
(3) Примерок од решението од ставот (1) на овој член веднаш се доставува до Централниот регистар и до Комората на стечајни управници.

Регистар за стечајни управници
Член 30-а

(1) Стечајниот управник кој се стекнал со лиценца за вршење на работите на стечаен управник, може да избере најмалку еден суд кој е стварно надлежен за водење на стечајната постапка во кој ќе ги извршува работите на стечаен управник.

(2) Изјавата за избор на судовите во кои ќе ги врши работите на стечаен управник, стечајниот управник ја доставува до Министерството за економија во рок од осум дена од денот кога се здобил со лиценцата за вршење на работите на стечаен управник, односно бил запишан во Регистарот за стечајни управници и е за период од една година. Стечајните управници се должни најдоцна до 15 декември секоја година да достават изјава до Министерството за економија во која ќе наведат во кои судови, кои се стварно надлежни за стечајна постапка, ќе ги вршат работите во наредната година, заради запишување во Регистарот за стечајни управници за период од една година. Доколку во овој рок не достават изјава ќе се смета дека се откажале од вршење на работите на стечаен управник и министерот за економија донесува решение за одземање на лиценцата.

(3) Регистарот за стечајни управници, како и листите на стечајни управници по судови ги води Министерството за економија во електронска форма и се објавуваат на веб страницата на Министерството за економија и се доставуваат до сите судови кои се стварно надлежни за водењето на стечајните постапки кои го објавуваат на својата веб страница. Министерот за економија за секоја промена во регистарот веднаш ги известува стварно надлежните судовите за водењето на стечајната постапка.

(4) Министерството за економија во рамките на Регистарот за стечајни управници води и посебен Регистар за стечајни управници со специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација.

(5) Формата и содржината на регистарот и листите на стечајни управници по судови кои се стекнале со лиценци, односно им биле одземени, како и начинот на нивното водење ги пропишува министерот за економија.

Именување на стечајниот управник
Член 31

(1) Стечајниот судија го именува стечајниот управник со решението за отворање на стечајната постапка.

(2) Изборот на стечајниот управник се врши според методата на електронско избирање од листата на стечајни управници. Стечајниот

судија е должен оваа метода да ја примени и во случај кога именува нов стечаен управник во случај на разрешување на претходниот стечаен управник.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога предлагач за отворање на стечајна постапка е доверител, односно кога на првото извештајно собрание, била донесена одлука стечајниот управник да биде сменет и да биде именуван нов стечаен управник, стечајниот судија со решение го именува предложениот стечаен управник од листата на стечајни управници за подрачјето на тој суд. Пред да го именува предложениот стечаен управник, стечајниот судија испитува дали има пречки за негово именување од членот 22 од овој закон.
(4) Во случај кога постојат пречки за негово именување стечајниот судија е должен да побара доверителите да предложат нов стечаен управник од листата на стечајни управници за подрачјето на тој суд. Доколку доверителите кои го предложиле стечајниот управник во рок од осум дена од приемот на барањето на стечајниот судија не предложат именување на друг стечаен управник, стечајниот судија именувањето го споведува според методот на електронски избор.
(5) Во случај кога се врши именување на привремен стечаен управник во постапка за реорганизација по претходно подготвен план за реорганизација, изборот се врши по методот на електронски избор од редот на стечајните управници кои се пријавиле во судот и имаат специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација.
(6) Министерот за економија го пропишува поблиску начинот на избор на стечаен управник според методот на електронски избор.

Именување на друг стечаен управник
Член 32

(1) Доверителите можат само на првото извештајно собрание да донесат одлука наместо стечајниот управник именуван од страна на стечајниот судија согласно со членот 31 од овој закон да именуваат друг стечаен управник само од листата на стечајни управници на надлежниот суд.
(2) Стечајниот судија е должен во рок од три дена по заклучување на првото извештајно собрание да постапи по одлуката донесена од доверителите и да донесе решение со кое ќе го разреши стечајниот управник и ќе го именува новиот стечаен управник. Против ова решение не е дозволено право на жалба. Решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рок не подолг од три дена.
(3) Стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе одбие именување на стечаен управник согласно со одлуката на доверителите

донесена на првото извештајно собрание само во случај ако:
1) постојат ограничувања за негово именување согласно со членот 22 од овој закон и
2) е очигледно дека со оглед на бројот на стечајните постапки во кои е именуван и обемот на работите во постапките, постапувањето на стечајниот управник во роковите определени со овој закон, неговата стручност и компетентност нема да може успешно да ја спроведе стечајната постапка. Решението се објавува на огласна табла на судот. Против ова решение, право на жалба има секој доверител кој гласал за именување на нов стечаен управник.
(4) Со донесувањето на решението за разрешување на именуваниот стечаен управник од страна на стечајниот судија престануваат неговите овластувања и должности во стечајната постапка.
(5) Разрешениот стечаен управник е должен во рок не подолг од осум дена по приемот на решението да:
1) состави извештај за периодот од последниот месечен извештај до денот на разрешувањето и
2) на новоименуваниот стечаен управник да му ја предаде целокупната писмена документација преземена од стечајниот должник, како и документацијата за извршените дејствија во стечајната постапка.
(6) Кога до разрешување на стечајниот управник дошло поради негова смрт, дејствијата од ставот (5) на овој член ќе ги изврши лицето кое ќе го определи стечајниот судија, а доколку не определил лице кое ќе го изврши предавањето на документацијата, предавањато го врши стечајниот судија.

Овластувања на стечајниот управник
Член 33

(1) Стечајниот управник го застапува и претставува должникот само за оние работи кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса.
(2) Ако должникот - правно лице продолжува да работи во текот на стечајната постапка, работењето го води стечајниот управник.
(3) Стечајниот управник ги води само оние работи на должникот - поединец што се однесуваат на стечајната маса и го застапува како стечаен должник со овластувања на законски застапник.
(4) Стечајниот управник при вршењето на своите должности има статус на службено лице и право на заштита која според закон ја имаат службените лица. Стечајниот управник има службена легитимација чија форма и содржина со акт ја пропишува министерот за економија.

(5) Стечајниот управник се легитимира со службена легитимација што му ја издава Комората според нејзиниот статут.

Должности на стечајниот управник
Член 34

(1) Стечајниот управник е должен особено:
1) да ја ажурира сметководствената евиденција на должникот до денот на отворањето на стечајната постапка;
2) да состави предлог на пресметката на трошоците на стечајната постапка и да ја поднесе на одобрение кај стечајниот судија;
3) да започне попис (инвентар) на имотот во рок од десет дена од денот на именувањето и да го заврши пописот во рок од 30 дена од денот на неговото именување;
4) да го состави почетниот стечаен биланс, како и даночниот биланс со состојба на денот на отворањето и на денот на заклучувањето на стечајната постапка кој се однесува на стечајната маса и трошоците на стечајната постапка;
5) да ја извести Клириншката куќа за интербанкарски работи и Берзата за хартии од вредност за отворањето на стечајната постапка;
6) да се извести Централниот депозитар за хартии од вредност ако должникот е акционерско друштво, како и за акциите кои ги поседува должникот;
7) како уреден и совесен трговец да се грижи за завршување на започнатите, незавршени работи на должникот и за работите што се потребни за зачувување и заштита на имотот на должникот за да се спречи настапување на штета над средствата на должникот;
8) да преземе мерки за наплата на побарувањата на должникот и да ги впаричи со внимание на добар трговец предметите и правата што влегуваат во стечајната маса;
9) совесно да го води натамошното работење на должникот доколку тоа продолжува;
10) да ги користи ресурсите и своите овластувања со еднаква грижа за имотните интереси на сите доверители од стечајната маса;
11) кон стечајната маса да изразува неподелена грижа, совесност и одговорност за интересите на доверителите во стечајната маса, како и кон сите други страни кои се заинтересирани за стечајната маса;
12) својата позиција да ја користи единствено во полза на стечајната маса и да оневозможи остварување на каква било корист за себе или за друг;
13) да предложи план за распределба на средствата од стечајната маса на доверителите и по одобрение на стечајниот судија да го изврши;

14) да достави до одборот на доверителите завршна сметка и завршен извештај;
15) да извршува натамошни исплати на доверителите;
16) да го извести надлежниот регистар за отворената стечајна постапка во случаите предвидени со овој закон;
17) да ја ажурира работата околу одбирањето и евидентирањето на архивската граѓа и нејзино предавање на надлежниот архив и да обезбеди средства во пресметката на трошоците на стечајната постапка заради средување на архивската граѓа, доколку не е средена во согласност со прописите за архивско работење за што да го известува и е должен да побара мислење од Државниот архив на Република Македонија во поглед на исполнување на должностите од оваа точка;
18) да поднесе предлог до соодветните органи на државната управа или до правосудните органи во странство, како официјално овластен застапник на стечајната маса на стечајниот должник, со кој бара запленување, одземање, заштита или враќање на имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во странство;
19) да ја прибави документацијата потребна за да се изврши упис во јавните книги врз основа на што се стекнува право на недвижност;
20) со одобрение на стечајниот судија, а на товар на стечајната маса, да го осигура имотот во целина или делумно, ако тоа е потребно заради заштита на имотот на стечајниот должник;
21) да вработува лица со одобрение на стечајниот судија и да врши контрола на нивната работа и
22) да врши и други работи согласно со овој закон.
(2) Стечајниот управник е должен да поднесува месечен писмен извештај за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса кој содржи:
1) список на имотот кој е продаден, пренесен или на друг начин отуѓен;
2) список на готовинскиот прилив и одлив извршен во текот на претходниот месец;
3) почетната и крајната финансиска состојба на стечајниот должник;
4) список на работите кои ги извршил во текот на претходниот месец;
5) список на ангажираните лица со назначување на стручните лица и износите кои им се исплатени, како и
6) податоци за други прашања за кои добил задолженија од стечајниот судија, односно од одборот на доверители.
(3) Со цел за добивање на податоци за состојбата на имотот на стечајниот должник во претходна постапка или при промена на

сопственоста по конечна продажба на имотот на стечајниот должник во отворена стечајна постапка, стечајниот управник е должен да се поврзе по електронски пат со Агенцијата за катастар на недвижности. Исправите за правниот основ за промена на сопственоста, заедно со пријавите за запишување и доказот за платен надоместок по електронски пат се доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности во рок од три дена по правосилноста на актот за промена на сопственоста.
(4) Месечниот извештај се подготвува на образец според професионалните стандарди.
(5) Месечниот извештај се доставува до стечајниот судија и до одборот или собранието на доверителите.
(6) Стечајниот управник ги внесува сите промени и одлуки донесени од органите на стечајната постапка во регистарот за е-стечај кој се води во Централниот регистар.
(7) Министерот за економија ќе ги пропише формата, содржината и начинот на водење на регистарот на е-стечај.

Член 34-а

Стечајниот управник е должен во рок од осум дена од денот на приемот на барањето да даде одговор на писмено барање на стечаен доверител со кое истиот бара информација во врска со стечајната постапка. Доколку бараната информација е достапна во регистарот на Е-стечај или е депонирана во стечајното досие согласно со членот 85 од овој закон, стечајниот управник во истиот рок за тоа писмено ќе го извести доверителот.

Контрола над работата на стечајниот управник
Член 35

(1) Контрола над работата на стечајниот управник вршат стечајниот судија, одборот на доверителите, односно собранието на доверителите во рамките на своите надлежности определени со овој закон.
(2) Стечајниот судија може, во секое време, да побара од стечајниот управник дополнителни информации или посебен извештај за текот на стечајната постапка и за состојбата и управувањето со стечајната маса.
(3) Ако стечајниот управник не ги извршува своите обврски утврдени со овој закон, стечајниот судија може парично да го казни. Износот на поединечната парична казна не може да биде помал од 10.000 денари ниту поголем од 300.000 денари. Против решението со кое е изречена паричната казна, стечајниот управник има право на жалба. Решението

за изречената парична казна на стечајниот управник му го доставува стечајниот судија.
(4) Стечајниот судија може во решението со кое го разрешува стечајниот управник да му наложи да го врати она што го примил во текот на постапката и истовремено да му изрече парична казна од ставот (3) на овој член, доколку не постапи по налогот на судот.Ако стечајниот управник не постапил по налогот на судот, стечајниот судија по службена должност ќе го спроведе извршувањето на решението за изречената парична казна и ќе го достави до носителот на платниот промет заради наплата од сметката на стечајниот управник.

Разрешување на стечајниот управник
Член 36

1) Стечајниот управник може да биде разрешен од должноста и пред одржувањето на првото извештајно собрание на доверители, како и во текот на целата стечајна постапка кога:
1) не ги исполнува обврските предвидени со закон;
2) не ги почитува роковите утврдени со овој закон;
3) постапува пристрасно кон одделни доверители во стечајната постапка;
4) во постапката за утврдување на побарувања признал побарување на доверител кое не постоело;
5) не направил задоволителен напредок во впаричување на имотот кој влегува во стечајната маса и по истекот на 90 дена од денот на донесувањето на одлуката за впаричување, како и во спроведување на дејствијата во стечајната постапка и по истекот од шест месеци, освен ако не докаже дека оддолжувањето на постапката не е по негова вина;
6) не поднесол предлог за заклучување на стечајната постапка, во рок од 18 месеци од денот на отворањето на стечајната постапка, односно од денот на неговото именување за стечаен управник, освен ако причината за не поднесување не е по негова вина;
7) не поднесол месечен извештај за впаричувањето и за текот на стечајната постапка;
8) не внесува, односно не ажурно внесува податоци во системот е-стечај;
9) не го осигурал имотот на стечајниот должник најдоцна во рок од 30 дена по отворањето на стечајната постапка;
10) не побарал согласност или не постапил по добиената согласност во сите случаи кога со овој закон таква согласност од одборот на доверители е задолжителна;
11) работи спротивно на интересите на доверителите или стечајниот

должник;
12) доколку во текот на стечајната постапка со правосилна пресуда е осуден за кривично дело кое го прави неподобен за стечаен управник, се додека траат последиците од пресудата;
13) кога заради болест, работна неспособност или смрт не може да ги извршува работите на стечаен управник;
14) не поднесол предлог до стечајниот судија за донесување на решение за преземање на подвижниот и недвижниот имот кој претставува стечајна маса од должникот, односно трето лице кое го има во владение имотот без правен основ и
15) во други случаи определени со овој закон.
(2) За разрешување на стечајниот управник одлучува стечајниот судија по службена должност или по предлог на стечајниот управник, одборот или собранието на доверители и секој доверител. Кога предлогот за разрешување на стечајниот управник го поднесува доверител, односно одборот или собранието на доверители, тој мора да биде образложен.
(3) Стечајниот судија во рок од три дена од приемот на предлогот за разрешување на стечајниот управник, предлогот го доставува на стечајниот управник. Стечајниот управник има право писмено да се произнесе до стечајниот судија по предлогот за разрешување во рок од осум дена по приемот на предлогот. Во случај кога стечајниот управник се разрешува по службена должност, стечајниот судија пред да донесе решение треба да го сослуша стечајниот управник. Доставата на предлогот за разрешување може да се изврши и со закачување на известие на огласна табла на судот.
(4) Стечајниот судија ќе донесе решение за разрешување на стечајниот управник во рок од осум дена по истекот на роковите од ставот (3) на овој член. Ако стечајниот управник е разрешен поради несовесно вршење на своите должности нема право на награда за извршените должности. На примопредавањето на должноста од разрешениот стечаен управник на новоименуваниот се применуваат одредбите од членот 32 ставови (4) и (5) од овој закон.
(5) Против решението на стечајниот судија со кое се разрешува стечајниот управник од вршето на работите на стечаен управник, не е дозволена жалба. Решението за разрешување на стечајниот управник стечајниот судија го доставува до предлагачот и до Централниот регистар на Република Македонија.
(6) Против решението со кое се одбива предлогот за разрешување на стечајниот управник право на жалба има подносителот на предлогот за разрешување.

(7) Кога стечајниот управник поднел барање за разрешување, а стечајниот судија донел решение со кое го одбил барањето, стечајниот управник има право на жалба во рок од осум дена по приемот на решението.

Наградување и надоместување на трошоците на стечајниот управник

Член 37

(1) Стечајниот управник има право на награда за својата работа и право на надоместок на реално потребните трошоци кои се исплаќаат веднаш по завршувањето на одделни фази во стечајната постапка.

(2) Министерот за економија со акт ги пропишува наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина.

(3) Реално сторените трошоци се исплаќаат најмалку еднаш месечно според пресметката на трошоците на стечајната постапка одобрена од стечајниот судија согласно со членот 34 став (1) точка 2 од овој закон.

(4) Висината на наградата на стечајниот управник се утврдува според висината на паричната вредност на намирувањето на побарувањето на стечајните доверители, процентот на намирување на стечајните доверители, сложеноста на стечајната постапка,односно големината на стечајната маса, времетраењето на стечајната постапка, начинот на спроведување на стечајната постапка, односно дали се врши впаричување на имотот или се спроведува план за реорганизација, успешноста од спроведувањето на планот за реорганизација.

(5) Висината на наградата на стечајниот управник ја определува стечајниот судија со решение согласно со нормативите и стандардите утврдени со пропис од ставовите (2) и (4) на овој член пред заклучувањето на стечајната постапка. Стечајниот управник доставува до стечајниот судија предлог за исплата на наградата, заедно со пресметка на сите дотогашни исплати и одобрение на предлогот од одборот на доверители.

(6) Во случај кога одборот на доверители не донел одлука со која го одобрува предлогот за исплата на наградата на стечајниот управник или го одбил предлогот за исплата на наградата, решението за определување на наградата на стечајниот управник ќе го донесе стечајниот судија во рок од три дена од приемот на одлуката на одборот на доверители со која е одбиен предлогот или известието дека одборот на доверители не донел одлука по предлогот. Доставата на решението за определување на награда на стечајниот управник се врши преку огласна табла на судот.

(7) Против решението на стечајниот судија за определување на награда на стечајниот управник право на жалба имаат доверителите, одборот на доверители и стечајниот управник во рок од осум дена од денот на објавување на решението на огласна табла на судот.

ОДБОР НА ДОВЕРИТЕЛИ

Основање одбор на доверители од страна на стечајниот судија

Член 38

(1) Одборот на доверители е орган на доверителите кој во стечајна постапка се основа заради заштита на интересите на доверителите и ги извршува процесните дејствија кои согласно со овој закон е надлежен да ги извршува за сметка на сите доверители кои се странки во постапката.

(2) За член на одборот на доверители може да биде избран секој доверител кој согласно со членот 87 од овој закон го пријавил своето побарување и за кое стечајниот управник утврдил дека е основано.

(3) Во одборот на доверители не може да биде именуван, односно избран доверител кој:

1) истовремено е и должник на стечајниот должник, со тоа што неговите обврски спрема стечајниот должник да надминуваат 1% од проценетата вредност на имотот кој влегува во стечајната маса;

2) последните две години пред отворањето на стечајната постапка бил именуван за член на органите на управување или на органот за надзор или прокурист на стечајниот должник;

3) е трговско друштво и во однос на стечајниот должник, односно должникот од точката 1 на овој став е поврзано трговско друштво согласно со членот 491 од Законот за трговските друштва;

4) е именуван за член на органот на управување или органот за надзор, односно прокурист на должникот од точките 1 и 3 на овој став;

5) во однос на лицето од точките 1, 2 и 3 на овој став има положба на блиско лице согласно со овој закон;

6) во стечајната постапка има положба на излачен доверител и

7) е стечаен управник, извршител, нотар, овластен проценувач или сметководител како доверител.

Основање одбор на доверители

Член 39

(1) Предлогот за именување на членови на одбор на доверители, стечајниот управник го доставува во писмена форма до стечајниот судија во рок од три дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањата на доверителите. Предлогот мора да биде образложен со

тоа што стечајниот управник треба да ги наведе и причините поради кои се предлагаат доверителите за членови на одборот на доверители. При изготвувањето на предлогот за именување на одбор на доверители стечајниот управник треба да ги има предвид ограничувањата предвидени во членот 38 став (3) од овој закон.

(2) Стечајниот судија, врз основа на предлогот на стечајниот управник, во рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот носи решение со кое го основа одборот на доверители со тоа што го определува бројот и ги именува членовите на одборот на доверители. Решението се доставува до именуваните членови на одборот на доверители и до Централниот регистар на Република Македонија. Против ова решение не е дозволена жалба.

(3) На предлог на одборот на доверители стечајниот судија во одборот на доверители може да именува и лице кое со оглед на неговото стручно знаење може да придонесе во работата на одборот на доверители без право на глас при донесување на одлуките.

(4) Бројот на членови на одборот на доверители, кој го именува стечајниот судија, мора да биде непарен и не може да биде помал од три ниту поголем од пет. Во бројот на членовите на одборот на доверители не влегуваат лицата од ставот (3) на овој член. Доверителите на првото извештајно собрание можат да изберат нови членови на одборот, со тоа што бројот на членовите да не може да биде поголем од седум члена.

(5) Одборот на доверители одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите со право на глас. Секој член на одбор на доверители има право на глас и гласа „за“ или „против“ предложената одлука за која согласно со овој закон одлука носи одборот на доверители. Членовите на одборот не можат да се воздржат од гласање.

(6) Доколку одборот на доверители не донел некоја одлука поради тоа што некој од членовите на одборот на доверители побарал на самата седница да се одложи гласањето, во тој случај, стечајниот судија на предлог на стечајниот управник со решение ќе го задолжи одговорното лице во правното лице - доверител член на одборот на доверители, да ги надомести трошоците кои настанале поради одложувањето на гласањето.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, кога член на одборот на доверители е државниот правобранител, односно претставник на државен орган, истиот може да се произнесе по одлуката во рок од пет дена, со тоа што не се одржува нова седница на одборот на доверители. Доколку овој член на одборот во рокот од пет дена не се произнесе, во

тој случај, за штетата која настанала од не донесувањето на одлуката одговара одговорното лице на соодветниот државен орган.

Права и обврски на одборот на доверители

Член 40

(1) Одборот на доверители е должен да ги врши работите за кои е овластен со овој закон, а особено да го следи текот на работењето и да го контролира износот на готовината. За вршењето на одделни работи од својот делокруг одборот на доверители може да овласти одделни свои членови.

(2) Во рамките на својот делокруг одборот на доверители особено:

1) ги разгледува извештаите на стечајниот управник за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса;

2) ги прегледува трговските книги и целокупната документација што ја презел стечајниот управник;

3) може да поднесе приговор до стечајниот судија за работата на стечајниот управник;

4) му предлага на стечајниот судија начин на впаричување на имотот на должникот;

5) му предлага на стечајниот судија дали треба да продолжат започнатите работи, односно работата на стечајниот должник и

6) дава мислење на стечајниот судија за признавање на оправданите кусоци во инвентарот.

(3) Одборот на доверители е должен, на барање на собранието на доверители, да ги известува доверителите за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса.

Разрешување на членовите на одборот на доверители

Член 41

(1) Именуваниот, односно избраниот член на одборот на доверители може да биде разрешен во текот на стечајната постапка, доколку не ги извршува неговите обврски предвидени со овој закон, не доаѓа на седниците и своето недоаѓање не го оправдал, без образложение одбива да гласа за донесување на одлуките кои се во интерес на доверителите и со нивно не донесување се одолговлекува или отежнува спроведувањето на стечајната постапка, како и во случај кога престанал правниот основ да биде именуван, односно избран во одборот на доверители и во други случаи предвидени со овој закон.

(2) Предлог за разрешување на именуваниот, односно избраниот член на одбор на доверители може да поднесе секој доверител, собранието на доверители и одборот на доверители. Решението за разрешување на именуваниот, односно избраниот член на одборот на доверители го

донесува стечајниот судија во рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот. Стечајниот судија може да одлучи и по службена должност да донесе решение за разрешување на член на одбор на доверители кога постојат причините за разрешување од ставот (1) на овој член.
(3) Пред да донесе решение за разрешување на именуваниот, односно избраниот член на одбор на доверители, стечајниот судија ќе го сослуша членот на одборот на доверители. Против решението на стечајниот судија право на жалба има разрешениот член на одборот на доверители или подносителот на предлогот. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рок не подолг од три дена.
(4) По правосилноста на решението за разрешување стечајниот судија во рок од три дена именува член на одборот на доверители наместо разрешениот член на предлог на стечајниот управник.

Одговорност на членовите на одборот на доверители
Член 42

Ако членовите на одборот на доверители не постапуваат со внимание на совесен и чесен трговец, тогаш се должни да им ја надоместат штетата на разлачните и на стечајните доверители. Одредбите за застарување на барањето за надоместок на штетата од членот 27 ставови (5) и (6) на овој закон спрема стечајниот управник на соодветен начин се применуваат и на застарувањето на барањето за надоместок на штета спрема членовите на одборот на доверители.

Седници на одборот на доверители и донесување на одлуки
Член 43

(1) Првата седница на одборот на доверители ја свикува стечајниот судија во рок од три дена од денот на доставувањето на решението за основање на одбор на доверители на членовите. На оваа седница членовите на одборот избираат претседател на одборот на доверители на предлог од членовите на одборот на доверители. Стечајниот управник не е овластен да предлага претседател на одборот на доверители.
(2) Наредните седници на одборот ги свикува претседателот на одборот на доверители. Претседателот на одбор на доверители е должен да ја свика седницата на одборот на доверители кога тоа го побарал некој од членовите на одборот на доверители и тоа во рок не подолг од три дена. Со седниците на одборот на доверители раководи претседателот на одборот на доверители, кој ја води работата на седниците за што се

составува записник, за сите донесени одлуки со назнака со какво мнозинство одлуката е донесена и кој од членовите гласале за или против. Записникот и донесените одлуки се доставуваат до стечајниот судија, стечајниот управник и сите членови на одборот на доверители. Доколку претседателот на одборот на доверители одбие да свика седница во определениот рок, седницата ја свикува стечајниот судија.
(3) На седницата на одборот на доверители член на одбор на доверители може да го замени полномошник кој е овластен со полномошно и кој може да гласа за одлуките кои се носат на седницата. Членовите на одбор на доверители кои гласале „за“ донесување на некоја од одлуките кои се во надлежност на одборот на доверители, не можат по завршувањето на седницата да гласаат поинаку, ниту пак да бараат поништување на одлуката на одборот на доверители.
(4) На седница на одборот на доверители се повикуваат стечајниот судија и стечајниот управник кои немаат право на глас при донесување на одлуките. Стечајниот судија нема право да ги води седниците на одборот на доверители. Членовите на одборот на доверители можат да одлучат седницата да ја одржат и без присуство на стечајниот судија.
(5) Одборот на доверители може да одржи седница само доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членовите на одборот на доверители. Присуството на седниците за членовите на одборот на доверители е задолжително.
(6) Членовите на одборот на доверители можат да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организирана седница можат да се слушаат, да се гледаат и разговараат еден со друг, освен во случај кога тоа не е забрането со закон. Учеството на ваква седница се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на ваков начин.
(7) Учеството на седницата се запишува во записникот на одборот на доверители што го потпишуваат сите членови што учествувале на седницата организирана на начин утврден во ставот (6) на овој член.

Награда за работата и надоместок на трошоците
Член 44

(1) Членовите на одборот на доверители имаат право на награда за својата работа, како и на надоместок за реално потребните трошоци.
(2) Наградата за работа и надоместок на трошоците на членовите на одборот на доверители ги определува стечајниот судија, според нормативите и стандардите определени во актот за определување на

награда на стечајниот управник и за членовите на одборот на доверители. Против решението на стечајниот судија за наградата за работата и за надоместок на трошоците, членовите на одборот на доверители имаат право на жалба.

СОБРАНИЕ НА ДОВЕРИТЕЛИ

Свикување на собранието на доверители

Член 45

(1) Првото собрание на доверители и последното завршно собрание ги свикува стечајниот судија. Право на учество имаат сите стечајни доверители, доверители со право на одвоено намирување, стечајниот управник и должникот.

(2) Времето и местото на одржувањето, како и дневниот ред, јавно се соопштуваат.Јавното соопштување може да изостане, ако расправата на собранието на доверителите се одложи.

(3) Кога собранието го свикува одборот на доверители, времето и местото на одржувањето, како и дневниот ред, јавно се соопштуваат. Јавното соопштување може да изостане, ако расправата на собранието на доверителите се одложи.

Субјекти кои можат да свикаат собрание на доверители

Член 46

(1) Другите собранија на доверители ги свикува стечајниот судија на предлог на:

1) стечајниот управник;

2) одборот на доверители и

3) еден или повеќе стечајни доверители под услов збирот на нивните побарувања да надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители.

(2) Ако е поднесен предлог согласно со ставот (1) од овој член, собранието се свикува во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот.

(3) Ако стечајниот судија не го свика собранието согласно со ставот (2) на овој член,собранието според одлука на одборот на доверители го свикува претседателот на одборот на доверители во рок од осум дена. За свиканото собрание се известува стечајниот судија.

(4) Стечајниот судија ако за тоа постојат со закон определени причини најдоцна во рок од осум дена по одржувањето на собранието на доверители може да донесе решение со кое ќе поништи одлука на собранието на доверители. Против решението на стечајниот судија со кое се поништува одлука на собранието предлагачот од ставот (1) на

овој член може да поднесе жалба до апелациониот суд, кој одлучува во рок од 15 дена по приемот на жалбата.

Седници на собранието на доверители и одлучување
Член 47

(1) Собранието на доверители го раководи стечајниот судија, а ако собранието биде свикано согласно со членот 46 став (3) од овој закон со собранието раководи претседателот на одборот на доверители.
(2) Одлука на собранието на доверители се донесува со мнозинство од утврдените побарувања претставени од присутните доверители.

Право на глас
Член 48

(1) Право на глас имаат доверителите чии побарувања не ги оспорил ниту стечајниот управник ниту некој од доверителите со право на глас. Право на глас имаат и доверителите чии побарувања не се оспорени во целост и тоа сразмерно на неоспориениот дел од побарувањата. Секој доверител чии побарувања не ги оспорил ниту стечајниот управник ниту некој од доверителите со право на глас има право на глас сразмерно на учеството на вредноста на неговото побарување во вкупно утврдената вредност на побарувањата.
(2) Се смета дека доверител има право на глас и во случај кога неговото побарување е оспорено, ако постоењето на своето побарување го докажува со извршна исправа или ако неговото побарување е осигурано со разлачно право запишано во јавна книга, освен ако должникот со заверена исправа не докаже престанок на тоа побарување.
(3) На кои од доверителите со оспорени побарувања, освен доверителите определени во ставот (2) од овој член ќе им се признае право на глас, одлучува стечајниот судија пред почетокот на собранието на доверителите со решение против кое доверителите немаат право на жалба.
(4) На наредните собранија на доверители, на предлог на стечајниот управник или на некој од присутните доверители со право на глас, стечајниот судија може да ја измени својата одлука за право на глас на доверителите со оспорени побарувања.
(5) Одредбата од ставот (2) на овој член на соодветен начин се применува и на доверителите чии побарувања се со одложен услов.
(6) Разлачните доверители кои во пријавата за побарување или пред одржувањето на првото извештајно собрание се изјасниле дека ќе пристапат кон реализација на утврденото заложно право надвор од

стечајната постапка им престанува правото на глас на првото извештајно собрание на доверителите, како и на другите собранија кои се одржуваат во текот на стечајната постапка.

Укинување на одлука на собранието на доверители
Член 49

(1) Ако доверителите на седница на собранието донеле одлука со која се повредуваат интересите на доверителите во стечајната постапка или ако се оневозможува еднаков пристап на сите доверители кон колективното намирување, одлуката може да ја укине стечајниот судија.
(2) Предлог за укинување може да поднесе стечајниот управник, секој доверител чии права се повредени и кој не гласал за одлуката која се оспорува, во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието на доверители до стечајниот судија.
(3) Стечајниот судија може и по службена должност да ја укине таа одлука. По поднесениот предлог, како и кога одлучува по службена должност, стечајниот судија решение донесува во рок од осум дена. Решението се објавува јавно.
(4) Против решението со кое се укинува одлуката на собранието на доверители, право на жалба има секој доверител доколку неговите права се засегнати со одлуката во рок од осум дена по јавното објавување на одлуката. Право на жалба има и стечајниот управник и доверителот доколку стечајниот судија донел решение со кое го одбил предлогот за укинување на одлуката на собранието на доверители.

Овластувања на собранието на доверители
Член 50

(1) Доверителите на првото извештајно собрание кое го свикува стечајниот судија, со донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка ги донесуваат следниве одлуки:
1) за тоа дали стечајниот управник, именуван од страна на стечајниот судија, останува да ги врши работите на стечаен управник ќе биде разрешен и ќе биде избран нов стечаен управник;
2) за тоа дали одборот на доверители именуван од стечајниот судија ќе остане во ист состав, кои членови ќе бидат разрешени и дали одборот на доверители ќе биде проширен со избор на нови членови или ќе биде избран нов одбор на доверители;
3) за продолжување или за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот на стечајниот должник и

4) во случај на продолжување на деловниот потфат кој ќе пристапи кон изготвување на план за реорганизација.
(2) Доверителите на седницата на првото извештајно собрание најпрво ги донесуваат одлуките од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член. Во случај ако бил избран нов стечаен управник стечајниот судија може, по предлог на доверителите, да го одложи разгледувањето на извештајот за економско-финансиската состојба и донесувањето на одлуките од ставот (1) точки 3 и 4 на овој член во рок не подолг од 15 дена од денот на одржувањето на седницата на првото извештајно собрание. Против ова решение не е дозволена жалба.
(3) На другите собранија кои се одржуваат во текот на стечајната постапка доверителите можат да одлучуваат по други прашања за кои согласно со овој закон одлучува одборот на доверители. Доверителите на другите собранија не можат да ги донесуваат одлуките од ставот (1) на овој член.
(4) Собранието на доверители во текот на стечајната постапка има право да побара од стечајниот управник да достави извештаи кои се однесуваат на:
1) текот на стечајната постапка, како и состојбата и управувањето со стечајната маса и
2) прометот и износот на готовината со која располага стечајниот управник.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ПОВЕДУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Предлог за отворање на стечајна постапка
Член 51

(1) Стечајната постапка се поведува на предлог на доверителот, должникот или друго лице овластено со закон (во натамошниот текст: предлагач) кога се исполнети условите определени со овој закон.

(2) Доверителот е овластен да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка ако на судот му поднесе докази дека се исполнети условите утврдени со овој закон за отворање на стечајна постапка согласно со членот 5 од овој закон.

(3) Предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот - правно лице, во име на должникот, може да поднесе секое лице овластено за застапување на правното лице по закон, како и секој ликвидатор.

(4) Ако предлогот за отворање на стечајна постапка од ставот (3) на овој член не е поднесен од страна на сите лица овластени за застапување на правното лице според законот или ликвидатори, предлогот ќе биде дозволен само ако подносителот на предлогот го направи веројатно постоењето на некоја од причините за стечај. Стечајниот судија, во тој случај, може да ги сослуша другите лица овластени за застапување на правното лице или ликвидатори.

(5) Ако предлогот за отворање на стечајна постапка се однесува на јавно трговско друштво, командитно друштво или на командитно друштво со акции, во кои ниту еден неограничено одговорен содружник не е физичко лице, ставот (3) од овој член соодветно се применува на одборот на директори, управниот одбор или надзорниот одбор, на управителите, неограничено одговорните содружници или ликвидатори, на оние неограничено одговорни содружници (правни лица) што се овластени за застапување на должникот.

(6) Одредбата од ставот (5) на овој член соодветно се применува и кога и по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка групирањето на правните лица продолжило да постои на некој друг сличен начин.

(7) Должникот - поединец лично поднесува предлог за отворање на стечајна постапка над својот имот.

(8) Лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на трговските друштва и други правни лица ќе бидат лично, солидарно

и неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице - должник, ако не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка, иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или друго правно лице. Имотната одговорност за штети на лицата и органите не ја исклучува и не влијае врз можната казнена (кривична) одговорност на тие лица.

(9) Органите на должникот овластени за неговото застапување според закон се должни да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворање на стечајна постапка.Заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка должникот ќе приложи:

1) потврда од банката која го извршува платниот промет за должникот за состојба на средствата на сметката и за ненамирените побарувања кои треба да бидат исплатени од сметката;

Повлекување на предлог
Член 52

(1) Предлогот за отворање на стечајна постапка може да се повлече сé до истакнување на огласот за отворање на стечајна постапка на огласната табла, односно до донесувањето на решение за отфрлање или за одбивање на предлогот.

(2) Ако предлагачот го повлече предлогот за отворање на стечајна постапка, стечајниот судија ќе ја запре постапката. Во тој случај настанатите трошоци на постапката ги поднесува предлагачот. Против решението за запирање на постапката не е дозволена жалба.

Испитување на предлог за отворање на стечајна постапка и авансирање на трошоци на стечајна постапка
Член 53

(1) Стечајниот судија ја испитува уредноста на предлогот и дали предлагачот ги доставил сите докази за да може да се постапува по него. Доколку утврди дека предлогот не е целосен и не се поднесени сите потребни докази согласно со овој закон ќе го врати на предлагачот истиот да го уреди во рок кој не може да биде подолг од осум дена.

(2) Ако предлагачот во оставениот рок од ставот (1) на овој член не го уреди предлогот или не ги достави потребните докази, стечајниот судија ќе донесе решение со кое го отфрла предлогот. Против ова решение не е дозволена жалба.

(3) Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден и заедно со него се поднесени сите потребни докази, стечајниот судија во

рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот во судот, односно по уредувањето на предлогот, донесува решение за определување на аванс на трошоци за претходната постапка чија висина не може да биде пониска од 15.000 денари ниту повисока од 25.000 денари. Против решението за определување на аванс не е дозволена жалба.

(4) Предлагачот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на решението да го уплати авансот на трошоци за претходната постапка кој ќе го определи стечајниот судија. Ако во овој рок предлагачот не го уплати авансот, односно ненавремено го уплатил авансот стечајниот судија ќе донесе решение со кое го отфрла предлогот. Против ова решение не е дозволено правото на жалба.

(5) Уплатениот аванс влегува во трошоците на стечајната постапка и се враќа на доверителот, освен ако стечајниот судија по спроведување на претходната постапка утврди дека поднесениот предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот е неоснован. Во тој случај од авансираниот износ се покриваат трошоците настанати во спроведување на претходната постапка.

ГЛАВА ПЕТТА

ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Поведување на претходна постапка
Член 54

(1) Стечајниот судија во рок од три дена по доставувањето на поднесок дека авансот е уплатен од страна на предлагачот, носи решение за поведување на претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка. Доколку по донесување на решението за поведување на претходна постапка се поднесени други предлози за отворање на стечајна постапка против истиот должник, стечајниот судија е должен да донесе решение за спојување на постапките по подоцна поднесените предлози во единствена постапка.

(2) Со решението за поведување на претходна постапка, стечајниот судија ќе закаже рочиште за испитување на услови за отворање на стечајната постапка најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на решението за поведување на претходна постапка. Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверителот, тогаш заедно со решението за поведување на претходна постапка на должникот му доставува и примерок од предлогот за отворање на стечајната постапка. Против решението за поведување на претходна постапка не е дозволена жалба. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија и се објавува на веб страницата на судот кој го донел решението.

(3) Стечајниот судија може да донесе решение за отворање на стечајна постапка без да спроведе претходна постапка во следниве случаи, ако:

1) предлогот за отворање на стечајна постапка го поднел стечајниот должник, односно ликвидатор, заедно со извештајот согласно со членот 55 став (2) од овој закон, како и со потребните исправи и докази од кои може да утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка и

2) по предлогот на доверител, стечајниот должник го признае постоењето на условите за отворање на стечајна постапка и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

Обврска за давање на известувања во текот на претходната постапка

Член 55

(1) По поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот ќе му ги стави на располагање и ќе му ги даде на стечајниот судија сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог. На обврската за давање на известувања од овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 56 и 57 на овој закон.

(2) Кога стечајната постапка се поведува по предлог на должникот, стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе го задолжи должникот, односно неговите органи, во рок од осум дена да му предаде писмен извештај за неговата финансиско-економска состојба. За вистинитоста на дадениот извештај членовите на органите на должникот, односно должникот - поединец одговараат кривично и материјално.

Обврска на должникот да соработува и да ги стави на располагање сите неопходни информации

Член 56

(1) Должникот, односно членовите на органот на управување и на органот на надзор,како и лично одговорните содружници на должникот, кои имаат овластување за застапување, се должни да им ги дадат сите потребни информации за околностите што се однесуваат на постапката на стечајниот судија, на привремениот стечаен управник, односно на стечајниот управник, на одборот на доверителите и по налог на стечајниот судија, на собранието на доверителите. Тој е должен да ги изнесе сите факти што можат да доведат и до негово кривично гонење. Фактите што должникот ги открил, поради обврската наложена со овој член, не можат да се користат против должникот без негова согласност во судска, управна или друга постапка поведена против него.

(2) Должникот е обврзан да му помага на привремениот управник, односно на стечајниот управник при исполнувањето на неговите задачи.

(3) Должникот е обврзан, по налог на стечајниот судија, да дава информации и да соработува во секое време. Должен е да се воздржува од сите активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

(4) Обврските предвидени со ставот (1) на овој член, соодветно ќе се применат и на членовите на органите коишто биле избрани пред изборот на последните органи.

Приведување, притвор и парична казна
Член 57

(1) Ако е потребно да се прибават изјави, стечајниот судија може да одреди приведување на должникот, односно членовите на органот на управување и на органот на надзор, како и на лично одговорните содружници на должникот кои имаат овластување за застапување, како и лицата кои го изгубиле тоа својство во текот на последните две години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка,

(2) Притворот се определува со одлука на стечајниот судија по сослушувањето на должникот, ако:

1) одбил да ги даде потребните информации или одбил да соработува со стечајниот управник во исполнувањето на неговите задачи;

2) избегнува или има намера да избегне давање на информации и соработка, а особено ако се подготвува за бегство или

3) тоа е потребно да се спречи должникот во преземањето активности со кои би се оневозможило или отежнало прибирањето на потребни исправи и информации, а особено прибирањето и заштитата на стечајната маса.

(3) Врз основа на решението на стечајниот судија, одговорните лица на должникот од членот 56 од овој закон можат да бидат задржани во притвор најмногу 30 дена од денот на лишувањето од слобода. Против решението за определување на притвор дозволено е правото на жалба во рок од три дена до апелациониот суд кој е должен да одлучи по жалбата во рок од 48 часа од приемот на жалбата.

(4) Во врска со притворот на должникот наведен во ставот (2) на овој член на соодветен начин се применуваат прописите за притвор во кривична постапка. Притворот се укинува по службена должност, штом ќе престанат причините поради кои е определен.

(5) Стечајниот судија може на одговорните лица на должникот од членот 56 од овој закон заради не исполнување на должностите предвидени во ставот (2) на овој член да донесе решение со кое ќе му изрече парична казна која не може да биде помала од 30.000 денари ниту поголема од 300.000 денари. На изрекувањето и на извршувањето на паричната казна од овој став на соодветен начин се применуваат правилата за извршување заради остварување на дејства што може да ги изврши само должникот.

Мерки на обезбедување
Член 58

(1) Стечајниот судија може по барање на предлагачот или по службена должност, со решението за поведување на претходна постапка, да ги определи сите потребни мерки со кои, до донесувањето на одлука по предлогот за отворање на стечајна постапка, би се спречило да настанат такви промени во финансискиот статус и имотната положба на должникот кои за доверителите би можеле да бидат неповолни.

(2)Стечајниот судија особено може:

1) да именува привремен стечаен управник од листата на стечајни управници кои се стекнале со звање овластен стечаен управник;

2) да одреди општа забрана за располагање со имотот на должникот или да одреди дека должникот може да располага со својот имот само со претходно одобрение на стечајниот судија или на привремениот стечаен управник;

3) да го забрани или привремено да го одложи одредувањето или спроведувањето на присилното извршување или обезбедувањето против должникот и

4) да ги забрани исплатите од сметката на должникот.

(3) Стечајниот судија решението за определување на мерки за обезбедување може да го донесе заедно со решението за поведување на претходната постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка или пред да го донесе решението за поведување на претходна постапка. Против решението за определување на мерки за обезбедување не е дозволена жалба.

(4) Ако другите мерки не бидат доволни, стечајниот судија може да определи присилно да се приведат одговорните лица на должникот.

(5) Правните последици од решението со кое се определуваат марки за обезбедување, настануваат наредниот ден од денот кога решението е доставено.

Привремен стечаен управник
Член 59

(1) Ако стечајниот судија со решение именува привремен стечаен управник и ако на должникот му одреди општа забрана за располагање, овластувањето за располагање со имотот на должникот преминува на привремениот стечаен управник. Во тој случај привремениот стечаен управник е должен:

1) да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства;

2) да дава согласност на органите на управување на должникот, односно на должникот,ако е трговец - поединец за водење на

работењето сé до донесувањето на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и
3) да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите;
(2) Стечајниот судија може да побара привремениот стечаен управник како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање. Стечајниот судија во претходната постапка може да определи едно или повеќе вешти лица да испитаат дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, само во случај кога привремениот стечаен управник не бил задолжен да ја испита неспособноста за плаќање на должникот. Овластеното вешто лице е должно да го изготви вештиот наод и мислење во рок од осум дена по донесувањето на решението.
(3) Стечајниот судија нема да одреди овластено вешто лице да ги испитува условите за отворање на стечајна постапка согласно со овој закон ако утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка без претходно испитување на условите за отворање на стечајната постапка.
(4) Должникот - поединец, односно органите на должникот - правно лице, се должни на привремениот стечаен управник да му допуштат да влезе во деловните простории за да може да ги спроведе потребните дејства, како и да изврши увид во трговските книги и во деловната документација.

Објава на ограничување на располагање
Член 60

(1) Решението со кое се одредени ограничувањата со располагањето предвидени во членот 58 став (2) точка 2 од овој закон и со кое се поставува привремен стечаен управник, јавно ќе се објави. Решението ќе му се достави на должникот и на привремениот стечаен управник. Истовремено ќе се повикаат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, водејќи сметка за објавеното решение, а должниковите солидарни содолжници и гаранти ќе се повикаат, без одлагање, да ги исполнат своите обврски кон должникот на начин што ќе биде прецизно утврден во решението.
(2) Решението од ставот (1) на овој член стечајниот судија ќе го достави до Централниот регистар во кој е запишан должникот.
(3) За уписот на ограничувањето за располагање во јавните книги, во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар),

Централниот регистар и во други соодветни регистри, на соодветен начин се применуваат одредбите од овој закон за упис на отворањето на стечајната постапка во тие регистри.

Правно дејство на ограничувањето за располагање
Член 61

(1) Во случај на повреда на ограничувањето за располагање од членот 58 на овој закон на соодветен начин се применуваат одредбите од овој закон за правните последици од повредата на забраната за располагање по отворањето на стечајната постапка.

(2) Ако овластувањето за располагање со имотот на должникот преминало на привремениот стечаен управник, на парниците и на другите постапки во тек и на нивното преземање, на соодветен начин се применуваат одредбите од овој закон за преземање на парниците по отворањето на стечајната постапка.

Укинување на мерките на обезбедување
Член 62

Решението за укинување на мерките на обезбедување ќе се објави, односно ќе се достави на начин на кој е објавено и решението со кое се определени.

Обврските на привремениот стечаен управник пред разрешувањето
Член 63

(1) Пред разрешувањето привремениот стечаен управник има право и обврска во име и за сметка на должникот да ги намири настанатите трошоци и да ги исполни обврските што ги презел за должникот. Исто важи и за обврските од траен облигационен однос, ако привремениот стечаен управник примил противчинидба за имотот со кој управува по неговото именување.

(2) Ако се отвори стечајната постапка, стечајниот судија може да ги определи правата и обврските од ставот (1) на овој член наместо привремениот стечаен управник да ги изврши стечајниот управник.

ГЛАВА ШЕСТА

ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Рочиште за изјаснување по предлогот за отворање на стечајна постапка
Член 64

(1) Ако е донесено решение за поведување на претходна постапка стечајниот судија најдоцна во рок од 30 дена од денот на поведување на претходната постапка ќе одржи рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка.
(2) Ако стечајниот судија не донел решение за поведување на претходна постапка, согласно со членот 54 став (3) од овој закон ќе одржи рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка во рок од осум дена по приемот на предлогот.
(3) На рочиштето од ставовите (1) и (2) на овој член се повикуваат предлагачот, застапниците на должникот - правно лице, должникот поединец и привремениот стечаен управник ако е именуван и трето лице ако доставил предлог за преземање на долг.
(4) На рочиштето од ставот (1) на овој член се разгледува извештајот на привремениот стечаен управник, како и наодот и мислењето на вештото лице ако бил определен и се испитува можноста за преземење на долг ако таков предлог од трето лице бил доставен согласно со членот 65 од овој закон.
(5) На рочиштето од ставот (2) на овој член се разгледуваат доказите доставени од застапниците на должникот, или ликвидаторот во врска со неспособноста за плаќање и доказите дека должникот има имот над кој може да се отвори и спроведе стечајната постапка. Доколку од приложените докази произлегува дека должникот нема имот над кој може да се спроведе стечајната постапка или тој не е доволен за покривање на трошоците на стечајната постапка во тој случај донесува решение за определување на аванс на трошоци за претходната постапка согласно со членот 53 став (3), а во врска со членот 68 од овој закон.

Преземање на долгот
Член 65

(1) Ако на рочиштето некое трето лице даде изјава за преземање на долгот на стечајниот должник, лицето заедно со изјавата треба да достави и банкарска гаранција. Стечајниот судија ќе ја оцени изјавата и

по потреба ќе ја провери банкарската гаранција. За таа цел може да го одложи рочиштето, но не подолго од осум дена.
(2) Ако се покаже дека изјавата за преземање на долгот е без покритие, нејзиниот давател одговара за причинетата штета и за трошоците на постапката.
(3) Давателот на изјавата за преземање на долгот и неговите гаранти, откако стечајниот судија ќе го одобри преземањето на долгот, одговараат солидарно со должникот за неговите обврски што настанале до давањето изјава за преземање на долгот.
(4) Со решението, со кое се одобрува преземањето на долгот, стечајниот судија ќе ја запре претходната постапка. Против тоа решение предлагачот има право на жалба до стечајниот совет. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар.

Одлучување по пријава
Член 66

(1) Стечајниот судија решението со кое се усвојува или одбива предлогот за отворање на стечајната постапка го донесува на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка и го објавува веднаш по заклучувањето на рочиштето.
(2) Со решението со кое се одбива предлогот за отворање на стечајната постапка, стечајниот судија определува кој е должен да ги поднесе трошоците во постапката.
(3) Ако се утврди дека до завршувањето на претходната постапка должникот станал способен за плаќање, стечајниот судија носи решение со кое ја запира поведената претходна постапка. Трошоците сторени во текот на претходната постапка, ги сноси должникот. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија. Против решение на стечајниот судија со кое се запира поведената претходна постапка не е дозволена жалба.

Непосредно отворање на стечајна постапка
Член 67
Избришан

Случаи во кои отворената стечајна постапка не се спроведува
Член 68

(1) Доколку по спроведената претходна постапка привремениот стечаен управник утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, меѓутоа истата не може да се спроведе поради тоа што должникот нема имот или имотот кој би влегол во стечајната маса е

недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, или е со незначителна вредност, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајната постапка и нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан. Во овој случај стечајната постапка не се спроведува.

(2) Решението од ставот (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македониј", на веб страницата на судот кој го донел решението и се доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рок не подолг од три дена. Огласот ги содржи следниве податоци:

1) назив на судот кој го донел решението;

2) име и презиме на стечајниот судија;

3) име и презиме на привремениот стечаен управник и

4) фирма, седиште, единствен матичен број на стечајниот должник (ЕМБС), даночен број и број на сметка.

(3) Во случај должникот да има имот, меѓутоа тој не е доволен за намирување на трошоците на стечајната постапка, стечајниот судија носи решение за спроведување на постапка за впаричување на имотот, согласно со членот 98 став (5) од овој закон и добиените средства ќе ги искористи за намирување на трошоците на претходната постапка, а доколку има вишок на средства истите се уплаќаат на сметката на Буџетот на Република Македонија. Постапката за впаричување на имотот ја спроведува привремениот стечаен управник во рок не подолг од 30 дена. По завршување на постапката за впаричување на имотот и намирување на трошоците, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајната постапка, нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан.

(4) Против решение од ставовите (1) и (2) на овој член доверителите имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија". По правосилноста на решението должникот се брише од регистарот во кој е запишан.

(5) Во случај кога по заклучувањето на стечајната постапка согласно со ставот (1) на овој член е пронајден нов имот кој влегува во стечајната маса на стечајниот должник, стечајниот судија носи решение со кое ја спроведува стечајната постапка над стечајниот должник. Против ова решение не е дозволена жалба. Стечајниот управник се определува според методот на електронски избор. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

Содржина на решението за отворање на стечајна постапка
Член 69

(1) Стечајниот судија со решението за отворање на стечајна постапка над должникот го именува и стечајниот управник на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) Во решението за отворање на стечајна постапка ќе се наведат податоците за:

1) фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката на должникот;

2) името, презимето и адресата на стечајниот управник и

3) денот и часот на отворањето на стечајната постапка. Ако во решението не е утврден денот и часот на отворањето на стечајната постапка, како момент на отворање на таа постапка ќе се смета 12,00 часот напладне на денот кога е донесено решението.

(3) Со решението за отворање на стечајната постапка се повикуваат доверителите, во рок од 15 дена од објавувањето на решението во "Службен весник на Република Македонија", да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

(4) Со решението за отворање на стечајната постапка ќе се повикаат доверителите на стечајниот управник, во рок од 15 дена, да ги пријават своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги. Доверителите се должни да ги пријават и своите разлачни права на подвижните предмети и на правата на должникот што се запишани во регистрите во кои тие предмети, односно права се запишани. Во пријавата мора да се означат предметот над кој постои разлачно право, начинот и основата на засновање на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата. Ако доверителот, без оправдана причина, намерно пропушти да поднесе или одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане. Разлачните доверители кои не поднеле пријава за одвоено намирување во определениот рок не го губат правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка.

(5) Со решението за отворање на стечајната постапка се повикуваат должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

(6) Во решението за отворање на стечајната постапка стечајниот судија ќе определи отворањето на стечајната постапка да се запише во

трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите и во други соодветни регистри.

Закажување на испитно рочиште и извештајно собрание
Член 70

(1) Со решението за отворање на стечајната постапка стечајниот судија ќе закаже:
1) рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) кое ќе се одржи во рок не подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата;
2) собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка (извештајно собрание).
(2) Рочиштето и собранието од ставот (1) на овој член можат да се спојат. Во тој случај најнапред се испитуваат пријавените побарувања, а потоа се одржува собранието на доверителите (извештајно собрание).
(3) Во случај кога испитното рочиште и собранието од ставот (1) точка 2 на овој член не се спојуваат, првото извештајно собрание на доверители се закажува најдоцна во рок од осум дена по денот на завршувањето на испитното рочиште.

Оглас за отворање на стечајна постапка
Член 71

(1) За отворањето на стечајната постапка доверителите се известуваат со оглас.
(2) Огласот се објавува на огласна табла, во "Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија. Огласот мора да биде истакнат на огласната табла истиот ден кога е донесено решението за отворање на стечајната постапка.
(3) Стечајниот управник е должен огласот, кој се објавува во два дневни весника во Република Македонија, да го објави во рок од три дена од приемот на решението со кое е именуван.
(4) Огласот за отворање на стечајната постапка содржи:
1) назив на судот што го донел решението за отворање на стечајната постапка;
2) име на стечајниот судија;
3) денот на истакнувањето на огласот на огласната табла на судот;
4) име и адреса на стечајниот управник;
5) фирма, седиште, единствениот матичен број на субјектот на уписот

(ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката на должникот;
6) известување за доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот;
7) место, ден и час на испитното рочиште и извештајното собрание, ако се спојат и
8) повик на должниковите должници да ги намират своите долгови без одлагање.

Доставување и објавување на решението за отворање на стечајна постапка
Член 72

(1) Решението за отворање на стечајна постапка се доставува до предлагачот, должникот и банката кај која должникот ја држи сметката.
(2) Решението за отворање на стечајната постапка ќе им се достави и на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги од членот 69 став (6) на овој закон. На тие органи ќе им се достави и решението за отворање на стечајната постапка од членот 68 на овој закон.
(3) Органите од ставот (2) на овој член се должни по службена должност врз основа на доставените решенија да го забележат отворањето на стечајната постапка.
(4) Ако должникот е поединец, стечајниот судија ќе го упати дека, во согласност со овој закон, може да побара ослободување од своите преостанати обврски.

Правни лекови
Член 73

(1) Ако стечајниот судија донесе решение со кое се одбива предлогот за отворање на стечајна постапка, право на жалба има предлагачот во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(2) Кога стечајниот судија донел решение за отворање на стечајна постапка, право на жалба има должникот во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(3) По жалбата одлучува апелациониот суд во рок од 15 дена од приемот на жалбата од ставовите (1) и (2) на овој член.

Стечајна постапка од мала вредност
Член 73-а

(1) Во случај кога вредноста на стечајната маса на стечајниот должник изнесува до 1.000.000 денари не се именува одбор на доверители.

(2) Доколку собранието на доверители одлучи да се спроведува впаричување на имотот, на начинот на впаричување на имотот се применуваат одредбите од членот 98 став (5) од овој закон.

ДЕЛ ТРЕТИ

СТЕЧАЈНА МАСА, УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА

ГЛАВА ПРВА

СТЕЧАЈНА МАСА

Поим на стечајна маса
Член 74

(1) Стечајната маса го опфаќа целокупниот имот на должникот на денот на отворањето на стечајната постапка, како и имотот што тој ќе го стекне во текот на стечајната постапка.

(2) Стечајната маса служи за намирување на трошоците на стечајната постапка, како и за намирување на доверителите на стечајниот должник, односно на побарувањата чие намирување е обезбедено со одредени права врз имотот на должникот.

Имот што не влегува во стечајна маса
Член 75

Во стечајната маса не влегуваат предметите и правата на должникот - поединец над кои не би можело да се спроведе извршување, ако должникот не бил трговец или занаетчија.

Имот на брачните другари
Член 76

(1) Кога брачните другари писмено се договориле управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со некој негов дел да го врши едниот од нив и кога стечајната постапка се отвора врз имотот на тој брачен другар, заедничкиот имот на брачните другари или делот на кој се однесува договорот влегува во стечајната маса.

(2) Кога брачните другари заеднички и спогодбено управувале и располагале со заедничкиот имот и кога стечајната постапка е отворена врз имотот на кој било брачен другар, заедничкиот имот на брачните другари нема да влезе во стечајната маса.

(3) Во стечајната постапка нема да се врши поделба на заедничкиот имот на брачните другари.

(4) Одредбата од ставот (1) на овој член соодветно ќе се применува и на трајната животна заедница.

ГЛАВА ВТОРА

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТОТ ШТО ВЛЕГУВА ВО СТЕЧАЈНАТА МАСА

Преземање на имотот што влегува во стечајната маса
Член 77

(1) По отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник веднаш ќе го преземе во владение и управување целиот имот што влегува во стечајната маса.

(2) Доколку стечајниот должник, односно трето лице кое го има во владение имотот без правен основ, одбие да го предаде владението и управувањето на подвижниот и недвижниот имот, стечајниот судија со решение ќе определи предавање на имотот со присилно извршување, а по предлог на стечајниот управник. Против ова решение на стечајниот судија не е дозволена жалба. Со налогот за предавање судот може по службена должност да определи и присилни мерки против застапникот кој го застапува должникот - правно лице или должникот поединец, односно трето лице кое го има во владение и управување подвижниот и недвижниот имот.

Запечатување
Член 78

Со цел да ги обезбеди предметите што претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот управник може да формира комисија која ќе изврши запечатување на предметите. Записникот што го потврдува и го докажува таквото запечатување или отпечатување, стечајниот управник го депонира во стечајното досие. Судот го става на увид записникот на секој учесник во постапката.

Сметки на должникот
Член 79

(1) На денот на отворањето на стечајната постапка Централниот регистар ги известува банките во кои стечајниот должник има сметки дека се гаснат сметките на должникот и дека престануваат правата на лицата кои биле овластени да располагаат со средствата на должникот на тие сметки.

(2) Стечајниот управник во исто време ќе отвори нова денарска и по потреба нова девизна сметка и за тоа ќе го извести Централниот регистар. Централниот регистар ќе ги извести банките средствата од

угаснатите сметки од ставот (1) на овој член да ги пренесат на нова денарска, односно новата девизна сметка што ја отворил стечајниот управник.
(3) Стечајниот управник не може да издава налози на товар на сметките од ставот (1) на овој член.

Фирма на должникот
Член 80

(1) По отворањето на стечајната постапка покрај фирмата или името на должникот се додава ознаката "во стечај".
(2) Измената од ставот (1) на овој член се запишува во Централниот регистар и во соодветниот регистар и се објавува на начин на кој се објавуваат податоците од соодветниот регистар.

Пари, хартии од вредност и предмети од вредност
Член 81

(1) Одборот на доверители може да одреди каде и под кои услови парите, вредносните хартии или скапоценостите ќе бидат депонирани или вложени. Ако одборот на доверители не биде основан или ако уште не донел одлука, стечајниот судија ќе донесе решение.
(2) Ако бил основан одборот на доверители, стечајниот управник ќе биде овластен од одборот да прима пари, хартии од вредност или предмети од вредност од лицето (агенцијата, банката и слично) кај кое или преку кое е извршено депонирањето или инвестирањето, но само ако потврдата за прием на тие уплати, хартии од вредност или предмети ја потпишал и овластениот член на одборот на доверители. Налогот издаден од страна на стечајниот управник до наведеното лице (агенција, банка и слично) мора да биде потпишан и од членот на одборот на доверители за да може да произведува правно дејство и да биде правно обврзувачки.
(3) Собранието на доверители може со своја одлука и поинаку да ги уреди начинот и условите под кои ќе бидат депонирани или инвестирани парите, хартиите од вредност и другите предмети од вредност (скапоценост).

Попис на имотот што влегува во стечајната маса
Член 82

(1) Стечајниот управник е должен да направи попис на сите предмети и права што претставуваат имот којшто влегува во стечајната маса најдоцна во рок од 15 дена по настанување на правните последици од отворањето на стечајната постапка. Должникот поединец и

застапниците по закон на стечајниот должник - правно лице, се должни да соработуваат со стечајниот управник.
(2) Во пописот одделно ќе биде наведена и вредноста на секој предмет или право. Проценатa на подвижниот и недвижниот имот којшто влегува во стечајната маса ќе ја утврди стечајниот управник со ангажирање на овластен проценувач. Одлуката кој ќе биде ангажиран за овластениот проценувач ја донесува одборот на доверители, а ако не е формиран, одлуката ја донесува стечајниот судија.
(3) Овластениот проценувач е лично и неограничено одговорен, со сиот свој имот, за точноста на податоците во извештајот за процена и подлежи на кривична одговорност, ако не го применува Кодексот за етиката на овластените проценители и меѓународните стандарди за процена. При изборот на методот на процена овластениот проценувач ќе има предвид дали проценатa ја врши заради продажба или заради продолжување на деловниот потфат.
(4) Овластениот проценител изработува извештај за проценетата вредност во согласност со меѓународните стандарди за процена. Извештајот за процена содржи опис на проценетиот имот и на методот со којшто е извршена проценатa на имотот. Кон извештајот се приложува и доказ за сопственост на недвижни, како и на подвижни предмети за коишто со закон е определена обврска за евиденција (регистар).
(5) Во случај кога при пописот стечајниот управник пронашол недвижен имот на должникот кој не е запишан во катастарот на недвижности, тој е должен во рок од осум дена по завршувањето на пописот да започне постапка за предбележување на овој имот во посебен регистар во јавните книги.
(6) Доколку стечајниот должник е носител на право на градба врз основа на договор за соинвеститорство или заедничка градба склучен пред отворањето на стечајната постапка, а објектот не е изграден, стечајниот управник е должен истиот да го евидентира како имот кој влегува во стечајната маса.

Список на доверители
Член 83

(1) Стечајниот управник во рок од осум дена по настанувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка е должен да состави:
1) список на доверители и
2) список на должници на стечајниот должник, овие списоци ги составува врз основа на податоците во сметководствената

документација и трговските книги на стечајниот должник и ги доставува до стечајниот судија.
(2) Во списокот на доверители согласно со ставот (1) точка 1 на овој член стечајниот управник ќе направи класификација на доверителите според исплатните редови, адресата на секој од доверителите, правниот основ и износот на побарувањето. Во списокот на доверители стечајниот управник ги евидентира и доверителите со право на одвоено намирување од предмет или право со тоа што го наведува правниот основ, износот, подвижниот или недвижниот предмет над кое е воспоставено заложното право, како и веројатниот износ кој нема да биде намирен по реализацијата на заложното право.
(3) Во списокот на должници на стечајниот должник согласно со ставот (1) точка 2 на овој член стечајниот управник ја наведува висината на побарувањето кое не е наплатена, основ и причините поради кои не е наплатено побарувањето, дали се води постапка за наплата на побарувањето, во кој стадиум е таа постапка и веројатноста за наплатата на секое побарување поединечно. Исто така, стечајниот управник е должен да направи и процена на судските трошоци за наплата на секое побарување и истата ја доставува до стечајниот судија.
(4) Во списокот стечајниот управник ќе ја наведе и секоја ситуација којашто овозможува да се изврши меѓусебно пребивање (компензација) на побарувањата.

Почетен биланс на стечајот
Член 84

(1) Стечајниот управник е должен во рок од 30 дена по преземањето на имотот на стечајниот должник да состави споредбен преглед во кој ќе ја наведе вредноста на имотот од стечајната маса (актива) и должниковите обврски (пасива) и нивната процена што претставува почетен биланс на стечајот, земајќи го предвид денот на отворањето на стечајната постапка. Процена на вредноста на имотот кој влегува во стечајна маса ќе се изврши според одредбите на членот 82 став (2), а процена на вредноста на обврските според одредбите на членот 83 став (2) од овој закон.
(2) По составувањето на прегледот на активата и пасивата, по предлог на стечајниот управник, стечајниот судија со решение ќе го задолжи должникот да даде писмена изјава во врска со сеопфатноста, целосноста и веродостојноста на така составениот преглед. Во овој случај на соодветен начин се применуваат одредбите од членовите 57 став (1) и 58 на овој закон.

Депонирање во стечајното досие
Член 85

Стечајниот управник е должен во стечајното досие да ги депонира: пописот со извештајот за процена, почетниот стечаен биланс, списокот на доверители и должници, табелата на утврдени и оспорени побарувања, извештајот за економско-финансиската состојба на стечајниот должник, месечните и други извештаи на стечајниот управник, предлог на план за распределба, завршен извештај и планот за реорганизација, во рок од три дена од нивното изготвување. Содржината и начинот на водењето на стечајното досие ќе ги пропише министерот за економија.

Сметководство според законски прописи
Член 86

(1) Со отворањето на стечајната постапка должникот ги води и чува трговските книги,сметките и другите деловни документи и извештаи согласно со закон. Во врска со имотот што влегува во стечајната маса, ваквите обврски претставуваат должност на стечајниот управник. Водењето на сметководството се врши согласно со закон.

(2) Стечајниот управник е должен да изготви годишна сметка за периодот од денот на поднесувањето на последната доставена годишна сметка од страна на должникот пред отворање на стечајната постапка до денот на отворањето на стечајната постапка во рок од 60 дена од отворањето на стечајната постапка истата да ја достави до регистарот на годишни сметки кој го води Централниот регистар.

(3) Новата деловна и сметководствена година ќе започне на денот кога е отворена стечајната постапка. Периодот за кој е изготвена годишната сметка од ставот (2) на овој член нема да се земе предвид при изготвувањето и доставувањето на годишната сметка на надлежните органи за наредните години.

(4) Во случај стечајната постапка да биде заклучена пред истекот на обврската за изготвување и поднесување на годишна сметка во согласност со закон, стечајниот управник е должен истата да ја изготви за периодот од отворањето до заклучувањето на стечајната постапка и да ја достави до органот од ставот (2) на овој член.

(5) При назначувањето на ревизор за билансот на состојбата во стечајната постапка се применуваат соодветните законски прописи, со тоа што таквиот ревизор ќе биде назначен од страна на стечајниот судија, по барање на стечајниот управник. Кога за деловната година пред отворањето на стечајната постапка бил назначен ревизор, таквото

назначување останува полноважно и по отворањето на стечајната постапка.

ДЕЛ ЧЕТВРТИ

НАМИРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

ГЛАВА ПРВА

УТВРДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА

Пријавување на побарувањата
Член 87

(1) Стечајните доверители побарувањата кои ги имаат спрема должникот до денот на отворањето на стечајната постапка писмено ги пријавуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" со тоа што пријавите ги доставуваат до стечајниот управник на адресата објавена во огласот. Кон пријавата доставуваат писмени докази за побарувањето.

(2) Во пријавата доверителите се должни да наведат:

1) назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на правните лица, име и презиме, адреса и единствен матичен број за физичките лица;

2) назив на носителот на платен промет кај кој доверителот има сметка и број на сметката;

3) правниот основ на побарувањето;

4) износ на побарувањето и тоа посебно износ на главното побарување со пресметана камата до денот на отворање на стечајната постапка и

5) одредено барање на доверителот согласно со одредбите од Законот за парнична постапка за содржина на тужба.

(3) Ако се пријавуваат побарувања за кои се води парница или друга постапка, во пријавата треба да се наведе судот или другиот орган пред кој се води парницата со означување на бројот на списот.

(4) Доверителите кои имаат право на одвоено намирување, покрај податоците наведени во ставот (2) на овој член, го наведуваат и делот од имотот на стечајниот должник на кој нивното право се однесува и висината на нивното побарување. Кон пријавата доставуваат писмени докази за обезбеденото побарување.

(5) По пријавувањето на своите побарувања на пониско рангираните доверители ќе им се укаже на нивното пониско рангирање.

Постапување по ненавремена и неуредна пријава
Член 88

(1) Стечајниот управник е должен во рок од пет дена по истекот на рокот за пријавување на побарувањето да состави посебна табела во која ќе ги евидентира пријавите на сите стечајни доверители кои го пропуштиле рокот за пријавување на побарувањето согласно со членот

87 став (1) од овој закон која ја доставува до стечајниот судија. Стечајниот судија најдоцна во рок од три дена од приемот на табелата доставена од стечајниот управник ќе донесе решение за отфрлање на поднесените пријави како ненавремени. Против ова решение дозволена е жалба по која апелациониот суд одлучува најдоцна во рок од осум дена од приемот на жалбата. По правосилноста на решението со кое пријавата е отфрлена како ненавремена се смета дека стечајниот доверител го изгубил правото да го наплати побарувањето во стечајна постапка.

(2) Доколку доверителот достави пријава за побарување до стечајниот управник која не ги содржи сите податоци предвидени во членот 87 став (2) од овој закон, стечајниот управник во рок од три дена од денот на приемот ќе ја врати пријавата на доверителот со напомена истата да биде уредена во рок од осум дена. Доколку доверителот не ја уреди пријавата во утврдениот рок, стечајниот управник доставува предлог до стечајниот судија поднесената пријава да биде отфрлена како неуредна. Стечајниот судија во рок од три дена од доставениот предлог носи решение со кое ја отфрла пријавата како неуредна. Против ова решение дозволена е жалба по која апелациониот суд одлучува најдоцна во рок од осум дена од приемот на жалбата. Доколку стечајниот судија не ја отфрли пријавата како неуредна, во истиот рок донесува заклучок со кој му наложува на стечајниот управник да ја продолжи постапката за утврдување и оспорување на побарувањето. Против заклучокот на стечајниот судија не е дозволен приговор.

Произнесување по пријавени побарувања
Член 89

(1) Стечајниот управник ја утврдува основаноста, обемот и исплатниот ред на секое побарување и за тоа составува посебна табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања во рок од 15 дена по истекот на рокот определен во членот 87 став (1) од овој закон.

(2) Стечајниот управник посебната табела (шема) од ставот (1) на овој член ја доставува до стечајниот судија, ја депонира во стечајното досие заедно со сите приложени документи, исправи и докази доставени по секоја пријава и ја објавува преку системот на е-стечај во рок од пет дена по истекот на рокот од ставот (1) на овој член. Стечајниот управник е должен да објави известување на огласна табла на судот и во еден дневен весник за тоа дека табелата на утврдени и оспорени побарувања е депонирана во стечајното досие. Стечајниот управник е должен да изврши лична достава на посебната табела на доверителите чии побарувања се оспорени. Доверителите имаат право на приговор во

рок од осум дена по приемот на посебната табела, односно од денот кога табелата е депонирана во стечајното досие.
(3) Секој доверител може да оспори побарување на друг доверител само доколку поднесе посебен приговор во рокот од ставот (2) на овој член со тоа што треба да го образложи правниот интерес и кон приговорот да достави оригинална или заверена исправа од нотар или друг доказ со кој го докажува своето тврдење. Ако не постапи на овој начин доверителот го губи правото да го оспори побарувањето на друг доверител во натамошниот тек на постапката за утврдување, како и правото да ја продолжи парницата која пред отворање на стечајната постапка ја водел.
(4) На испитното рочиште стечајниот управник се произнесува по приговорите на начин што наведува кои приговори ги прифаќа, а кои не ги прифаќа со наведување на причините поради кои го прифатил приговорот или предлага истиот да се одбие. Настанатите измени ги евидентира во табелата за утврдени и оспорени побарувања. Испитното рочиште ќе се одржи и во случај ако не присуствуваат сите доверители кои поднеле приговори.
(5) Стечајниот судија во рок од три дена по заклучувањето на испитното рочиште, донесува решение во кое се наведуваат доверителите на кои им е утврдено побарувањето и во кој износ и доверителите на кои им е оспорено побарувањето и во кој износ. Против ова решение не е дозволена посебна жалба.
(6) Формата и содржината на посебната табела (шема) ги пропишува министерот за економија.

Посебна табела (шема)
Член 90
Избришан

Поведување постапка пред суд
Член 91
(1) Доверителот чие побарување е оспорено има право да поведе парница во рок од осум дена од приемот на решението.
(2) Доверител кој оспорил побарување на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник се упатува на парница. Доверителот кој е упатен на парница е одговорен за штетата што може да биде предизвикана со водењето на парницата ако тужбеното барање биде одбиено како неосновано. Доверителот кој го оспорува побарувањето е должен заедно со тужбата да достави и доказ за обезбедување на надоместок на штета најмалку во износ од една

петтина од висината на оспореното побарување. Ако не достави доказ за обезбедувањето, заедно со тужбата, се смета дека доверителот се откажал од оспорување на побарувањето. Ако тужбеното барање на доверителот биде усвоено во парницата трошоците на постапката паѓаат на товар на стечајната маса.

(3) Во случај кога е оспорено пријавеното побарување врз основа на извршна исправа, стечајниот судија со решение ќе го упати стечајниот управник, односно доверителот да докажат дека побарувањето од извршната исправа престанало, односно дека повеќе не постои.

(4) Доколку доверителот, односно стечајниот управник не поведе парница во рокот од ставот (1) на овој член, ќе се смета дека се одрекле од правото за водење на парницата. Во тој случај се смета дека оспореното побарување е признато и стечајниот управник е должен да направи промена во табелата од членот 89 став (1) од овој закон.

Продолжување на парница
Член 92

(1) Ако на денот на отворањето на стечајната постапка веќе се води парница за побарување пријавено во стечајната постапка, а стечајниот управник го оспорил побарувањето, во тој случај доверителот, односно оној кој го оспорува побарувањето е должен да достави предлог за продолжување на парницата во рокот од членот 91 став (1) од овој закон. Стечајниот управник ја презема парницата во состојба во која се наоѓала во моментот на отворањето на стечајната постапка.

(2) Доверителот кој го оспорува побарувањето парницата ја продолжува за име и сметка на должникот.

(3) Ако парницата од ставот (1) на овој член не се води пред судот кој ја отворил стечајната постапка, судот пред кој се води парницата ќе ја прекине постапката, а по доставување на предлогот за продолжување на парницата ќе донесе решение со кое ќе се огласи за не надлежен и предметот со сите списи ќе ги достави до судот кој ја води стечајната постапка. Против ова решение не е дозволена жалба.

Вредност на предметот на спорот
Член 93

Кога е поднесена тужба за утврдување на побарувањето чија правна основа била оспорена од страна на стечајниот управник или од страна на доверител во стечајната постапка, вредноста на предметот на спорот ќе се утврди според износот на побарувањето.

Постапување на стечајниот управник по парниците
Член 93-а

(1) Во споровите кои ќе настанат во врска со утврдување на оспорените побарувања, како и за побивање на правни дејства во стечајната постапка суди стечајниот судија кој ја отворил стечајна постапка како судија поединец, односно претседател на совет.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член е итна и предметите мора да бидат земени во работа најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата.

(3) Постапката од ставот (1) на овој член се води според одредбите на парничната постапка со тоа што рокот за поднесување на одговор на тужба е осум дена, рочиштето за главна расправа мора да се одржи најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата и постапката пред првостепениот суд мора да заврши во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата. Против пресуда донесена во прв степен рокот за поднесување на жалба е осум дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

(4) Во споровите од став (1) на овој член второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата, односно во рок од 30 дена доколку пред второстепениот суд се одржи расправа.

(5) Во споровите од стечајната постапка кога тоа е дозволено со закон против правосилна пресуда донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата. Врховниот суд на Република Македонија одлуката по ревизијата ќе ја донесе најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на предметот во работа.

Правно дејство на пресуда за утврдување
Член 94

(1) Правосилната пресуда со која се утврдува или се одбива побарувањето има дејство спрема стечајниот управник и спрема сите стечајни доверители.

(2) Странката во чија полза била донесена правосилната пресуда ќе ја достави до стечајниот судија и до стечајниот управник заради евидентирање во табелата.

(3) Доверителите кои воделе парница без учество на стечајниот управник, можат да бараат надомест на сите трошоци од стечајната

маса, ако водењето на парницата придонело таа маса да се зголеми, најмалку за висината на трошоците.

Тужба за утврдување на побарување оспорено од страна на должникот

Член 95

Избришан

ГЛАВА ВТОРА

ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕ

Извештај за економско-финансиската состојба на должникот
Член 96

(1) Стечајниот управник на првото собрание на кое се поднесува извештај (извештајното собрание), ќе поднесе извештај во писмена форма за економско-финансиската состојба на должникот и за причините за таквата состојба.

(2) Стечајниот управник извештајот за економско-финансиската состојба на должникот го доставува до стечајниот судија, до членовите на одборот на доверители и го депонира во стечајното досие на увид на доверителите најдоцна во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за отворање на стечајната постапка. Стечајниот управник е должен во рок од три дена од извршената достава да објави известување на огласна табла на судот и во еден дневен весник за тоа дека извештајот е депониран во стечајното досие. На барање на доверител стечајниот управник е должен да му достави и копија од извештајот.

Одлука за натамошното постапување
Член 97

(1) Првото извештајно собрание на доверителите се одржува во рок од 15 дена од денот на доставувањето на извештајот од членот 96 на овој закон.

(2) На собранието од ставот (1) на овој член доверителите ќе одлучат дали деловниот потфат (претпријатието) на должникот ќе биде затворен или привремено продолжен. Доколку одлучат деловниот потфат на должникот да продолжи истовремено ќе го задолжат стечајниот управник да изготви план за реорганизација.

(3) Иницијатива за подготовка на план за реорганизација, односно предлог на план за реорганизација до судот може да достави и секој стечаен и разлачен доверител најдоцна во рок од осум дена пред одржувањето на собранието на доверители.

(4) Во случај кога собранието на доверители не ја прифатило иницијативата за подготовка на план за реорганизација, односно предлог на план за реорганизација од стечајниот управник од доверителите, согласно со ставовите (2) и (3) на овој член, стечајниот судија ќе донесе решение за затворање на деловниот потфат на должникот и ќе го задолжи одборот на доверители во рок од осум дена

да донесе одлука за начинот на впаричување на имотот што влегува во стечајна маса. Доколку собранието на доверители донесе одлука за затворање на деловниот потфат, истовремено ќе го определи начинот на впаричување на стечајната маса.
(5) Стечајниот судија во рок од три дена по заклучувањето на седницата на првото собрание на доверители ќе донесе решение со кое ќе констатира дека се донесени одлуките од членот 50 став (1) од овој закон. Против ова решение не е дозволено право на жалба.

Начин и постапка за претворање во пари на имотот од стечајната маса

Член 98

(1) Ако се одлучи за затворање на деловниот потфат и претворање на имотот, имотните права и побарувањата на должникот кои влегуваат во стечајна маса во пари, стечајниот управник во рок од три дена од донесувањето на одлуката објавува оглас, во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија, а по потреба и во странски весник, со кој ги повикува заинтересираните купувачи да го разгледаат имотот и да ги информира за начинот на продажбата. Огласот трае најмногу 15 дена.
(2) Продажбата на имотот од стечајната маса се врши по пат на електронска продажба со јавно надавање. Право на учество во продажбата имаат учесниците кои ќе уплатат депозит или ќе достават банкарска гаранција во висина од 10% од вредноста на имотот кој е предмет на продажбата.
(3) Првата продажба на имотот од стечајната маса се објавува во рок од три дена по завршување на рокот од ставот (1) на овој член. Огласот трае најмногу 15 дена. Во случај на неуспешна продажба истиот се повторува најмногу уште два пати со тоа што целата продажба треба да заврши во рок од 90 дена од денот кога е донесена одлуката за продажба на имотот.
(4) Учесниците во електронската продажба имаат право на приговор против одлуката за продажба во рок од три дена од денот на нејзиното објавување. По приговорот одлучува стечајниот судија со решение кое го донесува во рок од три дена од денот на поднесувањето на приговорот. Против ова решение не е дозволено право на жалба.
(5) По исклучок од ставот (2) на овој член стечајниот управник, врз основа на решение на стечајниот судија, пред донесување на одлука за впаричување на имотот од стечајна маса, може да врши продажба на имот од стечајна маса со цел да спречи настанување на штета.

Стечајниот судија наредниот работен ден по приемот на образложен предлог од стечајниот управник, донесува решение за продажба во кое го определува предметот, начинот и роковите за продажба.
(6) Продажбата на акциите кои се дел од стечајната маса врши преку берза согласно со закон и правилата на берзата. Уделите кои се дел од стечајната маса се продаваат согласно со одредбите од Законот за трговските друштва. Ако лицата кои имаат приоритет при купувањето на удел го одбијат купувањето на уделот, тогаш тој се продава на начин предвиден во ставот (2) на овој член.
(7) Стечајниот судија, стечајниот управник, полномошниците на странките не можат по која било основа да бидат купувачи на имотот на стечајниот должник, како и нивни роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен, роднина по сватовство до втор степен, или брачен другар на стечајниот судија и на стечајниот управник или нивни полномошници.
(8) Начинот на спроведување на постапката на електронска продажба, како и продажбата на имотот дел од стечајната маса за која може да настанат штетни последици го пропишува министерот за економија.

Продажна цена
Член 99

(1) Во случај кога се врши продажба на имотот по електронски пат, продажбата секогаш се врши без објавување на почетна цена.
(2) Доколку при електронската продажба на имотот со прибирање на писмени понуди е понудена определена цена, на предлог на стечајниот управник, во рок од три дена стечајниот судија свикува собрание на доверители кое треба да се одржи најдоцна во рок од 15 дена од денот на свикувањето. Собранието на доверители носи одлука дали имотот ќе биде продаден по постигната цена.
(3) Во случај кога собранието на доверители нема да донесе одлука, односно не е одржано, решение за продажбата носи стечајниот судија во рок од три дена по денот за кој било свикано собранието на доверители. Против ова решение не е дозволено право на жалба.
(4) Доколку имотот од стечајната маса не бил продаден ниту по три обиди на начин определен во членот 98 став (2) од овој закон, стечајниот судија во рок од осум дена, по предлог на стечајниот управник, носи решение за намирување на доверителите со распределба на имотот, правата и побарувањата кои влегуваат во стечајна маса. Против ова решение не е дозволено право на жалба.
(5) Доколку во постапката за впаричување не бил продаден имотот врз кој е воспоставено заложно право, разлачниот доверител има право да

ја продолжи постапката за реализација на заложното право преку друг надлежен орган.

Одлука за продажба
Член 100

(1) Стечајниот управник го известува стечајниот судија наредниот работен ден за извршената електронска продажба, односно за одлуката за продажба донесена од собранието на доверители. Стечајниот судија, врз основа на писменото известување, во рок од три дена носи решение за извршената продажба и го задолжува купувачот да го уплати износот на постигнатата цена во рок од осум дена.

(2) Врз основа на известувањето од стечајниот управник дека е уплатена постигнатата цена стечајниот судија, во рок од три дена, донесува решение со кое констатира дека имотот е продаден.

(3) Решението на стечајниот судија од ставот (2) на овој член претставува основ за пренос на сопственоста и за запишување во јавните книги. За извршената продажба не се склучува писмен договор за купопродажба.

Пренос на сопственост
Член 101
Избришан

Правни дејства од посебно значење
Член 102

(1) Стечајниот управник е должен да прибави дозвола од одборот на доверители за правни дејства од значење за стечајната постапка. Кога одборот на доверители воопшто не бил основан, наведената дозвола за преземањето на правни дејства од значење за стечајната постапка, стечајниот управник мора да ја добие од собранието на доверителите.

(2) Дозволата наведена во ставот (1) од овој член особено ќе биде потребна, ако:

1) правното дејство претставува предлог за продажба на целото претпријатие или на дел од претпријатието, на сите залихи, на дел од недвижностите, на должниковите удели и акции во други претпријатија, ако уделите и акциите учествуваат повеќе од 10% во основната главнина на другите претпријатија;

2) правното дејство претставува предлог да се склучи договор за заем што би претставувал битно оптоварување на имотот што влегува во стечајната маса и

3) правното дејство претставува предлог за поднесување тужба или

вмешување во судска постапка, кога се работи за голема вредност на спорот или предлог за неподнесување таква тужба, стапување во преговори за вонсудско решавање на спорот или порамнување, или предлог да се одбие таквата тужба.

Привремена забрана за преземање правни дејства

Член 103

Во сите случаи наведени во членот 102 од овој закон ако одборот на доверители, односно собранието на доверители, дал претходна согласност на барање на должникот или на барање на една петтина од доверителите по сослушувањето на стечајниот управник, стечајниот судија може привремено да го забрани натамошното преземање на предложеното правно дејство и да го свика собранието на доверители за да донесе одлука во врска со преземањето на натамошни правни дејства. Продажба на целото или на дел од претпријатието на лица со посебни интереси и под неговата вредност.

Член 104

(1) Претпријатието или дел од претпријатието на должникот може да се продаде само со претходно одобрение на собранието на доверители, ако купувачот или лицето поседува најмалку една петтина од капиталот на должникот:

1) им припаѓа на блиски лица на должникот согласно со членот 180 од овој закон или

2) ако е доверител со право на одвоено намирување или доверител во стечајната постапка со повисоко рангирани побарувања, за чии права на одвоено намирување или побарувања стечајниот судија проценил дека достигаат вкупно една петтина од износот на сите права на одвоено намирување или една петтина од вкупниот износ на побарувањата на сите доверители во стечајната постапка со повисоко рангирани побарувања.

(2) Во смисла на ставот (1) од овој член, исто така, ќе се смета дека лицето поседува удели или акции на купувачот, ако има непосредно или посредно превладувачко влијание.

(3) По барање на должникот или по барање на една петтина од доверителите од членот 46 став (1) точка 3 на овој закон и по сослушувањето на стечајниот управник, стечајниот судија може да одлучи да се побара претходно одобрение од собранието на доверители за предложената продажба на целото должниково претпријатие или на негов дел под неговата вредност, ако предлагачот што го поднел барањето поднесе процена подготвена од овластен

проценител, според која судијата може да утврди дека продажбата на некој друг купувач би била многу поповолна за имотот што влегува во стечајната маса.

Промет на побарувања
Член 105

(1) Побарувањата можат да се продаваат и да се купуваат според условите определени во Законот за облигационите односи и во овој закон

(2) Доверителот кој продал побарување, односно купувачот кој купил побарување, мора да го извести стечајниот судија и стечајниот управник за купопродажбата на побарувањето и да приложи соодветен доказ за купопродажбата.

(3) Стечајниот судија, стечајниот управник и доверителите не можат да ја оспоруваат продажбата од ставот (2) на овој член, ако е солемизирана од нотар.

(4) Стечајниот судија, стечајниот управник и нивните полномошници, како и нивните блиски лица, не можат да купуваат побарувања.

Полноважност на преземените правни дејства
Член 106

(1) Отуѓувањето на имотот на должникот, спротивно на членовите 102 до 105 од овој закон, не влијае врз полноважноста на правните дејства преземени од страна на стечајниот управник.

(2) Правните дејства што ги презел стечајниот управник во име на стечајниот должник можат да се побиваат според општите правила за побивање на правни дејства, односно правни работи надвор од стечајот.

ГЛАВА ТРЕТА

ВПАРИЧУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ВРЗ КОИ Е СТЕКНАТО ПРАВО НА ОДВОЕНО НАМИРУВАЊЕ

Располагање со недвижности
Член 107

(1) Стечајниот управник може да му предложи на стечајниот судија јавна продажба на недвижноста што претставува дел од имотот кој влегува во стечајната маса, кога врз таа недвижност е стекнато право на одвоено намирување, освен ако не се постапи според членот 147 од овој закон. На продажбата соодветно ќе се применат одредбите од членовите 98 до 100 на овој закон.

(2) Во решението за продажба на недвижности стечајниот судија ќе назначи дека недвижноста се продава во стечајна постапка. Во јавните книги ќе се изврши прибелешка на решението за продажба на недвижностите.

(3) Ако доверителот со право на одвоено намирување повел постапка за извршување на недвижност за присилно намирување на своето побарување пред отворање на стечајната постапка, недвижноста ќе се продаде според постапката за извршување што ја покренал доверителот со право на одвоено намирување.

(4) По впаричување на имотот или правото над кое постои право на одвоено намирување запишано во јавна книга, надлежниот извршител прво ќе ги намири трошоците од спроведеното извршување и остатокот од средствата ќе ги предаде на стечајната сметка.

(5) Од средствата остварени од ставот (4) на овој член, стечајниот управник најпрво ќе ги намири побарувањата на доверителите со право на одвоено намирување според редоследот предвиден со правилата на извршната постапка.

Располагање со подвижни предмети
Член 108

Стечајниот управник, без ограничувања, може да располага со подвижните предмети врз кои должникот има стекнато право на одвоено намирување, ако соодветниот подвижен предмет се наоѓа во негово владение.

Известување на доверителот
Член 109

(1) Кога стечајниот управник е овластен да располага со подвижните предмети, по барање на разлачниот доверител, тој ќе го извести за состојбата во која се наоѓа соодветниот подвижен предмет врз кој постои право на одвоено намирување. Наместо известување, стечајниот управник може да му дозволи на разлачниот доверител самиот да изврши преглед на предметот.

(2) Кога стечајниот управник е овластен да прима уплати и на друг начин да располага со должниковите побарувања, по барање на разлачниот доверител, тој ќе го извести за соодветното побарување. Наместо известување, стечајниот управник може да му дозволи на доверителот самиот да изврши преглед на трговските книги и на другите деловни документи на должникот.

Известување за предложена продажба
Член 110

(1) Пред да изврши продажба на предметот наведен во членот 108 од овој закон на некое трето лице, стечајниот управник ќе го извести доверителот со право на одвоено намирување за начинот на кој планира да ја изврши таа продажба. Стечајниот управник ќе му даде можност на овој доверител тој самиот, во рок од осум дена, да предложи некој друг, за него поповолен начин за продажба на предметот.

(2) Кога доверителот во рок од осум дена пред продажбата, го доставил бараното известување со кое тој предлага некој друг за него поповолен начин за продажба, стечајниот управник ќе го прифати предлогот за поповолна продажба, ако доверителот приложи обврзувачка понуда (договор, гаранција или друго обезбедување) за откуп на заложениот имот.

(3) Поповолната можност од ставот (2) на овој член, може да се состои во предавање на предметот на самиот доверител.

Заштита на доверителот од одолжување на продажбата
Член 111

Кога врз основа на членот 58 од овој закон, стечајниот судија донел решение со кое на доверител му забранил да располага со предметот до отворањето на стечајната постапка, на тој доверител ќе му биде исплатена камата најдоцна до истекот на 90 дена по донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка. Одредбите од овој член нема да се применуваат кога, со оглед на износот на побарувањето на разлачниот доверител, вредноста на предметот врз кој постои

разлачното право и евентуалните други права што го товарат тој предмет, приходите што би биле остварени со продажбата на предметот веројатно нема да бидат доволни за намирување на разлачниот доверител.

Распределба на приходите
Член 112

(1) Ако стечајниот судија донел решение со кое на доверителот до отворањето на стечајната постапка му забранил да располага со предмет над кој имал право на одвоено намирување и со тој подвижен предмет располагал стечајниот управник, трошоците што ќе бидат предизвикани со располагањето со предметот ќе бидат намирени од стечајната маса, однапред и со користење на приходите остварени со располагањето. По намирувањето на тие трошоци, преостанатиот износ без одлагање ќе биде употребен за намирување на доверителот со право на одвоено намирување.

(2) Ако предметот наведен во членот 110 став (3) од овој закон стечајниот управник го пренел на доверителот со цел тој да располага со него, доверителот ќе биде обврзан во стечајната маса, однапред користејќи ги приходите остварени со располагањето, да ги уплати износите со кои ќе бидат намирени трошоците за утврдување на побарувањето и за плаќање на данокот на промет, според членот 113 став (2) од овој закон.

Засметување на трошоците
Член 113

(1) Трошоците за располагањето со предметот се утврдуваат паушално, во износ од 5% од остварените приходи. Кога реално направените нужни трошоци за располагање со предметот биле многу помали или многу поголеми од паушално утврдениот износ, тогаш тие нужно направени трошоци ќе се земат како основа.

(2) Кога располагањето со предметот подлежи на данок пропишан со закон и кога тој данок паѓа на товар на стечајната маса, на паушално утврдениот износ или на износот на реално направените нужни трошоци ќе им се додаде и износот потребен за наплата на данокот.

Друга употреба на подвижните предмети
Член 114

(1) Кога стечајниот управник, согласно со членот 109 од овој закон, е овластен да располага со подвижниот предмет, е должен да го користи во врска со имотот што влегува во стечајната маса, да го спојува и трансформира со други предмети ако не се загрозува обезбедувањето

на доверителот, со право на одвоено намирување и во рамките на одобрението за располагање со подвижниот предмет.
(2) Ако доверителот се согласи обезбедувањето на подвижен предмет да го пренесе на некој друг предмет, преносот на новото обезбедување може да се изврши до вредноста на претходното обезбедување.

Располагање на доверителот
Член 115

(1) Ако стечајниот управник не е овластен да располага со подвижниот предмет или со побарувањето врз кое постои право на одвоено намирување, правото да располага со таквиот предмет или побарување му припаѓа на разлачниот доверител.
(2) На барање на стечајниот управник и по сослушувањето на доверителот, стечајниот судија ќе утврди рок во кој доверителот мора да располага со предметот. По истекот на тој рок, стечајниот управник е овластен да располага со тој предмет или побарување.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

СТЕЧАЈНИ ДОВЕРИТЕЛИ

Рангирање на стечајните доверители
Член 116

(1) Побарувањата на стечајните доверители се категоризираат во повисоки и пониски исплатни редови.
(2) Побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред можат да се намират дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од претходниот (повисок) исплатен ред. Побарувањата на стечајните доверители од ист исплатен ред се намируваат сразмерно на големината на побарувањата.

Побарувања од повисок исплатен ред
Член 117

Во побарувања од повисок исплатен ред спаѓаат плати, придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност и надоместоци за периодот од последните три месеци пред отворањето на стечајната постапка, обештетување за повредите при работа коишто работникот ги претрпел кај должникот, како и за професионални заболувања и неисплатени надоместоци на платите за времетраењето на неискористениот редовен годишен одмор за тековната календарска година.

Побарувања од пониски исплатни редови
Член 118

(1) Побарувањата од пониските исплатни редови се намируваат по следниов редослед:
1) каматите на побарувањата на стечајните доверители што пристигнале од денот на отворањето на стечајната постапка;
2) трошоците што за одделни доверители ќе настанат со нивното учество во постапката;
3) паричните казни за кривично дело или прекршок како споредни последици од кривично дело или прекршок со кои се наметнува обврска за плаќање пари;
4) побарувањата за бесплатна чинидба на должникот и
5) побарувањата за враќање на заем или друго соодветно барање со кои се надоместува имотот на содружник, односно акционер.

(2) Каматите на побарувањата на стечајните доверители од пониските исплатни редови и трошоците што за тие доверители ќе настанат со нивното учество во постапката се од ист ред како и побарувањата на тие доверители.

Непристигнати побарувања
Член 119

(1) Непристигнатите побарувања пристигнуваат со денот на отворањето на стечајната постапка.
(2) Ако на побарувањата од ставот (1) на овој член не започнала обврската да се плаќа камата, ќе се смета како на нив да се плаќала законска камата и побарувањата ќе се намалат за износот на пресметаната законска камата од времето од отворањето на стечајната постапка до пристигнатоста на побарувањето.

Побарувања подложни на раскинлив или одложен услов
Член 120

(1) Побарувањата подложни на раскинлив услов ќе се земат предвид во стечајната постапка како побарувања што не подлежат на раскинлив услов, ако доверителот даде средства за обезбедување дека ќе го врати она што го примил од имотот што влегува во стечајната маса кога ќе настапи тој услов.
(2) На доверителот чие побарување е врзано за одложен услов му се обезбедуваат соодветни средства од имотот што влегува во стечајната маса. Ако одложниот услов не настапи до конечната делба на имотот, таквото побарување се гаси, а обезбедените средства ќе им се распоредат на другите доверители.

Одговорност на повеќе лица
Член 121

Доверител на кој повеќе лица му одговараат за исполнување на иста чинидба во целост,може во стечајната постапка против секој од должниците да го истакнува, до наполно намирување, целиот износ што го побарувал во времето на отворање на стечајната постапка.

Права на солидарни содолжници и гаранти
Член 122

(1) Солидарните содолжници и гарантите на должникот можат да го пријават своето побарување што ќе го стекнат во иднина против должникот по основ на правото на регрес, само ако доверителот не го пријавил своето побарување.

(2) Солидарните содолжници и гарантите на должникот можат како стечајни доверители да бараат да им се врати она што за должникот го платиле пред или по денот на отворањето на стечајната постапка, ако им припаѓа право на регрес спрема должникот.
(3) Солидарните должници и гарантите можат да поднесат и барање да им се обезбеди и износот што ќе го платат за должникот сразмерно на износот што би им припаднал како стечајни доверители.
(4) Одредбите од ставот (3) на овој член соодветно се применуваат и на побарувањата на банките и на другите лица за обезбедување средства за наплата на можните побарувања и тоа по основ на банкарски гаранции или неотповикливи документирани акредитиви што ќе бидат платени за должникот.

Пресметување на побарувања
Член 123

(1) Непаричните побарувања се пријавуваат во вредност што може да се процени во време на отворањето на стечајната постапка. Определените побарувања се пријавуваат во вредност што ја имале пред отворањето на стечајната постапка.
(2) Побарувањата изразени во странска валута или во пресметковни единици се пресметуваат во домашна валута по средниот валутен курс на денот на отворањето на стечајната постапка во местото одредено за плаќање.

Повремени давања
Член 124

Побарувањата што имаат за предмет повремени давања, чиј износ и траење се определени, се пријавуваат во износ што се добива кога ќе се соберат сите идни периодични исплати, намалени за каматите наведени во членот 119 од овој закон.

ГЛАВА ПЕТТА

ИЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ

Излачни права
Член 125

(1) Лице кое врз основа на свое стварно или лично право може да докаже дека некој предмет не спаѓа во стечајната маса, не е стечаен доверител. Неговото право на издвојување на предметот ќе се утврдува според правилата што важат за остварување на тие права надвор од стечајната постапка.
(2) Правото на издвојување од ставот (1) на овој член ќе се утврдува за уделите, хартиите од вредност, освен акциите, како и за другите финансиски колатерали.
(3) Ако правото на лицето од ставот (1) на овој член е запишано во јавна книга, стечајниот должник мора да докаже дека предметот на кој тоа право се однесува спаѓа во стечајната маса.
(4) Продавачот на кој куповната цена не му е исплатена во целост, може да бара да му се врати стоката што од друго место му е испратена на должникот пред денот на отворање на стечајната постапка, а до денот на отворањето на таа постапка не пристигнала во одредишното место, односно ако до тој ден должникот не ја презел (право на пребарување - потрага).
(5) Право на пребарување - потрага има и комисионер за купување стока.
(6) Ако должникот ја презел стоката што стигнала во одредишното место само на чување пред денот на отворањето на стечајната постапка, продавачот има право на враќање, но има право по редовен пат да ги оствари своите права во врска со таа стока како излачен доверител.

Земјоделско земјиште во државна сопственост
Член 126

(1) За земјоделското земјиште што го користел стечајниот должник, кое во евиденцијата на Државниот завод за геодетски работи се води како земјиште на Република Македонија, стечајниот судија донесува решение за престанок на правото на користење од страна на стечајниот должник и го враќа во владение на Република Македонија, во рок од осум дена од правосилноста на решението за отворање на стечајната постапка, освен ако на земјиштето има трајни вложувања

(долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура).
(2) Во случај кога земјиштето во сопственост на државата има трајни вложувања (долгогодишни насади, објекти, иригациони системи и друга инфраструктура), по утврдувањето на вредноста на трајните вложувања кои влегуваат во стечајната маса, доколку се продаваат, купуваат долгогодишните насади, купувачот е должен во рок од три месеца од денот на купопродажбата да склучи договор со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, заради уредување на натамошниот начин на користење на земјоделското земјиште. Новиот корисник на земјоделското земјиште има обврска да му го уплати на стечајниот должник износот на проценетата вредност на трајните вложувања.
(3) Ако на земјиштето од ставот (1) на овој член има трајни вложувања кои се стечајна маса на должникот и тие бидат впаричени, купувачот е должен, по правосилноста на решението на стечајниот судија, да склучи договор со надлежното министерство за натамошно користење на земјоделското земјиште.
(4) Во случај кога е отворена стечајна постапка, а не е донесено решение од ставот (1) на овој член, судот ќе го донесе решението во рок од 30 дена, но најдоцна до заклучување на стечајната постапка.
(5) Ако биде усвоен план за реорганизација на стечајниот должник, правото на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост, заедно со трајните вложувања од ставот (1) на овој член, преминува на лицето определено со планот за реорганизација кој бил усвоен и тоа е должно во рок од два месеца од денот на прифаќање на планот за реорганизација, да склучи договор за закуп за натамошно користење на земјоделското земјиште, со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Надомест за излачни права
Член 127

(1) Ако пред отворањето на стечајната постапка должникот неовластено го отуѓил предметот, чие издвојување можело да се бара, излачниот доверител може да бара да му се пренесе правото на противчинидба, ако таа сé уште не е извршена. Тој може да бара противчинидба од стечајната маса ако таа сé уште може да се издвои од таа маса. Доверителот може да бара и надомест на штета што ја претрпел со неовластеното отуѓување и тоа како стечаен доверител ако отуѓувањето го извршил должникот пред отворањето на стечајната

постапка, а како доверител на стечајната маса, ако отуѓувањето го извршил привремениот стечаен управник по поведувањето на стечајната постапка, односно стечајниот управник по отворањето на стечајната постапка.
(2) Ако не се исполнети условите од ставот (1) на овој член, излачниот доверител може како стечаен доверител да бара надомест за претрпена штета ако предметот е неовластено отуѓен пред отворањето на стечајната постапка.

ГЛАВА ШЕСТА

РАЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ

Право на одвоено намирување од предмети и права запишани во јавните книги
Член 128

(1) Доверителите кои имаат заложно право или право на намирување на некој предмет или право што се запишани во јавни книги (во Државниот завод за геодетски работи, Централниот регистар, во други соодветни регистри и слично), имаат право на одвоено намирување на тој предмет или право според закон.

(2) Со правото од ставот (1) на овој член е изедначено и правото на намирување од акции, удели, други хартии од вредност и други финансиски колатерали.

Право на намирување од договори за финансиски колатерал
Член 129

(1) Договорот за финансиски колатерал и правата стекнати врз основа на него имаат правно дејство (остануваат во сила) и по отворањето на стечајната постапка или спроведувањето на планот за реорганизација.

(2) Правата стекнати врз основа на договор за финансиски колатерал или кој било аранжман за финансиски колатерал имаат правно дејство, односно остануваат во сила во однос на обезбедувањето кое не пристигнало со отворањето на стечајната постапка или со спроведувањето на планот на реорганизација.

(3) Нетинг (аранжман) има правно дејство, односно останува во сила, дури и кога е отворена стечајната постапка или започнато спроведувањето на планот за реорганизација над должникот, односно и кога корисникот на колатералот доделува, оптоварува или на друг начин располага со обезбеденото побарување.

(4) Договорен финансиски колатерал склучен или спроведен на денот на отворањето на стечајна постапка или на денот кога предлогот за спроведување на планот за реорганизација е поднесен, има правно дејство, односно не може да се оспорува, ако е договорен пред донесувањето на одлуката за отворање на стечајната постапка или пред усвојувањето на предлогот на планот за реорганизација.

(5) Договорен финансиски колатерал склучен или спроведен по отворањето на стечајната постапка или по усвојувањето на планот за реорганизација има правно дејство, односно не може да се оспорува ако

корисникот на колатералот докаже дека кога се склучувал договорот за финансиски колатерал или за време на одобрувањето на финансискиот колатерал не знаел и не можел да знае за овие постапки.
(6) Обврската за пренесување на дополнителен финансиски колатерал во случај на намалување на вредноста на финансискиот колатерал или зголемување на обезбеденото побарување, како и постоење на одредба со која се утврдува постоење на право на замена на финансискиот колатерал, имаат правно дејство, односно не може да се оспоруваат,ако настанале на денот кога е поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка или на денот кога е поднесен предлогот за спроведување на планот за реорганизација, но пред отворање на стечајната постапка, не земајќи предвид дека обезбеденото побарување е пристигнато.
(7) Во другите случаи одредбите од ставовите (1) до (7) на овој член не го исклучуваат применувањето на одредбите од овој закон во однос на оспорувањето на правните дејства во стечајот.

Право на одвоено намирување на други заложни доверители
Член 130

(1) Доверителите кои на некој предмет од стечајната маса имаат некакво заложно право, што не е запишано во јавна книга, во согласност со овој закон, имаат право на одвоено намирување на своето побарување, на каматите и на трошоците од вредноста на невладетелскиот заложен предмет.
(2) По отворањето на стечајната постапка, закуподавецот на недвижност може да ги пријави побарувањата на сé уште неисплатената закупнина, но најмногу за последните три месеца пред отворањето на стечајната постапка. Тој нема право да пријави побарување на име надоместок на штета поради предвремено раскинување на договорот за закуп од страна на стечајниот управник. Наведените ограничувања во врска со периодот на кој мора да се однесува побарувањето на неплатената закупнина и во врска со побарувањето надоместок на штета поради предвремено раскинување на договорот од страна на стечајниот управник, нема да се применуваат на закуподавецот ако предмет на договорот за закуп е земјоделско земјиште.

Други разлачни доверители
Член 131

Со доверителите наведени во членот 132 од овој закон изедначени се:
1) доверителите на кои должникот поради обезбедување на нивните побарувања им предал некој подвижен предмет или им пренел некое право;

2) доверителите кои имаат право на задржување на некој предмет, бидејќи нешто употребиле во корист на тој предмет, во мера во која нивното побарување по таа основа сé уште не ја преминува постојната корист;
3) доверителите кои правото на задржување го имаат врз основа на закон и
4) Република Македонија или од неа овластено правно лице, ако предметот за кој постои обврска за плаќање царина или данок служи за нивно обезбедување ако такво право е утврдено со закон.

Разлачни доверители како стечајни доверители
Член 132

Доверителите со право на одвоено намирување можат да продолжат да ги остваруваат своите права како и другите стечајни доверители само ако се откажат да го остварат своето побарување преку одвоено намирување или ако не успеат одвоено да се намират до распределбата на стечајната маса.

ГЛАВА СЕДМА

ДОВЕРИТЕЛИ НА СТЕЧАЈНАТА МАСА

Обврски на стечајната маса
Член 133

(1) Од стечајната маса најнапред се намируваат трошоците на стечајната постапка и другите обврски на стечајната маса.
(2) Трошоците на стечајната постапка се намируваат пред сите други обврски на стечајната маса според нивната големина.
(3) Другите обврски на стечајната маса се намируваат сразмерно на нивната големина откако ќе се исплатат побарувањата на новите доверители - кредитори кои стекнале својство на доверител по отворањето на стечајната постапка.

Трошоци на стечајната постапка
Член 134

(1) Во трошоци на стечајната постапка спаѓаат:
1) судските трошоци на стечајната постапка;
2) наградите и надоместоците за трошоците на привремениот стечаен управник, на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители;
3) трошоците за комунално и техничко одржување на имотот на стечајниот должник;
4) други трошоци за кои со овој закон е определено дека ќе се намируваат како трошоци на стечајната постапка и
5) трошоци направени за упис во јавните книги.
(2) Доколку стечајниот управник заклучи дека е во најдобар интерес за доверителите должникот да продолжи со деловно работење со кое ќе се отстранат штетите што можат да настанат ако тоа се запре и за тоа добие одобрение од стечајниот судија, тогаш тој може да земе необезбеден кредит и да создаде необезбеден долг, како трошок на стечајната постапка. Стечајниот судија, пред да го даде одобрението, е должен да прибави согласност од одборот на доверители ако е основан.
(3) Доколку стечајниот управник не може да земе необезбеден кредит, стечајниот судија по претходно одобрение на собранието на доверители, донесено на начин на кој се гласа за одобрување на планот за реорганизација, со решение ќе одобри стечајниот управник да земе обезбеден кредит како трошок на стечајната постапка: со ставање заложно право на имотот што влегува во стечајната маса, над кој не е

воспоставено заложно право и со ставање заложно право со послаб приоритет над имот од стечајната маса врз кој веќе постои заложно право.

Други обврски на стечајната маса
Член 135

Во другите обврски на стечајната маса спаѓаат:
1) обврските засновани со дејствата на стечајниот управник или на друг начин со управувањето, со впаричувањето и со поделбата на стечајната маса, а коишто не спаѓаат во трошоци на стечајната постапка;
2) побарувањата на адвокатите за дадените услуги според адвокатската тарифа во текот на последните шест месеца пред отворањето на стечајната постапка во врска со заштитата и остварување на правата на должниците што влегуваат во стечајната маса;
3) обврските од двострано товарни договори ако нивното исполнување се бара од стечајната маса или мора да следи по отворањето на стечајната постапка;
4) обврските врз основа на неоснованото збогатување на масата или стекнување без основа и
5) обврските врз основа на договорите за работа на вработените кај стечајниот должник по отворањето на стечајната постапка.

ДЕЛ ПЕТТИ

ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

ГЛАВА ПРВА

ОСНОВАНИ ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ

Ден на настапување на правните последици
Член 136

(1) Правните последици од отворањето на стечајната постапка настапуваат наредниот ден кога огласот за отворање на стечајната постапка ќе биде истакнат на огласната табла.
(2) Ако решението за отворање на стечајната постапка по повод жалба биде укинато, а во повторна постапка стечајната постапка биде одново отворена, ќе се смета дека правните последици од отворањето на стечајната постапка настапиле од денот кога првото решение за отворање на стечајната постапка било истакнато на огласната табла.
(3) Со денот на отворањето на стечајната постапка престанува да тече каматата на необезбедените побарувања.
(4) На обезбедените побарувања се пресметува камата ако е договорена, но со право на наплата на каматата само до износот на вредноста на имотот којшто служи за обезбедување на побарувањето.
(5) Ако по намирувањето на сите останати побарувања има расположливи средства за исплата, стечајниот судија може да одобри пресметување и плаќање на камати и по поднесувањето на предлогот за поведување на стечајна постапка.
(6) Каматата од ставовите (4) и (5) на овој член се пресметува според закон, освен ако поинаку не е договорено.

Преминување на правата од должникот на стечајниот управник
Член 137

Со отворањето на стечајната постапка престануваат правата на членовите на органите на управување, управителот, односно директорот или друг орган на управување, застапниците и полномошниците, како и на членови на органите за надзор. Правата на членовите на органите на управување, управителот, односно директорот или друг орган на управување, застапниците и полномошниците во поглед на располагањето со имотот на стечајниот должник и на другите права кои соодветно се остваруваат заради спроведување на стечајната постапка преминуваат на стечајниот управник и тоа на начин, во обем и според условите утврдени во овој закон.

Забрана за отуѓување или оптоварување
Член 138

(1) Забраната за отуѓување или за оптоварување на имотот на должникот, која е определена со одредбите на други закони само заради заштита на интересите на определени лица, во стечајната постапка е без дејство.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на забраната за отуѓување и оптоварување на имотот на должникот до кое дошло во врска со постапката за извршување или обезбедување.

Располагање на должникот
Член 139

(1) Располагањето на поранешните застапници на должникот - правно лице, односно на должникот - поединец со имотот од стечајната маса по настапувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка се без правно дејство.

(2) На барање на другата страна ќе и се врати нејзината противчинидба од стечајната маса, ако со неа е зголемена вредноста на стечајната маса.

(3) Ако поранешниот застапник на должникот - правно лице, односно должникот - поединец располага со имотот од стечајната маса спротивно на ставот (1) од овој член, за преземените обврски, одговара лично со својот имот.

Исполнувања во корист на должникот
Член 140

Ако по отворањето на стечајната постапка некое лице директно ја исполни обврската на застапникот на должникот - правно лице или на должникот - поединец пред денот на објавувањето на огласот за отворање на стечајната постапка, иако обврската требало да се исполни во корист на стечајната маса, со таквото исполнување се ослободува од својата обврска ако докаже дека во време на исполнувањето не знаел дека стечајната постапка е отворена.

Наследство
Член 141

(1) Ако должникот пред отворањето или во текот на стечајната постапка наследил имот или примил легат, само тој има право да го прифати или да се откаже од наследството или од легатот. Исто така, само должникот има право да бара или да се откаже од деловите од оставината за кои тој може да бара издвојување врз основа на

живеењето во заедничко домаќинство или врз основа на заедничкото стопанисување со оставителот.
(2) Кога на местото на должникот како наследник може да стапи некое друго лице, стечајниот управник не смее да располага со предметите што претставуваат дел од наследениот имот, ако според прописите што го регулираат наследувањето тој пренос би бил неполноважен во случај соодветниот наследник да успее во своето наследно-правно барање.

Поделба на имот на правна заедница
Член 142

(1) Ако должникот со некое трето лице е во сосопственичка или во некоја друга правна заедница или ортаклак, поделбата на имотот ќе се изврши надвор од стечајната постапка. За обврските од таквиот однос може да се бара одвоено намирување од уделот на должникот.
(2) Во стечајната постапка без дејство се одредбите од договорот со кој во правните заедници од ставот (1) на овој член, се исклучува трајно или за определено време правото на раскинување на таквата заедница или со кои за тоа се утврдува посебен отказен рок. Истото важи и за одредбите на тестаментот на кој се темели заедницата, како и за соодветниот договор на сонаследниците.

Преземање парници
Член 143

(1) Парниците што во времето на отворањето на стечајната постапка биле во тек за имотот што влегува во стечајната маса, ќе ги преземе стечајниот управник, во име и за сметка на должникот.
(2) Ако стечајниот управник веднаш по продолжувањето на парницата која била во прекин го признае тужбеното барање или се откаже од тужбеното барање, спротивната странка ќе може да ги оствари трошоците на парничната постапка само како стечаен доверител. Во спротивно, парничните трошоци ќе се намират како долгови на стечајната маса.

Побарувања на стечајните доверители
Член 144

Стечајните доверители можат да ги остварат своите побарувања спрема должникот само во стечајната постапка.

Престанок на правата стекнати со извршување или обезбедување
Член 145

Ако стечајниот доверител во текот на последните 90 дена пред поднесувањето предлог за отворање на стечајна постапка или потоа, со судско извршување или со обезбедување, стекне некое разлачно или слично право над имотот на должникот што влегува во стечајната маса, тоа право престанува со отворањето на стечајната постапка.

Забрана на извршување и обезбедување
Член 146

(1) По отворањето на стечајната постапка одделните стечајни доверители не можат против должникот да бараат обезбедување на побарувањата или извршување на делови од имотот што влегува во стечајната маса, ниту на друг имот на должникот.

(2) Доверителите кои не се стечајни доверители во текот на стечајната постапка не се овластени да бараат присилно извршување или обезбедување на идните побарувања на должникот - поединец по основ на договор за работа, или други слични правни работи, освен присилно извршување или обезбедување заради наплата на барање за издршка и на други побарувања што можат да се намират од оној дел на приходот на должникот од работниот однос од кој не може да се намират побарувањата на другите доверители.

(3) Постапките на извршувањето и обезбедувањето од ставовите (1) и (2) на овој член што се во тек во времето на отворањето на стечајната постапка се прекинуваат.

(4) По отворањето на стечајната постапка излачните, односно разлачните доверители, можат заради остварување на своите права да поведат против должникот постапки на извршување и обезбедување според правилата за извршување и обезбедување. Прекинатите постапки на извршување и обезбедување што тие доверители ги повеле пред отворањето на стечајната постапка, ќе продолжат и ќе се спроведат според правилата за извршување и обезбедување.

Решение на стечајниот судија за прекинување на постапка за извршување
Член 147

(1) На барање на разлачен доверител или стечаен управник, стечајниот судија може да донесе решение со кое ќе ја прекине постапката за извршување согласно со членот 146 став (4) од овој закон, ако на доверителот му обезбеди соодветна заштита на обезбеденото побарување. Под соодветна заштита на обезбедено побарување се

подразбира обезбедување утврдено со одлука на судот со кое вредноста на гаранциите е поголема од вредноста на побарувањата на доверителот, така што нема по која било основа да се намали можноста доверителот да го наплати своето побарување и да претрпи штета во текот на постапката.
(2) Со заштитата од ставот (1) на овој член на разлачниот доверител мора да му се обезбеди:
1) соодветна компензација за секое можно намалување на обезбеденото побарување по пат на готовински исплаќања или
2) соодветна замена или дополнително обезбедување со поседување на дел од имотот или
3) гаранција за каматата која ќе се акумулира, така што вредноста на гаранцијата, во моментот на поднесувањето на барањето ќе го обезбеди побарувањето.
(3) Кога доверител или друго лице намири обезбедено побарување на обезбеден доверител според обврска преземена во стечаен план, на обезбедениот доверител му престанува правото да бара извршување на обезбеденото побарување. Исполнувањето на обврската се констатира во судска одлука на стечајниот судија која е правна основа за бришење од јавните книги на оптоварувањето на стечајната маса.

Забрана на извршување заради остварување на побарувања спрема стечајната маса
Член 148

(1) Во периодот од шест месеца од моментот на отворањето на стечајната постапка нема да се дозволи присилно извршување заради намирување на побарувањата што претставуваат обврски на стечајната маса во стечајната постапка, освен во случаите кога побарувањето произлегува од правна работа преземена од страна на стечајниот управник.
(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува и на:
1) обврските на стечајната маса од двострано товарни договори што стечајниот управник одлучил да ги исполни;
2) обврските од траен облигационен однос за времето по првиот рок во кој стечајниот управник можел да го откаже договорот и
3) обврските од траен облигационен однос ако стечајниот управник примил противчинидба во корист на стечајната маса.

Исклучување на другите облици на правно стекнување
Член 149

(1) По отворањето на стечајната постапка не може полноважно да се стекнуваат права на делови од имотот што влегува во стечајната маса и кога тоа стекнување не се заснова на располагањето на должникот или на присилното извршување или обезбедување во корист на стечајниот доверител.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на случаите на стекнување врз основа на располагањето на стечајниот управник, на судска продажба, работи на излачните и на разлачните доверители во согласност со овој закон, како и на случаите на стекнување со доверба во јавните книги.

Заедничка штета
Член 150

Надомест на штетата што заеднички ја претрпеле стечајните доверители заради намалување на имотот што влегува во стечајната маса пред или по отворањето на стечајната постапка (заедничка штета), во текот на стечајната постапка може да бара само стечајниот управник. Ако барањата за надомест на штетата се насочени против стечајниот управник, таквите барања може да ги истакнува само новопоставениот стечаен управник.

Лична одговорност на неограничено одговорните содружници
Член 151

Ако стечајна постапка е отворена над имотот на правно лице во кое постојат неограничено одговорни содружници, односно членови личната неограничена одговорност на тие содружници, односно членови за обврските на тоа правно лице во текот на стечајната постапка, може да ја побара само стечајниот управник.

Задржување на правото на пребивање
Член 152

Ако стечајниот доверител во времето на отворањето на стечајната постапка имал, врз основа на закон или договор, право на пребивање, отворањето на стечајната постапка не го ограничува тоа право.

Стекнување право на пребивање во текот на стечајната постапка
Член 153

(1) Ако во времето на отворањето на стечајната постапка побарувањата или едно од побарувањата што треба да се пребијат, сé уште се под

одложен услов или се уште не пристигнале или побарувањата не се насочени на историодни чинидби, до пребивање ќе дојде дури откако ќе бидат исполнети потребните услови за тоа. Во вакви случаи нема да се применуваат одредбите на членовите 119 и 123 од овој закон. Пребивањето е исклучено ако побарувањето со кое треба да се изврши пребивањето станало безусловно и пристигнало пред пребивањето да стане возможно.

(2) Дозволено е пребивањето на побарувања што гласат на различни валути или пресметковни единици. Пресметувањето се врши според курсот што важи во местото на плаќање во времето на приемот на изјавата за пребивање.

Недопуштеност на пребивање
Член 154

Пребивање не е допуштено, ако:

1) стечајниот доверител станал гарант во полза на стечајната маса дури по отворањето на стечајната постапка;

2) стечајниот доверител го стекнал своето побарување од друг доверител дури по отворањето на стечајната постапка;

3) стечајниот доверител го стекнал побарувањето со цесија за последната година пред отворањето на стечајната постапка, а знаел или морал да знае дека должникот станал неспособен за плаќање или дека против него е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка. Исклучително пребивање ќе биде дозволено ако се работи за побарување што е отстапено во врска со исполнување на неисполнети договори, или за побарување што оживеало со успешно побивање на правна работа на должникот;

4) стечајниот доверител ја стекнал можноста за пребивање со правна работа што може да се побива и

5) доверителот чие побарување треба да се намири од имотот на должникот - поединец што не влегува во стечајната маса, а должникот го долгува на стечајната маса.

Забрана за примање на поштенски пратки
Член 155

(1) За да се откријат или да се спречат правните работи на должникот на штета на доверителите, стечајниот судија, на барање на стечајниот управник или по службена должност, ќе донесе решение со кое ќе нареди одредени или сите поштенски пратки за должникот да му се доставуваат нему, на стечајниот управник. Стечајниот судија ќе го донесе ваквото решение откако ќе го сослуша должникот, освен ако

поради посебните околности на случајот таквото сослушување би можело да ја загрози целта на донесувањето на таквата одлука. Ако должникот претходно не бил сослушан, стечајниот судија на барање на доверител е должен да образложи зошто така постапил и дополнително да го сослуша должникот веднаш штом ќе престанат да постојат причините поради кои таквото сослушување не било спроведено.
(2) Стечајниот управник има право да ги отвора пратките што ќе му се доставуваат, но е должен пратките што не се однесуваат на стечајната маса, без одлагање да му ги испрати на стечајниот судија. Стечајниот судија има право на увид во другите пратки.
(3) Против решението за одредување на забрана за примање на поштенски пратки должникот има право на посебна жалба. Откако ќе го сослуша стечајниот управник или доверител, стечајниот судија со решение ќе ја укине забраната ако оцени дека таа повеќе не е потребна.

Издршка од стечајната маса
Член 156

(1) Собранието на доверители одлучува во кој обем ќе им се дава издршка од стечајната маса на должникот - поединец и на неговото семејство.
(2) До одлуката на собранието на доверители, стечајниот судија на предлог на стечајниот управник може да му одреди нужна издршка на должникот. На ист начин издршката им се гарантира и на лицата кои тој е должен по закон да ги издржува.
(3) Одредбите на овој член на соодветен начин ќе се применат на лично одговорните содружници на должникот кои имаат овластување за застапување.

ГЛАВА ВТОРА

ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ РАБОТИ

Право на стечајниот управник на избор
Член 157

(1) Ако должникот и неговиот содоговорник на денот на отворањето на стечајната постапка не исполниле или не исполниле во целост некој двострано товарен договор,стечајниот управник може да го исполни договорот наместо должникот и да бара исполнување од другата договорна страна.

(2) Ако стечајниот управник го одбие исполнувањето, другата договорна страна може да ги остварува своите побарувања поради неисполнување само како стечаен доверител. Ако другата договорна страна е должна прва да го исполни договорот и ако таа го повика стечајниот управник да се изјасни за своето право на избор, управникот е должен во рок од осум дена со препорачана пратка да ја извести таа договорна страна дали има намера да побара исполнување на договорот. Ако не постапи така, стечајниот управник нема да може да бара исполнување.

Фиксни договори и термински договори
Член 158

(1) Ако испораката на стока што има пазарна или берзанска цена е договорена за фиксно определено време или во фиксен рок, а тоа време или истекот на рокот настапи дури по отворањето на стечајната постапка, другата договорна страна не може да бара исполнување, туку само надоместок поради неисполнување на фиксните договори.

(2) Ако за финансиско исполнување што има пазарна или берзанска вредност е определено време или рок, а тоа време или истекот на тој рок настапи по отворањето на стечајната постапка, другата страна не може да бара исполнување, туку само надоместок поради неисполнување на фиксните договори.

(3) За финансиско исполнување од ставот (2) на овој член, особено се сметаат:

1) испорака на благородни метали;

2) предавање на хартии од вредност или слични права, ако стекнување удел во некое трговско друштво не е сторено со намера за воспоставување тајна врска со тоа друштво;

3) плаќања во пари што се исполнуваат во странска валута или во

некоја пресметковна единица;
4) плаќања во пари чии износи се директно или индиректно одредени со курсот на странската валута или пресметковната единица, со каматна стапка на побарувањето или со цената на други стоки или услуги и
5) опциите и другите права на испорака или парични чинидби во смисла на одредбите од точките 1 до 4 на овој став.
(4) Ако работите за финансиско исполнување се опфатени со еден рамковен договор за кој е предвидено дека во случај на повреда на договорните одредби тој може да биде раскинат само во целост, сите тие работи ќе се сметаат како еден двострано товарен договор во смисла на одредбата од членот 157 ставови (1) и (2) на овој закон.
(5) Надоместокот поради неисполнување на работите наведени во овој член се состои во разликата меѓу договорената цена и пазарната или берзанската цена, што вториот работен ден по отворањето на стечајната постапка во местото на исполнување важи за договорите со договорено време на исполнување. Другата страна своето побарување на таквиот надоместок може да го оствари само како стечаен доверител.

Деливи чинидби
Член 159

Ако долгуваната чинидба е делива и ако другата страна својата чинидба во времето на отворањето на стечајната постапка веќе делумно ја исполнила, таа своето побарување на противчинидбата што одговара на нејзината делумно исполнета чинидба ќе може да го оствари како стечаен доверител, дури и ако стечајниот управник побара исполнување на преостанатиот дел од чинидбата. Другата страна нема право поради неисполнување на своето побарување на противчинидбата од стечајната маса да бара враќање на она што со делумното исполнување на нејзината чинидба пред отворањето на стечајната постапка преминало во имотот на должникот.

Прибелешка
Член 160

(1) Ако во јавната книга е запишана прибелешка заради обезбедување на барањето за стекнување или укинување на права на некои од недвижностите на должникот или на некое право запишано во корист на должникот или заради обезбедување на барање за промена на содржината или на редот на тоа право, доверителот може да го намири своето побарување како доверител на стечајната маса. Истото важи и

ако должникот презел некои натамошни обврски спрема доверителот, па во целост или делумно не ги исполнил.
(2) Одредбата од ставот (1) на овој член на соодветен начин ќе се примени и на прибелешките запишани во Централниот регистар и во други соодветни регистри.

Задржување на правото на сопственост
Член 161

(1) Ако должникот пред отворањето на стечајната постапка продал подвижен предмет со задржување на правото на сопственост и на купувачот му го предал предметот во владение, купувачот може да побара исполнување на договорот за продажба. Истото важи и ако должникот презел натамошни обврски спрема купувачот, па во целост или делумно не ги исполнил.
(2) Ако пред отворањето на стечајната постапка должникот купил подвижен предмет, при што продавачот и по предавањето на предметот го задржал правото на сопственост, стечајниот управник има право на избор во согласност со одредбите на членот 149 од овој закон. Стечајниот управник не е обврзан да ја даде изјавата во врска со својот избор до одржувањето на извештајното собрание, по што тој мора да го стори тоа без одлагање. Одредбата од овој став нема да се применува ако до одржувањето на извештајното собрание се очекува битно намалување на вредноста на подвижниот предмет, а доверителот го известил стечајниот управник за таа околност.

Потрајно обврзни односи
Член 162

(1) Договорите за закуп на недвижности или на простории, во кои должникот се појавува како закуподавец, остануваат во сила во корист на стечајната маса.
(2) Одборот на доверители може да одлучи да престане договорот за закуп од ставот (1) на овој член и да го задолжи стечајниот управник да го откаже договорот.
(3) Ако закупопримачот не се исели по истекот на отказниот рок, стечајниот судија донесува решение со кое ќе му наложи да се исели. Против тоа решение може да се изјави жалба.
(4) Правата што се однесуваат на времето пред отворањето на стечајната постапка другата договорна страна може да ги оствари само као стечаен доверител.

Располагање со побарувања од закупен однос
Член 163

(1) Ако должникот како закуподавец на недвижност или просторија пред отворањето на стечајната постапка располагал со побарувања од закупен однос за некое подоцнежно време, тоа располагање е правно полноважно само во делот кој се однесува на закупнината за календарскиот месец што тече во времето на отворањето на стечајната постапка. Ако отворањето на постапката настапило по петнаесеттиот ден во месецот, располагањето произведува правно дејство и за следниот календарски месец.

(2) Располагањето од ставот (1) на овој член, особено се однесува на наплатата на закупнината. Располагањето врз основа на присилно извршување е изедначено со договорното располагање.

(3) По исклучок од членовите 153 став (2) и 154 точка 4 на овој закон, закупецот може да ги пребие своите побарувања спрема должникот со побарувањата на должникот од закупниот однос во смисла на одредбата од ставот (1) на овој член.

Должникот како закупец
Член 164

(1) Договорите за закуп на недвижност или на просторија во кои должникот е закупец,стечајниот управник може да ги откаже придржувајќи се на законскиот отказен рок, без оглед на тоа што во конкретниот договор бил договорен некој друг отказен рок. Ако стечајниот управник изјави отказ, другата договорна страна може како стечаен доверител да бара надомест на штета причинета од предвремен престанок на договорен однос.

(2) Секоја страна е должна во рок од 15 дена да ја извести другата страна за тоа дали има намера да се откаже од договорот, а ако тоа не го стори го губи правото на откажување.

(3) Ако должникот во времето на отворањето на стечајната постапка се уште не ја презел недвижноста или просторијата, стечајниот управник и другата договорна страна можат да се откажат од договорот. Ако стечајниот управник го откаже договорот, другата страна може како стечаен доверител да бара надоместок на штета причинета од предвремениот престанок на договорот.

Забрана на откажување на договорот за закуп
Член 165

(1) Ако должникот е закупец, другата договорна страна не може да го откаже договорот за закуп по поднесувањето на предлогот за

отворање на стечајна постапка:
1) поради доцнењето на плаќањето на закупнината до кое дошло пред отворањето на стечајната постапка и
2) поради влошувањето на имотната состојба на должникот.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, другата договорна страна може да го откаже договорот за закуп по поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка, ако со тоа се согласи одборот на доверители. Ако договорот за закуп остане во сила стечајниот должник има обврска редовно да ја плаќа договорената закупнина, а побарувањето врз основа на тој договор спаѓа во прв исплатен ред, како трошок на стечајната постапка.
(3) Ако стечајната постапка е поведена пред стечајниот должник да ја земе во владение недвижноста како закупец, стечајниот управник и закуподавачот можат да го откажат договорот.

Договори за вработување
Член 166

(1) Со денот на отворањето на стечајната постапка договорите за вработување склучени меѓу работникот и работодавецот - должник престануваат.
(2) Стечајниот управник донесува решение со кое констатира дека договорот за вработување на работникот престанал. Против ова решение не е дозволена жалба.
(3) Стечајниот управник заради остварување на правата на работникот примерок од решението од ставот (2) на овој член го доставува до надлежната служба за посредување при вработување на чие подрачје се наоѓа седиштето на стечајниот должник во рок од три дена од денот на донесувањето.
(4) Со денот на отворање на стечајната постапка престануваат и договорите со кои се уредуваат односите меѓу друштвото со извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителите.
(5) Стечајниот управник може, по претходно добиена писмена согласност од стечајниот судија, да склучува нови договори за вработување на определено време за завршување на започнатите работи и за отстранување на можните штети. Ако има потреба од склучување нови договори, приоритет ќе имаат поранешните работници кои биле вработени кај должникот.
(6) Платите и надоместоците на работниците ги определува стечајниот управник во согласност со закон и колективен договор, а врз основа на претходно добиена писмена согласност од стечајниот судија.

(7) Платите и надоместоците од ставот (6) на овој член се намируваат како обврски на стечајната маса.

Престанок на налогот и на договорот за извршување на работите
Член 167

(1) Налогот на должникот што се однесува на имотот што влегува во стечајната маса престанува со отворањето на стечајната постапка.
(2) Налогопримачот е должен заради отстранување на штетата да продолжи со извршувањето на работата што не трпи одлагање и по отворањето на стечајната постапка сé додека стечајниот управник не го преземе извршувањето на работата. Побарувањата на налогопримачот во врска со така продолженото извршување на работата се намируваат како побарувања на доверител на стечајната маса.

Понуди
Член 168

Понудите дадени на должникот или понудите што ги дал должникот престануваат да важат на денот на отворањето на стечајната постапка, ако до тој ден не се прифатени.

Престанок на полномошното
Член 169

(1) Полномошното на должникот, кое се однесува на имотот што влегува во стечајната маса, престанува со отворањето на стечајната постапка.
(2) Одредбите од членот 167 на овој закон на соодветен начин се применуваат и на полномошното.

Ликвидација
Член 170

Кога јавно трговско друштво, командитно друштво, командитно друштво со акции или друго правно лице во кое постојат неограничено одговорни содружници, односно членови ќе бидат ликвидирани поради отворање на стечајна постапка врз имотот на еден од неограничено одговорните содружници, односно членовите, содружникот, односно членот со право да го застапува соодветното друштво, односно правно лице за своите побарувања што произлегле од привременото продолжување на работите што не трпат одлагање или чие непреземање може да предизвика значителни штети, ќе се рангира меѓу доверителите на стечајната маса.

Ништовност на договорните одредби
Член 171

Договорните одредби со кои однапред се исклучува или се ограничува примената на одредбите од членовите 157 до 170 на овој закон се без правно дејство.

ГЛАВА ТРЕТА

ПОБИВАЊЕ НА ПРАВНИ ДЕЈСТВА НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

Општи одредби
Член 172

(1) Правните дејства преземени пред отворањето на стечајната постапка со кои се нарушува изедначеното намирување на доверителите (оштетувањето на доверителите), односно со кои одделни доверители се стават во поповолна положба, стечајниот управник во име на стечајниот должник и стечајните доверители може да ги побива во согласност со одредбите од овој закон.

(2) Несторувањето на тоа ќе се третира на сосема поедначков начин како и сторувањето, односно како правно дејство, во смисла на ставот (1) од овој член, ќе се подразбира и пропуштањето на вршење на тие дејства.

Дозволено намирување
Член 173

(1) Правна работа преземена во последните три месеца пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување во согласност со содржината на неговите права, може да се побива ако во времето кога е преземена, должникот бил неспособен за плаќање и ако доверителот во тоа време знаел или морал да знае за таа неспособност.

(2) Може да се побива и правната работа со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување во согласност со содржината на неговите права, ако правната работа е преземена по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка и ако доверителот во времето на нејзиното преземање знаел или морал да знае за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка.

(3) Ќе се смета дека доверителот знаел за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка ако знаел за околностите од кои нужно можело да се заклучи дека постои неспособност за плаќање или дека е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка.

(4) За лице кое со должникот било блиско во времето на преземањето на работата (член 180) се претпоставува дека знаело за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка.

Недозволено намирување
Член 174

(1) Правна работа со која на еден стечаен доверител му се дава или му се овозможува обезбедување или намирување, коешто тој немал право да го бара или немал право да го бара на тој начин или во тоа време, може да се побива ако работата е преземена во текот на:
1) последните 30 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка или потоа, или
2) 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, а должникот во тоа време бил неспособен за плаќање или
3) 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, а доверителот во времето на нејзиното преземање знаел дека со неа се оштетуваат стечајните доверители.
(2) Ќе се смета дека доверителот знаел дека со работата се оштетуваат доверителите од ставот (1) точка 3 на овој член, ако знаел за околностите врз основа на кои нужно можело да се заклучи дека со неа доверителите се оштетуваат. За лице кое со должникот било блиско во времето на преземањето на работата се претпоставува дека знаело за оштетувањето на стечајните доверители.

Правни работи со кои доверителите непосредно се оштетуваат
Член 175

(1) Правната работа на должникот со која стечајните доверители непосредно се оштетуваат може да се побива, ако:
1) е преземена во текот на последните 90 дена пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, ако во времето на нејзиното преземање должникот бил неспособен за плаќање и ако другата страна во тоа време знаела за таа неспособност или
2) е преземена по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, а другата страна во времето на правната работа знаела или морала да знае за неспособноста за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка.
(2) Со правната работа со која стечајните доверители непосредно се оштетуваат се изедначува правното дејство на должникот со кое должникот губи некое од своите права или поради што повеќе не може да ги оствари, или дејство врз основа на кое може да остане во сила или да се оствари некое имотно-правно побарување против должникот.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член на соодветен начин се применуваат одредбите од членот 173 ставови (3) и (4) на овој закон.

Намерно оштетување
Член 176

(1) Правна работа што должникот ја презел во последните десет години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка или потоа со намера да ги оштети своите доверители, може да се побива ако другата страна во времето на преземањето на таа работа знаела за намерите на должникот. Знаењето за намерата се претпоставува ако другата страна знаела дека на должникот му се заканува неспособност за плаќање и дека со таа работа се оштетуваат доверителите.
(2) Двострано товарен договор склучен меѓу должникот и нему блиско лице, согласно со членот 180 од овој закон, може да се побива ако со него непосредно се оштетуваат стечајните доверители. Тој договор не може да се побива ако е склучен две години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка или ако другата страна докаже дека во времето на склучувањето на договорот не и била позната намерата на должникот да ги оштети доверителите.

Правни работи без надоместок или со безначаен надоместок
Член 177

(1) Правна работа на должникот без надоместок или со безначаен надоместок може да се побива, освен ако е преземена четири години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка.
(2) Ако се работи за вообичаен пригоден подарок со незначителна вредност, работата не може да се побива.

Тајно друштво
Член 178

(1) Може да се побива правна работа со која на таен содружник во тајно друштво влогот во целост или делумно му е вратен или со која во целост или делумно му е простен неговиот удел во настанатата загуба, ако договорот врз кој се темели работата е склучен во последната година пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на јавниот содружник или потоа. Оваа одредба ќе се применува и кога договорот предизвикал, или кога како последица од договорот е предизвикана ликвидација на тајното друштво.
(2) Правната работа од ставот (1) на овој член не може да се побива ако причината за отворањето на стечајната постапка настапила дури по склучувањето на договорот.

Исплата на менични и чековни обврски
Член 179

(1) Од примателот во случај на дозволено намирување согласно со членот 173 од овој закон, не може да се бара враќање на она што должникот му го исплатил врз основа на меница, ако според меничното право во случај да одбие да го прими плаќањето примателот би го изгубил меничното барање спрема другите менични должници.

(2) Исплатениот меничен износ мора да го намири последниот регресен должник, или, ако тој меницата ја продал за сметка на трето лице, тоа трето лице, ако последниот регресен должник или третото лице во времето кога меницата ја продало или ја дало да се продаде, знаеле за неспособноста на должникот за плаќање или за предлогот за отворање на стечајна постапка. Одредбите од членот 173 ставови (3) и (4) на овој закон се применуваат на соодветен начин.

(3) Ставовите (1) и (2) на овој член на соодветен начин се применуваат на исплатите на должникот врз основа на чекови.

Блиски лица
Член 180

(1) За блиски физички лица на должникот - поединец, во смисла на овој закон, се сметаат:

1) брачниот другар на должникот, дури и ако бракот е склучен по правната работа или ако престанал во последната година пред преземањето на работата;

2) роднини на должникот или на брачниот другар во права линија, браќата и сестрите, односно полубраќата и полусестрите на должникот или брачниот другар од точката 1 на овој став, како и брачните другари на тие лица и

3) лица кои живеат во заедничко домаќинство или во трајна животна заедница со должникот или живееле со должникот во последната година што ѝ претходела на работата.

(2) За блиски лица на должникот - правно лице, во смисла од овој закон, се сметаат:

1) управителот, односно управителите, членовите на органите на управувањето и членовите на надзорните органи и лично одговорните содружници на должникот и лицата кои во капиталот на должникот учествуваат со повеќе од една четвртина;

2) лице кое поради својата статусно-правна или трудово-договорна врска со должникот има можност да биде запознаено со економската положба на должникот и

3) лица кои имаат лични врски наведени во ставот (1) од овој член со

едно од лицата наведени под точката 1 или 2, освен ако лицата наведени под точката 1 или 2 на овој став се со закон обврзани да ја чуваат тајноста на фактите во врска со работењето на должникот.
(3) За поврзани лица се сметаат лицата определени со Законот за трговските друштва.

Засметување на роковите пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка
Член 181

(1) Роковите определени во одредбите од членовите 173 до 180 на овој закон се пресметуваат од почетокот на денот во месецот што по број одговара на денот на кој предлогот за отворање на стечајната постапка е примен во судот. Ако тој ден со тој број не постои, рокот се пресметува од почетокот на наредниот ден.
(2) Ако се поднесени повеќе предлози за отворање на постапка, за предлог се смета првиот предлог поднесен во согласност со овој закон и соодветно образложение дури и ако постапката е отворена по повод некој подоцнежен предлог.

Време на преземање на правното дејство
Член 182

(1) Се смета дека правното дејство е преземено кога ќе настапат неговите правни последици.
(2) Кога заради полноважност на некоја правна работа е потребен упис во јавна книга или во соодветен регистар, ќе се смета дека правната работа е преземена кога ќе бидат исполнети другите претпоставки за нејзината полноважност, кога изјавата на волја за упис ќе стане обврзувачка за должникот и кога другата страна ќе поднесе барање за упис на правната промена.
(3) Ако е поднесено барање за упис на прибелешка заради обезбедување на право на правна промена, на соодветен начин ќе се примени одредбата од ставот (2) на овој член.
(4) Ако правното дејство е со услов или со рок, меродавно е времето на негово преземање, а не времето на настапување на условот или истекот на рокот.

Извршна исправа
Член 183

Може да се побива и правно дејство за кое е добиена извршна исправа и дејство кое е преземено во постапка за присилно извршување, ако е тоа определено со закон.

Плаќање во готово
Член 184

Ако должникот за својата чинидба примил противчинидба со еднаква вредност, што директно (непосредно) влегла во неговиот имот, правното дејство по повод кое чинидбата е извршена може да се побива само под условите од членот 176 на овој закон.

Правни средства и правни последици од побивањето
Член 185

(1) Стечајните доверители и стечајниот управник, во име на стечајниот должник, можат да ги побиваат правните дејства на стечајниот должник.
(2) Тужбата од ставот (1) на овој член може да се поднесе најдоцна до заклучувањето на стечајната постапка.
(3) Тужбата од ставот (2) на овој член се поднесува против лицето спрема кое е преземено побиваното дејство и против должникот ако тој не е тужител.
(4) Ако барањето од ставот (2) на овој член е усвоено, побиеното правно дејство е без дејство спрема стечајната маса и спротивната страна е должна да ги врати во стечајната маса сите имотни користи стекнати врз основа на побиеното дејство.
(5) Примателот на чинидбата без надомест или со незначителен надомест мора да го врати она што го примил, ако знаел или морал да знае дека со таква чинидба ги оштетува доверителите.
(6) Правните дејства на должникот можат да се побиваат и со истакнување приговор во парница без временското ограничување од ставот (2) на овој член.

Правата на противникот на побивање
Член 186

(1) Ако противникот на побивањето го врати назад она што го примил, неговото побарување повторно може да се намири.
(2) Противникот на побивањето има право да бара неговата противчинидба да му се врати од стечајната маса, ако од таа маса се уште може да се издвои или ако масата е збогатена со вредноста на чинидбата. Инаку противникот на побивањето може своето право на враќање на противчинидбата да го оствари како стечаен доверител.

Побивање против правни следбеници
Член 187

(1) Правно дејство на должникот може да се побива и против наследник или друг универзален правен следбеник на противникот на побивањето.
(2) Правно дејство може да се побива против другите правни следбеници на противникот на побивањето, ако:
1) правниот следбеник во времето на стекнување знаел за околностите врз кои се темели можноста за побивање на стекнувањето на неговиот правен претходник;
2) правниот следбеник во времето на стекнување спаѓал во лицата кои се блиски на должникот согласно со членот 180 од овој закон, освен ако докаже дека во тоа време не знаел за околностите на кои се темели можноста за побивање на стекнувањето на неговиот правен претходник и
3) на правниот следбеник му е отстапено она што е стекнато без надоместок или со незначителен надоместок.

Правни дејства по отворањето на стечајната постапка
Член 188

(1) Правно дејство преземено по отворањето на стечајната постапка што останува во сила според правилата за веродостојност на она што е запишано во јавните книги, може да се побива според правилата за побивањето на правно дејство преземено пред отворањето на стечајот.
(2) Рокот за тужба од членот 185 на овој закон почнува да тече од настапувањето на правните последици од правното дејство.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

РАСПРЕДЕЛБА

Намирување на стечајните доверители
Член 189

(1) Стечајните доверители ќе се намируваат дури по заклучувањето на испитното (верификационо) рочиште. Намирувањето на стечајните доверители се врши преку авансна распределба на средствата, како и со конечна распределба.

(2) Кога во стечајната маса ќе бидат прибрани доволно парични средства веднаш се распределуваат меѓу доверителите во стечајната постапка (авансна распределба).

План за распределба
Член 190

(1) Пред да започне со распределбата на средствата, стечајниот управник ќе состави предлог на план за распределба.

(2) Предлогот на планот за распределба содржи вкупен износ на побарувањата, износот на паричните средства достапен за распределба од стечајната маса, список на побарувањата што ќе се земат предвид при распределбата, процентот на намирување на доверителите, како и износот на паричните средства кои ќе бидат издвоени за намирување на побарувањата на доверителите чии побарувања биле оспорени. Овој план ќе биде депониран во стечајното досие за увид на учесниците во стечајната постапка.

План за авансна распределба
Член 191

(1) По пристигнување на средствата на сметката, стечајниот управник е должен во рок од осум дена да состави предлог на план за авансна распределба. Овој предлог на план веднаш се доставува до членовите на одборот на доверители на одобрување. По одобрувањето од одборот на доверители, стечајниот управник го доставува предлогот на планот до стечајниот судија и сите доверители опфатени со планот. Во предлогот на планот стечајниот управник издвојува соодветен износ којшто е потребен за исплата на неисплатените и предвидени трошоци на стечајната маса.

(2) Во рок од осум дена од денот на доставувањето на планот за авансна распределба,доверителите имаат право на приговор до стечајниот судија.
(3) Стечајниот судија е должен да ги разгледа приговорите на доверителите, доколку има потреба да направи одредени исправки во овој план и да донесе решение со кое ќе го одобри планот за авансна распределба.
(4) Решението со кое се одобрува планот за авансна распределба се доставува до стечајниот управник кој е должен во рок од осум дена да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите. По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до стечајниот судија, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите.

Разгледување на оспорените побарувања
Член 192

(1) Доверителот, чие побарување не било утврдено, може во рок од осум дена од денот на доставување на планот за авансната распределба, на стечајниот управник да му достави доказ дека поднел тужба за утврдување на побарувањето и за кој износ, или дека се вмешал во постапката што веќе се води во врска со тоа побарување.
(2) Ако доверителот од ставот (1) на овој член го достави доказот од ставот (1) на овој член, стечајниот управник ќе издвои сразмерен дел на средства за намирување на соодветното побарување. Вака издвоениот дел нема да се распределува, а ќе биде задржан додека не биде донесена правосилна одлука во врска со оспореното побарување.
(3) Ако доверителот не го доставил доказот во рокот предвиден во ставот (1) од овој член до стечајниот управник, го губи правото да биде намирен во стечајната постапка за побарувањето што не е утврдено.

Намирување на доверителите со право на одвоено намирување
Член 193

(1) Доверителот со право на одвоено намирување, кој целосно не се намирил со продажба на имотот над кој има воспоставено право на одвоено намирување, е должен во рок од 15 дена од денот на извршената продажба да го извести стечајниот управник. Стечајниот управник е должен да го внесе доверителот во планот за распределба за остатокот на ненаплатеното побарување. Ако доверителот не го извести навреме стечајниот управник и не му поднесе докази, ненамиреното

побарување на тој доверител нема да биде земено предвид при натамошната распределба.
(2) Ставот (1) од овој член нема да се применува ако стечајниот управник е овластен да располага со предметот врз кој постои правото за одвоено намирување.

Намирување на побарувањата што подлежат на одложен услов
Член 194

(1) При авансната распределба ќе биде земен предвид целиот износ на побарувањето врзано за одложен услов. При таа распределба ќе се издвои од средствата наменети за распределба и ќе се задржи делот потребен за намирување на тоа побарување.
(2) При конечната распределба нема да се земат предвид побарувањата врзани за одложен услов ако можноста за настапувањето на тој услов е толку оддалечена и неверојатна што тоа побарување на денот на распределбата е безвредно. Во таков случај,делот што според ставот (1) од овој член бил издвоен и задржан за намирувањето на тоа побарување слободно може да се пренесе во средствата наменети за конечната распределба.
(3) Побарувањата врзани за раскинлив услов се земаат предвид при распределбата ако доверителот даде средства за обезбедување дека ќе го врати она што го примил од стечајната маса кога ќе настапи тој услов.

Дополнително намирување
Член 195

На доверителите кои не биле земени предвид при авансната распределба, а кои ги исполнуваат условите наведени во членовите 192 и 193 од овој закон, при следната дополнителна распределба ќе им биде авансиран износ од остатокот на стечајната маса на начин што нив ќе ги стави на исто рамниште со другите веќе авансирани доверители. Дури потоа ќе може да се пристапи кон намирување на другите доверители.

Конечна распределба на средствата
Член 196

(1) Конечната распределба на средствата ќе биде извршена со план за конечна распределба веднаш по целосно впаричување на имотот што влегува во стечајната маса.
(2) Предлогот на планот за конечна распределба се подготвува по истата постапка и на начин, како и предогот на планот за авансна распределба.

(3) Стечајниот управник го подготвува предлогот на планот од ставот (1) на овој член во рок од осум дена од денот на пристигнување на средствата на сметката на стечајниот должник. Стечајниот управник е должен да состави и завршна сметка и завршен извештај.
(4) Стечајниот управник веднаш ги доставува предлогот на планот за завршна распределба, завршната сметка и завршниот извештај до членовите на одборот на доверители на согласност. По дадената согласност, стечајниот управник ги доставува предлогот на планот, завршната сметка и завршниот извештај до стечајниот судија кој ги објавува на огласната табла во судот.
(5) Против доставениот предлог на план за конечна распределба стечајните доверители имаат право на приговор во рок од осум дена од денот на објавувањето на огласната табла на судот. Приговорот се поднесува до стечајниот судија.
(6) Стечајниот судија во рок од осум дена одлучува по приговорите од ставот (5) на овој член и со решение го одобрува предлогот на планот за конечна распределба. Решението се доставува до доверителите кои поднеле приговор против предлогот на планот за конечна распределба и до стечајниот управник, а се депонира и во стечајното досие за увид на сите доверители.
(7) Против решението од ставот (6) на овој член право на жалба имаат доверителите чии приговори биле одбиени.

Завршно собрание на доверителите
Член 197

(1) Стечајниот судија во наредните три дена од денот на одобрувањето на планот за конечна распределба свикува завршно собрание на доверителите на кое тие:
1) ќе расправаат за завршната сметка и за завршниот извештај;
2) ќе го потврдат планот за конечна распределба на средствата и
3) ќе решаваат за предметите и правата што претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса што не биле отуѓени, наплатени или претворени во пари.
(2) Одлуките на завршното собрание се донесуваат со мнозинство од утврдените побарувања претставени од присутните доверители.
(3) Ако собранието на доверители не го потврди планот за конечна распределба, конечна одлука донесува стечајниот судија. При донесувањето на одлуката стечајниот судија ќе ги цени причините за одбивање на планот за конечна распределба.
(4) Планот за конечната распределба на средствата и одлуките на завршното собрание на доверители го извршува стечајниот управник.

Стечајниот управник е должен веднаш по потврдувањето на планот да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите. По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до стечајниот судија, до одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите.

Депонирање на задржаните средства
Член 198

Средствата што во конечната распределба биле издвоени и задржани, стечајниот управник со согласност на стечајниот судија ќе ги депонира кај соодветна банка за натамошна распределба, на начин и според условите утврдени во овој закон.

Вишок што произлегол од конечната распределба
Член 199

(1) Ако побарувањата на сите доверители во стечајната постапка со конечната распределба бидат намирени во целост, стечајниот управник ќе го пренесе на должникот сиот преостанат вишок од стечајната маса или паричните средства.

(2) Ако должникот не е физичко лице, на сите лица кои поседуваат удели или акции во основната главнина на должникот, стечајниот управник ќе им го пренесе делот од тој вишок што би им припаднал на тие лица при ликвидација на должникот согласно со Законот за трговските друштва.

ГЛАВА ПЕТТА

ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Решение за заклучување на стечајната постапка
Член 200

(1) Веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, односно и на другиот имот на должникот, стечајниот судија ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка.

(2) Решението од ставот (1) на овој член се објавува согласно со членот 10 од овој закон и одредбите на членовите 69 став (6) и 72 став (2) од овој закон. Во решението за заклучување на стечајната постапка, стечајниот судија определува заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри. Примерок од решението им се доставува на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги.

(3) Со заклучувањето на стечајната постапка и бришењето од трговскиот, односно од друг регистар, во кој е запишан должникот, правното лице - должник престанува да постои. Ако стечајната постапка завршила со усвојување план за реорганизација на должникот, се врши соодветен упис во трговскиот, односно во друг регистар во кој е запишан должникот заради спроведување на одобрениот план за реорганизација.

(4) Должникот трговец - поединец (во натамошниот текст: должник - поединец) со заклучувањето на стечајната постапка го губи својството трговец - поединец. Совесниот должник - поединец со заклучувањето на стечајната постапка може да побара ослободување од преостанатите обврски, под условите предвидени со овој закон.

(5) Стечајниот судија со решението за заклучување на стечајната постапка може да го задолжи стечајниот управник да продолжи да ги води започнатите постапки кои се од значење за стечајната маса.

(6) Стечајниот управник по целосната распределба е должен:

1) да ја извести банката и да побара бришење на сметката, а ако има остаток на средства кои се уште не биле распределени по кој било основ на овој закон, да ги депонира како судски депозит и

2) да ја среди архивската граѓа согласно со Законот за архивската граѓа.

(7) Стечајниот управник има обврска да постапи според ставот (5) на овој член соодветно на Законот за архивската граѓа и професионалните стандарди за чување на документацијата.
(8) Стечајниот судија нема да ја одобри наградата на стечајниот управник, ако не ги исполни обврските од ставот (5) на овој член.

Решение за спроведување на дополнителна (одложена) распределба
Член 201

(1) По барање на стечајниот управник или по барање на стечаен доверител или по службена должност, стечајниот судија ќе донесе решение за спроведување на дополнителна или одложена распределба, ако по завршното собрание:
1) издвоените и задржаните средства станале достапни за распределба;
2) средствата исплатени од стечајната маса повторно биле вратени назад и
3) биле идентификувани (определени) предметите и правата што претставувале дел на имотот што влегува во стечајната маса (новопронајден имот).
(2) Заклучувањето на стечајната постапка не го спречува стечајниот судија да донесе решение за спроведување на одложена распределба.
(3) Стечајниот судија може да не донесе вакво решение и да ги пренесе достапните средства или идентификуваните предмети на должникот, ако смета дека со оглед на малата вредност на износот или на предметот и трошоците на евентуалната дополнителна распределба, предавањето на должникот би било многу посоодветно. Донесувањето решение за одложена (дополнителна) распределба, стечајниот судија може да го услови со авансирање на средства за намирување на трошоците на таквата дополнителна распределба.
(4) Средствата од ставот (1) на овој член се чуваат на судскиот депозит од членот 200 став (5) на овој закон.

Жалба
Член 202

(1) Решението со кое се одбива спроведување на дополнителна распределба, стечајниот судија ќе го достави до предлагачот. Против решението на стечајниот судија, предлагачот има право да изјави жалба во рок од осум дена.
(2) Решението со кое се дозволува спроведување на дополнителна распределба, стечајниот судија ќе го достави на стечајниот управник и

на должникот. Против ова решение должникот може да изјави жалба во рок од осум дена по приемот на решението.

Спроведување на дополнителна распределба
Член 203

Кога стечајниот судија донел решение за спроведување на дополнителна распределба, стечајниот управник ќе ја распредели достапната сума или приходите остварени од располагањето со идентификуваниот (определениот) предмет, врз основа на завршниот извештај. За таквата распределба, стечајниот управник ќе му поднесе посебен извештај и посебна сметка на стечајниот судија.

Дополнително сразмерно намирување
Член 204

Доверителите на стечајната маса можат да побараат дополнително намирување на своите побарувања само од средствата што преостанале во стечајната маса, а за средствата за кои стечајниот управник дознал:

1) дури по утврдувањето на делот наменет за авансна распределба;
2) за време на конечната распределба или
3) кога било донесено решение за спроведување на дополнителна (одложена) распределба, по нејзиното објавување.

ГЛАВА ШЕСТА

ЗАПИРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

Запирање поради непостоење имот што влегува во стечајната маса
Член 205

(1) Ако по отворањето на стечајната постапка се утврди дека имотот што влегува во стечајната маса нема да биде доволен за намирување на трошоците на постапката, стечајниот судија ќе ја запре таа постапка и ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка. Стечајниот судија нема да ја запре постапката, ако биде авансиран доволен износ на средства од доверител.

(2) Пред да ја запре стечајната постапка, стечајниот судија ќе ги сослуша собранието на доверители, стечајниот управник и доверителите на стечајната маса.

(3) Сите парични средства достапни во стечајната маса, пред запирањето на таа постапка, стечајниот управник ќе ги употреби за намирување на дотогаш направените трошоци во постапката, сразмерно на нивните износи. Стечајниот управник веќе нема да биде обврзан да располага со имотот што влегува во стечајната маса, односно тој веќе нема да биде обврзан тој имот да го претвори во пари, а распределбата се врши без впаричување.

Известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса
Член 206

(1) Ако трошоците на стечајната постапка се покриени, но имотот што влегува во стечајната маса не е доволен за намирување на другите пристигнати обврски на стечајната маса, стечајниот управник ќе го извести стечајниот совет за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса. Оваа одредба ќе се применува и тогаш кога постои само веројатност дека на денот на нивното пристигнување, имотот нема да биде доволен за намирување на другите постојни обврски на стечајната маса.

(2) Обврските на стечајниот управник да управува и да располага со имотот што влегува во стечајната маса продолжуваат и по известувањето за недоволноста на имотот.

(3) Стечајниот судија го објавува известувањето согласно со членот 10 од овој закон за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса.

Ова известување ќе им биде доставено лично на доверителите на стечајната маса.

Намирување на доверителите на стечајната маса
Член 207

(1) Стечајниот управник ги намирува обврските на стечајната маса по следниов редослед и сразмерно на износот на поедеднакво рангираните обврски:
1) трошоци на стечајната постапка;
2) обврски на стечајната маса што станале правно обврзувачки по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса, што не се класификуваат како трошоци на стечајната постапка и
3) други обврски на стечајната маса, вклучувајќи ја како последна издршката дадена според членот 156 од овој закон.
(2) За обврски на стечајна маса според ставот (1) точка 2 од овој член се сметаат:
1) обврски од двострано товарни договори, за чие исполнување стечајниот управник се изјаснил дури по доставувањето на известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса;
2) обврски што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело, договори за работа или од други слични потрајни обврзни односи, за периодот по првиот ден на кој стечајниот управник имал право да го раскине таквиот договор, по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса и
3) обврски што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело, договори за работа или од други слични потрајни обврзни односи, ако и до мерката до која стечајниот управник барал нивно исполнување за сметка на стечајната маса, по известувањето за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса.

Забрана за извршување
Член 208

Ако стечајниот управник дал известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса, веднаш по тоа известување нема да се дозволи извршување заради намирување на побарувањата од имотот што влегува во стечајната маса наведени во членот 207 став (1) точка 3 од овој закон.

Запирање на постапката по известувањето дека не постои имот што влегува во стечајната маса

Член 209

(1) Откако стечајниот управник ќе го распредели имотот што влегува во стечајната маса, според одредбите на членот 207 од овој закон, стечајниот судија веднаш ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка.

(2) За своето работење по доставеното известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот управник ќе поднесе посебна завршна сметка и посебен завршен извештај.

(3) Ако по заклучувањето на стечајната постапка биле идентификувани (определени) одредени предмети или права што претставувале составен дел на имотот што влегува во стечајната маса, стечајниот судија, по барање на стечајниот управник или по барање на доверител на стечајната маса или по службена должност, ќе нареди одложена, односно дополнителна распределба. На оваа одложена распределба соодветно се применуваат членовите 201 став (3), 202 и 203 од овој закон.

Запирање на постапката поради дополнително утврдено непостоење на основи за отворање стечајна постапка

Член 210

По барање на должникот, стечајниот судија ќе ја запре стечајната постапка ако должникот докаже дека по отворањето на таа постапка тој не е неликвиден или непосредно не му претстои неликвидност, ако стечајната постапка е отворена поради тие причини. Стечајниот судија ќе го прифати предлогот на должникот за запирање на стечајната постапка ако на стечајниот судија му поднесе соодветни докази дека повеќе не постојат причините според кои е отворена стечајната постапка.

Запирање на постапката со согласност на доверителите

Член 211

(1) На барање на должникот, стечајниот судија ќе ја запре стечајната постапка, ако должникот, по истекот на рокот за пријавување на побарувањата поднесе заверени писмени изјави кај нотар за согласност за запирање на постапката на сите стечајни доверители што ги пријавиле своите побарувања.

(2) На предлог на должникот, стечајниот судија може да ја запре стечајната постапка и пред истекот на рокот за пријавување на

побарувањата, ако не се познати други доверители, освен оние кои дале согласност според ставот (1) на овој член.

Постапка по предлогот за запирање на стечајната постапка
Член 212

(1) Стечајниот судија ќе го објави барањето за запирање на стечајната постапка што должникот го поднел според членовите 210 и 211 од овој закон. Поднесеното барање ќе биде депонирано во стечајното досие и ставено на увид на странките. Во случаите наведени во членот 211 од овој закон, барањето ќе биде придружено со изјави за согласност дадени од страна на доверителите. Секој стечаен доверител може да изјави приговор против барањето за запирање на постапката во рок од осум дена од денот на објавувањето на барањето за запирање на стечајната постапка.

(2) Пред да донесе одлука по барањето од ставот (1) на овој член, стечајниот судија ќе ја сослуша странката што го поднела барањето, стечајниот управник и одборот на доверители, ако таков одбор бил основан. Ако некој од стечајните доверители изјавил приговор против таквото барање, стечајниот судија пред да донесе решение, ќе го сослуша и тој доверител.

(3) Пред запирањето на стечајната постапка, стечајниот управник ќе ги исполни сите обврски и ќе ги намири сите неоспорени побарувања што претставуваат обврски на стечајната маса. За сите оспорени побарувања стечајниот управник ќе даде соодветно обезбедување.

Објавување и правно дејство на запирањето на стечајната постапка
Член 213

(1) Стечајниот судија ќе го објави решението со кое ја запрел, односно ја заклучил стечајната постапка според членовите 205, 209, 210 или 211 од овој закон и причините за запирање на таа постапка. Стечајниот судија однапред ќе ги извести должникот, стечајниот управник и одборот на доверители за датумот од кој ќе започне запирањето на стечајната постапка да произведува правно дејство согласно со членот 10 став (1) од овој закон. Во овој случај соодветно ќе се применува членот 199 од овој закон.

(2) По запирањето на стечајната постапка должникот повторно го стекнува правото слободно да управува и да располага со имотот што влегол во стечајната маса.

(3) Решението со кое стечајниот судија ја запрел, односно ја заклучил стечајната постапка, согласно со овој закон, го доставува до трговскиот

регистар, односно до друг соодветен регистар, со барање да се изврши соодветен упис во регистарот.
(4) Примерок од решението од ставот (1) на овој член се доставува и до Централниот регистар.

Жалба

Член 214

(1) Против решението со кое стечајниот судија ја запрел, односно ја заклучил стечајната постапка, согласно со членовите 205, 210 или 211 од овој закон, секој доверител може да изјави жалба до стечајниот совет во рок од осум дена. Должникот, исто така, може да изјави жалба во рок од осум дена ако стечајната постапка е запрена врз основа на членот 205 од овој закон.
(2) Должникот може да изјави жалба и против решението на стечајниот судија со кое се одбива неговото барање за запирање на стечајната постапка, поднесено според членот 210 или 211 од овој закон. Жалбата се изјавува во рок од осум дена по приемот на решението.

ДЕЛ ШЕСТИ

ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

ГЛАВА ПРВА

СОСТАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Основни одредби

Член 215

(1) Стечајната постапка која опфаќа реорганизација се спроведува според план за реорганизација којшто се сочинува во писмена форма.
(2) Ако се исполнети условите определени со овој закон, план за реорганизација може да се поднесе:
1) истовремено со поднесување на предлог за поведување на стечајна постапка од страна на должникот или од доверителот;
2) по предлог на доверител по отворањето на стечајната постапка до денот на одржувањето на извештајното собрание и
3) по предлог на стечајниот управник, според одлуката, односно инструкциите на собранието на доверители.
(3) План за реорганизација во смисла на одредбите на овој дел од законот, може да се спроведе на следниов начин:
1) ќе му се препушти на должникот управување или располагање со целиот или со еден дел од неговиот имот, освен ако со овој закон поинаку не е уредено;
2) ќе се спроведе соодветна статусна измена со цел да се пренесе имотот на должникот или еден дел од имотот на должникот на едно или на повеќе лица кои постојат или кои ќе бидат основани;
3) должникот ќе се спои со едно или со повеќе лица;
4) ќе се продаде цел или дел од имотот на должникот, со или без правата на одвоено намирување;
5) ќе се подели целиот или дел од имотот на должникот меѓу доверителите;
6) ќе се определи начинот на намирување на стечајните доверители;
7) ќе се намират или ќе се изменат правата на одвоено намирување;
8) ќе се намалат или одложат исплатите на обврските на должникот;
9) обврските на должникот ќе се претворат во кредит;
10) ќе се намири некоја или сите обврски на должникот кон доверителите со удел или со акции кои ги поседуваат содружниците, односно акционерите;
11) ќе се преземе гаранција или ќе се даде друго обезбедување за исполнување на обврските на должникот;
12) ќе се претвори некоја или сите обврски на должникот кон доверителите во удел или акции во реорганизираниот должник, во

износ според претходна процена од страна на овластен проценител на нето вредноста на основната главнина на друштвото;
13) дополнително вложување;
14) ќе се дозволи зголемување на основната главнина на друштвото преку издавање на акции и удели за доверителите или за нови инвеститори;
15) измена на договорот за друштвото, статутот, односно друг основачки акт или друг акт на стечајниот должник со кој се определуваат посебни права на подносителот на планот за реорганизација;
16) согласност на стечајниот должник за прифаќање на лично управување согласно со овој закон и
17) секој друг начин или мерка која е во согласност со закон.
(3) Преносот на акциите се врши без посредување на берзата. За издавањето на новите акции не е потребна согласност од Комисијата за хартии од вредност.
(4) По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација, стечајниот управник поднесува барање за промена на уписите во Централниот депозитар за хартии од вредност за преносот на акциите, како и за акциите издадени според планот за реорганизација и ја известува Комисијата за хартии од вредност за извршеното зголемување на основната главнина.

Лица овластени за поднесување на план за реорганизација
Член 215-а

(1) Согласно со овој закон постапка за реорганизација пред отворање на стечајна постапка може да се спроведе само ако должникот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка поднел и план за реорганизација. Во овој случај постапката за реорганизација се спроведува согласно со одредбите од овој закон со кој се уредува спроведувањето на оваа постапка.
(2) Постапка за реорганизација може да се спроведе и по отворање на стечајната постапка по предлог на стечајниот управник во извештајот за економско-финансиската состојба, а врз основа на одлука на доверителите на прво извештајно собрание на доверители и по иницијатива, односно изготвен план за реорганизација доставена од доверителите до судот најдоцна во рок од 15 дена пред одржувањето на првото извештајно собрание на доверители.
(3) Во случај кога во текот на стечајната постапка доверителите на првото извештајно собрание ќе одобрат иницијатива за спроведување на планот за реорганизација стечајниот управник, односно доверителот

има обврска планот за реорганизација да го поднесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето на овластувањето.
(4) По барање на стечајниот управник, односно доверителот, стечајниот судија може да го продолжи рокот за подготвување на планот за уште 15 дена.
(5) Кога собранието на доверители на првото извештајно собрание го задолжило стечајниот управник, односно доверителот да подготви план за реорганизација, подготвениот план за реорганизација се доставува до стечајниот управник и до стечајниот судија, а кога стечајниот управник е обврзан според овој закон да го подготви планот за реорганизација, планот го доставува до стечајниот судија и до одборот на доверители веднаш по неговото изготвување.
(6) Ако во определениот рок од ставовите (3) и (4) на овој член не биде поднесен план за реорганизација, стечајниот судија носи решение со кое постапката веднаш продолжува со впаричување на имотот.
(7) Во случај кога е поднесен план за реорганизација и од стечајниот управник и од доверителите, стечајниот судија ќе го прифати оној план за кој дало согласност собранието на доверители, односно одборот на доверители.

Содржина на планот за реорганизација подготвен од должникот
Член 215-б

(1) Планот за реорганизација подготвен од должникот особено содржи:
1) подготвителен дел и
2) содржински дел во кој се наведуваат:
- мерки и средства за реализација на планот, детален опис на мерките кои треба да бидат преземени и начин на кој ќе се спроведе реорганизацијата,
- листа на доверители со поделба на класи на доверители и критериуми врз основа на кои класите се формирани,
- висина на паричните износи или имот кој ќе служи за потполно или делумно намирување на класите на доверители, вклучувајќи ги и обезбедените и не обезбедените доверители, како и средствата кои се резервирани за доверителите на кои им е оспорено побарувањето, постапка за намирување на доверителите и временска динамика на плаќањето,
- опис на постапка за продажба на имотот со тоа што посебно да се наведе имотот кој ќе се продава со заложно право или без тој имот и намената на приходите кои ќе се остварат од таквата продажба,
- рокови за извршување на планот за реорганизација,

- јасно назначување дека со прифаќањето на планот за реорганизација сите права и обврски на доверителите од планот се дефинираат исклучиво согласно со одредбите на прифатениот план за реорганизација, вклучувајќи ја ситуацијата во која планот за реорганизација не е во потполност извршен, односно во која извршувањето на планот се запира,
- список на членовите на органите на управувањето и нивните надоместоци,
- список на експертите кои биле ангажирани и износ на нивните надоместоци,
- име на независното стручно лице кое врши надзор над спроведувањето на планот во интерес на сите доверители кои се опфатени со планот и начин на кој ова лице ќе ги известува доверителите за спроведување на планот за реорганизација, како и износот и динамиката на исплата на наградата за неговата работа,
- годишни финансиски извештаи од претходните пет години со мислење на ревизорот, ако биле предмет на ревизија,
- финасиски проекции, вклучувајќи ги проектираниот биланс на успех, билансна состојба и извештај за паричните текови за периодот на извршување на планот за реорганизација,
- датум за почеток на планот за реорганизација и
- рок на спроведување на планот за реорганизација кој не може да биде подолг од пет години, освен во случај кога мерките за реализација на планот за реорганизација се однесуваат на предвидена отплата на побарувањата во рати, измена на роковите на достасување, каматни стапки или други услови на заемот, кредитот или друго побарување или инструменти за обезбедување, периодот на отплата на кредитот или заемот земен за време на траењето на претходната постапка или согласно со планот за реорганизација, како и роковите на достасување на издадените должнички хартии од вредност.
(2) Планот за реорганизација подготвен од должникот, покрај елементите предвидени во ставот (1) на овој член содржи и:
1) одредба со која се одредува дека побарувањата на доверителите кои не се опфатени со одредбите на планот за намирување на доверителите ќе бидат намирени на ист начин и под исти услови како побарувањата на другите доверители од нивна класа;
2) изјави заверени кај нотар од мнозинските доверители по вредност на побарувања на секоја, со планот, предвидена класа дека се согласни со содржината на планот и се спремни да гласаат за негово прифаќање;
3) изјава на стечајниот должник за веродостојност на податоците и

информациите наведени во планот;
4) податоци за постапката за подготвување на планот за реорганизација, вклучувајќи ги податоците за испратени известувања, достапност на информациите на доверителите и текот на преговорите;
5) вонреден извештај на ревизорите за состојба на трговските книги утврден најдоцна 60 дена пред денот на поднесувањето на подготвениот план за реорганизација со преглед на сите побарувања и процентуално учество на секој доверител во секоја класа на планот;
6) изјава на ревизорот дека подготвениот план за реорганизација е спроведлив и
7) краток извештај за очекуваните битни случувања во работењето по денот на изготвување на планот за реорганизација и преглед на обврските чие достасување се очекува во наредните 90 дена, како и начинот на намирување на тие обврски.

Поднесување на план за реорганизација
Член 215-в

(1) Ако стечајниот должник заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка поднесе и план за реорганизација во предлогот мора да биде наведено дека предлага спроведување на постапка за реорганизација.
(2) Стечајниот должник е должен заедно со предлогот од ставот (1) на овој член да достави и доказ дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, согласно со членот 5 од овој закон.
(3) Стечајниот судија по службена должност или по предлог на заинтересирано лице ќе ги отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка и предлогот за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација, доколку:
- планот не е во согласност со овој закон,
- со планот не се офатени доверителите кои, доколку биле опфатени со планот, можеле со своето гласање да влијаат на одлуката за донесување на планот,
- планот не е потполн или е неуреден, а посебно ако изготвениот план за реорганизација не е составен согласно со одредбите од овој закон со кој се уредува, кој може да го поднесе планот за реорганизација, содржината и рокот за поднесување на планот за реорганизација, а недостоците можеле да се отстранат или не се отстранети во рокот кој го определил стечајниот судија и
- утврди дека не се исполнети условите за отворање на стечајната постапка.

(4) Во случај кога изготвениот план за реорганизација содржи недостатоци и технички грешки кои можат да се поправат, стечајниот судија со решение ќе му наложи на должникот во рок од осум дена да го уреди.
(5) Доколку должникот во оставениот рок не постапи по налогот на судот, стечајниот судија со решение ќе го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка со изготвениот план за реоргазнизација.
(6) Против решението на стечајниот судија за отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка не е дозволена жалба.

Претходна постапка за утврдување на услови за поведување на стечајна постапка по изготвен план за реорганизација
Член 215-г

(1) Стечајниот судија во рок од три дена од денот на поднесувањето на уреден предлог од членот 215-в од овој закон донесува решение за поведување на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка и постапка за реорганизација по изготвен план за реорганизација со кое закажува рочиште за одлучување за предлогот и гласање за планот на кое ги повикува сите познати доверители на стечајниот должник. Рочиштето ќе се одржи во рок од 60 дена од денот на донесеното на решението, во кој рок треба да заврши и претходната постапка.
(2) Истовремено стечајниот судија е должен да донесе решение со кое ги определува мерките за обезбедување од членовите 58 и 59 од овој закон, со тоа што именува привремен стечаен управник. Привремениот стечаен управник ги извршува должностите кои се определени со решението на стечајниот судија, а по потреба може да биде задолжен да ги испита сите податоци на кој се заснова изготвениот план за реорганизација. Исто така, стечајниот судија во текот на претходната постапка може да именува и други стручни лица со цел да се утврди точноста на податоците на кој се заснова изготвениот план за реорганизација. Именувањето на привремениот стечаен управник се врши по пат на електронско избирање на стечајни управници кои имаат посебни по звања од областа на планот за реорганизација.
(3) Стечајниот судија заедно со донесувањето на решението од ставот (2) на овој член за определување на мерки за обезбедување, изработува и оглас. Огласот се објавува на огласна табла на судот и во "Службен весник на Република Македонија", како и во најмалку два високо тиражни дневни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија, а по потреба да биде објавен и во меѓународни средства за информирање. Трошоците за објавување на огласите, како

и другите трошоци на претходната постапка од ставот (1) на овој член е должен да ги надомести предлагачот во износ кој ќе го определи судот во рок од три дена по приемот на решението.
(4) Во случај предлагачот да не го уплати аваност кој не може да биде повисок од 50.000 денари во рокот определен во ставот (2) на овој член, стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе ја запре претходната постапка и предлогот ќе го отфрли.
(5) Огласот од ставот (2) на овој член покрај податоците од решението за поведување на претходна постапка, мора да содржи:
- известување на доверителите за тоа дека можат да извршат увид во изготвениот план
за реорганизација кој е депониран во стечајното досие и
- повик до сите заинтересирани учесници кои имаат забелешки на предлогот на изготвениот план за реорганизација со кои ја оспоруваат неговата содржина, а посебно основот или висината на опфатените побарувања да ги достават до судот и должникот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија“. Предлагачот на планот е должен одговорот на забелешките да го достави до надлежниот суд во рок од осум дена од денот на приемот на забелешките во судот.
(5) Против решенијата на стечајниот судија од ставовите (1), (2) и (3) на овој член не е дозволена жалба.
(6) Во текот на претходната постапка стечајниот судија може да закаже рочиште на кое ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со претходно изготвениот план за реорганизација.

Рочиште за одлучување по предлогот за отворање на постапка согласно со изготвениот план за реорганизација
Член 215-д

(1) За потребите на гласањето по изготвениот план за реорганизација, се смета дека сите обврски на стечајниот должник настанати пред поднесување на изготвениот план за реорганизација достасуваат на денот на одржувањето на рочиштето за гласање за планот.
(2) Привремениот стечаен управник е должен да изврши процена на висината на побарувањата за потребите на гласањето по изготвениот план за реорганизација.
(3) Ако на рочиштето доверителите го прифатиле изготвениот план за реорганизација, во тој случај стечајниот судија донесува решение со кое истовремено ја отвора стечајната постапка и го одобрува прифаќањето на изготвениот план за реорганизација и ја запира отворената стечајна постапка.

(4) Ако на рочиштето доверителите не го прифатиле изготвениот план за реорганизација, во тој случај, стечајниот судија донесува решение со кое го одбива предлогот за отворање на стечајна постапка со однапред изготвен план за реорганизација.
(5) Должникот е одговорен за штетата која им ја нанел на доверителите поради донесено решение за определување на мерки за обезбедување, доколку во доставениот изготвен план за реорганизација прикажал неточни податоци, односно пропуштил да ги наведе податоците кои се од значење за донесување на одлуката на судот.
(6) Одредбите од овој закон со кој се уредува постапката за реорганизација и планот за реорганизација по отворање на стечајната постапка, освен одредбите од членовите 216, 220, 222, 225, 226, 227, 228, 229, 230, 231, 234, 236, 237, 239 став (4), 241, 243, 244, 245, 246, 247, 248, 249, 250, 251, 252, 253 и 254 од овој закон се применуваат и во постапката која се спроведува по изготвениот план за реорганизација.
(7) Трошоците за изготвување и поднесување на изготвениот план за реорганизација ги сноси предлагачот на планот за реорганизација.
(8) Обврските кои настанале од денот на поднесувањето на изготвениот план за реорганизација до денот на одржувањето на рочиштето за одлучување по предлогот и изготвениот план за реорганизација, во случај планот да бил прифатен, се сметаат за трошоци на стечајната постапка, доколку со планот за реорганизација поинаку не е определено.
(9) Министерот за економија го пропишува начинот на спроведување на реорганизацијата по изготвениот план за реорганизација.

Поднесување план за реорганизација
Член 216

(1) Овластениот субјект за поднесување план за реорганизација има обврска да му поднесе на стечајниот судија план за реорганизација најдоцна во рок од 45 дена од денот на добивањето на овластувањето.
(2) По барање на овластениот субјект за поднесување план за реорганизација стечајниот судија може да го продолжи рокот за подготвување на планот уште 15 дена. Со претходна одлука на одборот на доверители донесена со двотретинско мнозинство одборот на доверители може рокот да го продолжи уште најмногу за 60 дена.
(3) Кога собранието на доверители на извештајното рочиште го задолжило овластениот субјект да подготви план за реорганизација, подготвениот план за реорганизација се доставува до стечајниот управник и до стечајниот судија, а кога стечајниот управник е обврзан според овој закон да го подготви планот за реорганизација, планот го

доставува до стечајниот судија и до одборот на доверители веднаш по неговото изготвување.
(4) Ако во определениот рок не биде поднесен план за реорганизација, со решение на стечајниот судија постапката веднаш продолжува со впаричување на имотот.
(5) Доколку се поднесени повеќе различни планови за реорганизација, стечајниот судија ќе го прифати оној план за кој дало согласност собранието на доверители, односно одборот на доверители ако е основан.

Содржина на планот
Член 217

Планот за реорганизација содржи подготвителен (декларативен) и спроведбен дел. Со планот за реорганизација се приложуваат и исправите наведени во членовите 219 и 224 од овој закон.

Подготвителен (декларативен) дел
Член 218

Подготвителниот (декларативниот) дел на планот за реорганизација ќе ги опише мерките што се преземени и мерките што треба да се преземат по отворањето на стечајната постапка со цел да се создаде основа за задоволување на правата на учесниците, податоци за основите и за ефектите на стечајниот план, други информации што би можеле да бидат релевантни за одлуката на доверителите во врска со прифаќањето на планот и за неговото одобрување од страна на стечајниот судија.

Содржина на планот за реорганизација
Член 219

(1) Планот за реорганизација ги содржи (спроведбен дел):
1) мерките и средствата за реализација на планот, како и детален опис на мерките кои е потребно да се преземат и начинот на кој ќе се спроведе реорганизацијата;
2) висината на паричните износи или имотот кој ќе служи за целосно или делумно намирување според исплатниот ред, вклучувајќи ги и обезбедените и необезбедените доверители, како и постапката за намирување на побарувањата и временската динамика на нивното плаќање (намирување);
3) описот на постапката за продажба на имотот со наведување на имотот кој ќе се продава со заложно право или без него и намена на приходите од таа продажба, роковите во кои ќе се изврши планот за реорганизација и роковите за реализација на главните елементи на

плановите за реорганизација;
4) списокот на членовите на органите на управување и износот на нивните надоместоци;
5) списокот на стручните лица кои ќе бидат ангажирани и износот на наградата за нивната работа, како и износот на наградата за работа на стечајниот управник;
6) годишните финансиски извештаи за претходните пет години;
7) финансиските проекции, вклучувајќи ги проектираните биланси на успех, билансите на состојба и извештајот за паричните текови за наредните пет години;
8) проценатa на паричните износи кои се очекуваат по продажбата на имотот во стечајната постапка, ако лицето е во стечај;
9) можноста за создавање нов долг од страна на должникот и видовите на гаранции кои можат да бидат понудени на доверителите - кредитори и инвеститори;
10) износот до кој должникот ќе биде ослободен од постојните обврски;
11) дефинирањето на начинот и дистрибуцијата на понудената компензација;
12) дефинирањето на организациски, менаџерски, законски, финансиски, техничко-технолошки и други мерки за спроведување на планот за реорганизација;
13) деловите кои можат да продолжат со работа, вработувањето и обемот на задоволувањето на доверителите ако планот за реорганизација содржи делумно впаричување на имотот и ефектите што ќе бидат постигнати со тоа;
14) можноста еден или повеќе доверители да ги намират побарувањата на другите доверители, заради остварување на некои од начините на спроведување на планот за реорганизација утврдени во членот 215 од овој закон;
15) датумот на почетокот на примената на планот за реорганизација и
16) други податоци и содржини, како што е тоа определено со овој закон.
(2) Ако планот за реорганизација предвидува само еден доверител, односно санатор да го продолжи работењето на должникот, во тој случај кон планот се приложува и писмена изјава во која тој изјавува дека ќе ја продолжи работата на должникот и ќе биде одговорен за обврските што ќе произлезат во иднина од ваквото работење.

Групирање на доверителите
Член 220

(1) При утврдувањето на правата на учесниците во планот за реорганизација ќе се направи разлика меѓу доверители со право на одвоено намирување и на доверители од повисок исплатен ред, ако нивните права се засегнати од планот.
(2) Другите доверители можат да се организираат во групи според нивните интереси.
(3) Во рамките на секоја група доверители, на сите учесници мора да им бидат дадени еднакви права.
(4) Секој различен третман на учесниците кои формираат една група ќе бара согласност на сите заинтересирани учесници.

Доверители со право на одвоено намирување
Член 221

(1) Со планот за реорганизација нема да се засегне правото на разлачните доверители кои се намируваат од предметите врз кои постои релевантно разлачно право, освен ако планот за реорганизација не утврдува нешто друго.
(2) Во содржинскиот дел од планот за реорганизација ќе биде утврден процентот во кој ќе се исплатуваат овие доверители, односно степенот до кој ќе бидат намалени нивните права, детали за роковите на плаќањето, односно за рокот до кој се одложува наплатата на нивните побарувања и секакви други одредби што ќе бидат обврзувачки за овој тип доверители, ако планот не предвидува нешто друго.

Одговорност на должникот
Член 222

(1) Ако планот за реорганизација не утврдува нешто друго, по намирувањето на доверителите во стечајната постапка според одредбите на содржинскиот дел од планот за реорганизација должникот ќе биде ослободен од неговите преостанати обврски кон тие доверители.
(2) Кога должникот е трговско друштво во кое постојат неограничено одговорни содружници, ставот (1) од овој член соодветно ќе се применува и на личната неограничена одговорност на тие содружници.

Сопственички и други стварни права
Член 223

Кога во врска со спроведувањето на планот за реорганизација треба да бидат прибавени, изменети, пренесени или отуѓени сопственички или

други стварни права врз подвижни предмети или врз недвижности, содржинскиот дел од планот за реорганизација мора да биде придружен со сите потребни правни изјави за волјата на учесниците. Кога планот за реорганизација се однесува на недвижности и права врз недвижности, тој мора да ги содржи неопходните упатства за сите дејства што треба да бидат преземени во врска со регистрацијата на тие права или товари во соодветните јавни книги во кои се уknижени правата врз недвижностите. Оваа одредба соодветно ќе се применува и кога се работи за права регистрирани во други соодветни регистри.

Натамошни прилози
Член 224

(1) Кога планот за реорганизација предвидува дека должникот ќе продолжи да го води својот деловен потфат (претпријатието) и ако должникот е поединец, планот ќе биде придружен со изјава на должникот за неговата подготвеност да продолжи да го води деловниот потфат (претпријатието) на начин и под услови утврдени во предложениот план за реорганизација. Ако должникот е трговско друштво во кое постојат неограничено одговорни содружници, планот за реорганизација ќе биде придружен со слични изјави на сите неограничено одговорни содружници. Ваквата должникова изјава не е потребна во ситуациите во кои самиот должник го поднел планот за реорганизација.

(2) Кога планот за реорганизација предвидува дека доверителите на должникот ќе стекнат акции, удели, права или интереси во трговско друштво, без оглед на тоа дали се работи за акции, удели, права или интереси во должникот или во трето лице, планот за реорганизација ќе биде придружен со изјави за согласност на сите такви доверители.

(3) Кога некое трето лице се согласило да ги преземе обврските спрема доверителите по прифаќањето на планот за реорганизација, планот за реорганизација ќе биде придружен со изјава за согласност на тоа трето лице.

(4) Кога со планот за реорганизација се предвидени статусни измени на должникот (припојување, спојување, поделба), кон планот треба да се приложат и изјави на правните лица кои ќе учествуваат во статусните измени.

Изјаснување за планот
Член 225

(1) Планот за реорганизација ќе биде доставен на разгледување и за мислење до одборот на доверители и до претставниците на вработените.

(2) Стечајниот судија по добивањето на планот за реорганизација го доставува до одборот на доверители и до стечајниот управник да се изјаснат по планот во рок од 15 дена од денот на доставувањето.

Запирање на располагањето и на намирувањата
Член 226

(1) По барање на должникот или по барање на стечајниот управник, стечајниот судија со решение ќе нареди да запре со располагањето или со распределбата на имотот што влегува во стечајната маса, до степенот до кој таквото располагање или распределба можат да го загрозат или да му наштетат на спроведувањето на поднесениот план за реорганизација.

(2) По барање на должникот, стечајниот управник, одборот на доверители или лицето кое поднело предлог на план за реорганизација, стечајниот судија со решение ќе нареди да не се покренува постапка на одземање на правото на користење на градежно неизградено земјиште, ако градежното земјиште е дел од планот за реорганизација.

Депонирање на планот за реорганизација
Член 227

Планот за реорганизација, заедно со сите свои прилози и заедно со сите примени мислења, ќе биде доставен во судот за увид на учесниците. Рокот за увид изнесува осум дена од денот на доставувањето на планот во судот.

ГЛАВА ВТОРА

ПРИФАЌАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

Собрание за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација
Член 228

(1) Стечајниот судија ќе свика собрание на доверителите за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација (во натамошниот текст: собрание за расправа и за гласање по планот за реорганизација) во наредните три дена од денот кога истекол рокот за увид на планот за реорганизација определен во членот 227 од овој закон.

(2) Собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација ќе се одржи во рок кој не е пократок од 21 ден, но не подолг од 30 дена од денот на свикувањето на собранието на доверители.

(3) Стечајниот судија ќе го објави датумот на одржувањето на собранието од ставот (2) на овој член и ќе назначи дека предложениот план за реорганизација и примените изјаснувања се достапни за увид на учесниците во стечајното досие.

(4) Стечајните доверители, доверителите со право на одвоено намирување, должникот и претставниците на вработените ќе бидат известени за одржување на собранието преку негово јавно објавување во еден од три дневни весници со најголем тираж коишто се дистрибуираат на територијата на Република Македонија и преку истакнување на огласна табла во судот и кај должникот.

(5) На свиканото собрание од ставот (2) на овој член се разгледува предложениот план за реорганизација, се утврдуваат гласачките права на доверителите и се гласа по предложениот план за реорганизација.

Спојување со испитното рочиште со собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација
Член 229

Собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација не смее да биде свикано пред да се одржи испитното (верификационото) рочиште. Испитното рочиште и собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација можат да се одржат истовремено.

Гласачки права на стечајните доверители
Член 230

При гласањето за планот за реорганизација, правото на глас на стечајните доверители се остварува со соодветна примена на членот 48 ставови (1), (2) и (3) од овој закон. Доверителите со право на одвоено намирување можат да гласаат само како стечајни доверители ако должникот им е лично одговорен и ако тие се откажале од своето право на одвоено намирување или ако нивните побарувања не биле целосно намирени преку правото за одвоено намирување само за ненамиреният дел.

Гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување
Член 231

(1) Ако правниот статус на доверителите со право на одвоено намирување е содржан во планот за реорганизација, на собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација ќе се расправа и за гласачките права на секој од овие доверители одделно. На секој доверител со право на одвоено намирување ќе му биде дадено право на глас ако тоа право не било оспорено ниту од страна на стечајниот управник, ниту од страна на доверителите со право на одвоено намирување, ниту од страна на стечајните доверители. На оспорените, на одложените и на се уште непристигнатите права на одвоено намирување соодветно ќе се применуваат членовите 48 ставови (2) и (3) и 120 од овој закон.

(2) Доверителите кои до појавувањето на причината за отворање на стечајната постапка едно одредено право го поседувале заеднички или чии права претставувале едно единствено право, при гласањето ќе се сметаат како еден доверител. Одредбата од овој став ќе се применува и кога врз правото постои право на залога или право на плодоуживање.

Потребно мнозинство
Член 232

(1) Се смета дека планот за реорганизација е усвоен ако биде прифатен со просто мнозинство од вкупниот износ на побарувања на доверителите присутни на собранието и добил просто мнозинство во сите групи, освен ако со планот не е определено поголемо мнозинство.

(2) Доверителите можат да гласаат по пошта со заверена изјава од нотар во која застапникот по закон, односно лице - поединец, јасно го изразил ставот дека гласа за или против прифаќање на планот за реорганизација. Дадениот глас ќе се земе предвид ако стигне до почетокот на седницата на собранието.

Забрана на опструкција
Член 233

Кога и при гласањето не било постигнато потребното мнозинство, ќе се смета дека гласачката група што ја сочинуваат разлачните доверители ја дала својата согласност, ако:
1) доверителите кои ја формираат таа група не трпат никакви загуби или штети со прифаќањето на планот за реорганизација, во споредба со нивната ситуација без тој план и
2) доверителите кои ја формираат таа група, до една разумна мера учествуваат во економската вредност што отпаѓа на учесниците според одредбите на планот за реорганизација.

Согласност на должникот
Член 234

Ќе се смета дека должникот се согласил со предложениот план за реорганизација, ако тој најдоцна до денот на одржувањето на собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација не се спротивставил на планот во писмена форма, ниту дал посебна писмена изјава до стечајниот судија.

Одобрување на планот за реорганизација
Член 235

(1) По прифаќањето на планот за реорганизација од страна на доверителите, односно по добивањето на согласност од страна на должникот, предложениот план за реорганизација треба да биде одобрен од страна на стечајниот судија.
(2) Решението со кое се одобрува планот за реорганизација го содржи спроведбениот дел од планот што доверителите го прифатиле.

Повреда на постапката
Член 236

Стечајниот судија по службена должност нема да го одобри предложениот план за реорганизација, ако:
1) во основа не биле почитувани одредбите што ја регулираат содржината на планот за реорганизација и постапката за неговото донесување, како и одредбите што го регулираат прифаќањето на планот од страна на доверителите и од страна на должникот, а соодветните недостатоци не можат да се отстранат;
2) предложениот план бил прифатен на недозволен начин или со помош на недозволени средства, а посебно ако предложниот план за

реорганизација става во поповолна положба некого од доверителите;
3) не е почитувано правото на приоритет, освен ако доверетилите поинаку не се согласат;
4) сите доверители од една група не биле подеднакво третирани;
5) некоја група доверители е полошо третирана во случај ако должиникот би бил ликвидиран, односно имотот на должникот бил впаричен и
6) планот не е подготвен во согласност со овој закон.

Доставување на решение
Член 237

По заклучувањето на собранието за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација, стечајниот судија ќе донесе решение со кое го одобрува или го одбива предложениот план, најдоцна во рок од три дена. Решението се доставува до стечајниот управник, до должникот и до стечајните доверители.

Жалба
Член 238

(1) Против решението на стечајниот судија со кое се одобрува или се одбива одобрувањето на предложениот план за реорганизација, доверителите, односно должникот можат да изјават жалба во рок од осум дена.
(2) Должникот не може да се спротивстави на планот за реорганизација, ако:
1) со прифаќањето на планот за реорганизација должникот не е ставен во понеповолна положба во споредба со неговата ситуација без тој план и
2) ниту еден доверител нема да прими имотна корист или друга погодност што го надминува полниот износ на неговото побарување.

ГЛАВА ТРЕТА

ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ОДОБРЕНИОТ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЗОР ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ

Овластување за извршување и правно дејство на планот за реорганизација
Член 239

(1) Правосилното судско решение со кое се одобрува планот за реорганизација е извршна исправа. Лицето овластено со планот за реорганизација за извршување на планот врз основа на правосилното решение со кое се усвојува планот за реорганизација има право и обврска да го спроведува планот и обврска да поднесе барање за упис во трговскиот регистар, во други регистри и во други јавни регистри, односно јавни книги, во Централниот депозитар за хартии од вредност, во Комисијата за хартии од вредност и во други организации и органи, ако е определено со посебен пропис.

(2) По правосилноста на судското решение со кое се одобрува предложениот план за реорганизација, одредбите од содржинскиот дел на планот стануваат задолжителни за сите учесници. Изјавите дадени според членот 224 ставови (2), (3) и (4) од овој закон стануваат извршни.

(3) Ставовите (1) и (2) од овој член се применуваат и на сите кои на кој било начин се вклучени во планот за реорганизација, а врз кои се темели создавањето, измената, преносот, ограничувањето или пренесувањето на правата врз предметите или правата, или преносот на акциите или уделите.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се применуваат и на лицата кои не ги пријавиле своите побарувања, како и на учесниците кои гласале против предложениот план за реорганизација.

(5) Планот за реорганизација нема да зафаќа во правата што доверителите во стечајната постапка ги имаат против должниковите солидарни содолжници и гаранти, како и врз правата на тие доверители врз предметите или правата што не претставуваат дел од имотот што влегува во стечајната маса.

(6) Со планот за реорганизација должникот ќе се ослободи од побарувањата на своите солидарни содолжници и гаранти, како и од сите други регресни побарувања против него, на ист начин како што

бил ослободен од побарувањата на доверителите во стечајната постапка.
(7) Кога доверителот примил повеќе од она што било гарантирано со планот за реорганизација, односно кога доверителот се намирил во поголем процент или во пократок рок од оној што бил утврден во планот, тој е обврзан да го врати применото.

Неисполнување на планот за реорганизација
Член 240

(1) Кога врз основа на содржинскиот дел од планот за реорганизација роковите за наплата биле одложени или било определено дека побарувањата на доверителите во стечајната постапка ќе се исплаќаат во намален износ, одложените рокови за наплата или утврдениот процент за исплата на побарувањата повеќе нема да бидат обврзувачки за доверителот ако должникот во значителна мера не ги извршува своите обврски во однос на тој доверител на начинот и под условите утврдени со планот за реорганизација. Неизвршувањето на обврските во значителна мера ќе постои само кога должникот нема да изврши исплата за намирување на пристигнато побарување, иако претходно доверителот со писмено известување го повикал да го стори тоа оставајќи му рок за исполнување од најмалку 15 дена.
(2) Кога пред целосното спроведување на планот за реорганизација е отворена нова стечајна постапка врз должниковиот имот, одложените рокови за наплата или процентот за исплата на побарувањата утврдени во неуспешниот план за реорганизација повеќе нема да бидат обврзувачки за ниту еден доверител во стечајната постапка.
(3) Планот за реорганизација може да содржи и поинакви одредби и да предвиди нешто друго, меѓутоа планот во ниту еден случај не смее да ја исклучи примената на одредбите од ставот (1) на овој член на штета на должникот.

Оспорени побарувања - сé уште ненамирени обврски
Член 241

(1) Кога побарувањето било оспорено на испитното (верификационото) рочиште или кога си уште не е утврден делот од побарувањето на разлачниот доверител што нема да биде намирен преку одвоеното намирување, за целите на членот 240 став (1) од овој закон нема да се претпостави дека при спроведувањето на планот за реорганизација должникот во значителна мера не ги извршувал своите обврски кон релевантните доверители, ако должникот ги земал предвид тие побарувања до конечното утврдување на оспореното побарување или

до конечното утврдување на делот од побарувањето на разлачниот доверител што не бил намирен ни по одвоеното намирување, до степенот што соодветствува на одлуката на стечајниот судија во врска со правото на глас на тие доверители при гласањето за планот. Ако судијата си уште не донел одлука во врска со гласачките права на наведените доверители, по барање на должникот или на доверителот, стечајниот судија дополнително ќе го утврди степенот до кој должникот привремено ќе ги земе предвид тие побарувања.

(2) Ако конечното утврдување на износот на побарувањето покаже дека должникот не извршил целосна исплата на својот долг, тој ќе мора да го плати заостанатиот долг, односно утврденото побарување што претходно било оспорено и делот од побарувањето на разлачниот доверител што не бил намирен со одвоеното намирување. Ќе се претпостави дека должникот во значителна мера не ги извршил своите обврски што произлегуваат од планот за реорганизација само ако должникот не го плати заостанатиот долг, иако претходно доверителот со писмено известување го повикал да го стори тоа, оставајќи му рок за исполнување од најмалку 15 дена.

(3) Ако конечното утврдување на износот на побарувањето покаже дека должникот исплатил поголем износ од износот на побарувањето или од процентот утврден со планот за реорганизација, или дека должникот исплатил си уште непристигнато побарување, тој може да бара враќање (реституција) на претплатениот износ или на износот што бил платен за намирување на побарувањето што според одредбите на планот за реорганизација си уште не било пристигнато.

Намирување според планот

Член 242

(1) Побарувањата на стечајните доверители утврдени, а неоспорени од страна на должникот на испитното (верификационото) рочиште, можат да се извршуваат заради намирување на побарувањата што биле регистрирани во табелата (шемата) на пријавени побарувања на правосилно одобрениот план за реорганизација, како според извршна пресуда. Оспорените побарувања што подоцна биле правосилно утврдени ќе се третираат подеднакво како и побарувањата што воопшто не биле оспорувани. Во овој случај соодветно ќе се применува членот 204 од овој закон.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, исто така, ќе се применува и на извршувањата против трето лице, ако тоа со посебна писмена изјава доставена до стечајниот судија дало гаранција или заедно со должникот

презело некоја друга обврска во врска со спроведувањето на планот за реорганизација.
(3) Кога доверителот тврди дека должникот во значителна мера не ги извршува своите обврски од планот за реорганизација, тој ќе треба да му докаже на судијата дека по писмен пат го повикал должникот да ја исполни својата обврска и дека изминал предвидениот рок за тоа, но тој не мора да докажува никакви други факти што би претставувале пропуштање на страната на должникот со цел да стекне извршен наслов за своето побарување и да побара извршување заради намирување.

Заклучување на стечајната постапка
Член 243

(1) По правосилноста на решението со кое стечајниот судија го одобрил предложениот план за реорганизација, стечајниот судија ќе донесе посебно решение за заклучување на стечајната постапка.
(2) Пред заклучувањето на постапката, стечајниот управник ќе ги намири побарувањата на доверителите на стечајната маса, ако тие не биле оспорени и ќе даде обезбедување за оспорените побарувања.
(3) Стечајниот судија ќе го објави решението со кое ја заклучил стечајната постапка, заедно со причините за нејзиното заклучување. Должникот, стечајниот управник и членовите на одборот на доверители ќе бидат известени за денот од кој заклучувањето на стечајната постапка ќе започне да произведува правно дејство согласно со членот 10 од овој закон. Во овој случај соодветно ќе се применува и членот 200 став (2) од овој закон.
(4) Стечајниот судија ќе го достави решението од ставот (3) на овој член до трговскиот регистар, односно до соодветниот регистар, за да биде извршен соодветен упис во регистарот.

Правно дејство на заклучувањето на стечајната постапка
Член 244

(1) Стечајниот управник и членовите на одборот на доверители ги имаат овластувањата на овој закон до заклучувањето на стечајната постапка, освен кога со овој закон поинаку не е уредено. По заклучувањето на стечајната постапка субјектот кој се реорганизира според планот за реорганизација стекнува право непречено да располага и да управува со имотот освен со имотот и правата кои според членот 215 ставови (3) и (4) од овој закон се содржани во усвоениот план за реорганизација.
(2) Одредбите од овој закон, според кои во планот за реорганизација се регулираат надзорот и контролата врз спроведувањето на план и за

реорганизација, остануваат во сила до времето определено во планот за реорганизација.
(3) Кога стечајниот управник во текот на стечајната постапка поднел тужба за побивање на должниковите правни дејства, тој може да ја продолжи постапката по тужбата дури и по заклучувањето на стечајната постапка, ако тоа било предвидено во содржинскиот дел на планот за реорганизација. Во тој случај, постапката во врска со тужбата ќе се води за сметка на должникот, освен ако планот за реорганизација не предвидува нешто друго.

Надзор и контрола врз спроведувањето на планот за реорганизација
Член 245

(1) Содржинскиот дел од планот за реорганизација може да содржи одредби што ќе го регулираат надзорот и контролата врз спроведувањето на планот по заклучувањето на стечајната постапка.
(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, по заклучувањето на стечајната постапка, ќе се врши контрола врз намирувањето на побарувањата на доверителите против должникот според одредбите на содржинскиот дел на планот за реорганизација.
(3) Ако содржинскиот дел од планот за реорганизација предвидува надзор, тој ќе го опфаќа и намирувањето на побарувањата на доверителите според содржинскиот дел од планот за реорганизација против трговските друштва, односно други правни лица формирани по отворањето на стечајната постапка со цел да го преземат или да продолжат да го водат должниковиот деловен потфат (претпријатие) или некој негов дел.

Права и обврски на стечајниот управник
Член 246

(1) Надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка може да му биде доверен на стечајниот управник или на други лица (контролор). За таа цел и натаму ќе постојат овластувањата и обврските на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители, ако таков одбор бил основан, како и надзорот на стечајниот судија. Во овој случај ќе се применува членот 59 став (4) од овој закон.
(2) Додека трае надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, најмалку еднаш годишно стечајниот управник, односно контролорот ќе поднесува извештај до одборот на доверители, ако таков одбор бил основан и до стечајниот судија за спроведувањето

и за натамошните очекувања од спроведувањето на планот за реорганизација. Одборот на доверители и стечајниот судија имаат право во секое време да побараат посебни информации или други периодични извештаи од стечајниот управник, односно од контролорот.

Должност за известување на стечајниот управник
Член 247

Кога стечајниот управник ќе утврди дека побарувањата врз чие намирување врши надзор не се намирени или дека не можат да бидат намирени, тој без одлагање ќе ги извести одборот на доверители и стечајниот судија за тоа. Ако не бил основан одборот на доверители, стечајниот управник ќе ги извести сите доверители кои според содржинскиот дел на планот за реорганизација имаат утврдени права против должникот и трговското друштво, односно другото правно лице што го презело или продолжило да го води должниковиот деловен потфат или некој негов дел.

Правни дејства што бараат претходно одобрение
Член 248

Содржинскиот дел на планот за реорганизација може да предвиди дека за време на надзорот врз неговото спроведување, преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот или од страна на трговското друштво, односно другото правно лице што го презело должниковиот деловен потфат, ќе бара претходно одобрение на стечајниот управник. Во овој случај соодветно се применуваат членовите 140 и 141 од овој закон.

Максимален износ на заемот
Член 249

(1) Содржинскиот дел од планот за реорганизација може да предвиди понизок ранговен статус за стечајните доверители и повисок ранговен статус за доверителите чии побарувања произлегуваат од заеми или други кредити дадени за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација на должникот или на трговското друштво,односно правното лице што го презело должниковиот деловен потфат. Во таков случај,содржинскиот дел од планот за реорганизација точно ќе го утврди максималниот износ на тие заеми или други кредити. Наведениот максимум не смее да ја надмине вредноста на предметите и правата во сопственост на должникот наведени во пописот на

должниковиот имот што претставува составен дел на планот за реорганизација.
(2) Стечајните доверители можат да бидат пониско рангирани, според ставот (1) од овој член, само во однос на оние доверители чии побарувања произлегуваат од заеми дадени по заклучувањето на стечајната постапка и за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација и само ако збирот на главнината, каматата и трошоците на заемот даден од нивна страна не го надминува утврдениот максимален износ. Договорот за заемот мора да биде склучен во писмена форма и претходно мора да биде одобрен од страна на стечајниот управник, односно од контролорот.
(3) Во овој случај соодветно ќе се применува и членот 118 став (1) точка 5 од овој закон.

Пониско рангиран статус за новите доверители
Член 250

Доверителите чии побарувања произлегуваат од двострано товарни договори склучени по заклучувањето на стечајната постапка за време на надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, исто така, ќе имаат пониско рангиран статус во споредба со доверителите чии побарувања произлегуваат од заеми дадени според членот 249 од овој закон. Побарувањата настанати пред заклучувањето на стечајната постапка, што произлегуваат од договори за закуп, договори за дело или работа и од други слични потрајни облигации, исто така, ќе добијат пониско рангиран статус ако по заклучувањето на стечајната постапка стечајниот управник можел да ги откаже или раскине, но тој не го сторил тоа. Овие побарувања ќе го добијат тој пониско рангиран статус од моментот кога стечајниот управник можел да го откаже или да го раскине релевантниот договор.

Објавување на надзорот
Член 251

(1) Кога содржинскиот дел на планот за реорганизација предвидува дека по заклучувањето на стечајната постапка стечајниот управник, односно контролорот ќе врши надзор врз спроведувањето на планот, тој факт ќе биде објавен заедно со решението со кое стечајниот судија ја заклучил стечајната постапка.
(2) При објавувањето на решението со кое се заклучува стечајната постапка, стечајниот судија ќе ги објави и:
1) фактите дека надзорот се однесува и на трговското друштво или друго правно лице што го презело или продолжило да го води

должниковиот деловен потфат или некој негов дел, во случајот од членот 245 став (3) на овој закон;
2) критериумите за утврдување на правните дејства што бараат претходно одобрение на стечајниот управник, во случај од членот 248 на овој закон и
3) максималниот износ на заемот, во случајот од членот 249 на овој закон.
(3) Во овој случај соодветно се применуваат и членовите 69 став (6) и 72 став (2) од овој закон. Кога во случајот од членот 248 на овој закон правото да се пренесе недвижност, односно правата на предмети кои се запишуваат во соодветни регистри и други права подлежат на претходно одобрение, соодветно се применуваат членовите 69 став (6) и 72 став (2) од овој закон.

Укинување на надзорот
Член 252

(1) Стечајниот судија ќе донесе посебно решение со кое ќе го укине надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, ако:
1) надзорот се однесувал на побарувања што веќе се намирени во целост или на побарувања за чие намирување е дадено соодветно обезбедување или
2) изминале три години од заклучувањето на стечајната постапка, а не било побарано отворање на нова стечајна постапка.
(2) Судското решение наведено во ставот (1) од овој член ќе биде објавено. Во овој случај соодветно ќе се применува и членот 251 став (3) од овој закон.

Трошоци за надзорот
Член 253

Трошоците за надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација ќе ги сноси должникот. Во случајот од членот 245 став (3) на овој закон, трговското друштво, односно правното лице што го презело должниковиот деловен потфат, ќе ги сноси трошоците за сопствениот надзор.

Иницијатива за отворање стечајна постапка
Член 254

(1) Ако во текот на надзорот се утврди дека планот за реорганизација не се спроведува, кој било стечаен доверител, односно стечајниот управник, може да поднесе барање за повторно отворање на стечајна постапка. Барањето се поднесува до стечајниот судија. Во барањето

мора да се образложат причините за повторно отворање на стечајната постапка, а кои се однесуваат на неспроведување на планот за реорганизација.
(2) Стечајниот судија ќе донесе одлука за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка за отворање на стечајна постапка определена со овој закон.

ДЕЛ СЕДМИ

ЛИЧНО УПРАВУВАЊЕ ОД ДОЛЖНИКОТ

Претпоставки
Член 255

(1) При разгледувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, односно ако тоа е предвидено со планот за реорганизација, стечајниот судија може да му дозволи на должникот - правно лице да управува и да располага со имотот што влегува во стечајната маса под надзор на повереник. Во таков случај, во решението за одобрувањето на планот,стечајниот судија ќе наведе дека дозволил лично управување под надзор на повереник. Оваа постапка ќе подлежи на општите одредби за стечајната постапка утврдени со овој закон, освен кога овој дел од овој закон не пропишува нешто друго.

(2) Стечајниот судија ќе донесе решение со кое дозволува лично управување под надзор на повереник:

1) по барање на должникот;

2) ако отворањето на стечајната постапка било побарано од страна на доверителот, со согласност на доверителот во врска со барањето наведено во точката 1 од овој став;

3) кога судот е уверен дека со оглед на околностите на случајот ваквото решение веројатно нема да доведе до одлагање на постапката или до предизвикување некои други штети за доверителите и

4) кога тоа е предвидено со планот за реорганизација.

(3) Во случајот од ставот (1) на овој член, наместо стечаен управник ќе биде назначен повереник. Доверителите во стечајната постапка ќе ги пријавуваат своите побарувања кај назначениот повереник. Во овој случај нема да се применуваат одредбите од членовите 69 став (6) и 72 став (2) на овој закон.

Дополнително определување на лично управување
Член 256

И покрај тоа што стечајниот судија го одбил барањето на должникот за лично управување со имотот што влегува во стечајната маса под надзор на повереник, стечајниот судија дополнително може да го дозволи тоа, ако по отворањето на стечајната постапка собранието на доверителите на својот прв состанок побара од стечајниот судија да дозволи лично управување на должникот. Во ваков случај претходно назначениот стечаен управник може да биде назначен за повереник.

Укинување на решението за лично управување
Член 257

(1) Стечајниот судија ќе го укине решението со кое дозволил лично управување, по барање на:

1) собранието на доверители;
2) доверител со право на одвоено намирување или стечаен доверител, но само ако не постои опасноста наведена во членот 255 став (2) точка 3 од овој закон и
3) должникот.
(2) Стечајниот судија ќе го прифати барањето на доверителот ако тој го увери дека личното управување на должникот под надзор на повереник ја одолжува постапката, го попречува спроведувањето на планот за реорганизација или предизвикува други штети за доверителите. Пред да донесе одлука во врска со барањето на доверителот, стечајниот судија ќе го сослуша должникот. Против решението донесено по повод барањето за укинување на личното управување, доверителот и должникот можат да изјават жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(3) Во случајот од ставот (1) на овој член, повереникот може да биде назначен за стечаен управник.

Јавно објавување
Член 258

(1) Стечајниот судија по службена должност ќе го објави решението со кое се дозволува личното управување на должникот и решението со кое се укинува таквото лично управување, согласно со членот 10 од овој закон.
(2) Примерок од решенијата од ставот (1) на овој член ќе им достави на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги од членовите 69 став (6) и 72 став (2) на овој закон.

Правен статус на повереникот
Член 259

(1) На постапката за назначување на повереник, на надзорот на стечајниот судија, како и на одговорноста и на наградата за работата, соодветно се применуваат одредбите од овој закон за стечајниот управник.
(2) Повереникот ќе ја утврди економско-финансиската состојба на должникот и ќе врши контрола врз начинот на управувањето со деловниот потфат (претпријатие) и врз расходите што должникот ги прави за сопствено издржување и живеење. Во овој случај соодветно ќе се применува членот 59 став (4) од овој закон.
(3) Ако повереникот утврди или дознае за одредени околности што упатуваат на заклучок дека натамошното лично управување од страна на должникот може да доведе до нанесување штета на доверителите

или нивно ставање во понеповолна положба, за тие околности повереникот веднаш и без одлагање ќе го извести одборот на доверители и стечајниот судија. Ако не бил основан одбор на доверители, за постоењето на релевантните околности повереникот ќе ги извести сите стечајни доверители кои ги пријавиле своите побарувања и сите доверители со право на одвоено намирување.

Претходно одобрение на повереникот
Член 260

(1) Кога повереник е назначен по отворањето на стечајната постапка, должникот не смее да преземе ниту едно правно дејство или работа што не спаѓа во редовното работење без претходно одобрение на назначениот повереник. Должникот не смее да ги преземе дури ни оние правни дејства или работи што спаѓаат во редовното работење, ако повереникот се спротивставил на преземањето на тоа правно дејство или работа.

(2) Повереникот може да побара тој да ги врши сите парични исплати и уплати.

Согласност на одборот на доверители
Член 261

Должникот мора да добие претходно одобрение од одборот на доверители за преземањето на сите правни дејства или работи што имаат посебно значење за стечајната постапка. Во овој случај соодветно се применуваат и членовите 102, 103 и 106 од овој закон.

Условување на полноважноста на правните дејства со добивање претходно одобрение
Член 262

(1) По барање на собранието на доверители, стечајниот судија ќе го услови преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со добивање претходно одобрение од назначениот повереник. Во овој случај соодветно се применуваат членовите 140 и 141 од овој закон. Кога повереникот дал претходно одобрение за преземање правна работа што создава обврски за стечајната маса, соодветно ќе се применува членот 27 став (3) од овој закон.

(2) Стечајниот судија, исто така, може да го услови преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со добивање претходно одобрение од назначениот повереник, по барање на доверител со право на одвоено намирување или по барање на стечаен доверител, ако ваквото условување е итно неопходно со цел да се

спречи штета за доверителите или нивно ставање во понеповолна положба. Стечајниот судија ќе го прифати барањето на доверителот ако тој го увери судот во итноста и неопходноста на ваквото условување.
(3) Стечајниот судија го објавува решението со кое е условено преземањето на одредени правни дејства од страна на должникот со претходната дозвола на повереникот. Во овој случај соодветно се применуваат членовите 69 став (6) и 72 став (2) од овој закон. Кога претходната дозвола на повереникот е потребна за преземањето правни дејства во врска со преносот на недвижности, односно предмети кои се запишуваат во соодветни регистри, во врска со правата врз такви предмети или во врска со правата, соодветно се применуваат членовите 69 став (6) и 72 став (2) од овој закон.

Средства за живот и за издршка на должникот
Член 263

(1) Должникот - поединец може од стечајната маса да користи средства за нужна издршка за него и за членовите на неговото семејство, согласно со членот 156 од овој закон.
(2) Кога должникот е трговско друштво, односно друго правно лице во кое постојат неограничено одговорни содружници, ставот (1) од овој член соодветно ќе се применува на неограничено одговорните содружници што биле овластени да го застапуваат должникот.

Одговорност за причинета штета
Член 264

Само повереникот ќе има право да побара одговорност за причинетата штета според членовите 150 и 151 од овој закон во корист на стечајната маса и само повереникот може да ги побива должниковите правни дејства според членовите од 172 до 188 на овој закон.

Известување на доверителите
Член 265

(1) Должникот ќе направи попис (инвентар) на имотот што влегува во стечајната маса,список на доверителите и преглед на имотот согласно со членовите од 78 до 83 на овој закон. Веродостојноста и сеопфатноста на пописот (инвентарот), на списокот на доверителите и на прегледот на имотот ќе бидат потврдени од страна на повереникот кој ќе даде посебни изјави во писмена форма за секој од наведените документи и за тоа дали резултатите на неговата проверка даваат основи за сомнение во веродостојноста или сеопфатноста на тие документи.

(2) На собранието за поднесување извештај, должникот поднесува извештај за економско-финансиската состојба и за причините за таквата состојба. На истото собрание повереникот ќе се изјасни за поднесениот извештај.
(3) Водењето и чувањето на трговските книги, сметките и другите деловни документи и извештаи претставува обврска на должникот. Повереникот ќе ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на должниковите годишни сметки со давање посебна изјава во писмена форма. Повереникот ќе биде обврзан во писмената изјава да ги изнесе сите причини што даваат основа за сомнение во веродостојноста и сеопфатноста на тие годишни сметки.

Располагање со предмети или права врз кои постои право на одвоено намирување
Член 266

(1) Правото на стечајниот управник да располага со предметите врз кои постои право на одвоено намирување ќе биде дадено на должникот согласно со членовите од 107 до 115 на овој закон. Меѓутоа, должникот не може да бара намирување на трошоците за определувањето на предметот и за утврдување на правата што го товарат тој предмет согласно со членот 113 став (1) од овој закон. Како трошоци за располагање со предметот можат да се засметаат само оние трошоци што реално настанале при располагањето и со износот на данокот на промет.
(2) Правото да располага со предметите врз кои постои право на одвоено намирување должникот ќе го врши заедно со повереникот.

Намирување на стечајните доверители
Член 267

(1) Пријавените побарувања можат да ги оспоруваат стечајните доверители, должникот и назначениот повереник. Побарувањето што било оспорено од страна на стечајниот доверител, од страна на должникот или од страна на назначениот повереник ќе се смета дека не е утврдено.
(2) Распределбата ќе ја врши должникот. Планот за распределбата и плановите за авансната, конечната или дополнителната распределба мораат да бидат потврдени од страна на назначениот повереник, кој во секој од наведените случаи ќе даде посебна изјава во писмена форма во врска со начинот на распределбата и ќе ги назначи сите факти што

можат да водат кон основано сомнение дека постојат одредени неправилности при таа распределба.

План за реорганизација
Член 268

(1) Кога при разгледувањето на предлог за отворање на стечајна постапка стечајниот судија му дозволил на должникот - правно лице самиот да управува и да располага со имотот што влегува во стечајна маса под надзор на повереник, собранието на доверители може да го овласти должникот или повереникот да состави план за реорганизација. Ако собранието на доверители го овластило должникот, повереникот ќе има својство на одговорно лице кое може да дава задолжителни упатства и да врши контрола.

(2) Контрола врз спроведувањето на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка ќе врши назначениот повереник.

ДЕЛ ОСМИ

ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПРЕОСТАНАТИТЕ ОБВРСКИ

Основна одредба
Член 269

Во согласност со одредбите во членовите од 270 до 286 на овој закон, ако должникот е поединец може да побара и да биде ослободен од преостанатите обврски кон стечајните доверители што не биле намирени во таа постапка.

Барање на должникот
Член 270

(1) За да биде ослободен од преостанатите обврски должникот мора да поднесе посебно барање. Ова барање мора да биде доставено кај стечајниот судија во писмена форма најдоцна до одржувањето на собранието за поднесување извештај. Барањето може да биде придружено со предлог за отворање на стечајна постапка.

(2) Барањето ќе биде придружено со изјава со која должникот ги отстапува своите побарувања на плати, надоместоци или други слични периодични исплати што му се должат според договор за работа, договор за дело или според други слични договори што нив ги заменуваат, на повереникот кој ќе биде назначен од страна на судијата за период од шест години по завршувањето на стечајната постапка. Ако должникот пред да го поднесе барањето за ослободување од преостанатите обврски веќе ги отстапил или ги заложил тие побарувања на трето лице, во својата изјава тој ќе го назначи тоа отстапување или заложување.

(3) Договорите со кои се исклучува, се условува или на друг начин се ограничува отстапувањето на побарувањата од страна на должникот на исплати што произлегуваат од договор за работа, договор за дело или од други слични договори ќе бидат ништовни и неважечки ако ја оневозможуваат или на друг начин ѝ штетат на изјавата наведена во ставот (2) од овој член со која се отстапуваат побарувањата.

Право на предлог
Член 271

Должникот и доверителите можат да му предложат на стечајниот судија физичко лице за повереник, кое ќе биде подобно со оглед на околностите во конкретниот случај.

Решение на стечајниот судија
Член 272

(1) По барање на должникот, на завршното собрание на доверителите стечајниот судија ќе ги сослуша стечајните доверители и стечајниот

управник. Стечајниот судија со посебно решение ќе донесе одлука во врска со должниковото барање за ослободување од преостанатите обврски.
(2) Должникот и сите стечајни доверители што на завршното собрание барале да се одбие барањето за ослободување од преостанатите обврски, во рок од осум дена можат да изјават жалба против решението наведено во ставот (1) од овој член. Стечајниот судија нема да ја заклучи стечајната постапка пред правосилноста на решението донесено во врска со барањето за ослободување од преостанатите обврски. Правосилното судско решение ќе биде објавено заедно со решението со кое стечајниот судија ја заклучил стечајната постапка.
(3) Кога стечајната постапка била заклучена поради немање на имот што би влегол во стечајната маса, стечајниот судија може да одобри ослободување од преостанатите обврски само ако по заклучувањето на стечајната постапка се дошло до дополнителна распределба на начин утврден во членот 209 од овој закон.

Одбивање да се даде ослободување од преостанатите обврски
Член 273

(1) Стечајниот судија ќе го одбие барањето на должникот и нема да донесе решение за ослободување од преостанатите обврски, ако на завршното собрание тоа било побарано од страна на стечајниот доверител и ако:
1) должникот со правосилна пресуда бил огласен за виновен за сторено кривично дело против имотот или кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството додека траат правните последици на пресудата;
2) должникот во последните три години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка или по поднесувањето на тој предлог, намерно или од крајно невнимание во писмена форма дал лажна или нецелосна изјава во врска со својата економско-финансиска состојба, со цел да добие заем или неповратни средства од буџетот или од другите јавни фондови или со цел да избегне уплата во буџетот или во другите јавни фондови;
3) должникот добил ослободување од преостанатите обврски во последните десет години пред да биде поднесен предлогот за отворање на стечајната постапка или по поднесувањето на тој предлог, или ако барањето за ослободување од преостанатите обврски било одбиено според членот 279 или 280 од овој закон;
4) должникот намерно или со крајно невнимание го загрозил

намирувањето на доверителите во стечајната постапка во последната година пред да биде поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка или по поднесувањето на тој предлог преку стапување во несоодветни облигации, преку расипничко однесување кон имотот или преку одложување на отворањето на стечајната постапка, без притоа да постојат какви било изгледи дека ќе дојде до подобрување на неговата економско-финансиска состојба;
5) должникот намерно или со крајно невнимание, за време на стечајната постапка, ги прекршил обврските да соработува и да ги стави на располагање сите неопходни информации на начинот и под условите утврдени со овој закон или
6) во пописот на достапниот имот и приходите, во списокот на доверителите или во списокот на своите долгови што треба да ги достави, должникот намерно или со крајно невнимание дал лажни или нецелосни податоци.
(2) Стечајниот судија ќе го прифати барањето на доверителот со кое се бара да не го ослободува должникот од преостанатите обврски, само ако тој доверител достави до судот веродостоен доказ за постоењето на причини поради кои судијата треба да одбие да даде ослободување од преостанатите обврски.

Известување за ослободувањето од преостанатите обврски
Член 274

(1) Кога не постои ниту еден од условите наведени во членот 273 од овој закон, стечајниот судија ќе донесе посебно решение во кое ќе наведе дека должникот ќе биде ослободен од своите преостанати обврски ако ги исполнува своите обврски според членот 278 од овој закон и ако не постојат предуслови за одбивање наведени во членот 280 или 281 од овој закон.
(2) Со решението наведено во ставот (1) од овој член стечајниот судија ќе назначи повереник кому ќе му бидат отстапени должниковите побарувања на плати, надоместоци или други слични побарувања што нив ги заменуваат, согласно со изјавата на должникот наведена во членот 270 став (2) од овој закон.

Правен статус на повереникот
Член 275

(1) Должникот и назначениот повереник заеднички ќе го известат лицето обврзано да ги исплаќа платите, надоместоците или другите слични периодични исплати, за извршеното отстапување. Износите што ги примил врз основа на овие отстапени побарувања, како и сите

други износи уплатени од страна на должникот или од страна на трети лица, назначениот повереник е должен да ги издвои и да ги чува одвоено од својот сопствен имот и еднаш годишно да ги распределува на стечајните доверители на начин и под условите што биле утврдени во завршниот извештај. Од износите што ги примил врз основа на отстапените побарувања и од износите примени од должникот или од трето лице, по кој било основ, назначениот повереник по истекот на четири години од заклучувањето на стечајната постапка ќе му исплати на должникот 10%, по истекот на пет години од заклучувањето на постапката 15% и по истекот на период од шест години 20%.

(2) Собранието на доверителите може да го задолжи назначениот повереник да врши надзор врз начинот на кој должникот ги исполнува своите обврски. Во таков случај,назначениот повереник ќе биде обврзан веднаш да ги извести доверителите за секоја повреда на тие обврски. Повереникот ќе биде обврзан да врши ваков надзор само ако доверителите се обврзат дека ќе ги авансираат или дополнително ќе ги намират трошоците на повереникот за тој надзор и ако му обезбедат награда за извршувањето на таа дополнителна обврска.

(3) Назначениот повереник, по истекот на рокот за кој бил назначен, ќе му поднесе сметка на стечајниот судија за своето работење и посебен завршен извештај. Во ваков случај соодветно се применуваат членовите 27 и 36 од овој закон, со тоа што при примената на членот 27 од овој закон секој стечаен доверител ќе може да побара разрешување на повереникот и секој стечаен доверител ќе може во предвидениот рок од осум дена да изјави жалба.

Награда за повереникот
Член 276

(1) Повереникот има право на награда за работата и право на надоместок на реално потребните трошоци. При утврдувањето на висината на наградата ќе се земат предвид времето на извршување и обемот на неговите задачи.

(2) Во овој случај соодветно се применува членот 37 од овој закон.

Рамноправен третман на доверителите
Член 277

(1) Додека трае должниковата изјава за отстапување на побарувањата на одделните стечајни доверители нема да им се дозволи извршување заради намирување од имотот на должникот.

(2) Ништовни се сите договори меѓу должникот или трето лице и одделни стечајни доверители со кои на тој доверител или доверители

им се дава некоја одредена имотна корист или со кои се стават во поповолна положба.
(3) Лицето обврзано да ги исплаќа платите, надоместоците или другите слични периодични исплати на кои се однесува должниковата изјава за отстапување, тие должникови побарувања може да ги пребие со побарувањата што тој ги има против должникот. Во овие ситуации нема да се применува членот 329 ставови (3) и (4) од Законот за облигационите односи.

Обврски на должникот
Член 278

(1) За време на отстапувањето, должникот ќе биде обврзан:
1) да се ангажира со соодветно вработување за плата или да побара такво вработување и да не одбие ниту една разумна активност;
2) да му пренесе на повереникот половина од вредноста на сопственоста што тој ќе ја стекне по пат на наследство или во врска со неговиот иден статус на наследник;
3) веднаш да ги извести стечајниот судија и назначениот повереник за секоја промена на местото на живеење или местото на вработување, да не прикрива плати, надоместоци и други слични периодични исплати на кои се однесува изјавата за отстапувањето, ниту пак да ги прикрива имотните користи примени врз основа на точката 2 од овој став и, по барање на судијата или назначениот повереник, да даде изјава за своето вработување или за своите напори да најде такво вработување, како и изјава за своите примања и за својот имот и
4) износите со кои треба да се намират стечајните доверители да ги предава само на назначениот повереник, а на одделните доверители да не им дава никакви имотни користи или други погодности што нив ги става во поповолна положба.
(2) Кога должникот има статус на самовработено лице, тој ќе биде обврзан да ги намири стечајните доверители преку исплати на повереникот, на сосема ист начин како да се работи за лице вработено кај работодавач.

Повреда на обврските
Член 279

(1) По барање на стечајниот доверител, стечајниот судија ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако должникот за време на отстапувањето прекрши некоја своја обврска на начин што го загрозува намирувањето на стечајните доверители. Оваа одредба нема

да се применува кога должникот ја прекршил својата обврска без своја вина. Барањето на доверителот може да биде поднесено во рок од една година од денот кога доверителот дознал за повредата на обврската. Стечајниот судија ќе го прифати поднесеното барање само ако доверителот го увери судот за постоењето на причини поради кои должникот не може да биде ослободен од преостанатите обврски.
(2) Пред да го донесе своето решение во врска со поднесеното барање, стечајниот судија ќе ги сослуша назначениот повереник, должникот и стечајните доверители. Должникот ќе ги стави на располагање сите податоци и документи во врска со исполнувањето на своите обврски и на барање на доверителот ќе ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на своите изјави со давање посебна изјава во записник. Стечајниот судија ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако должникот без оправдана причина не ги стави на располагање бараните податоци и документи, ниту пак ја даде бараната изјава во записник во рокот утврден за таа цел или ако должникот без оправдана причина не дојде на закажаното собрание, иако бил уредно повикан од страна на судот.
(3) Против решението на стечајниот судија донесено по повод барањето да не се дозволи ослободување од преостанатите обврски, учесникот што го поднел тоа барање и должникот можат да изјават жалба во рок од осум дена. Стечајниот судија ќе го објави решението со кое одбил да даде ослободување од преостанатите обврски.

Осуда за сторено кривично дело
Член 280

(1) По барање на доверител во стечајната постапка, стечајниот судија ќе одбие да го ослободи должникот од преостанатите обврски ако во периодот меѓу завршното собрание и заклучувањето на стечајната постапка или во периодот на изјавата за отстапување на идните побарувања должникот бил осуден за кривичното дело наведено во членот 273 став (1) точка 1 од овој закон.
(2) Во овој случај соодветно ќе се применува членот 279 ставови (1) и (3) од овој закон.

Минимална награда за назначениот повереник
Член 281

(1) По барање на назначениот повереник, стечајниот судија ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако износот што тој го примил за претходната година на име награда за работењето не ја покрива ни минималната награда и ако должникот не го исплати

ненамиреният износ и покрај тоа што повереникот по писмен пат побарал таква исплата од должникот, оставајќи му рок за исполнување што не бил помал од 15 дена, со изречно наведување на можноста стечајниот судија да одбие да даде ослободување во случај на неисполнување.
(2) Стечајниот судија ќе го сослуша должникот пред да го донесе своето решение во врска со барањето на назначениот повереник наведено во ставот (1) од овој член. Стечајниот судија ќе го ослободи должникот од преостанатите обврски ако должникот, по барање на стечајниот судија, во рок од 15 дена го намири сî уште ненамиреният дел на наградата за работењето на повереникот.
(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член соодветно ќе се применува членот 279 став (3) од овој закон.

Правни последици кога стечајниот судија одбил да го ослободи должникот од преостанатите обврски
Член 282

Кога стечајниот судија според членовите 279, 280 или 281 од овој закон одбил да го ослободи должникот од преостанатите обврски, по правосилноста на судското решение престануваат овластувањата на назначениот повереник, отстапувањето на побарувањата губи правно дејство и престануваат сите ограничувања на правата на доверителите.

Решение за ослободување од преостанатите обврски
Член 283

(1) Кога рокот во кој биле отстапени должниковите побарувања истекол на нормален начин, по сослушувањето на стечајните доверители, на повереникот и на должникот, стечајниот судија ќе донесе решение за ослободување на должникот од преостанатите обврски.
(2) По барање на доверител во стечајната постапка, според условите наведени во членот 279 ставови (1) и (2) или 280 на овој закон, или по барање на назначениот повереник, стечајниот судија ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски според условите наведени во членот 281 од овој закон.
(3) Решението ќе биде објавено согласно со членот 10 од овој закон, а ако должникот бил ослободен од преостанатите обврски, изводот од судското решение ќе биде објавен и во "Службен весник на Република Македонија". Против судското решение, во рок од осум дена, жалба можат да изјават должникот и стечајниот доверител кој на сослушувањето, наведено во ставот (1) од овој член, побарал должникот да не биде ослободен од преостанатите обврски.

Правно дејство на ослободувањето од преостанати обврски
Член 284

(1) Кога должникот бил ослободен од преостанатите обврски, тоа ослободување ќе биде обврзувачко за сите стечајни доверители. Ослободувањето ќе произведува обврзувачко дејство и за доверителите што не ги пријавиле своите побарувања.

(2) Ослободувањето на должникот од преостанатите обврски не навлегува во правата на стечајните доверители против должниковите солидарни содолжници, гаранти и регресни обврзници, ниту во нивните права на одвоено намирување во стечајната постапка. Меѓутоа, должникот ќе биде ослободен од побарувањата на неговите солидарни содолжници, гаранти и регресни обврзници, на сосема ист начин како што бил ослободен од побарувањето на стечајните доверители.

(3) Ако по ослободувањето од преостанатите обврски доверителот кој немал право на побарување, а примил исполнување на побарувањето, не е обврзан да го врати применото.

Изземени побарувања
Член 285

Ослободувањето од преостанатите обврски нема да се однесува на:

1) обврските на должникот што произлегуваат од намерно сторена штета и

2) паричните казни и другите слични обврски согласно со членот 118 став (1) точка 3 од овој закон.

Одбивање да се даде ослободување од преостанати обврски
Член 286

(1) По барање на стечаен доверител, стечајниот судија ќе одбие да даде ослободување од преостанатите обврски ако доверителот дополнително дознал дека должникот извршил намерна повреда на некоја своја обврска, со што во значителна мера го загрозил намирувањето на доверителите во стечајната постапка.

(2) Стечајниот судија ќе го прифати барањето наведено во ставот (1) од овој член само ако барањето било доставено во рок од една година по правосилноста на решението со кое должникот бил ослободен од преостанатите обврски и само ако доверителот го увери судот дека постои причина наведена во ставот (1) од овој член, а дека тој во времето во кое судската пресуда станала правосилна не знаел за постоењето на таа причина.

(3) Стечајниот судија пред да го донесе своето решение во врска со поднесеното барање ќе ги сослуша должникот и лицето кое било назначено за повереник. Против решението, во рок од осум дена, жалба можат да изјават должникот и доверителот кој го поднел барањето наведено во ставот (1) од овој член. Стечајниот судија по службена должност ќе го објави решението со кое се поништува ослободувањето од преостанатите обврски.

ДЕЛ ДЕВЕТТИ

ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ

Комора на стечајните управници, статут и органи
Член 287

(1) Стечајните управници на територијата на Република Македонија се организираат во Комора на стечајните управници на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората). Седиштето на Комората е во Скопје.

(2) Комората има Статут, Кодекс на стечајните управници, професионални правила и други акти. Со Статутот на Комората се уредува организацијата, управувањето, работењето, финансирањето на Комората и внатрешната контрола.

(3) Со Кодексот на стечајните управници се уредуваат правата и обврските на стечајните управници; обврската за континуирана едукација; условите под кои стечајниот управник има капацитет да презема водење на стечајни постапки; професионално однесување и одговорност; конфликтот на интереси; професионалниот однос кон судот,кон органите на стечајната постапка, кон доверителите и кон должникот; медијацијата;почитување на принципите на ИНСОЛ (Меѓународно здружение на комори на стечајни управници) и други прашања.

(4) Органи на Комората се Собрание на Комората, Управен одбор на Комората, Надзорен одбор на Комората и претседател на Комората.

(5) Комората има својство на правно лице и се запишува во регистарот во кој се водат другите правни лица.

Именик (регистар) на стечајните управници
Член 288

(1) Стечајните управници кои имаат лиценца, извршиле осигурување на начин определен со овој закон и ги исполниле сите други услови определени со овој закон за вршење дејност стечаен управник се запишуваат во именикот (регистар) на стечајните управници.

(2) Стечајниот управник на кого му е изречена дисциплинска казна одземање на лиценцата на стечаен управник и во сите други услови определени со овој закон, се брише од именикот на стечајни управници.

Собрание на Комората
Член 289

(1) Собранието на Комората го сочинуваат сите стечајни управници на територијата на Република Македонија.

(2) Собранието на Комората го чува угледот и честа на вршењето на работите на стечаен управник и се грижи стечајните управници да ги вршат своите должности совесно и во согласност со овој и друг закон,

Кодексот на стечајните управници и другите акти определени со овој закон за вршење на должноста стечаен управник.
(3) Собранието на Комората:
1) донесува Статут и други акти на Комората, како и нивни измени и дополнувања, со претходна согласност на министерот за економија;
2) му предлага на министерот за економија Кодекс за етика на стечајните управници, професионални стандарди потребни за водењето на стечајната постапка, како и нивни измени и дополнувања;
3) избира претседател на Комората, членови на Управниот одбор, членови на Надзорниот одбор и други органи на Комората;
4) разгледува предлози, барања и препораки за успешно работење на стечајните управници;
5) одлучува за начинот на организирањето на професионална обука на стечајните управници;
6) усвојува годишна сметка за изминатата година и предлог на пресметка за наредната година, разгледува и усвојува извештај за севкупните активности, подготвен од претседателот на Комората;
7) одлучува за висината на членаринатa, начинот на нејзиното плаќање и користење;
8) одлучува за употребата на средствата остварени од паричните казни согласно со одредбите на овој закон;
9) одлучува за начинот на кој се врши ревизијата (контролата) за да утврди дали секој стечаен управник има воспоставено соодветен систем на внатрешна контрола, соодветен систем на управување со имотот што го штити и дали овозможува навремено управување на средствата и имотот на стечајната маса, дали постапува според закон, Кодексот на стечајните управници и другите акти определени со овој закон за вршење на должноста стечаен управник;
10) избира ревизор на годишната сметка од редот на независните ревизорски друштва и
11) одлучува за сите други прашања предвидени со законот и Статутот на Комората.
(4) Собранието на Комората се состанува редовно еднаш годишно и тоа во првата недела на февруари. На седницата е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број стечајни управници, а одлучува со мнозинство гласови од присутните.
(5) На редовната годишна седница Собранието одлучува за годишната сметка и предлогот на пресметката за наредната година и го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности на стечајните управници.

(6) Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика претседателот на Комората, врз основа на одлука на Управниот одбор или на писмено барање од најмалку 20 члена на Комората. Ако претседателот не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на барањето на членовите на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето.
(7) Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика и министерот за економија ако Управниот одбор на Комората не свика Собрание во рок од 30 дена од денот на поднесување на иницијатива за свикување на Собрание поднесено од страна на министерот.
(8) Членовите на Управниот одбор, претседателот на Комората и на другите органи се избираат за време од три години, освен дисциплинските органи од членот 294 на овој закон.
(9) Сите трошоци направени во врска со вршењето на функциите на стечајните управници во рамките на нивната дејност во органите на Комората или во групи и комисии, паѓаат на товар на Комората.
(10) Ако со овој закон поинаку не е одредено, организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Комората, се уредуваат со Статутот и со другите акти на Комората.

Управен одбор
Член 290

(1) Управниот одбор:
1) утврдува предлог на статут и предлог за изменување и дополнување на Статутот и на другите акти на Комората;
2) презема и спроведува иницијативи за разгледување на прашања од интерес на стечајните управници, како што се прашањата за социјалната заштита на стечајните управници, основањето на солидарен фонд за економска помош на стечајните управници, како и фонд за помош на лица кои трајно се оспособуваат за самостојно вршење на дејноста и за прашања за организирање на осигурувањето на стечајните управници;
3) врши увид над работењето на стечајните управници;
4) одлучува по жалбите против одлуките на Дисциплинскиот совет донесени во дисциплинска постапка;
5) врши надзор над стручното оспособување на стечајните управници и издава уверенија за спроведено стручно оспособување, врз основа на потврда издадена од стечајниот управник кај кого се врши

оспособувањето;
6) се грижи за статусот на стечајните управници и за односите кон други органи и воопшто кон трети лица;
7) го организира продолженото стручно оспособување на стечајните управници со организирање семинари и предавања за што изготвува годишна програма. Учеството на семинарите и предавањата е задолжително за сите стечајни управници, а нивното неоправдано отсуство, претставува дисциплинска повреда;
8) води именик на стечајните управници во електронска или друга пишана форма;
9) ги подготвува седниците на Собранието на Комората;
10) ги извршува одлуките на Собранието на Комората;
11) составува предлог на годишната пресметка и предлог на пресметка за наредната година;
12) се грижи за наплата на членаринаta и
13) одлучува за други прашања кои со закон или со Статутот на Комората се ставени во негова надлежност и одлучува за сите прашања кои не се ставени во надлежност на некој друг орган на Комората.
(2) Бројот на членовите на Управниот одбор го одредува Собранието во согласност со Статутот. Бројот на членовите на Управниот одбор, вклучувајќи го и претседателот на Комората, мора да биде непарен.
(3) Управниот одбор на Комората го свикува претседателот на Комората или на барање на една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор. За полноважност на одлуките на Управниот одбор потребно е на седницата да присуствуваат повеќе од половина од членовите на Управниот одбор. Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови на Управниот одбор. Со Статутот на Комората посебно ќе се утврдат случаите кога е потребно квалификувано мнозинство на членовите на Управниот одбор за донесување полноважна одлука.
(4) Претседателот и членовите на Управниот одбор ја вршат својата функција бесплатно. Тие имаат право на надоместок на трошоците што ги имале во врска со вршењето на функцијата. Одлуката за тоа ја донесува Управниот одбор на Комората. Управниот одбор донесува акт за висината и надоместокот на патните трошоци.

Специјализација на стечајни управници
Член 290-а

(1) Комората на стечајни управници во соработка со Министерството за економија организира посебна специјалистичка обука и издава

сертификат за успешно завршена обука од областа на подготовка и спроведување на планот за реорганизација.
(2) Програмата за посебната специјалистичка обука, како и програмата за полагање на испит за стекнување на сертификат за посебни специјалистички знаења ја донесува министерот за економија на предлог на Комората на стечајните управници.
(3) Испитот за стекнување на сертификат за специјалистички знаења се полага пред комисија од три члена и тоа по предлог на министерот за економија двајца члена од кои еден член е од редот на стручните и компетентните лица од областа на стечајното и трговското право, еден од редот на раководните државни службеници вработени во Министерството за економија и еден член од редот на овластените проценувачи од Комората на проценувачи.
(4) Министерот за економија со решение во рок од осум дена определува претседател и членови на комисијата. Претседателот и членовите на комисијата се определуваат за период од четири години. На членовите на комисијата за полагање на испитот за специјалистички знаења им следува надоместок за работа во комисијата чија висина ја определува министерот за економија со решение, врз основа на бројот на пријавените кандидати и утврдени трошоци за стручниот испит, како и времето потребно за негово спроведување.
(5) Листата на стечајни управници со добиени сертификати за посебни специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација се објавува на веб страницата на Министерството за економија и е дел од Регистарот за стечајни управници кој го води Министерството за економија.
(6)Трошоците за спроведување на посебна специјализирана обука и полагање на испит за добивање на сертификат од областа на изготвување на план за реорганизација, паѓаат на товар на кандидатите.

Претседател на Комората
Член 291

(1) Претседателот на Комората, наедно е и претседател на Управниот одбор. Управниот одбор од своите членови избира потпретседател на Комората.
(2) Претседателот ја претставува и застапува Комората. Во случај на негова спреченост, неговите должности ги врши потпретседателот, а во случај на спреченост на потпретседателот, најстариот член на Управниот одбор.
(3) Претседателот на Комората:
1) ги решава споровите меѓу стечајните управници;

2) се грижи Комората да дејствува во согласност со закон и
3) ги врши другите работи предвидени со Статутот на Комората.

Надзорен одбор
Член 291-а

(1) Надзорниот одбор е составен од тројца члена од кои еден е претседател на одборот.
(2) Надзорниот одбор:
- се грижи за законитото работење на Комората од областа на материјално-финансиското и сметководственото работење,
- врши периодични контроли на работењето на сметководствено-финансиското работење на Комората и
- врши други работи предвидени со Статутот на Комората.

Финансирање на Комората
Член 292

(1) Стечајните управници задолжително за секоја година плаќаат годишна членарина во износ од една просечна плата исплатена во Републиката, а друштвото стечаен управник три просечни плати исплатени во Републиката во претходната година.
(2) Ако средствата од ставот (1) на овој член не се доволни да ги покријат трошоците за работа на Комората според истиот сооднос Собранието може да ја измени висината на плаќањето.
(3) Комората остварува приходи и од донации и од други извори со кои не се нарушува самостојноста и чесноста на вршењето на работите на стечаен управник и на професионалната етика.
(4) Примањето на донации го одобрува Управниот одбор.

Овластувања на министерот
Член 293

(1) Надзор над вршењето на јавните овластувања на Комората врши министерот за економија по службена должност. По барање на стечаен судија или по приговор на заинтересирано лице, тој може да определи преглед над работењето на Комората, на стечајните управници и да преземе потребни мерки за отстранување и санкционирање на утврдените неправилности во вршењето на функцијата стечаен управник и притоа нема право да се меша во стечајната постапка. Комората и лицата се должни да му овозможат на министерот преглед на списите и книгите што се наоѓаат кај нив. При вршењето на надзорот од страна на министерот, треба да биде присутен претседателот на Комората или лице овластено од него.

(2) За спроведување на одделни прегледи, министерот може да овласти лице од Министерството за економија.
(3) Секоја година (во февруари) Комората е должна да достави писмен извештај до министерот за економија за своето работење, со изложени мислења, предлози и ставови за состојбата на стечајните управници, како и предлогот на мерки што би требало да се преземат заради унапредување на тие состојби.
(4) По барање на министерот за економија, ревизија на годишната сметка може да изврши и Државниот завод за ревизија.
(5) Министерот за економија дава согласност на измените и дополнувањата на Статутот, Кодексот на стечајните управници и професионалните стандарди.
(6) Министерот може да бара свикување на вонредно собрание, да го распушти Управниот одбор и да го смени претседателот на Комората, ако во работата на овие органи утврди потешки неправилности и ако тие по опомената не ги отстраниле тие неправилности или постојано не ги исполнуваат своите законски обврски. Во своето решение, министерот ќе определи рок за избор на Управен одбор, односно претседател на Комората, а ќе именува и свој застапник меѓу стечајните управници кој ќе ги врши работите на тие тела се додека нивното вршење не го преземат новоизбраните тела.
(7) Лицата овластени за вршење на надзорните дејствија можат да му изречат на стечајниот управник казна укор за лесни повреди на должноста и за непримерно однесување и можат да побараат од Комората примена на дисциплински мерки за чие изрекување таа е надлежна. Против казната укор, стечајниот управник може да изјави жалба до Управниот одбор. Изрекувањето на казната укор не влијае на поднесување предлог за поведување на дисциплинска постапка. Ако е поведена дисциплинска постапка, изречената казна укор нема правно дејство.
(8) Ако по повод жалбата од ставот (7) на овој член, првостепената одлука за казната укор е укината, за истото дело може да се поводе дисциплинска постапка само врз основа на факти и докази кои не биле познати во постапката пред надзорниот орган.
(9) Заради спроведување на овој закон министерот за економија формира советодавно тело од домашни и странски стручни и компетентни лица од областа на стечајот, трговското право и економијата и од редот на раководни државни службеници.

Дисциплински органи
Член 294

(1) Дисциплински органи на Комората се Предлагачот за поведување на дисциплинска постапка и Дисциплинскиот совет. Предлагачот за поведување на дисциплинската постапка и Дисциплинскиот совет ги избира Собранието на Комората со мандат од четири години, со право на уште еден повторен избор.

(2) Дисциплинскиот совет ја спроведува дисциплинската постапка по предлог на Предлагачот за поведување на дисциплинска постапка и донесува одлука.

(3) Дисциплинската постапка се уредува со Статутот и со правилник за дисциплинска постапка што го донесува Собранието.

(4) Другите прашања во врска со работењето на Дисциплинскиот совет се уредуваат со Статутот и со другите акти на Комората.

Дисциплински повреди и санкции
Член 295

(1) Ако стечајниот управник со своето однесување во работата и во приватниот живот ги нарушува честа и угледот или ја доведува во прашање довербата на стечаен управник, ако ја повреди службената должност, особено ако противзаконито ги врши службените дејства или по своја вина ги одложува, ќе се казни поради неуредност или дисциплинска повреда.

(2) Стечајниот управник може да направи многу тешки повреди и тешки повреди. Неуредноста е полесна повреда на службената должност и не е дисциплинска повреда.

(3) Стечајниот управник прави дисциплинска повреда, ако:

1) ја повреди должноста утврдена со овој закон и со тоа сериозно ја загрози довербата во неговата непристрасност и особено ако преземе службено дејство за работа за која според закон е исклучен, или ако ја повреди должноста за чување тајна (многу тешка повреда);

2) повреди на одредби од Статутот, Кодексот за етика на стечајните управници, професионалните стандарди и акти со кои се определени обврски за стечајниот управник (тешка повреда);

3) грубо го повреди должното почитување спрема судовите и надзорните органи (тешка повреда);

4) не постапи по правосилните одлуки на судовите и надзорните органи (тешка повреда);

5) неуредно ги води книгите, особено ако остава празни рубрики или невнимателно го управува своето работење (тешка повреда);

6) на јавна продажба или во текот на некоја друга постапка, што ја

води како стечен управник, купи за себе или за свои роднини предмети или купи наследни или други права (тешка повреда) и
7) за плата врши некоја друга постојана дејност или се занимава со трговија и осреднички работи или со занимање што не е во согласност со угледот, честа или независноста на стечајниот управник, ако склучува договори под свое име за други лица или под туѓо име за себе, или ако е учесник во работа во која презема службени дејства како стечаен управник, ако парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од овој закон, ако преземе обврски на гаранција или одговорности во работи кои се склучуваат со негово учество во својство на стечаен управник (многу тешка повреда).
8) во рок од една календарска година ја повредил должноста, утврдена со овој закон во најмалку три предмети во кои бил именуван и поради тоа било донесено решение за негово разрешување од должноста стечаен управник, согласно со членот 36 од овој закон од страна на стечајните судии кои постапуваат во најмалку три различни стварно надлежни судови на територијата на Република Македонија (многу тешка повреда).

Казни за дисциплински повреди
Член 296

(1) Казните за дисциплински повреди на стечајните управници се:
1) устен укор кој му се упатува на стечајниот управник во присуство на претседателот на Комората, со предупредување повредата да не се повтори;
2) писмено предупредување, кое се става 30 дена да стои на вратата од салата за состаноци во седиштето на Комората;
3) парична казна до висина на три просечни месечни плати исплатени во Републиката, чие плаќање може да се определи во најмногу шест еднакви месечни рати;
4) привремено одземање на правото за вршење на функцијата стечаен управник во траење од еден месец до една година и
5) предлог до министерот за економија за одземање на лиценцата за стечаен управник.
(2) Казните устен укор и писмено предупредување се изрекуваат за лесни повреди:
- паричната казна се изрекува за тешки повреди,
- казната привремено одземање на правото за вршење на функцијата стечаен управник се изрекува за тешки повреди,
- казната одземање на лиценцата за стечаен управник се изрекува за

многу тешки повреди и во сите други случаи определени со овој закон за одземање на лиценцата и
- во случај на повторно сторена дисциплинска повреда во период од една до пет години, ќе се примени потешката казна, додека не се стигне до казната одземање на лиценцата за стечаен управник.
(3) Ако со сторената дисциплинска повреда, стечајниот управник стекнал некоја недозволена имотна корист, паричната казна може да се изрече најмалку во висината на двојниот износ на висината на таа корист.
(4) Против одлуката на Дисциплинскиот совет стечајниот управник има право на жалба до Управниот одбор. Жалбата се поднесува во рок од осум дена од добивањето на одлуката за изречената казна. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката за изречената казна до донесување на конечната одлука по жалбата која се донесува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.
(5) Кога не е донесена одлука по жалбата во рокот од ставот (4) на овој член или стечајниот управник не е задоволен со одлуката донесена по жалбата, во случаи кога се работи за изречени казни за тешки и многу тешки повреди, стечајниот управник има право да поведе спор пред надлежен суд во рок од 15 дена сметано од денот на поднесувањето на жалбата ако по жалбата не е одлучувано, односно од денот на добивањето на конечната одлука.

Застареност
Член 297

(1) Рокот на застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува две години од дознавањето на повредата, но не подоцна од пет години кога е сторена повредата.
(2) Застареноста на гонењето почнува да тече од денот кога е дознаено дека е сторена дисциплинската повреда.
(3) Застареноста се прекинува со секое процесно дејство што се презема заради поведување на дисциплинска постапка.

Извршување на дисциплинските одлуки
Член 298

(1) Правосилните одлуки донесени во дисциплинската постапка ги извршува Управниот одбор.
(2) Правосилните дисциплински одлуки за изречената парична казна и за трошоците на постапката имаат сила на извршна исправа и присилно извршување од Управниот одбор на Комората. Средствата добиени со

присилното извршување одат на сметката на Комората и тие можат да се користат само за стручно оспособување во рамките на Комората.
(3) Ако со правосилната дисциплинска одлука е изречена казна одземање на лиценцата, стечајниот управник на кого таа казна му е изречена, се брише од именикот на Комората. Правосилната дисциплинска одлука со која е изречена некоја друга казна се запишува во именикот на стечајните управници. Казните устен и писмен укор ќе се бришат од именикот по истекот на една година, паричната казна по истекот на три години, а другите казни по истекот на пет години.
(4) Ако со правосилната дисциплинска одлука е изречена казна одземање на лиценцата на стечаен управник Министерството за економија ги објавува изречените казни во "Службен весник на Република Македонија".

ДЕЛ ДЕСЕТТИ

ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

ГЛАВА ПРВА

СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ИМОТ НА УМРЕНО ЛИЦЕ – ТРГОВЕЦ

Месна надлежност
Член 299

Судот на чие подрачје умреното лице (оставителот) имал живеалиште е месно надлежен за стечајната постапка што треба да биде отворена врз имотот на тоа лице. Ако умреното лице имало регистрирана дејност со седиште во друго место, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа тоа седиште.

Можност за отворање на стечајна постапка
Член 300

(1) Фактот што наследниците сé уште не го прифатиле наследството или што тие се лично неограничено одговорни за обврските на оставината, не влијае врз отворањето на стечајната постапка врз имотот на оставителот.
(2) Ако постојат повеќе наследници, стечајната постапка може да биде отворена и по извршената поделба на оставината.
(3) Нема да се водат посебни стечајни постапки за различните делови на оставината.

Лица кои имаат право да предложат отворање на стечајна постапка
Член 301

(1) Отворањето на стечајната постапка врз оставината на оставителот може да биде побарано од страна на кој било наследник, повереник, лице овластено да управува со тој имот, извршител на тестамент или доверител на тој имот.
(2) Кога барањето за отворање на стечајна постапка не било поднесено од страна на сите наследници, стечајниот судија ќе го прифати тоа барање само ако утврди дека постојат причини за отворање на стечајната постапка. Пред да го донесе решението,стечајниот судија ќе ги сослуша и другите наследници.
(3) Кога со оставината управува лицето кое било назначено за извршител на тестаментот на оставителот, стечајниот судија ќе го сослуша тоа лице, ако предлогот за отворање на стечајна постапка бил поднесен од страна на наследник или ќе го сослуша наследникот, ако

предлогот бил поднесен од страна на лицето овластено да управува со имотот на умреното лице.

Право да се поднесе предлог за отворање на стечајна постапка на заедничкиот брачен имот

Член 302

(1) Ако оставината претставува дел од заеднички брачен имот, предлогот за отворање на стечајна постапка може да биде поднесен од брачниот другар кој е наследник, но и од брачниот другар кој не е наследник, но кој самиот или заедно со другиот брачен другар управувал и располагал со заедничкиот имот на брачните другари. За поднесувањето предлог за отворање на стечајната постапка нема да се бара претходно одобрение на другиот брачен другар. Брачните другари ќе го задржат правото да поднесат ваков предлог дури и ако бракот е разведен.

(2) Ако предлогот за отворање на стечајната постапка не бил поднесен од страна на обата брачни другари, стечајниот судија ќе го прифати тој предлог ако биде уверен дека постојат некои основани причини за отворање на таа постапка. Пред да донесе решение, стечајниот судија ќе го сослуша брачниот другар кој не се согласува со поднесениот предлог.

Рок за поднесување предлог за отворање на стечајна постапка

Член 303

Доверителот на оставината може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од две години по прифаќањето на наследството од страна на наследникот.

Причини за отворање на постапката

Член 304

Неликвидноста на оставината ќе претставува причина за отворање на стечајна постапка врз имотот на умреното лице кое имало статус на трговец. Непосредно претстојната неликвидност, исто така, ќе претставува причина за отворање на стечајна постапка врз оставината на умрено лице ако предлогот бил поднесен од страна на наследник, од лице кое управува со оставината, повереник или од извршител на тестамент.

Извршување по наследувањето
Член 305

По прифаќањето на наследството од страна на наследникот, извршувањето заради обезбедување врз оставината не дава право на одвоено намирување за доверителот кој побарал такво извршување.

Побивање на правните дејства на наследниците
Член 306

Ако наследникот пред отворањето на стечајната постапка врз оставината на оставителот ги намирил побарувањата на другите наследници на нужниот наследен дел што ним им припаѓа, или легатите или посмртните поклони на лицата на кои тие им се наменети, овие правни дејства преземени од страна на наследникот можат да бидат побивани на ист начин како и другите бесплатни располагања на тој наследник.

Трошоци на наследникот
Член 307

Наследникот не може да одбие исполнување на ниту една своја обврска во врска со оставината, ниту пак да бара пребивање на своите обврски со побарувањата што тој ги има од оставината на име надоместок на соодветно направените трошоци.

Обврски на стечајната маса
Член 308

(1) Во имотот што влегува во стечајната маса, следниве обврски ќе се третираат како долгови поврзани со стечајната маса:
1) соодветно направените трошоци што треба да му бидат надоместени на наследникот од стечајната маса;
2) трошоците за погребот на починатиот оставител;
3) реално потребните трошоци во врска со постапката со која се пријавува и објавува смртта на умреното лице;
4) трошоците настанати во врска со отворањето и објавувањето на тестаментот на починатиот оставител, со заштитата и чувањето на оставината, со повереништвото над таа оставина, со објавувањето на повикот до доверителите на оставината за пријавување на нивните побарувања и пописот (инвентарот) на таа оставина;
5) обврските што произлегуваат од правни работи преземени од страна на повереникот или од страна на извршителот на тестаментот и
6) обврските настанати при редовното управување со оставината од

страна на повереникот, од страна на извршителот на тестаментот или од страна на наследникот кој не го прифатил наследството, до степенот до кој тие обврски би паднале на товар на доверителите на оставината, ако било назначено некое друго лице да управува со таа оставина за нивна сметка.
(2) Во случај да не постои имот што влегува во стечајната маса, обврските наведени во ставот (1) од овој член ќе имаат ранг утврден со членот 207 став (1) точка 3 од овој закон.

Обврски поврзани со оставината
Член 309

Во стечајната постапка отворена врз оставината на умрено лице, доверителите можат да ги пријавуваат само оние побарувања што се поврзани со таа оставина (имот што влегува во стечајната маса).

Побарувања на наследниците
Член 310

(1) Наследникот може да ги пријави побарувањата што тој ги имал против оставителот.
(2) Ако наследникот исполнил обврска на стечајната маса, своето побарување против таа маса наследникот ќе го пријави како стечаен доверител, освен ако тој наследник не е лично неограничено одговорен за обврските на стечајната маса.
(3) Ако за обврските на оставителот наследникот му е лично неограничено одговорен на некој од доверителите на таа оставина, во стечајната постапка, отворена врз оставината на оставителот, наследникот може да го пријави побарувањето на доверителот само ако тој доверител не го сторил тоа.

Пониско рангирани побарувања
Член 311

(1) Следниве побарувања ќе бидат намирени по намирувањето на побарувањата наведени во членот 118 од овој закон и тоа по следниов редослед, со тоа што поедначкво рангираните побарувања ќе се намируваат сразмерно на нивниот износ:
1) побарувањата на нужните наследници;
2) побарувањата на легатарите и на лицата со право да примат посмртни подароци што оставителот ги утврдил во својот тестамент и
3) побарувањата на лицата кои можат да стапат на местото на наследниците.

(2) Ако оставителот во својот тестамент одредил дека еден легат ќе биде извршен пред некој друг легат или дека еден подарок ќе биде даден пред некој друг подарок, ваквите легати или подароци ќе имаат првенство.

Враќање на предмети
Член 312

(1) Предметите вратени во имотот што влегува во стечајната маса по побивањето на правното дејство на наследникот или во врска со таквото побивање не можат да се користат за намирување на побарувањата наведени во членот 311 став (1) од овој закон.
(2) Предметите што наследникот мора да ги врати во имотот што влегува во стечајната маса, доверителите на оставината можат да ги побаруваат и врз основа на правните одредби што го регулираат стекнувањето без основа (неосновано збогатување).

Наследни спорови
Член 313

Членот 306 од овој закон се применува на наследникот, дури и кога според одредбите што го регулираат наследувањето, на местото на тој наследник стапило некое друго лице.

Купување на оставината
Член 314

(1) Ако наследникот ја продал оставината на оставителот, за целите на стечајната постапка купувачот на оставината ќе стапи на местото на наследникот.
(2) Наследникот може да побара отворање на стечајна постапка како доверител на оставината, за своите побарувања од таа оставина што произлегуваат од двострано товарниот договор склучен меѓу наследникот и купувачот на оставината. Наследникот ќе ги има истите права и во врска со другите побарувања од оставината, освен ако наследникот лично неограничено е одговорен за обврските на таа оставина. Членот 318 од овој закон се применува на наследникот кој ја продал оставината, дури и по таа продажба.
(3) Ставовите (1) и (2) од овој член соодветно се применуваат и на случаите во кои лицето ја продало оставината стекната по пат на договор или на некој друг начин презело обврска да ја продаде оставината, стекната по сила на закон или на некој друг начин.

Истовремена инсолвентност на наследник
Член 315

(1) Во стечајната постапка отворена врз имотот на наследникот, во време кога е отворена или се води и стечајна постапка врз оставината на оставителот, на доверителите на оставината на кои наследникот им одговара лично и неограничено за обврските на оставината, соодветно се применуваат членовите 133, 191, 195, 198 и 230 од овој закон.

(2) Кога едниот брачен другар е наследник, а оставината претставува дел од заедничкиот брачен имот со кој управува само другиот брачен другар, одредбата од ставот (1) на овој член ќе се применува и во стечајната постапка отворена врз имотот на тој друг брачен другар. Кога едниот брачен другар е наследник, а оставината претставува дел од заедничкиот брачен имот со кој брачните другари управуваат и располагаат заеднички и спогодбено, одредбата од ставот (1) на овој член ќе се применува и во стечајната постапка отворена врз заедничкиот брачен имот и во стечајната постапка отворена врз посебниот имот на брачниот другар кој не е наследник.

ГЛАВА ВТОРА

СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ НА БРАЧНИ ДРУГАРИ

Упатување на стечајна постапка отворена врз имот на умрено лице

Член 316

(1) На стечајната постапка отворена врз заедничката сопственост на брачните другари соодветно се применуваат членовите од 299 до 318 на овој закон.

(2) Како доверители во стечајната постапка отворена врз заедничкиот брачен имот можат да се појават само оние доверители чии побарувања постоеле како побарувања од заедничкиот имот на брачните другари.

ГЛАВА ТРЕТА

СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ ЗАЕДНИЧКИОТ БРАЧЕН ИМОТ СО КОЈ ЗАЕДНИЧКИ И СПОГОДБЕНО УПРАВУВАЛЕ И РАСПОЛАГАЛЕ ОБАТА БРАЧНИ ДРУГАРИ

Право да се поднесе барање и основи за отворање на стечајна постапка
Член 317

(1) Отворањето на стечајната постапка врз заедничкиот имот на брачните другари што бил управуван спогодбено и заеднички од страна на обата брачни другари, може да го побара секој доверител кој има право да побара исполнување на облигација од заедничкиот имот на брачните другари.

(2) Брачниот другар, исто така, има право да поднесе барање за отворање на стечајна постапка врз заедничкиот имот. Ако барањето не било поднесено од страна на обата брачни другари, стечајниот судија ќе го прифати поднесеното барање само ако се увери во неликвидноста на заедничкиот имот. Пред да го донесе своето решение, стечајниот судија ќе го сослуша и другиот брачен другар. Ако барањето било поднесено од страна на обата брачни другари, непосредно претстојната неликвидност, исто така, ќе претставува основа за отворање на стечајна постапка.

Лична одговорност на брачните другари
Член 318

(1) За време на стечајната постапка, личната одговорност на брачните другари за обврските на заедничкиот брачен имот може да биде побарана само од страна на стечајниот управник или од страна на назначениот повереник.

(2) Во случај на план за реорганизација, на личната одговорност на брачните другари соодветно ќе се применува членот 222 став (1) од овој закон.

ДЕЛ ЕДИНАЕСЕТТИ

МЕЃУНАРОДЕН СТЕЧАЈ

ГЛАВА ПРВА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Обем на примена
Член 319

(1) Меѓународниот стечај се спроведува кога:
1) странски суд или странски претставник (странски стечаен управник, доверители и други) побара помош во врска со постапката што се води во странска држава;
2) странска држава побара помош во врска со постапката која се води во Република Македонија во согласност со овој закон;
3) постапка во странска држава се води истовремено со постапка која се води во Република Македонија врз основа на овој закон и
4) доверители или други лица од странска држава кои имаат правен интерес, бараат поведување постапка или учествуваат во постапка која се води во согласност со овој закон.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член кои се однесуваат на меѓународниот стечај не се применуваат спрема лицата и имотот наведени во одредбите на членот 4 став (3) од овој закон.

ГЛАВА ВТОРА

МЕЃУНАРОДНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Исклучива меѓународна надлежност
Член 320

(1) Судот на Република Македонија исклучиво е надлежен за спроведување на стечајна постапка против стечаен должник чие седиште е во Република Македонија.
(2) Се претпоставува дека претежното деловно работење на стечајниот должник е во местото во кое го има запишано своето седиште.
(3) Ако се докаже дека претежното деловно работење на стечајниот должник се наоѓа во странство, а неговото седиште е запишано во Република Македонија, надлежниот суд во Република Македонија е исклучиво надлежен за спроведување на стечајната постапка против тој стечаен должник ако според правото на државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење не може да се отвори стечајна постапка по таа основа.
(4) Постапката од ставот (1) на овој член го опфаќа целиот имот на должникот, без оглед на тоа дали имотот се наоѓа во Република Македонија или во странство (главна стечајна постапка).
(5) Кога запишаното седиште на стечајниот должник се наоѓа во странство, а неговото претежно деловно работење е во Република Македонија, за стечајната постапка исклучиво е месно надлежен судот на чие подрачје се наоѓа претежното деловно работење на стечајниот должник.

Меѓународна надлежност спрема деловната единица, односно имотот на странскиот стечаен должник во Република Македонија
Член 321

(1) Ако судот на Република Македонија не е надлежен според одредбата од членот 308 став (1) на овој закон, тој суд е надлежен за спроведување на стечајна постапка против стечајниот должник ако тој должник има деловна единица без својство на правно лице во Република Македонија.
(2) Ако во Република Македонија не се наоѓа претежното деловно работење, а ниту деловна единица на стечајниот должник, туку само негов имот, стечајна постапка во Република Македонија може да се отвори во овие случаи:

1) кога во државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење стечајната постапка против него не може да се отвори поради предвидените услови во стечајното право на таа држава, иако постои причина за стечај;
2) ако според правото на државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење стечајната постапка ќе го опфати само имотот на стечајниот должник во таа држава;
3) ако отворањето на стечајната постапка во Република Македонија се предложи врз основа на членот 315 од овој закон и
4) ако отворањето на посебна стечајна постапка во Република Македонија се предлага во рамките на постапката за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка.
(3) За спроведување на постапката од ставовите (1) и (2) точки 1, 2 и 3 на овој член, надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа деловната единица на стечајниот должник, а ако стечајниот должник нема деловна единица во Република Македонија, судот на чие подрачје се наоѓа имотот на стечајниот должник.
(4) Ако повеќе судови би биле месно надлежни, постапката ја спроведува судот кај кого прво е поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка.
(5) Постапката од ставовите (1) и (2) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија (посебна стечајна постапка).
(6) Ако стечајната постапка е веќе отворена во државата во која стечајниот должник има претежно деловно работење, при отворање на домашната стечајна постапка, врз основа на ставот (1), односно ставот (2) на овој член, судот нема да ги испитува условите за отворање на стечајната постапка.

Основни начела
Член 322

Стечајната постапка и нејзините правни последици се определуваат според правото на државата во која постапката е отворена, доколку овој закон во натамошните одредби не предвидува нешто друго.

Излачни и разлачни права
Член 323

(1) Во однос на излачните и разлачните права над предметите кои се наоѓаат во државата за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка, ќе се применува правото на државата на признавањето, ако тие предмети во моментот на отворање на

странската стечајна постапка не се наоѓале на подрачјето на државата на отворање на таа постапка.
(2) Доколку правата над предметите на стечајниот имот се запишани во јавниот регистар, се смета дека тие предмети се наоѓаат во државата во која се води јавниот регистар.

Договор за работа
Член 324

Во врска со дејството на стечајната постапка врз договорите за работа на вработените,исклучиво е меродавно стечајното право на државата кое е меродавно за договорите за работа.

Пресметување
Член 325

Доверителот може да го задржи она што го примил во посебната стечајна постапка која е отворена во друга држава и која го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во таа друга држава. Применото ќе се засмета во стечајната маса која припаѓа во главната стечајна постапка, откако ќе се одбијат трошоците кои доверителот ги имал во остварување на намирувањето во таа посебна стечајна постапка. Такво пресметување нема да се врши ако доверителот делумно се намирил со побарувања во посебната стечајна постапка како разлачен доверител или врз основа на дозволено пребивање.

Соработка на стечајни управници
Член 326

(1) Стечајниот управник на стечајната постапка отворена кај судот во Република Македонија и управникот на стечајната постапка отворена кај судот во друга држава над истиот стечаен должник меѓусебно ќе соработуваат. Тие управници меѓусебно се должни еден на друг да си ги дадат сите правно дозволени известувања кои можат да бидат од значење за спроведувањето на тие постапки.
(2) Стечајниот управник на главната стечајна постапка отворена во Република Македонија е должен пријавеното побарување во таа постапка да го пријави во странската стечајна постапка, ако тоа од него го побара и го овласти доверителот.

ГЛАВА ТРЕТА

ПРЕТПОСТАВКИ И ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Примена на општите правила за признавање странска судска одлука
Член 327

За признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка на соодветен начин се применуваат општите правила на правото на Република Македонија за признавање странски судски одлуки, ако со одредбите на овој закон поинаку не е предвидено.

Месна надлежност и состав на судот
Член 328

(1) Предлогот за признавање се поднесува до судот на чие подрачје се наоѓа деловната единица на стечајниот должник во Република Македонија, а ако стечајниот должник нема деловна единица во Република Македонија, на судот на подрачјето каде што се наоѓа имотот или дел од имотот на стечајниот должник.

(2) Ако стечајниот должник има деловни единици на подрачја на различни судови или ако неговиот имот се наоѓа на подрачјето на различни судови, за донесување одлука за признавање, месно е надлежен судот на кој прво му е поднесен предлогот за отворање на стечајна постапка.

(3) Ако имотот на стечајниот должник во Република Македонија се состои во побарување, ќе се смета дека побарувањето на стечајниот должник се наоѓа во местото во кое должниците на стечајниот должник имаат свое седиште, односно престојувалиште.

(4) За признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, како и за отворање на стечајна постапка во Република Македонија, врз основа на странска одлука, одлучува надлежниот суд.

Предлог за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка
Член 329

(1) Предлогот за признавање одлука на странски суд или на друг надлежен орган за отворање на стечајна постапка може да поднесе странски стечаен управник или доверителот на стечајниот должник.

(2) Со предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка треба да се приложи:
1) изворник или заверен препис на одлуката и заверен превод;
2) потврда од надлежниот странски орган за негова извршност и
3) попис на познатиот имот на стечајниот должник во Република Македонија и попис на неговите доверители со соодветни докази.
(3) Судот ќе го отфрли предлогот со кој нема да бидат поднесени прилозите од ставот (2) на овој член, ако недостатоците не бидат отстранети во одредениот рок.

Претпоставки за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка
Член 330

(1) Странска одлука за отворање на стечајна постапка ќе се признае, ако:
1) одлуката е донесена од судот, односно органот кој, според правото на Република Македонија, е надлежен за решавање по предметите со меѓународни елементи;
2) одлуката е извршна според правото на државата во која е донесена, дури и ако не е правосилна;
3) признавањето на одлуката да не е во спротивност со јавниот поредок на Република Македонија и
4) да постои заемност.
(2) Предлогот за признавање странска одлука судот ќе го одбие ако по повод приговорот на стечајниот должник или на некој друг учесник во постапката утврди дека на стечајниот должник актот со кој постапката била покрената не е доставен во согласност со законот на државата во која одлуката е донесена и ако во таа постапка биле повредени неговите основни права за учество во стечајната постапка.
(3) Странска одлука за отворање на стечајна постапка ќе се признае под условите од ставот (1) точка 2 на овој член и ако не е правосилна.

Одредување привремени мерки и забрана на извршување и осигурување
Член 331

(1) По поднесување на предлогот за признавање странска одлука, надлежниот суд може да одреди мерки на обезбедување, односно да именува привремен стечаен управник, во согласност со одредбите на овој закон за претходна постапка.
(2) По објавувањето на огласот на огласна табла во судот, според членот 337 став (1) од овој закон, не е можно, додека тече постапката за

признавање, да се покрене парнична постапка ниту постапка за извршување и/или обезбедување во која стечајниот должник е странка. Парничните постапки и постапките за извршување и обезбедување кои биле во тек се прекинуваат со денот на објавување на огласот.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, излачните и разлачните доверители од членот 323 на овој закон, можат и за времетраење на постапката за признавање да покренат, односно да продолжат прекината извршна постапка заради остварување на своите побарувања против странскиот стечаен должник, но само под услов ако со тоа се согласи странскиот стечаен управник.
(4) Надлежниот суд по службена должност одредува, предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, како и решението за привремени мерки, односно за поставување привремен управник, веднаш да се забележат во соодветна јавна книга, односно регистар.

Оглас по повод предлогот за признавање
Член 332

(1) По приемот на предлогот за признавање на странска одлука судот без одлагање ќе го објави огласот во "Службен весник на Република Македонија" и на огласната табла на судот во кој ќе наведе:
1) податоци за судот кој го објавува огласот со бројот на предметот;
2) податоци за странската одлука чие признавање се бара и нејзината суштествена содржина;
3) податоци за стечајниот управник, како и податоци за одлуката со која е именуван, а ако не е именуван, одлука за отворање на стечајна постапка и
4) покана на доверителите, на странскиот стечаен должник и на сите други лица кои имаат правен интерес во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија" да ги пријават на судот своите побарувања и со поднесокот да се изјаснат за постоење претпоставки за признавање на странската одлука и можните тешкотии за намирување на побарувањата во странската стечајна постапка.
(2) Предлогот за признавање странска одлука и објавениот оглас од ставот (1) на овој член судот ќе го достави на странскиот стечаен должник, на странскиот стечаен управник и на оние доверители чие престојувалиште, односно седиште во Република Македонија е познато.

Испитување претпоставки за признавање
Член 333

(1) При одлучување за предлогот за признавање странска одлука судот ќе се ограничи на тоа да испита дали се исполнети претпоставките за признавање наведени во членот 329 ставови (1) и (2) на овој закон. Потребни објаснувања судот може да побара од органот чија одлука треба да се признае, како и од учесниците во постапката.
(2) Лицето кое во оваа постапка се противи на признавањето, судот може да го сослуша.
(3) Судот ќе обрне посебно внимание на потребата за итно решавање на предлогот за признавање на странската одлука.

Решение за признавање
Член 334

(1) Решението за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка во однос на кругот на лицата спрема кои дејствува има ист учинок како и решението на судот во Република Македонија за отворање на стечајна постапка.
(2) Во решението од ставот (1) на овој член судот ќе се произнесе кои правни дејства ги има признатата странска одлука.
(3) Кога со решението за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка како правно дејство се одредува отворање на стечајна постапка во Република Македонија, решението за признавање наедно има правно значење како решение за отворање на стечајна постапка.
(4) За признавањето на странската одлука за отворање на стечајна постапка ќе се објави оглас во "Службен весник на Република Македонија". Огласот ќе се објави и со истакнување на огласна табла во судот.
(5) Решението од ставот (1) на овој член се доставува до предлагачот, странскиот стечаен управник, стечајниот должник и правните лица кои за стечајниот должник вршат работи од платниот промет. Решението ќе се достави на органите каде што се водат јавни регистри кои по службена должност, врз основа на доставеното решение, ќе го евидентираат признавањето на странската одлука за отворање на стечајна постапка.

Жалба против решение за признавање
Член 335

(1) Право на жалба против решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка имаат странскиот стечаен

должник, странскиот стечаен управник и доверителите, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(2) Жалбата изјавена против решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка, не го задржува неговото извршување.

Признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка како претходно прашање

Член 336

(1) Ако за признавање на странска одлука за отворање на стечајна постапка не е донесено посебно решение, секој суд може за признавање на таа одлука да решава во постапка како за претходно прашање, но само со дејство во таа постапка.
(2) Правните последици од признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка настапуваат со денот на донесувањето на таа одлука во која за наведеното признавање е одлучено како по претходно прашање. Во однос на другите правни последици на соодветен начин се применуваат членовите од 338 до 343 на овој закон.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ВАЖЕЊЕ НА ПРИЗНАТА СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

ПРИЗНАВАЊЕ ПО ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Признавање странска одлука во случај на претходно отворена стечајна постапка во Република Македонија
Член 337

(1) Странската одлука за отворање на стечајна постапка која ги исполнува претпоставките за признавање според членот 330 од овој закон ќе се признае иако пред поднесувањето на предлог за признавање против должникот е отворена стечајна постапка во Република Македонија според одредбата од членот 321 став (1) или (2) на овој закон.

(2) Признатата странска одлука за отворање на стечајна постапка произведува дејство предвидено во одредбите на членовите од 346 до 350 на овој закон. Странскиот стечаен управник не може да ги оспори побарувањата кои веќе се утврдени во претходно покренатата постапка во Република Македонија.

(3) Ако на денот на поднесувањето на предлогот за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка истекол рокот од 15 дена од денот на авансната распределба на стечајната маса во стечајната постапка отворена во Република Македонија, делбата нема да се спроведе врз основа на одлуката за делба донесена во странската стечајна постапка.

Признавање без последици од отворање на стечајна постапка во Република Македонија
Општо правило
Член 338

(1) Важноста на признатата странска одлука за отворање на стечајна постапка се определува според правото на државата во која постапката е отворена доколку не е во спротивност со основните начела на стечајното право во Република Македонија и доколку со овој закон поинаку не е предвидено.

(2) Признатата странска одлука важи од денот на објавувањето на решението за признавање на огласната табла во судот според членот 334 став (4) од овој закон.

Извршување и обезбедување
Член 339

(1) Намирувањата кои се остварени по пат на извршна постапка во Република Македонија во времето меѓу денот на отворањето на странската стечајна постапка и денот на објавувањето на огласот за предлогот за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка на огласна табла, согласно со членот 332 став (1) од овој закон, како и разлачните права кои настанале по пат на извршна постапка или постапка за обезбедување во Република Македонија кои во тоа време настанале, го губат правното дејство.

(2) Во случај на губење на правното дејство според ставот (1) од овој член доверителот е должен она што го стекнал по таа основа, по одбивањето на трошоците кои настанале во извршната постапка, односно постапката за обезбедување, да го предаде на стечајниот управник.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат на извршното намирување, односно во постапката за извршување или постапката за обезбедување на настанатите разлачни права на доверителите кои се наведени во членовите 323 и 345 став (1) од овој закон.

(4) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат, според членот 332 став (1) од овој закон, ако поминало повеќе од една година сметано од денот на отворањето на странска стечајна постапка и денот на објавувањето на огласот на предлогот за признавање на огласната табла на судот.

Располагање на стечајниот должник
Член 340

(1) Располагањата на стечајниот должник кои се преземени во времето меѓу денот на отворањето на странската стечајна постапка и денот на објавувањето на решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајната постапка на огласната табла во судот, според членот 334 став (4) од овој закон, го губат правното дејство ако се спротивни на интересите на доверителите на стечајниот должник и ако биде докажано дека спротивната странка знаела или морала да знае, во моментот на располагање на стечајниот должник, дека против него во странство е отворена стечајна постапка. Спротивната странка има

право на противчинидба од страна на стечајната маса ако со неа се зголемува вредноста на стечајната маса.
(2) Ако располагањето на стечајниот должник настапило по објавувањето на огласот на предлогот за признавање во "Службен весник на Република Македонија", според членот 332 став (1) од овој закон, ќе се смета дека спротивната страна знаела или морала да знае,во моментот на располагањето на стечајниот должник, дека против него во странство е отворена стечајна постапка.
(3) Располагањата на стечајниот должник преземени по отворањето на странската стечајна постапка не губат правно дејство ако за нив важат општите правила за заштита на доверба во јавна книга. Тие располагања можат да се побиваат според правото на државата меродавно за побивање.

Услуги во корист на стечајниот должник
Член 341

(1) Лицето со седиште, односно престојувалиште во Република Македонија, кое е должник на странскиот стечаен должник, е должно веднаш кога ќе дознае за стечајната постапка во странство да го извести странскиот стечаен должник за постоење на својата обврска и за моментот на нејзиното пристигнување.
(2) Лицето од ставот (1) на овој член е овластено својата пристигната обврска директно да ја исполни на странскиот стечаен должник ако од денот на испраќање на известувањето на странскиот стечаен управник поминале осум дена, а судот на Република Македонија до тој момент, во согласност со членот 331 став (1) од овој закон, не определил мерка на обезбедување или именувал привремен стечаен управник. Евентуалните трошоци за одлагање на исполнување на пристигнатите обврски се сметаат за трошоци на стечајната маса.
(3) Ако обврската е директно исполнета на странскиот стечаен должник во времето меѓу денот на отворање на странската стечајна постапка и денот на објавувањето, решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајната постапка на огласната табла во судот, според членот 334 став (4) на овој закон, а без известување на странскиот стечаен управник за постоење на обврската, лицето од ставот (1) на овој член нема да биде ослободено од својата обврска ако се докаже дека во моментот на директното исполнување на обврската на странскиот стечаен должник знаело или морало да знае дека против него е отворена стечајна постапка во странство.
(4) Ако обврската директно е исполнета на странскиот стечаен должник по објавувањето на огласот за предлогот за признавање во "Службен

весник на Република Македонија", според членот 332 став (1) од овој закон, ќе се смета дека должникот на стечајниот должник знаел или морал да знае дека против него е отворена стечајна постапка во странство.

Пребивање
Член 342

(1) Пребивањето не е дозволено ако побарувањето е отстапено во времето меѓу денот на отворање на странската стечајна постапка и денот на објавување на решението за признавање на странската одлука за отворање на стечајната постапка на судската табла,според членот 334 став (4) на овој закон, а ќе биде докажано дека новиот доверител (цесионер) во моментот на отстапувањето знаел или морал да знае дека против должникот е отворена стечајна постапка во странство.

(2) Ако побарувањето е отстапено по објавување на огласот за предлогот за признавање во "Службен весник на Република Македонија", според членот 332 став (1) од овој закон, ќе се смета дека новиот доверител (цесионер) во моментот на отстапувањето знаел или морал да знае дека против должникот е отворена стечајна постапка во странство.

Привилегирани побарувања, излачни и разлачни доверители
Член 343

(1) Признавањето на странска одлука за отворање на стечајна постапка не влијае на правото на доверителите своите побарувања, наведени во членот 345 став (1) точки 1 и 2 на овој закон, да ги намират во полн износ ако за тоа е доволен делот од имотот на стечајниот должник кој не е оптоварен со права на трети лица кои во моментот на објавувањето на решението за признавање на огласната табла, според членот 334 став (4) од овој закон, се наоѓаат во Република Македонија.

(2) Заради остварување и обезбедување на своите права, доверителите од ставот (1) на овој член се овластени и по признавањето на странската одлука за отворање на стечајна постапка да водат парнична постапка против должниковиот имот, како и постапка за извршување и обезбедување.

(3) Излачните и разлачните доверители од членот 323 на овој закон се овластени во Република Македонија да покренат парнични постапки и постапки за извршување, односно обезбедување под условите кои би можеле да ги водат и кога во Република Македонија би била отворена стечајна постапка.

(4) На предлог од странскиот стечаен управник надлежниот орган за извршување ќе го одложи извршувањето од ставот (2) на овој член, ако тоа е нужно за да се остварат намирувањата на доверителите на стечајниот должник во поголем процент. Одлагањето може да трае до три месеца со можност да се одреди ново одлагање, но најмногу до првата делба во странската стечајна постапка. Надлежниот орган за извршување може во секој момент, на предлог од доверителите или од странскиот стечаен управник, да го отповика одлагањето ако повеќе не постојат причините за тоа.

Признавање странска одлука со последица за отворање на стечајна постапка во Република Македонија
Член 344

(1) Во предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, странскиот стечаен управник или доверителот може, како непосредна правна последица за признавање, да бара отворање на стечајна постапка во Република Македонија. Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија стечајниот управник може да бара и со поднесок упатен до судот во рок од 15 дена од приемот на писменото од членот 348 став (2) на овој закон. Отворање на таа стечајна постапка доверителот може да бара и со поднесок што го упатува на судот врз основа на членот 331 став (1) точка 4 од овој закон.
(2) Во случаи од ставот (1) на овој член правните последици ги определува исклучиво стечајното право на Република Македонија, освен ако со членовите од 322 до 326 и од 345 до 350 на овој закон изричито нешто друго не е предвидено. Во тој случај, на соодветен начин, се применуваат членовите од 339 до 342 на овој закон.

Отворање на посебна стечајна постапка во Република Македонија на предлог на доверителите
Член 345

(1) Судот ќе отвори стечајна постапка на предлог на:
1) надлежниот фонд за здравствено осигурување и надлежните фондови за пензиско и инвалидско осигурување за побарувања кои, според закон, задолжително се издвојуваат од приходот, односно од платата, како и органите на Република Македонија и нејзините единици на локалната самоуправа и Управата за јавни приходи и други побарувања кои влегуваат како приход во Буџетот и
2) вработените кај стечајниот должник со постојано место на работење во Република Македонија.

(2) На предлог од доверителите кои не припаѓаат кон доверителите од ставот (1) на овој член, судот ќе отвори стечајна постапка во Република Македонија само ако на доверителот му се стори веројатно дека намирувањето на некои побарувања во странската стечајна постапка би било врзано со посебни тешкотии.
(3) По исклучок од одредбата во ставовите (1) и (2) на овој член заради остварување што порамномерно и поцелосно намирување на доверителите на меѓународно ниво, судот нема да отвори стечајна постапка во Република Македонија ако оцени дека отворањето на таа постапка, со оглед на големината на побарувањата на доверителите од ставовите (1) и (2) на овој член, би било економски неоправдано. При оценувањето судот може да се консултира со странскиот стечаен управник.

Овластувања на странскиот стечаен управник
Член 346

(1) Покрај стечајниот управник на посебната стечајна постапка, доверителите и странскиот стечаен управник можат во таа постапка да ги оспоруваат пријавените побарувања.
(2) Право на побивање на правните дејства на стечајниот должник во стечајната постапка во Република Македонија му припаѓа и на странскиот стечаен управник.
(3) Трошоците на странскиот стечаен управник, кои ќе настанат во врска со вршењето на овластувањата од ставовите (1) и (2) на овој член, не се сметаат за трошоци на стечајна постапка во Република Македонија.

Намирување на доверители
Член 347

(1) По намирување на трошоците и другите обврски на стечајната маса, на излачните и разлачните доверители, како и на доверителите од членот 345 став (1) на овој закон, преостанатата стечајна маса ќе се подели на доверителите во согласност со одлуката за делба, што судот ќе ја донесе врз основа на одлуката за делба или на неа соодветна делбена основа, донесена во странска стечајна постапка. Ако при изработката на странската одлука или делбена основа не се земени предвид утврдените побарувања во стечајната постапка во Република Македонија, судот преостанатата стечајна маса ќе ја подели на доверителите чии побарувања се утврдени во стечајната постапка во Република Македонија, водејќи притоа сметка во која мера некои од

нив се земени предвид при поделбата на стечајната маса во странската стечајна постапка.
(2) При поделбата на преостанатата стечајна маса, судот нема да ја земе предвид странската одлука за делба ако во неа предвидената поделба е резултат на примена на правила кои се спротивни на јавниот поредок во Република Македонија. Истото се однесува и кога странската одлука за делба не е доставена до судот во рамките на рокот што тој го одредил.
(3) Стечајната маса што ќе преостане по намирувањето на доверителите, според одредбата од ставовите (1) и (2) на овој член, веднаш ќе се предаде на странскиот стечаен управник.
(4) Ако стечајната маса не е доволна да се намират утврдените побарувања во стечајната постапка во Република Македонија, според ставовите (1) и (2) од овој член, доверителите можат ненамиреният дел од своите побарувања да го намират само во странската стечајна постапка според правилата на странското стечајно право.

Посебна стечајна постапка во странска држава
Член 348

(1) Ако доверителот делумно ги намири своите побарувања во посебната стечајна постапка која е отворена против стечајниот должник во некоја странска држава, а со која е опфатен само имотот на стечајниот должник во таа странска држава, тој може да го задржи применото. По одбивањето на трошоците кои доверителот ги имал во остварувањето на намирувањата во странската стечајна постапка, применото во таа постапка се пресметува во процент кој му припаѓа во посебната стечајна постапка во Република Македонија. Такво пресметување нема да има, ако доверителот делумното намирување во таа странска стечајна постапка го остварил како разлачен доверител или врз основа на дозволено пребивање.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член ќе се применат и кога доверителот делумно го намирил своето побарување по пат на извршна постапка во странска држава.

Пријава на побарувањата во странската стечајна постапка
Член 349

(1) Стечајниот управник на посебната стечајна постапка отворена во Република Македонија е должен пријавеното побарување на доверителот во таа постапка да го пријави во странска стечајна постапка, ако тоа од него се побара и ако доверителот го овласти за тоа.
(2) Домашниот стечаен управник е овластен во странската главна стечајна постапка да остварува право на глас врз основа на пријавените

побарувања во посебна стечајна постапка во Република Македонија, ако доверителот на тоа побарување не учествува во гласањето.

Соработка на стечајните управници
Член 350

(1) Освен меѓусебните размени на известувања, според членот 342 од овој закон, стечајниот управник на посебната стечајна постапка во Република Македонија е должен на стечајниот управник на странската главна стечајна постапка да му овозможи да се изјасни за начинот на впаричување на имотот на стечајниот должник кој е опфатен во домашната посебна стечајна постапка.

(2) На стечајниот управник на странската главна стечајна постапка ќе му се достави и планот за реорганизација на посебната стечајна постапка во Република Македонија. Тој има право и самиот да предложи план за реорганизација на посебната стечајна постапка.

ГЛАВА ПЕТТА

НЕПРИЗНАВАЊЕ СТРАНСКА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Одбивање предлог за признавање
Член 351

(1) Ако го одбие предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка судот, на предлог од доверителите или стечајниот должник, ако тоа е потребно заради рамномерно намирување на сите должникови доверители, ќе отвори стечајна постапка во Република Македонија.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член може да се поднесе во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението за одбивање на предлогот за признавање на странската одлука на огласната табла во судот и во "Службен весник на Република Македонија". Тој предлог може да биде содржан во поднесок кој се доставува во судот,согласно со членот 332 став (1) точка 4 од овој закон.

(3) Стечајната постапка од ставот (1) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија.

Жалба
Член 352

(1) Против решението со кое е одбиен предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка, странскиот стечаен должник, странскиот стечаен управник и доверителите имаат право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата не го задржува решението од извршување.

Предлог за отворање на стечајна постапка кога странската одлука за отворање на стечајна постапка не може да се признае
Член 353

(1) Секој доверител, како и стечајниот должник, се овластени да бараат отворање на стечајна постапка во Република Македонија независно од тоа што е отворена главна стечајна постапка во странска држава ако се исполнети условите поради кои предлогот за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка би можел да биде одбиен.

(2) Судот ќе дозволи отворање на стечајна постапка во Република Македонија во случајот од ставот (1) на овој член ако тоа го бара начелото на рамномерно намирување на должниковите доверители.

(3) При донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка од ставот (1) на овој член, судот во неможност за признавање на странската одлука за отворање на стечајна постапка ќе одлучи како по претходно прашање.
(4) Стечајната постапка од ставот (1) на овој член го опфаќа само имотот на стечајниот должник кој се наоѓа во Република Македонија.

ГЛАВА ШЕСТА

СТРАНСКИ ПОРАМНУВАЊА И ДРУГИ СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Странска одлука за одобрување на порамнување или странски план за реорганизација
Член 354

На признавањето странска одлука за одобрување на порамнување или план за реорганизација, како и признавање странска одлука донесена во некоја друга слична постапка, на соодветен начин ќе се применат одредбите на овој закон за признавање странска одлука за отворање на стечајна постапка.

ДЕЛ ДВАНАЕСЕТТИ

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 355

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече за прекршок на должникот - правно лице доколку:

1) преземе некое правно дејство или работа што не спаѓа во редовното работење, без претходно одобрение на назначениот повереник, или преземе правни дејства или работи што спаѓаат во редовното работење, ако повереникот се спротивставил на преземањето на тоа правно дејство или работа (член 260 став (1));

2) без претходно одобрение на одборот на доверители преземе правно дејство или работа што има посебно значење за стечајната постапка (член 261) и

3) ако не поднесе предлог за отворање на стечајна постапка во рок од 21 ден од денот на настанувањето на услови за отворање на стечајна постапка (член 51 став (9)).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на должникот - правно лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глобата од ставот (2) на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење одговорни работи и задачи во траење од три месеца до една година.

Член 356

(1) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече за прекршок на трговец - поединец доколку:

1) не ги извршува обврските определени со членот 278 став (1) од овој закон и

2) не ги стави на располагање сите податоци и документи во врска со исполнувањето на неговите обврски и на барање на доверителите не ја потврди веродостојноста и сеопфатноста на своите изјави со давање посебна изјава во записник, согласно со членот 279 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на должникот трговец-поединец за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Член 356-а

Глоба од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече за прекршок на стечајниот управник кој нема да

внесува или неажурно ќе ги внесува и доставува потребните податоци од членот 34 став (5) на овој закон.

Член 356-б

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 357

Избришан

ДЕЛ ТРИНАЕСЕТТИ

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примена на досегашното право
Член 358

(1) Стечајните постапки отворени до влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Судовите надлежни за водење на стечајната постапка се должни во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до Централниот регистер на Република Македонија да ги достават решенијата за отворените стечајни постапки кои до влегувањето во сила на овој закон не се завршени, заради нивно евидентирање во Единствениот трговски регистар.

Примена на овој закон
Член 359

Овој закон се применува на постапките по предлозите поднесени од предлагачите, а по кои не е отворена стечајна постапка пред влегувањето во сила на овој закон.

Основање Комора на стечајните управници
Член 360

(1) Основачко собрание на Комората ќе се свика кога ќе положат испит за стечаен управник најмалку 20 лица кои според условите за полагање на испитот утврдени со закон, а кои ќе ги исполнат другите услови за стечаен управник согласно со овој закон.

(2) Основачкото собрание го свикува министерот за економија најмалку осум дена пред одржувањето на седницата на основачкото собрание на Комората.

(3) На основачкото собрание се усвојува предлогот на статутот и правилникот за дисциплинска одговорност на стечајните управници предложени од министерот за економија. На основачкото собрание се усвојува прокламација за прифаќање на Кодексот за стечајните управници и на професионалните стандарди потребни за водењето за стечајната постапка.

Испит на стечајните управници во преодниот период
Член 361

(1) Стечајните управници кои имаат уверение за овластен стечаен управник стекнато според Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 55/97, 53/2000, 37/2002 и 17/2004), имаат право да стекнат лиценца според овој закон, по истекот на рокот од шест месеца од денот на објавувањето на актите определени во членот

362 од овој закон ако посетувале курс за овластени стечајни управници според Програма донесена од министерот за економија, во која е опфатена содржината на одредбите од овој закон, етичкиот кодекс за стечајните управници и професионалните стандарди и ако положат испит за овластен стечаен управник според одредбите на овој закон.
(2) Министерот за економија ќе ја именува Комисијата за полагање на испит за овластен стечаен управник согласно со членот 23 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(3) Министерот за економија е должен на предлог на Комисијата за спроведување на испитот за овластен стечаен управник да ја донесе Програмата од ставот (1) на овој член во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Донесување на поблиски прописи предвидени со овој закон
Член 362

(1) Кодексот за стечајните управници и за професионалните стандарди потребни за водењето на стечајната постапка, министерот за економија ќе ги донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Другите прописи и акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од влегувањето во сила на овој закон.
(3) До донесувањето на прописите и другите акти од ставот (2) на овој член, важат постојните прописи.

Стекнување лиценца на стечајни управници
Член 363

(1) Стечаен управник кој води стечајна постапка според Законот за присилно поравнување, стечај и ликвидација ("Службен лист на СФРЈ" број 84/89), ако нема уверение за овластен стечаен управник стекнато според Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 55/97, 53/2000, 37/2002 и 17/2004), како и овластен стечаен управник според Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 55/97, 53/2000, 37/2002 и 17/2004) продолжува со работа и ја врши должноста стечаен управник до добивање нова лиценца на овластен стечаен управник согласно со одредбите на овој закон, а најдоцна во рокот определен во членот 361 став (1) од овој закон.
(2) Стечаен управник кој води стечајна постапка според законите од ставот (1) на овој член, како и стечајниот управник кој нема да стекне нова лиценца на овластен стечаен управник во рокот и согласно со одредбите на овој закон, стечајниот судија е должен по службена

должност да го разреши и да именува нов овластен стечаен управник кој ги исполнува условите за овластен стечаен управник согласно со овој закон, а стечајната постапка продолжува според одредбите од законот по кој е започната.

Закон кој престанува да важи
Член 364

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 55/97, 53/2000, 37/2002 и 17/2004).

Влегување во сила
Член 365

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ПРЕДМЕТЕН РЕГИСТАР

Арапските броеви кон поимите ги означуваат членовите од Законот за стечај

А

Авансна распределба	**189, 191-195**
Авансирање на трошоци - претходна постапка	**19, 53, 215-г**
Акции, односно удели	
- како средство за намирување на обврските на должникот	**98, 102, 215, 224**
- претворање на обврските на должникот во акции односно удели на доверителите	**215,224**
- како средство за зголемување на главнината на стечајниот должник	**215**
- побарување од стечајната маса	**135**
Адреса на седиштето запишана во трговскиот регистар	**9**
Акции, продажба преку берза	**98**
Аранжман за финасиски колатерал	**2, 129**
Атракциона надлежност на судот	**6,91**

Б

Банката, односно друго правно лице кое за должникот ги врши работите на платниот промет	**2**
Банкарски гаранции и акредитиви	
- обезбедување во стечај	**65,122**
Берза	
- продажба на акции	**98**

- пренос на акции без посредување на Берза (план за реорганизација)	**215**
Биланс почетен на стечајот	**34,84, 85**
Блиски лица	**104, 180**
Брачен заеднички имот	
- кој влегува во стечајната маса	**76**
- стечај	**316,317,318**
Бришење од трговскиот односно од друг регистар	**200**
Бришење на должникот од регистарот во кој е запишан	**68**

В

Важење на призната странска судска одлука за отворање на стечајната постапка	**337-354**
- признавање во случај на претходно отворена стечајна постапка во РМ	**337**
- признавање без последици од отворена стечајна постапка во РМ	**338**
- извршување и обезбедување	**339**
- располање на стечајниот должник	**340**
- услуги во корист на стечајниот должник	**341**
- пребивање	**342**
- привилигирани побарувања, излачни и разлачни доверители	**343**
- признавање на странска судска одлука со последица за отворање на стечајна постапка во РМ	**344**
- отворање на посебна стечајна постапка во РМ	**345**

- овластување на странскиот стечаен управник	**346**
- посебна странска стечајна постапка во странска држава	**348**
- пријави за побарување во странска стечајна постапка	**349**
- соработка на стечајните управници	**350**
- непризнавање на странска судска одлука за отворање на стечајна постапка	**351-353**
- странска судска одлука за одобрување на порамнување или странски план за реорганизација	**354**
ВЕБ страна на Централниот регистар	**10**
Внимание на уреден и совесен трговец	**2**
Вонредни правни лекови во стечајна постапка	**14**
Впаричување на должниковиот имот	**2, 3,34,36, 40, 50,73-а, 98-106**
Впаричување на предметите врз кои е стекнато право на оддвоено намирување	**107-115**
- располагање со недвижност	**107**
- располагање со подвижни предмети	**108**
- известување на доверителите	**109**
- известување за предложената продажба	**110**
- заштита на доверителот од одолговлекување продажбата	**111**
- распределба на приходите	**112**
- засметување на трошоците	**113**
- друга употреба на подвижните предмети	**114**
- располагање на доверителот	**115**

Вработени	**225**
- Престанок на договорите за вработување	**166**
- Како доверители	**117**
Време на преземање на правното дејствие	**182**

Г

Гаранција или друго обезбедување за исполнување на обврските на должникот	**215**
Гаснење на сметка на должникот во банка	**79**
Годишна сметка по отворањето на стечајната постапка	**86**
Градежно земјиште (план за реорганизација)	**226**
Губење на својство трговец поединец	**200**
Групирање на доверителите (план за реорганизација)	**220,232**
- Со право на одвоено намирување	**221,230,231,233**
- Рамноправен третман	**220**

Д

Девизно побарување на доверителите	**123**
Ден	
- На настапување на правните последици од отворањето на стечајната постапка	**136**
- И час на отворањето на стечајната постапка	**69**
Деливи чинидби, делумно исполнети	**159**
Деловни документи(чување)	**86**

Деловни простории на должникот	**89**
Деловна и сметководствена документација на должникот	**86, 265**
Деловен потфат	**3,97, 98, 224, 245, 247- 249, 251, 253, 259,**
- Затворање на деловниот потфат	**97,98**
Доставување до трговскиот регистар на решението	
- За ограничување на располагањето	**60,62**
- За отворање на стечајната постапка	**69**
Депонирање во стечајното досие	
- На записникот за запечатување	**78**
- На пописот на имотот	**85**
- На почетниот стечаен биланс	**85**
- На списокот на доверители и должници	**85**
- На табелата на утврдени и оспорени побарувања	**85**
- На извештајот за економско-финансиската состојба на стечајниот должник	**85**
- На месечните и други извештаи на стечајниот управник	**85**
- Планот за распределба	**85, 190**
- На завршен извештај	**85**
- На барањето за запирање на стечајната постапка	**212**
- На планот за реорганизација	**85, 227**
Депонирање на издвоени и задржани средства	**198**
Депонирање на пари, хартии и предмети од вредност	**81**

Дисконт кај повремени давања	**124**
Дневен весник	**10,71, 89, 96, 98**
Доброволно порамнување	**2**
Доверба во јавни книги	**340**
Доверител како предлагач	**51**
Доверители на стечајна маса	**133-135**
- Обврски на стечајна маса	**133**
- Трошоци на стечајна постапка	**134**
- Други обврски на стечајна маса	**135**
- Надомест на излачни права	**137**
- Враќање на противчинидба	**139**
- Трошоци на парничната постапка	**143**
Договор за обезбедување на финансиски колатерал	**2,129**
- За пренесување на финансиски инструменти како колатерал	**2**
Договор за осигурување на стечаен управник	**24**
Договор за вработување	**166**
Дозвола за преземање дејствија со посебно значење	**102-106**
Дозволени намирувања	**173**
Должник	
- поим	**2,4**
- како предлагач	**51**
- во постапка за реорганизација	**2**
- обврска за соработување со стечајниот управник	**55,56**
- приведување, притвор и парична казна	**57**
- изјава за сеопфатноста, целосност и веродостојност на прегледот на активата и пасивата	**84**
- закупец	**164**

- закуподавец	**162,163**
- слободно располагање со имотот по запирање на стечајната постапка	**213**
- престанок на постоење	**200**
Должник поединец предлагач	**51**
- ослободување од преостанати обврски	**269-286**
Должности (стечаен управник)	**34**
Дополнителна делба	**195,198,201,204**
Дополнително вложување	**215**
Државен завод за геодетски работи	**69,72,126, 128, 258**
Досегашно право (примена)	**358**
Доставување	**9,72**

Е

Евидентен регистар	**9**
Единствен даночен број	**10**
Еднаков третман на доверителите во одделни групи	**220**
Економско – финансиска состојба на должникот	**96, 259, 265, 273**
Електронска форма	**8**
Електронска продажба со јавно наддавање	**98,99**
Електронско избирање на стечајните управници	**31**
Единствен матичен број на субјектот на уписот	**10**

Ж

Жалба против решение	
- дозволеност, недозволеност	**12, 54**
- од кога почнува да тече рокот	**12**
- го задржува извршувањето	**12, 239, 272, 282**

- против решението за поведување на претходна постапка	**54**
- против решение по приговор против заклучок	**13**
- рок на поднесување	**12**
- на стечајниот судија за поништување на одлука на собрание на доверители	**46**

З

Забрана на извршување и обезбедување	
- по отворањето на стечајната постапка	**146**
Забрана на исплата	
- по претходна постапка	**58**
Забрана за отуѓување или оптоварување	
- по отворање на стечајната постапка	**138**
- престанок по отворањето на стечајна постапка, доколку се ставени врз имот на должникот во корист на трети лица	**145**
Забрана за откажување на договорот за закуп	**165**
Забрана за примање поштенски пратки	**155**
Завршен извештај	**196, 197, 203**
Завршна распределба	**196, 197**
Завршна сметка	**196, 197**
Завршно собрание на доверителите	**197**
Задолжителни упатства од стечајниот судија на стечајниот управник	**19**
Задржување право на пребивање	**152**
Задржување право на сопственост	**161**

Заедничка штета	**150**
Заеднички имот на брачните другари, стечај	**316 – 318**
Заеднички брачен имот, стечај	**316 – 318**
Заемност (реципроцитет) за признавање на странска одлука	**330**
Заинтересирано лице	**2**
Закажување на собрание на доверителите	
- со решението за отворање на стечајната постапка	**70**
- по доставување на извештајот за економско-финансиската состојба на должникот	**96, 97**
- завршно	**197**
Заклучок	
- како форма на одлука	**11**
- приговор против заклучок	**13**
Заклучување на стечајната постапка	**200 – 204, 209**
- решение за заклучување на стечајната постапка	**200**
- решение за спроведување дополнителна (одложена) распределба	**201**
- жалба	**202**
- спроведување на дополнителната распределба	**203**
- дополнителоно сразмерно намирување	**204**
Закон за облигационите односи	**105, 277**
Закон за парничната постапка	
- соодветна примена во стечајната постапка	**7**
Закон за присилно поравнување, стечај и ликвидација	
- статус на стечајни управници	**363**

Закон за трговските друштва, примена	**21**
Закон за стечај	
- правни лица врз кои не се применува	**4**
- предмет	**1**
- влегување во сила	**365**
Закон за стечај од 1997 година	**358, 361, 365**
Закуп, договор	
- правни последици по отворањето на стечајната постапка	**162-165**
- при запирање на стечајната постапка	**207**
Запечатување	**78**
Запирање на претходната постапка	**65, 66**
Запирање на стечајната постапка	**205 - 214**
- запирање поради непостоење имот што влегува во стечајната маса	**205**
- известување за недоволноста на имотот што влегува во стечајната маса	**206**
- намирување на доверителите на стечајната маса	**207**
- забрана за извршување	**208**
- запирање на постапката по известувањето дека не постои имот што влегува во стечајната маса	**209**
- запирање на постапката поради дополнително непостоење на основи за отворање стечајна постапка	**210**
- запирање на постапката со согласност на доверителите	**211**
- постапка по предлогот на запирање на стечајната постапка	**212**

- објавување и правно дејство на запирањето на стечајната постапка	**213**
- жалба	**214**
Запишување на решението за отворање на стечајната постапка во јавни регистри	**69**
Засметување (сметање) на роковите	**181**
Застапник по закон	**2**
Застареност на надомест на штетата	
- причинета од стечајниот управник	**27**
- причинета од одборот на доверителите	**42**
- поради неподнесување предлог за отворање на стечајна постапка	**51**
Затворање и ликвидирање на деловниот потфат (претпријатието)	**97, 98**
Заштита на вредноста (соодветна заштита)	**2**
Земјоделско земјиште во државна сопственост	**126**
Значење на поимите	**2**

И

Известување за недоволноста на стечајната маса	**206, 208, 209**
Извештај	
- за проценка на имотот	**2, 82**
- комјутерска обработка (електронска форма)	**8**
- за финансиско – економската состојба на должникот	**85, 96, 265**
- за извршената исплата	**197**
Извештајно собрание на доверителите	**70, 96, 97**

Идентификација на предметот, трошоци	**113**
Извршна исправа	
- табелата (шемата) на побарувањата во одобрениот план за реорганизација	**89, 242**
Извршување	
- одлагање во претходната постапка	**58**
- прекинување и запирање со отворање на стечајната постапка	**146**
- поради остварување на побарувања спрема стечајната маса	**148**
- забрана, кај запирањето на стечајната постапка	**208**
- не се дозволува кај ослободувањето од преостанатите обврски	**277**
- по наследувањето	**305**
- на финансискиот колатерал	**2, 129**
Извршување на решението	
- не го одлага жалбата	**12**
Издршка	
- наплата во стечајна постапка	**146**
- од стечајната маса	**156**
- на должникот	**263**
Изјава на должникот	
- за отстапување на своите побарувања од договор за работа на повереник	**270**
- за продолжување на деловниот потфат во врска со планот за реорганизација	**224**
- други изјави	**57, 58, 84, 219, 224**

Изјава за согласност за еднаков третман	**2**
Изјава на санаторите	**219**
Излачни доверители	**125, 127**
- излачни права: право на издвојување на предмети што не му припаѓаат на должникот; право на враќање на предметите	**125**
- земјоделско земјиште во државна сопственост	**126**
- надомест за излачни права	**127**
Излачни права	
- право на враќање на предметите	**125**
- потрага – право на пребарување	**125**
- надомест за излачни права	**127**
- остварување во извршна постапка	**146**
Именување	
- на стечаен управник	**31**
- на друг стечаен управник	**32**
Имот на брачните другари	
- кога влегува во стечајната маса	**76**
- отворање стечај	**316 - 318**
Имот на должникот	**2**
- на друштвото	**2**
- за обезбедување	**2**
Имот на правна заедница	
- поделба во врска со стечајот	**142**
Инквизиторност на стечајната постапка	**8**
Исклучива надлежност на суд во РМ	**320**

Исклучување на други облици на правно стекнување	**149**
Исклучување на доверителите на стечајната маса	**149**
Испит за стечаен управник	**23, 23-а – 23-љ**
Испитно рочиште	
- за оспорените побарувања	**65, 71, 89, 189, 229**
Испитување дали должникот е способен за плаќање	**64**
Исплатни редови на доверителите	**116-118**
- класификација	**83**
- рангирање	**116,**
- повисоки	**117**
- пониски	**118**
Исплата на менични и чековни обврски	**179**
Исполнување во корист на должникот	
- без правно дејство	**140**
Исполнување на правните работи по отворањето на стечајната постапка	**157-171**
- право на стечајниот управник на избор	**157**
- фиксни договори и термински договори	**158**
- деливи чинидби	**159**
- прибелешка	**160**
- задржување на правото на сопственост	**161**
- потрајно обврзни односи	**162**
- располагање со побарување од закупен однос	**163**
- должникот како закупец	**164**
- должникот како закуподавец	**165**

- забрана за раскинување на договор за закуп	**165**
- договори за вработување	**166**
- плати и надоместоци од договори за вработување	**166**
- престанок на налогот и на договорот за извршување на работите	**167**
- понуди	**168**
- престанок на менаџерските договори	**166**
- престанок на полномошното	**169**
- ликвидација	**170**
- ништовност на договорните одредби	**171**
Итност на стечајната постапка	**8**

J

Јавен оглас како начин на продажба	**98**
Јавен поредок на РМ	**330, 347**
Јавни книги и регистри	
- запишување на решението за отворање на стечајната постапка	**72**
- доверба во јавна книга	**340**
Јавно гласило	**10**
Јавно наддавање	**98**
Јавно објавување	
- правно дејство на објавувањето	**10**
- како доказ и за посебното доставување	**10**
- на собранието на доверители	**45**
Јавно правно лице	
- неможност за спроведување на стечајната постапка	**4**
- како разлачен доверител	**131**

К

Казнување	
- на лице овластено од министерот за економија за утврдување дали кандидат за стечаен управник ги исполнува условите за полагање на стручен испит	**23**
- на стечајниот управник	**35, 356-а**
- на стечајниот должник	**355**
- на одговорното лице на должникот	**355,356,**
- за прекршоци	**355, 356, 356-а, 356-б**
Камата	
- тече на обезбедени побарувања	**136**
- не тече на необезбедени побарувања	**136**
- се пресметува според закон	**136**
Клириншка куќа за интербанкарски работи	**34**
Кодекс за етиката на стечајните управници	**20, 24, 25, 27, 29, 287,289, 293, 295, 360, 361, 362**
Кодекс за етика на овластените проценувачи	**82**
Колективно намирување на доверителите	**3, 116, 132, 133, 146, 207, 242, 243**
Комисија за полагање испит за стечаен управник	**23, 23-а, 23-к, 361**
Комисија за ревизија на одржаните испити	**23-к**
Комисија за испит за стекнување на сертификат за специјалистички знаења	**290-а**
Комисија за хартии од вредност	**215, 239**
- само се известува за зголемување на основната главнина при спроведување на планот за реорганизација	**215**

Комора на стечајните управници	**287 – 298**
- задолжително зачленување на стечајни управници	**20**
- издава службена легитимација на стечаен управник	**33**
- води именик на стечајни управници	**288**
Компензација (пребивање)	**83, 152 -154, 163, 277, 307, 325, 342, 348,**
Комјутерска обработка	
- на табели и извештаи	**8**
Конечна распределба на средствата	**196**
- пренесување на преостанатиот вишок на сопствениците на должникот	**199**
Контрола	
- над работењето на стечајниот управник	**35**
Контролор за спроведување на планот за реорганизација	**246**
Континуирана едукација во организација на Комората на стечајни управници	**29**
Кредит	
- необезбеден	**134**
- обезбеден	**134**
- претворање на обврските на должникот во кредит	**215**
- при спроведување на планот за реорганизација	**249**

Л

Lex rei situs~	**2**
Lex forri concursus	**2**
Ликвидација на должникот	**2**
Ликвидација, стечај по ликвидација на трговското друштво	**4**

Ликвидирање на деловниот потфат (претпријатието)	**97, 98**
Ликвидатори, предлагач за отворање стечај	**51**
Лица	
- над кои се спроведува стечајот	**4**
Лице	**2**
Лице во трговско друштво со уверение за стечаен управник	**20**
Лице овластено за застапување, предлагач	**51**
Лиценца за вршење работа на стечаен управник	**20**
Лична одговорност на неограничено одговорни содружници	**151**
Лична одговорност за располагање од отворање на стечај	**139**
Лично управување од должникот	**255- 268, 215**
- претпоставки	**255**
- дополнително определување на лично управување	**256**
- укинување решение за лично управување	**257**
- јавно објавување	**258**
- правен статус на повереникот	**259**
- претходна дозвола на повереникот	**260**
- согласност на одборот на доверителите	**261**
- условување на полноважноста со претходно одобрение	**262**
- средства за живот и издршка на должникот	**263**
- одговорност за причинетата штета	**264**

- побивање на должниковите правни дејствија преземени во стечајната постапка	**264**
- известување на доверителите	**265**
- располагање со одвоено намирување	**266**
- намирување на стечајните доверители	**267**
- план за реорганизација	**268**

М

Меѓународен стечај	**319-354**
- обем на примена	**319**
Меѓународна надлежност на суд во РМ	**320-326**
- исклучува меѓународна надлежност	**320**
- спрема деловна единица односно имот во РМ	**321**
- основни начела	**322**
- излачни и разлачни права	**323**
- договор за работа	**324**
- пресметување	**325**
- соработка на стечајни управници	**326**
- в.признавање странска одлука за отворање стечајна постапка	**327-354**
Меѓународни стандарди за процена	**82**
Менични и чековни обврски	**179**
Мерки за обезбедување во претходната постапка	
- содржина	**58**
- јавно објавување	**60**
- укинување	**62**
- место на живеење	**2**
Месна надлежност на суд	**6**
Министер за земјоделие склучува договор со купувачот на трајни	**126**

насади за користење на државното земјиште	
Министер за правда	
- пропишува содржина и начин на водење на евидентен регистар за доставување	**9**
Министер за економија	
- дава согласност за трошоците за посетување на почетна обука за вршење на работите на стечаен управник	**23**
- формира Комисија за полагање испит за овластен стечаен управник	**23**
- донесува Програма за испит за овластени стечајни управници	**23**
- ја пропишува формата и содржината на уверението за положен испит за овластен стечаен управник	**23- ј**
- издава лиценца за овластен стечаен управник	**24,25**
- донесува решение за престанок и одземање на лиценцата	**28-30**
- ја пропишува формата и содржината на регистарот и листите на стечајни управници по судови кои се стекнале со лиценци, односно им биле одземени, како и начинот на нивното водење	**30-а**
- донесува акт со кој пропишува начин на утврдување на наградата и надоместо ците на стечајните	**37,44**

управници и на членовите на одборот на доверители	
-	
- ги пропишува содржината и начинот на водењето на стечајното досие	**85**
- ги пропишува формата и содржината на посебната табела (шема) на пријавени побарувања	**89**
- го пропишува начинот на спроведување на постапката на електронска продажба, како и продажбата на имотот дел од стечајната маса за која може да настанат штетни последици	**98**
- го пропишува начинот на спроведување на реорганизацијата по изготвениот план за реорганизација	**215**
- дава согласност на Статутот и други акти на Комората на стечајни управници	**289, 293**
- врши надзор над јавните овластувања на Комората на стечајните управници, бара ревизија на годишната сметка на Комората, го распушта Управниот одбор на Комората, изрекува укор на стечаен управник, формира советодавно тело	**293**
Мирување во постапките	**2**

Н

Награда и надоместоци	

- на стечајниот управник	**37**
- на одборот на доверители	**44**
- на повереникот	**276, 281**
Надлежен суд утврдување на оспорени побарувања	**91**
Надлежен суд за продолжување на парница за побарување пријавено во стечајна постапка	**92**
Надлежност, меѓународна, на суд на РМ	**319-321**
Надоместување на штетата	
- од страна на стечајниот управник	**26-28**
- од страна на одборот на доверители	**42**
- поради неподнесување предлог за отворање на стечајната постапка	**51**
- на излачни права	**127**
- за предвремено раскинување на договор за закуп	**130**
- за заедничка штета	**150**
- за предвремен отказ на закуп од должникот	**164**
Намалување, односно, одлагање исплата на обврските на должникот со планот за реорганизација	**215, 219**
Намерно оштетување на доверителите	**176**
Намирување на доверителите во стечајната постапка	**189-199, 201-204**
- сразмерно на големината на побарувањето	**116, 132, 207**
- според планот за реорганизација	**215**
- кај личното управување	**267**
Наплата на побарувањата на должникот	**34**
Наследство	

- право на должникот да не прифати	**141**
- кај ослободување на должникот-трговец од обврските	**278**
Натамошно одржување на должниковиот деловен потфат (претпријатието)	**3, 50, 82, 97, 224, 245, 247, 251**
Национални стандарди	**2**
Начела на стечајната постапка	**8**
Начини на спроведување на планот за реорганизација	**215**
Недозволено намирување	**174**
Недопуштеност на пребивање	**154**
Непристигнати побарувања	**119, 241**
Недостиг на имот што влегува во стечајната маса	
- основ на запирање на стечајната постапка	**205, 206**
Необезбеден доверител	**2, 134**
Непосредно оштетување на доверителите	**175**
Непризнавање странска одлука за отворање на стечајна постапка	**351-353**
- одбивање предлог за признавање	**351**
- жалба	**352**
- предлог за отворање стечајна постапка при непризнавање на странска одлука	**353**
Неспособност за плаќање (неликвидност)	
- услов за водење стечајна постапка	**5, 51, 64, 317**
Несуспензивно дејство на жалбата	**12**
Нетинг (аранжман) (close – out netting)	**2**
Ништовност на договор	
- спротивен на чл. 157-170 од ЗС	**171**

Новопронајден имот од стечајната маса	**201, 209**
Носител на платен промет	**2**

О

Обврски на стечајната маса	**133-135, 136**
Обезбеден доверител	**2**
Обезбедено побарување	**2**
Обезбедување на имотот што влегува во стечајната маса	**77-82**
- преземање на имотот што влегува во стечајната маса	**77**
- запечатување	**78**
- сметки на должникот	**79**
- фирма на должникот	**80**
- пари, хартии од вредност и предмети од вредност	**81**
- попис на имотот што влегува во стечајната маса	**82**
- список на доверителите	**83**
- почетен биланс на стечајот	**84**
- депонирање во стечајното досие	**85**
- сметководство според законските пропис	**86**
- в. и чл.	**74-76**
Обезбедување за исполнување на обврска	**2**
Обезбедување од надомест на штета што е должен да го даде доверител кој оспорил побарување на друг доверител	**89**
Обезбедување на финасиски колатерал	**2, 129**
Овластувања	
- на стечајниот судија	**19**
Овластен	
- ревизор	**2**
- проценувач	**2**

Оглас	
- за отворање на стечајна постапка	**71**
Огласна табла за стечај	
- во судот	**9**
- кај должникот	**9**
- начин на доставување	**9**
- истакнување решенија	**10**
Ограничување на располагањата	
- во претходната постапка	**58, 60**
- правно дејство	**61**
Одбор на доверители	
- основање	**38, 39**
- состав	**38**
- претседател	**43**
- права и обврски	**40**
- разрешување	**41**
- одговорност	**42**
- седници	**43**
- одлуки	**43, 81, 102, 103, 162, 191, 196, 216, 261**
- награди и надоместоци	**44**
- дава мислење за планот за реорганизација	**225**
Одвоено намирување се продажба на недвижност	**107**
Одговорност	
- за штета на Централниот регистар	**5**
- на стечајниот управник за штета	**26-28**
- осигурување од одговорност	**28**
- на одборот на доверители	**42**
- за штета поради неподнесување предлог за отворање на стечај	**51, 68**
Одлагање на извршувањето	
- во претходната постапка	**58**

Одлука за начинот на располагање со имотот од стечајната маса	**96-106**
- извештај за економско – финансиската состојба	**96**
- рочиште за поднесување извештај	**96**
- одлука за натамошно постапување	**97**
- начин и постапка за претворање во пари на имот од стечајната маса	**98**
- одлука за продажба, пренос на сопственоста	**100**
- правни дејствија од посебно значење	**102**
- привремена забрана за преземање правни дејствија	**103**
- продажба на целото или на дел на претпријатието на лица со посебни интереси	**104**
- промет на побарувања	**105**
- полноважност на преземените правни дејствија	**106**
Одлуки	
- на судот, видови	**11**
- одобрение од надлежен орган	**2**
- одредби од чија примена се отстапува	**2**
Одржување на должниковиот деловен потфат	**3, 97, 224**
Опструкција, забрана	**233**
Оптоварен имот	**2**
Општа забрана	
- за располагање со имот на должникот	**58, 60**
Општи одредби	
- предмет на законот	**1**
- значење на употребените изрази	**2**
- цели на стечајната постапка	**3**

- стечаен должник	**4**
- услови за отворање на стечајна постапка	**5**
Органи на стечајната постапка	**18**
Орган на управување	**2**
Организација на стечајните управници	**287-298**
- Комора на стечајни управници, статут и органи	**287**
- Кодекс на стечајни управници	**287**
- Именик (регистар) на стечајни управници	**288**
- Собрание на Комората	**289**
- Управен одбор	**290**
- претседател на Комората	**291**
- надзорен одбор	**291-а**
- финансирање на Комората	**292**
- овластувања на Министерот за економија	**293**
- дисциплински органи	**294**
- правилник за дисциплинска постапка	**294**
- дисциплински повреди и санкции	**295**
- казни за дисциплински повреди	**296**
- застареност	**297**
- извршување на дисциплинските одлуки	**298**
Осигурување на имотот	**36**
Ослободување на обврска	**2, 215, 219, 222**
Ослободување од преостанатите обврски на должник – поединец	**200, 269-286**
- основна одредба	**200, 269**
- барање на должникот	**270**
- право на предлог	**271**
- решение на стечајниот судија	**272**

- одбивање да се даде ослободувањето	**273**
- известување за ослободувањето	**274**
- правен статус на повереникот	**275**
- награда на повереникот	**276**
- рамноправен третман на доверителите	**277**
- обврски на должникот	**278**
- повреда на обврските	**279**
- осуда за кривично дело	**280**
- минимална награда за назначениот повереник	**281**
- правни последици од одбивањето за ослободување	**282**
- решение за ослободување од преостанатите обврски	**283**
- правно дејство на ослободувањето	**284**
- изземени побарувања	**285**
- поништување на ослободување	**286**
Основни одредби за постапката	**6-15**
- месна надлежност	**6**
- примена на одредбите на Законот за парнична постапка	**7**
- начела на постапката	**8**
- доставување	**9**
- јавно објавување	**10**
- одлуки	**11**
- приговор против решението	**12**
- приговор против заклучок	**13**
- вонредни правни лекови, недозволени	**14**
- трошови на постапката	**15**
Основни правни последици од отворањето на стечајната постапка	**136-156**
- ден на настапување на правните последици	**136**

- преминување на правата на должникот на стечајниот управник	**137**
- забрана за отуѓување или оптоварување	**138**
- располагање на должникот	**139**
- исполнувања во корист на должникот	**140**
- наследство	**141**
- поделба на имотот на правната заедница	**142**
- преземање на парниците	**143**
- побарувања на стечајните доверители	**144**
- престанок на правата стекнати со извршување или обезбедување	**145**
- забрана за извршување и обезбедување	**146**
- решение на стечајниот судија за прекинување на постапката за извршување	**147**
- забрана на извршување поради остварување на побарувања спрема стечајната маса	**148**
- исклучување на другите облици на правно стекнување	
- заедничка штета	**150**
- лична одговорност на неограничено одговорните содружници	**151**
- задржување на правото на пребивање	**152**
- стекнување право на пребивање во текот на стечајната постапка	**153**
- недопуштеност на пребивање	**154**
- обврска на должникот да соработува и да ги стави на	**56**

располагање сите неопходни информации	
- приведување, притвор и парична казна	**57**
- забрана за примање на поштенски пратки	**105**
- издршка од стечајната маса	**156**
- оспорени побарувања	**89, 91**
Оспорување на побарувања, резервирање средства	**190, 192, 195, 198**
Оставина, на трговец, отворање стечајна постапка	**299-315**
Отворање на стечајна постапка	**64-73**
- поим	**2**
- рочиште за изјаснување по предлогот	**64**
- преземање на долгот	**65**
- донесување решение по предлогот	**66**
- без спроведување на претходна постапка	**54**
- случаи во кои отворената стечајна постапка не се спроведува	**68**
- содржина на решението за отворање стечајна постапка	**69**
- закажување на испитно рочиште и извештај на собрание	**70**
- оглас за отворање на стечајната постапка	**71**
- доставување и објавување на решението за отворање на стечајната постапка	**72**
- правни лекови	**73**
Откажување од сослушување на должникот	**8**
Откажување на закупените простории од должникот	**164**
Оштетување на доверителите	**172-188**

П

Парична добивка	**2**
Парична казна	**23, 35, 57, 296, 355, 356, 356-а**
Парнична постапка	
- закон, соодветна примена	**7**
- продолжување на поведената	**92**
Период за отстапување	**2**
Писменост на стечајната постапка	**8**
План за распределба на средствата	**190, 191, 195-197**
План за реорганизација подготвен од должникот	**215-б до 215-д**
План за реорганизација	**215-254**
- составување на планот	**215-227**
- основна одредба	**215**
- поднесување	**216**
- содржина	**217**
- подготвителен (декларативен) дел	**218**
- спроведбен (содржински) дел	**219**
- групирање на доверителите	**220**
- доверители, право на одвоено намирување	**221**
- одговорност на должникот	**222**
- сопственички и други стварни права	**223**
- натамошни прилози	**224**
- изјаснување за планот	**225**
- запирање на располагањата и на намирувањата	**226**
- депонирање на стечајниот план	**227**
Прифаќање и одобрување на планот за реорганизација	**228-238**
- собрание за расправа и гласање	**228**
- спојување со испитното рочиште	**229**

- гласачки права на стечајните доверители	**230**
- гласачки права на доверителите со право на одвоено намирување	**231**
- потребно мнозинство	**232**
- забрана за опструкција	**233**
- согласност на должникот	**234**
- одобрување на планот за реорганизација	**235**
- повреда на постапката	**236**
- доставување на решение	**237**
- жалба	**238**
Правно дејство на планот за реорганизација и надвор врз неговото спроведување	**239-254**
- овластување за извршување и правно дејство на планот	**239**
- неисполнување на планот за реорганизација	**240**
- оспорени побарувања; сеуште ненамирени обврски	**241**
- намирување според планот	**242**
- заклучување на стечајната постапка	**243**
- правно дејство на заклучувањето на стечајната постапка	**244**
- надзор и контрола врз спроведување на планот	**245**
- права и обврски на стечајниот управнил	**246**
- должност за известување на стечајниот управник	**247**
- правни дејствија што бараат претходно одобрение	**248**
- максимален износ на заемот	**249**
- пониско рангиран статус на новите доверителите	**250**
- објавување на надзорот	**251**

- укинување на надзорот	**252**
- трошоци на надзорот	**253**
- иницијатива за отворање стечајна постапка	**254**
- кај личното управување од страна на должникот	**268**
- кај заедничкиот имот на брачните другари	**318**
- кај стечај со странски елемент	**350**
Прекршочни одредби	
- на должник – правно лице	**355**
- на должник – трговец поединец	**356**
- на стечајниот управник	**356-а**
Плати, придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност и надоместоци од договори за работа	**117**
Побарувања	
- на содолжници и гаранти	**122**
- од двострано товарни договори	**135**
- од стекнување без основ на стечајната маса	**135**
- врз основа на договори за работа	**135**
- намирување кај авансната распределба	**191-195**
- план за распределба	**190, 196**
Побарувања на доверителите	
- рангирање	**116**
- од повисок исплатен ред	**117**
- од пониски исплатни редови	**118**
- недостасани	**119**
- подложни на раскинлив или одложен услов	**120**
- од повеќе лица	**121**

- од содолжништво или гаранција, солидарни	**122**
- пресметување	**123**
- во странска валута	**123**
- повремени давања	**124**
- излачни	**125**
- разлачни	**128-132**
- пребивање (компензација)	**83, 152, 153, 154, 163, 277, 307**
- пријавување	**69**
- табела (шема)	**89**
- верификување (утврдување)	**89**
- оспорени	**89-95, 192, 195**
- по отворање на стечајот	**2**
- план за авансна распределба	**191-195**
- авансно намирување	**191-195**
- намирување со конечната распределба	**196-199**
Побивање на правните дејствија на стечајниот должник	**172-188**
- општи одредби	**172**
- дозволено намирување	**173**
- недозволено намирување	**174**
- правни работи со кои доверителите непосредно се оштетуваат	**175**
- намерно оштетување	**176**
- правни работи без надоместок или со безначаен надоместок	**177**
- тајно друштво	**178**
- исплата на менични и чековни обврски	**179**
- блиски лица	**180**
- засметување на рковите пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка	**181**
- време за преземање на правното дејство	**182**

- извршна исправа	**183**
- плаќање во готово	**184**
- правни средства и правни последици од побивањето	**185**
- правата на противникот на побивање	**186**
- побивање против правните следбеници	**187**
- правни дејствија по отворањето на стечајната постапка	**188**
- в.и одредби од чл.	**106, 244, 264, 326, 341**
Побивање на правните дејствија на стечајниот управник	**106**
Поведување на стечајната постапка	**51-53**
- предлог за отворање стечајна постапка	**51**
- повлекување на предлогот	**52**
- авансирање на трошоците на претходната постапка	**53**
Повереник	
- кај личното управување на должникот	**255-268**
- кај ослободувањето од преостанатите обврски на трговец поединец	**271-286**
- в. стечајна постапка врз заедничкиот имот на брачните другари	**316**
Повлекување на предлогот	
- за отворање на стечајна постапка	**52**
Поврзано лице во однос на должникот	**2**
Подвижни ствари, обврска за евиденција (регистар)	**82**
Поднесување	
- завршна сметка и завршен извештај од страна на стечајниот управник	**34, 197**

- месечен извештај на стечајниот управник	**34**
- привремени сметки и извештаи од страна на стечајниот управник	**35, 191**
Поимник, значењето на поимите	**2**
Поканување	
- врачување покана на суд	**9**
- непостоење обврска на судот	**9**
Полномошник за примање на судски писмена	**9**
Пониско рангирани доверители	
- укажување на нивното рангирање	**87**
Попис (инвентар) на стечајната маса	**82, 265**
Поповолна можност за продажба	
- предлага разлачен доверител	**110**
Порамнување	**2**
Порамнување на побарувањата	**2, 215, 219, 221, 222, 224**
Порамнување на побарувањата пред отворањето на стечајна постапка	**3**
Посебна завршна сметка и посебен завршен извештај	**209**
Посебни видови на стечајни постапки	**295-318**
- в. стечајната постапка врз имотот на умрено лице трговец	**299-315**
- в. стечајна постапка врз заедничниот имот на брачните другари	**316**
- в. стечајната постапка врз заедничкиот брачен имот со кој заеднички располагале брачните другари	**317-318**
Посебни права на подносителот на планот за реорганизација	**215**
Постапка за реорганизација	**2, 215 – 254**
Постапување на стечајниот судија по парниците	**93-а**

Потврда за неспособност за плаќање	**5**
Потрага	
- право на пребарување на излачен доверител	**125**
Потрајни обврзни односи	
- склучени пред отворање на стечајната постапка	**162**
Почетен биланс на стечајот	**84**
Права на одвоено намирување	**128-132, 215**
Права на содружник кај персонално друштво	
- при ликвидација поради стечај на друг содружник	**170**
Права и обврски	
- на одборот на доверители	**40**
- на привремениот стечаен управник	**59**
- на стечајниот управник	**33, 34**
- на повереникот	**259-268, 275, 176, 281**
Правилник за дисциплинска одговорност на стечајните управници	**289, 360**
Правни дејствија од посебно значење	**102, 103**
Право на глас	**48, 230, 231**
Право на обезбедување	**2**
Правни лекови	
- поради отворање, односно, неотворање на стечајна постапка	**73**
Правни лица за кои не се применува Закон за стечај	**4**
Прво собрание на доверителите	**45-50, 70**
Правни последици од отворањето на стечајната постапка	**136-188**
- преминување на правата врз стечајниот управник	**137**
- поделба на имотот на правна заедница	**142**

- преземање на парниците	**143**
- прекинување на извршната постапка	**147**
- право на пребивање, задржување	**152,153**
- право на пребивање, недопуштеност	**154**
- приведување, притвор и парично казнување на должникот	**57**
- поштенски пратки, забрана на должникот да прима	**155**
- правни работи, исполнување	**157-171**
- продолжување важноста и на договорот за извршување на работите	**167**
- продолжување важноста на потрајни обврзни односи	**162**
- престанок на понуди	**168**
- престанок на менаџерски договори	**166**
- престанок на полномошно	**169**
- побивање на правни дела на стечајниот должник	**172-188**
- гаснење на сметките на должникот	**79**
- фирмата се означува со “во стечај”	**80**
- почеток на деловна и сметководствена година	**86**
Пребивање	**83, 152, 153, 134, 163, 277, 307**
Предавање предмет на разлачен доверител	**110**
Предлагач за отворање на стечајна постапка	**51**
Предлог за поведување на стечајна постапка	**8, 51**
Предлог за потврдување на постапката, недозволен	**14**
Предмет на Законот за стечај	**1**

Преземање на долг	**5, 65, 224**
Преземање на имотот од страна на стечајниот управник	**77, 82**
Преземање на обврските на долгот	**5, 65, 224**
Преземање на парница по отворање на стечајна постапка	**92,95**
Пренесување	**2**
Пресуда за утврдување, оспорување на побарување	
- правно дејство	**94**
Пресметка и исплата на трошоците на стечајниот управник. месечно	**37**
Претседател на одборот на доверители	**43**
Претходна постапка	**54-63**
- поведување	**54**
- обврска за давање известувања и соработка од страна на должникот	**55, 56**
- приведување, притвор и парична казна за должникот	**57**
- мерки за обезбедување	**58**
- привремен стечаен управник	**59**
- објава на ограничувањето на располагање	**60**
- правно дејство на ограничувањето на располагање	**61**
- укинување на мерките на обезбедување	**62**
- рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка	**64**
- изјава за преземање на долг	**65**
Преодни и завршни одредби	**358-365**
- примена на досегашното право	**358**
- примена на овој закон	**359**
- основање Комора на стечајни управници	**360**

- испит на стечајните управници во преодниот период	**361**
- донесување на поблиски прописи	**362**
- стекнување лиценца на стечајни управници	**363**
- закон кој престанува да важи	**364**
- влегување во сила	**363**
Престанок на постоењето	
- на должникот – правно лице	**200**
Престанок на договорите за вработување	**166**
Претворање на имотот во пари	**3, 34, 98 – 106**
Претставници на вработените	
- даваат мислење за планот за реорганизација	**225, 228**
Претпријатие	**2**
Прибелешка во јавните книги	
- за обезбедување на побарување	**160**
Приведување, притвор и парична казна на должникот	**57**
Привремен застапник за прием на писмена	**9**
Привремен стечаен управник	**59-63**
- статус на стечаен управник	**61**
Привремени сметки и извештаи	**34, 35, 197**
Привремен застапник за прием на писмена	**9**
Приговор	
- против заклучок	**13**
- на одборот на доверители	**40**
- на табелата (шемата) на пријавени побарувања	**89**
- кај побивањето на правните располагања	**185**
- на планот за распределба	**191, 196**
- против барањето за запирање на постапката	**212**

Придонеси од плата	
- приоритет на намирување	**117**
Признавање на странска одлука за отворање на стечајната постапка	**327-354**
- општи правила за признавање	**327**
- месна надлежност и состав на судот	**328**
- предлог за признавање одлука за отворање стечај	**329**
- претпоставки	**330**
- одредување привремени мерки и забрани	**331**
- огласи	**332, 334**
- испитување претпоставки за признавање	**334**
- жалба против решението за признавање	**335**
- признавање странска одлука како претходно прашање	**336**
- в. важење на призната странска одлука за отворање стечајна постапка	**337-354**
Пријавување на побарувањата	**87**
Примопредавање на должноста меѓу стечајните управници	**32**
Принципот на паритет – Pari passu	**2**
Приоритет	**2**
Приоритетно побарување	**2**
Причини за отворање на стечајната постапка (услови)	**5**
Програма за полагање испит за овластен стечаен управник	**23, 361**
Програма за посебна специјалистичка обука	**290-а**
Програма за полагање на испит за стекнување на сертификат за посебни специјалистички знаења	**290-а**
Продажба на имотот на должникот или дел од него	**215**

Продажба на имотот од стечајната маса, поблиску се уредува според професионалните стандарди	**98**
Продажба на претпријатието или дел од него	**104**
Продажба како целина	**2, 104**
Продажна цена	**99**
Продолжување на деловниот потфат (претпријатието) на должникот	**3, 50, 82, 97, 224, 245, 247, 251,**
Продолжување на претходно поведена парнична постапка	**92**
Промет на побарувања	**105**
Пропуштање рок или рочиште, последици	**8**
Професионални стандарди на стечајните управници	**20, 27, 82, 360-362**
Професионални стандарди за електронска продажба, како и продажбата на имотот дел од стечајната маса за која може да настанат штетни последици, ги донесува министерот за економија	**98**
Проценувач	**82**
Процент на намирување на доверителите	**190, 221**

Р

Работен однос, престанок во случај на отворена стечајна постапка	**116**
Разлачни доверители	**128-132**
- поим	**128**
- како членови на одборот на доверители	**48**
- оштетени од одборот на доверители	**49**
- бара укинување на одлука на собранието на доверители	**49**

- повикување да ги пријават своите побарувања	**69**
- право на намирување од финансиски колатерал	**129**
- право на одвоено намирување	**107-115, 128**
- закуподавец, на закупнина	**130**
- други доверители изедначени со разлачните	**130, 131**
- како стечајни доверители	**132**
- остварување на побарувања во извршна постапка	**107**
- права при продажбата	**107-110**
- остварува камата во стечајот	**111, 136**
- остварува обештетување за употреба на предметот во стечајна маса	**111-114**
- располага со предметот	**107, 108, 115**
- авансно намирување	**193**
- во планот на реорганизација	**221, 222, 241**
- в. и чл.	**339**
Разрешување	
- на стечајниот управник	**36**
- на членовите на одборот на доверители	**41**
Рангирање на доверителите на стечајната маса	**116-124**
- стечајни доверители, поим	**2**
- рангирање на стечајните доверители	**116**
- побарувања од повисок исплатен ред	**117**
- побарувања од пониски исплатни редови	**118**
- недостасани побарување	**119**
- побарувања подложни на раскинлив или одложен услов	**120**
Рангирање според планот за реорганизација	**249, 250**

Расипнични однесувања на должникот трговец- поединец (одбивање да се даде ослободување од преостанатите обврски)	**273**
Располагања на должникот	
- без правно дејство	**139**
Располагање со подвижни предмети	
- во случај на право на одвоено намирување	**108-115**
Распределба на имотот меѓу доверителите	**99**
Распределба на средствата во стечајната постапка	**189-199**
- намирување на стечајните доверители	**189**
- план за распределба	**190**
- план за авансна распределба	**191**
- расгледување на оспорените побарувања	**192**
- намирување на доверителите со право на одвоено намирување	**193**
- намирување на побарувањата што подлежат на одложен услов	**194**
- дополнително намирување	**195**
- измени на планот за распределба	**196**
- проговори на планот за распределба	**196**
- одобрување на планот за распределба	**196**
- конечна распределба на средствата	**196**
- завршно собрание на доверителите	**197**
- депонирање на задржаните средства	**198**
- вишок што произлегува од конечната распределба	**199**

- дополнително (одложена) распределба	**201**
Ревизија како правен лек	
- недозволена	**14**
Ревизор на билансот на состојбата	**86**
Регистарска влошка, запишување во врска со стечајот	**10**
Регистар на стечајни управници	
- се води во Комората на стечајни управници	**29**
- го води Министерството за економија	**30-а**
Регрес на солидарен должник спрема својот должник	**122**
Резервирање на средства за оспорени побарувања	**190, 192, 195, 198**
Редовно деловно работење	**2**
Реорганизација на должникот	
- в. план за реорганизација	**215-254**
Република Македонија како разлачен доверител	**131**
Република Македонија, сопственик на земјоделско земјиште	**126**
Решение	
- како форма на одлука	**11**
- јавно објавување	**10**
- може да се напаѓа со жалба	**12**
- за именување на стечајниот управник	**31**
- за именување на друг стечаен управник	**32**
- за казнување на стечајниот управник	**35**
- за разрешување на стечајниот управник	**36**
- за награди и надоместоци на стечајниот управник	**37**
- за основање одбор на доверители	**38**

- за разрешување член на одборот на доверители	**41**
- решение за награда и надоместоци на одборот на доверители	**44**
- фза одбивање да се свика собрание на доверители	**46**
- за укинување на собранието на доверителите	**46**
- за авансирање на трошоците за претходната постапка	**53**
- за отфрлање на предлог за претходна постапка	**53, 54**
- за поведување претходна постапка	**54**
- за определување рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка	**54**
- за мерки за обезбедување во претходна постапка	**58**
- за именување привремен стечаен управник	**58, 59**
- за ограничувања на располагања на претходната постапка	**58, 60**
- за укинување на мерки за обезбедување во претходната постапка	**62**
- за запирање на претходната постапка поради преземање на долгот	**65**
- поради ослободување на должникот за плаќање	**66**
- за отворање на стечајна постапка	**67-69**
- запишување во јавни регистри	**72**
- за отворање и заклучување на стечајната постапка	**68**

- за приведување, притвор и казнување на должникот	**57**
- за забрана на примање на поштенски пратки на должникот	**155**
- за продажба на претпријатието	**104**
- за утврдени, односно, оспорени побарувања	**89**
- за упатување на парница	**91, 92**
- со кое се одбива приговорот на планот за авансна распределба	**191**
- по повод приговори на предлог – планот за конечна распределба	**196**
- по повод приговори истакнати на завршното собрание на доверителите	**197**
- за заклучување на стечајната постапка	**200**
- за дополнителна (одложена) распределба	**201, 203, 204**
- за запирање на стечајната постапка	**205**
- за одбивање на планот за реорганизација	**236, 237**
- со кое се одобрува планот за реорганизација	**235, 237**
- за заклучување на стечајната постапка, после одобрување на планот за реорганизација	**243**
- за укинување на надзорот врз спроведување на планот за реорганизација	**252**
- за лично управување на стечајниот должник	**255**
- дополнително за лично управување на стечајниот должник	**256**

- по повод барање за укинување на лично управување	**257**
- за ослободување на преостанатите обврски на должни - трговец	**272-274**
- за назначување повереник	**274**
- по повод барањето да не се дозволи ослободување од преостанатите обврски на трговец - поединец	**279**
- за одбивање да се даде ослободување од преостанатите обврски	**286**
- за признавање одлука на странски суд	**334**
Роднина	**22**
Рок	
- пропуштање	**8**
- за жалба	**12**
- за приговор против заклучок	**13**
- за впаричување на имотот	**36**
- за предлагање на отворање на стечајна постапка	**51**
- за пријавување на побарувањата	**87**
Рочиште	
- пропуштање	**8**
- за испитување на условите за отворање стечајна постапка	**54**
- поради расправа за условите за отворање стечајна постапка	**64**
- за собрание на доверителите	**70**
- за поднесување извештај	**96, 97**
- испитно (верификационо) рочиште	**70, 89, 229**
- извештајно	**96, 97**
- завршно	**197**

- за гласање на планот за реорганизација	**228-235**

С

Санатор	**219**
Седиште на друштвото	**2**
Седиште на должникот	
- критериум за месна надлежност на судот	**6**
- доставување на адреса на седиштето	**9**
Седници	
- на одборот на доверители	**43**
- на собранието на доверителите	**47**
Службена легитимација на стечаен управник	**33**
“Службен весник на РМ”	
- средство за јавно објавување	**10, 71, 281, 298, 332, 334**
Сметање (засметување) на роковите кај побивање на правни дејствија	**181**
Сметка на стечајниот должник во банка, нова	**79**
Сметководство во стечајот	**86**
Собрание на доверителите	
- свикување	**45**
- предлог за свикување	**46**
- седници и одлучување	**47, 70**
- право на глас	**48**
- укинување на неговите одлуки	**46, 49**
- овластувања	**50, 97, 197**
- извештајно рочиште	**97**
- завршно	**197**
- за расправа и за гласање за планот за реорганизација	**228**
- други овластувања	**56, 102 – 104, 189, 256, 257, 262**

Советодавно тело за прашања од областа на стечајот, трговското право и економијата, формирано од министерот за економија	**293**
Содржина на решението за отворање на стечајната постапка	**69**
Сопственик на капитал во друштвото	**2, 55-58**
Соработка на должникот	
- обврска во стечајната постапка	**55, 56**
Сослушување на должникот, незадолжително	**8**
Список на доверители	**83**
Спојување на должникот со друг субјект	**215**
Сразмерно намирување на доверителите	**116, 132, 207**
Статусни промени	**2, 215, 224**
Статут на Комората на стечајните управници	**287**
Стечаен должник	**2, 3**
- должник – правно лице	**4**
- должник - поединец	**4, 269-286**
- стопанска интересна заедница	**4**
- имот на умрено лице	**4, 299-315**
- заеднички имот на брачни другари	**4, 316-318**
Стечаен доверител	**2**
- поим	**2**
- предлага именување на стечаен управник	**31**
- поднесува предлог за отворање стечајна постапка	**51-53**
Стечаен судија	
- овластувања	**19**
- изрекува мерки за обезбедување во претходна постапка	**58**
Стечаен управник	

- поим	**2**
- доверување на доставувањата	**9**
- лиценца за вршење работи и на стечаен управник	**20, 24**
- трговско друштво како стечаен управник	**20, 24**
- прима задолжителни упатства од стечајниот судија	**19**
- кој може да биде именуван	**20**
- членство во Комората на стечајни управници	**20**
- кој не може да биде именуван	**22**
- кој не може да добие лиценца	**21**
- испит за овластен стечаен управник	**23, 23-а – 23- љ**
- одговорност за причинетата штета	**26**
- одговорност за стечајниот управник	**27**
- осигурување од одговорност за штета	**28**
- обновување на лиценцата	**29**
- одземање на лиценцата	**30**
- именување	**31**
- именување на друг стечаен управник	**32**
- овластувања	**33**
- како законски застапник на должникот	**33**
- службена легитимација	**33**
- должности	**34**
- контрола над неговата работа	**35**
- казнување	**35**
- разрешување	**36**
- награда	**37**
- надоместок на трошоците	**37**
- поднесува завршна сметка и завршен извештај	**34**

- поднесува привремени сметки и извештаи	**34, 50**
- бара укинување на одлука на собранието на доверителите	**46**
- исполнува обврски наместо привремениот стечаен управник	**63**
- се именува со решение за отворање стечајна постапка	**69**
- го презема имотот од стечајната маса	**77**
- бара запечатување на предмети	**78**
- врши попис (инвентар) на имотот	**82**
- прави список на доверителите	**83**
- прави список на побарувања што можат да се пребијат (компензираат)	**83**
- прави почетен биланс на стечајот	**84**
- ги депонира списоците во стечајното досие	**85**
- поднесува извештај за економско – финансиската состојба	**96**
- го вапричува имотот	**98-100**
- презема правни дејствија од посебно значење	**102, 103**
- побивање на неговите правни дејствија	**106**
- предлага продажба на недвижности	**107**
- располага со недвижни предмети	**108-114**
- утврдува квота и износ за авансна распределба	**191**

- изготвува извештај за исплата според авансната распределба	**191**
- ги депонира издвоените и задржаните средства	**198**
- го известува стечајниот суд за недоволност на стечајната маса	**206-209**
- ги намирува обврските на стечајната маса	**207**
- подготвува план за реорганизација	**216**
- дава мислење по планот за реорганизација	**216**
- продолжува постапката за побивање правни дејствија	**244**
- врши надзор над спроведувањето на стечајниот план	**246, 247, 251**
- дава дозвола за спроведбениот дел на стечајниот план	**248**
- в. стечајна постапка врз заедничи имот на брачните другари	**316**
- кај призната странска одлука	**346**
- полага испит според преодните одредби од Законот	**361**
- се разрешува според преодните одредби од Законот	**363**
Стечаен управник, привремен	**58, 59**
- обврски пред разрешувањето	**63**
Стечајна маса	
- поим	**2, 74**
- имот што не влегува во неа	**75**
- имот на брачните другари	**76**
- обврски	**133-135**
- преземање	**77**

- запечатување на предмети	**78**
- сметки на должникот	**79**
- фирма на должникот	**80**
- пари, хартии од вредност предмети од вредност	**81**
- попис (инвентар)	**82**
- недостиг на имот	**205**
Стечајна постапка	**2**
- лице над кое се спроведува	**4**
- правни последици од отворањето	**136-188**
- намирување на доверителите	**189-204**
- посебни видови	**299-315**
- врз поединци со статус на трговец	**269-286**
- со странски елементи	**319-354**
- над имот на умрено лице	**219-315**
- над имот на стопанска интересна заедница	**4**
- над заеднички имот на брачните другари	**316-318**
- по ликвидација на трговското друштво	**4**
- начела	**8**
- поведување по предлог од овластено лице	**8, 51**
- интност	**8**
- инквизиторност	**8**
- писменост	**8**
- непоседно отворање	**67**
- отворање	**64-73**
- правно лице над кое не се спроведува стечај	**4**
- содржина на решението за отворање	**69**
- случаи во кои по отворањето не се спроведува	**68**
Стечајна постапка врз заеднички имот на брачните другари	**316-318**

- соодветна примена на одредбите од чл. 299-318 од ЗС	**316**
- предлог и основи за отворање на стечајна постапка	**316, 317**
- лична одговорност на брачните другари	**318**
Стечајна постапка врз имот на умрено лице – трговец	**299-315**
- месна надлежност	**299**
- можност за отворање на стечајна постапка	**300**
- предлагачи	**301**
- предлог при постоење на заеднички брачен имот	**302**
- рок за поднесување предлог	**303**
- причини за отворање на постапката	**304**
- извршување по наследувањето	**305**
- побување на правните дејствија на наследниците	**306**
- трошоци на наследникот	**307**
- обрвски на стечајната маса	**308**
- обврски поврзани со оставината	**309**
- побарувања на наследниците	**310**
- пониско рангирани побарувања	**311**
- враќање на предмети	**312**
- наследни спорови	**313**
- купување на оставината	**314**
- истовремена инсолвентност на наследникот	**315**
Стечајна постапка од мала вредност	**73-а**
Стечајни доверители	**116-127**
- поим за стечаен доверител	**2**
- рангирање на стечајните доверители	**116**

- побарувања од повисок исплатен ред	**117**
- побарувања од пониските исплатни редови	**118**
- недостасани побарувања	**119**
- побарувања подложни на раскинлив или одложен услов	**120**
- одговорност на повеќе лица	**121**
- права на солидарните содолжници и гаранту	**122**
- повремени давања	**124**
- оштетени од одборот на доверители	**42**
- бара укинување на одлуки на собранието на доверители	**49**
- сразмерно намирување	**116, 132, 207**
- остварување на побарувањата само во стечајната постапка	**144**
- престанок на правата стекнати со извршување или обезбедување	**145**
Стечајни доверители со мали побарувања	
- како членови на одбор на доверители	**38**
Стечајни доверители со најголеми побарувања	
- како членови на одбор на доверители	**38**
Стечајно досие	**78, 85, 89, 190, 191, 196, 197, 212, 227, 228**
Стопанска интересна заедница, стечаен должник	**4**
Странска валута, побарувања на доверителите	**123**
Странска постапка	**2, 319, 327-354**
Странска колективна постапка	**2, 319, 327-354**
Странски стечаен управник	**2, 319, 327-354**
Странски суд	**2, 319, 327-354**
Стручни лица	

- како членови на одборот на доверители	**39**
Судски депозит	**200, 201**
Судски писмена, доставување	**9**
Суспензивно дејство на жалбата	
- по исклучок	**12**

Т

Табела (шема) на побарувањата	**89, 242**
- како извршна исправа	**242**
Табели	
- компјутерска обработка	**8**
Тајно друштво, побивање правна работа	**178**
Термински договори, фиксни договори	
- исполнување по отворање на стечајната постапка	**158**
Трајна животна заедница	
- имот што влегува во стечајната маса	**76**
Трајни вложувања врз земјоделско земјиште во државна сопственост	**126**
Трговец - поединец	**2**
- губење својство	**200**
- стечајна постапка	**255-268**
Трговско друштво како стечаен управник	**20**
Трето лице, дава изјава за преземање на долгот, на обврските на должникот	**5, 65, 224**
Трошоци на стечајната постапка	**2, 132-134**
- доверителот ги поднесува своите	**15**
- ред на намирување	**133**
- кои се трошоци на стечајната постапка	**134**

- останати одредби	**19, 37, 44, 53, 68, 94, 118, 112, 133, 201, 205, 206, 207, 276, 307, 308**
Трошоци за определување на предметот	**2**
Трошоци кои паѓаат на товар на стечајната маса	**94**
Тужба	
- побивање на правни дејствија	**172-188**
- за оспорување, утврдување на побарувања	**87-94**
- вредност на предметот на спорот	**93**
- доказ дека е поднесена	**192**

У

Уверение за положен испит за стечаен управник	**23**
Удели, продажба според ЗТД	**98**
Упатување на парница на доверител	
- кој оспорил побарување на друг доверител	**91**
- чие побарување е оспорено од страна на стечајниот управник	**91**
Упис во јавни книги	**69**
Управување и располагање со имотот од стечајната маса	**74-86**
Условено и орочено правно дејствие	**182**
Условно побарување	
- намирување кај авансна распределба	**194**
Услови	
- за отворање на стечајна постапка	**5**
- раскинлив	**120**
- одложен	**120**

- за активирање (спроведување) на аранжманот за финансиски колатерал	**2**
Управување	
- лично	**168-255**
- со имотот	**74-76**
Утврдување на побарувањата во стечајната постапка	**87-95**
- пријавување на побарувањата	**87**
- ненавремена пријава	**88**
- неуредна пријава	**88**
- табела (шема) на пријавени побарувања	**89**
- постапка за испитно рочиште	**89**
- оспорени побарувања	**91**
- надлежност за утврдување на побарувањата	**89**
- обем на утврдување	**89**
- поведување постапка пред суд	**91**
- продолжување на парница	**92**
- вредност на предметот на спорот	**93**
- правно дејство на пресуда за утврдување	**94**
- посебна надлежност	**92**

Ф

Фаворизирање	**2**
Физичко лице – трговец поединец како стечаен управник	**20**
Фиксни договори – финансиско исполнување	
- исполнување по отворање на стечајна постапка	**158**
Финансиски договор	**2**

Финансиски колатерал	**2, 129**
Финансиски инструменти	**2**
Финансиско – економска состојба на должникот	**85, 96, 265**
Финансиско исполнување што има пазарна или берзанска вредност	**158**
Фирма на должникот	**80**

Ц

Цели на стечајната постапка	**3**
Централен депозитар за хартии од вредност	**239**
Централен регистар	
- издава потврда за намирување обврска	**5**
- издава потврда за неспособност за плаќање	**5**
- одговара за надомест на штета	**5**
- објавува судски писмена преку Интернет на својата ВЕБ страница	**10**
- веродостојност на податоците за кои издава потврда	**10**
- го регистрира одземањето на лиценца на стечаен управник	**30**
- прима известување од стечајниот управник	**34**
- го регистрира решението за основање Одбор на доверители на стечајниот должник	**39**
- го регистрира решението за разрешување на член на Одборот на доверители	**41**
- го регистрира решението за поведување претходна постапка	**54**

- го регистрира решението за привремени мерки за ограничување на располагање	**60**
- го регистрира решението за запирање на претходните постапки	**65, 66**
- го регистрира решението за отворање на стечајна постапка	**69, 72**
- ги известува банките дека се гаснат сметките што должникот ги има кај нив	**79**
- запишува кон фирмата на должникот "во стечај" и тоа го објавува	**80**
- ја евидентира во регистарот годишната сметка што ја изготвува стечајниот управник	**86**
- го запишува во трговскиот регистар заклучувањето на стечајната постапка и го брише должникот од трговскиот регистар	**200**
- го еведентира решението за запирање на стечајната постапка	**213**
- го запишува во трговскиот регистар решението за лично управување од должникот, односно, укинување на тоа решение	**258**
- го евидентира решението за признавање на странска судска одлука за отворање стечајна постапка	**334**

Ч

Час на отворање на стечајната постапка	**69**
Чување во деловните книги	**86**

Ш

Шема – табела на побарувањата	**89, 242**
- како извршни исправи	**242**
Штета	
- обезбедување надомест на штета при поведување парница од страна на доверител кој оспорил побарување на друг доверител	**91**

Врз основа на член 24 став 2 и член 25 став 4 од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/06) министерот за економија донесе:

ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК И НА ЛИЦЕНЦАТА НА ДРУШТВОТО СТЕЧАЕН УПРАВНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за вршење на работите стечаен управник и на лиценцата на друштвото стечаен управник.

Член 2

Лиценцата за овластен стечаен управник е со А-4 формат изработен од специјална конздрук хартија во бела боја на која е втиснат сув жиг.

Лиценцата за овластен стечаен управник го содржи следниот текст: Грб на Република Македонија; Република Македонија; Министерство за економија; Законскиот основ за издавање на лиценцата; ЛИЦЕНЦА за вршење на работи на стечаен управник; име и презиме на лицето за кое се издава лиценцата; ЕМБГ; дата и место на раѓање; времетраење на лиценцата; број под кој е евидентирана издадената лиценца во Министерството за економија; број на лиценцата со дата на издавање; потпис на министерот за економија и место за печат.

Член 3

Лиценцата за друштво стечаен управник е со А-4 формат изработен од специјална конздрук хартија во бела боја на која е втиснат сув жиг.

Лиценцата за друштво стечаен управник го содржи следниот текст: Грб на Република Македонија; Република Македонија; Министерство за економија; законскиот основ за издавање на лиценцата; ЛИЦЕНЦА за вршење на работи на друштво стечаен управник; податоци за седиштето на друштвото улица и број; ЕДБ; дата и место на основање; времетраење на лиценцата; број под кој е евидентирана издадената лиценца во Министерството за економија; број на лиценцата со дата на издавање; потпис на министерот за економија и место за печат.

Член 4

Лиценцата за овластен стечаен и лиценцата друштво стечаен управник се дадени во прилог бр. 1 и прилог бр. 2 кои се составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Министер,

Бр. 07-7858/1 Вера Рафајловска, с.р.

10 ноември 2006 год, Скопје

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за стечај министерот за економија издава:

Л И Ц Е Н Ц А
за вршење на работите на стечаен управник

На _____
со ЕМБГ
_____ роден - а_____година во _____кој/а ги исполнува условите согласно одредбите од Законот за стечај за стекнување на лиценца за вршење на работите стечаен управник.

Именованиот - та се стекнал - а со лиценца за вршење на работите стечаен управник за време од две години и е евидентиран - а во Министерството за економија под број _____.

Бр. _____
_____ 2006 год.
С к о п ј е

МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,

М.П.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 25 став 4 од Законот за стечај министерот за економија издава:

Л И Ц Е Н Ц А
за вршење на работите на друштвото стечаен управник

На трговското друштво_____ со ЕДБ_____ со седиште _____ во _____кое ги исполнува условите согласно одредбите од Законот за стечај за стекнување на лиценца за вршење на работите стечаен управник.

Друштвото се стекнало со лиценца за вршење на работите стечаен управник за време од две години и е евидентирано во Министерството за економија под број _____.

Бр. _____
_____ 2006 год.
С к о п ј е МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА

М.П.

Врз основа на член 33 став 4 од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/06, министерот за економија донесе:

ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимација на стечаен управник.

Член 2

Легитимацијата на стечајниот управник е со димензии 6,5 х 9 см и е сместена во троделен кожен повез.

Легитимацијата на стечајниот управник е пластифицирана со 120 микронски мат пластификат и се става во внатрешен дел од кожната футрола во прозирен пластичен џеб.

Кожниот повез е изработен од мазно дупло штепована и додатно укрутена кожа во црна боја. Се состои од три дела, во третиот дел од внатрешната страна има изработено пластичен џеб за образецот. На легитимацијата кожниот повез кога е склопен е во димензии 7,5 х 11,5 см.

Член 3

Предната страна на легитимацијата го содржи амблемот, Република Македонија, Комора на стечајни управници на Република Македонија, легитимација, место за фотографија 2,5 х 3 см, име и презиме на стечајниот управник, регистарски број, потпис на претседателот на Комората на стечајни управници и место за печат на Комората.

Задната страна содржи текст: Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени со Законот за стечај и датум на издавање.

На првиот дел од горната надворешна страна на кожниот повез е втиснат грбот на Република Македонија, обоен со жолто - златна боја и под него со текст со жолто златни букви "ЛЕГИТИМАЦИЈА".

На внатрешната средна страна на кожниот повез е сместен амблем изработен од месинг или сличен метал со златно жолта боја, рељефно обработен со вдлабнување и испакнување. Вдлабнатите делови се дообработени рустикално за да се потенцира испакнувањето кое е мазно.

Амблемот има форма на штит со димензии пет сантиметри во ширина и шест сантиметри во висина.

На средината на штитот е прикажан меч со вага, позади мечот и вагата се прикажани зраците од знамето на Република Македонија.

На долниот дел под мечот и вагата се наоѓа венец, а на кој во средината ќе биде изгравиран серискиот број на амблемот кој е истоветен со регистарскиот број на легитимацијата.

Член 4

Издадените легитимации на стечајните управници се евидентираат во Комората на стечајни управници.

Член 5

Легитимацијата има важност се додека стечајниот управник има лиценца за вршење на работите стечаен управник.

Во случај стечајниот управник да не ја обновил лиценцата за вршење на работите стечаен управник или го изгубил својството на стечаен управник предвиден со Законот за стечај ја враќа легитимацијата во Комората на стечајни управници.

Член 6

Во случај на губење на легитимацијата стечајниот управник ја огласува за неважечка на сопствен трошок и за тоа го известува претседателот на Комората на стечајни управници и му се издава нова легитимација.

Легитимацијата се заменува со нова и во случаи на дотраеност или оштетување и промена на личните податоци на стечајниот управник.

Член 7

Легитимациите кои се враќаат или заменуваат се поништуваат.

Член 8

Легитимацијата на стечајниот управник е дадена во прилог кој е составен дел на правилникот.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-7858/1
10 ноември 2006 год.
С к о п ј е
Министер,

Вера Рафајловска, с.р

Амблем

предна страна

  Република Македонија Комора на стечајни управници на Република Македонија ЛЕГИТИМАЦИЈА	Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени со Законот за стечај ("Службен весник на РМ" бр.34/06) Датум на издавање _____

Име ---------- Презиме ---------- стечаен управник рег.бр. 0000 Претседател на комората МП	

Врз основа на член 362 од Законот за стечај ("Службен весник на РМ" бр.34/06) министерот за економија донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој правилник се уредуваат професионалните стандарди за водење на стечајната постапка и тоа: Стандард за управување со паричните средства и банкарските сметки; Стандард за попис на имот на стечајниот должник, составување на листа на доверители, Стандард за составување на извештај на стечајниот управник за извештајното собрание; Стандард за минимум податоци кои треба да ги содржи планот за реорганизација кој го поднесува стечајниот управник; Стандард за вршење контрола над извршување на планот за реорганизација; Стандард за образец за завршен извештај на стечајниот управник за извршените уплати и исплати, Стандард за начинот за водење и чување на документација и Стандард за месечен извештај.

Член 2

Професионалните стандарди за водење на стечајна постапка од член 1 на овој правилник се дадени во прилог, кој е негов составен дел.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.15-1433/1
26 февруари
2014 година
Скопје

Министер
Ваљон Сараќини, с.р.

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И БАНКАРСКИ СМЕТКИ

1. ВОВЕД

Целта на овој стандард е да обезбеди стечајниот управник во секое време да може да докаже дека управувал со парични средства како дел од имотот на должникот кој влегува во стечајна маса со должно внимание на уреден и совесен трговец односно со внимание на способен и вешт човек (професионалец) како и дека тие биле:
1) заштитени од обидот на доверители да се намират во обем поголем од законските прописи за намирувања; и
2) издвоени од сите останати парични средства на стечајниот управник и под негов постојан надзор.

Како останати парични средства на стечајниот управник се сметаат паричните средства на други клиенти на стечајниот управник, како и неговите лични средства.

2. СТАНДАРДИ

1. Систем на внатрешна контрола

Стечајниот управник ќе:
1) го одржува системот за внатрешна контрола за евиденција на уплатите и исплатите од стечајната маса;
2) обезбеди примена на мерки за заштита на системот за внатрешна контрола;
3) врши периодична анализа и ревизија на системот за внатрешна контрола со цел да обезбеди беспрекорно да функционира.

2. Управување со сметките и паричните средства кои се дел од имотот кој влегува во стечајната маса

1. Стечајниот управник следниот ден од денот на стапување на должност, презема мерки да утврди во колку банки стечајниот должник имал сметки и ги известува за отварањето на стечајната постапка согласно со член 72 од Законот за стечај. Со известувањето, стечајниот управник доставува копија од решението за отварање на стечајна постапка.

2. Стечајниот управник неможе да издава налози на товар на сметките на стечајниот должник кои ги имал пред отворање на стечајната постапка и треба да се угаснат како последица на правните последици од отворањето на стечајната постапка.

3. Пред отварање на нова сметка за потребите на стечајната постапка, стечајниот управник ќе ги спроведе сите потребни истражувања со цел да изврши проценка на финансиската стабилност и солидност на банките во која ќе отвари нова сметка.

4. Стечајниот управник по преземените мерки во врска со проценката на финасиската стабилност на банките, веднаш отвора нова сметка за потребите на стечајната постапка. За отворањето на новата сметка стечајниот управник го известува Централниот регистар.

5. Во случај банката кај која стечајниот должник имал отворено сметки кои како правна последица на отворањето на стечајната постапка се гаснат, не ги пренесува паричните средства во тој случај презема мерки паричните средства од угасените сметки да бидат пренесени на новата сметка, а во согласност со член 79 од Законот за стечај.

6. Доколку активностите на стечајниот должник се сложени во мерка која по проценка на стечајниот управник ја оправдува потребата за отварање на повеќе сметки како и девизна сметка, стечајниот управник може да постапи согласно со таквата потреба и да отвори повеќе сметки, односно девизна сметка согласно посебните законски прописи. За отворањето на повеќе сметки стечајниот управник го известува Централниот регистар

7. Мерките за внатрешна контрола на стечајниот управник во водењето и користењето на банкарските сметки зависат од износот на средствата на сметката и динамиката и обемот на неопходните финансиски трансакции. Мерките кои стечајниот управник ги превзема во вршењето на внатрешна контрола вклучуваат:
1) ограничување на овластувањето за потпишување на сметките само на стечајниот управник;
2) поставување на ограничување во износ на овластување на други потписници каде постојат повеќе лица за потпишување на сметките во случај кога во стечајната постапка за стечаен управник е именувано друштво;

3) воведување на колективно потпишување на сметките во случај кога во стечајната постапка за стечаен управник е именувано друштво;
4) користење на одвоени сметки за различни цели, на пример посебна сметка за тековното работење на деловниот потфат.

8. Состојба на банкарските сметки отворени за потребите на стечајната постапка, како и сите промени на состојба на месечна основа ги усогласува лице кое не е овластено да управува со средствата на тие сметки.

9. Стечајниот управник е должен да го одбие секое барање на банката со која стечајниот должник бил во деловни односи за пребивање со паричните средствата на сметка на стечајниот должник со останатите долгови на стечајниот должник спрема банката.

10. Стечајниот управник управува со паричните средства на сметките на начин со кој се обезбедува :
а) заштита од загуба или злоупотреба на паричните средства за издавање на обезбедувања во корист на други лица;
б) навремено депонирање во банка на сметка во корист на стечајната маса;
в) депонирање на сметка која носи камата или друг вид депозитен приход за оние парични средства кои нема да бидат веднаш распределени на доверителите и кои не се неопходни за секојдневно управување на стечајната маса, освен кога трошоците на услуги и останатите поврзани банкарски трошоци изнесуваат повеќе од каматата на износот на одредените парични средства.

11. Стечајниот управник не може паричните средства дел од стечајната маса да ги вложи во други финансиски инструменти, освен на сметка која носи камата или друг вид депозитен приход што ја издава банката во која стечајниот должник има отворено сметка.

12. Стечајниот управник не може ниту привремено да ги користи парични средства за потреби кои не се поврзани со должностите како стечаен управник во конкретната стечајна постапка.

13. Кога пред користењето на паричните средства стечајниот управник има обврска да добие согласност или одобрување од другите органи на стечајната постапка, стечајниот управник не може да започне

користење на средствата пред добивање на пропишана согласност или одобрение

14. Секој налог за исплата издаден од банкарската сметка на стечајниот должник го потпишува стечајниот управник поединец или стечајните управници и друг претставник колективно кога во стечајната постапка за стечаен управник е именувано друштво. Копија од овластувањето и потписниот картон мора да биде приложена во евиденција на банкарското работење која ја води стечајниот управник.

15. Каматата добиена од паричните средства е дел од стечајната маса. Стечајниот управник ќе настојува да ја добие најповолната можна стапка на приходот на вложените парични средства

16. Извештајот за уплати и исплати содржи податоци за износот на остварената камата.

3. Банкарска и сметководствена евиденција

17. Стечајниот управник, без оглед на видовите и број на банкарски сметки, уредно води:
1) евиденција на извршените налози и дневните изводи од банката;
2) соодветни книги и евиденцијата на сите сметки каде се прикажани сите уплати и исплати, вклучувајки ги имињата на лицата кои уплатиле односно примиле, датумот, износ и целта на уплата или исплатата;
3) евиденција за целата попратна документација, вклучувајки ги уплатите и исплатите;
4) евиденција за методите за пресметка на камата и износите на камата добиена во текот на месецот.
Евентуалните грешки кои се утврдуваат при проверка на сметката, ќе бидат исправени во рок од 30 дена од денот кога грешката е откриена.

4. Извештаи

18. Сите податоци за состојбата и промените на банкарските сметки, го сочинуваат составниот дел на месечниот извештај кој го составува стечајниот управник и го доставува на одборот на доверителите и стечајниот судија, согласно член 34 од Законот за стечај.

5. Странска валута

19. Овој професионален стандард се применува и за парични средства во странска валута, со соодветна модификација, ако за тоа постои потреба поврзано со посебни прописи за банкарското работење и странска валута.

6.Затворање на сметка на стечајниот должник

20. Завршениот извештај за завршното собрание на доверители содржи табеларен приказ за уплатите и исплатите од сметките во текот на стечајната постапка. Завршниот извештај содржи и детален износ на сите остварени камати, како и проценет износ на трошоците за затварање на сметката.

21. Стечајниот управник, во согласност со член 197 од Законот за стечај, на стечајниот судија му поднесува и посебен извештај за уплатите и исплатите каде што ги наведува и образложува причините за издвоените и депонирани паричните средства при делба на стечајната маса, со наведување на лицата кои права на овие парични средства.

22. Стечајниот управник по конечната распределба на средствата од стечајната маса е должен да да ја извести банката и да побара бришење на сметката. Во случај на остаток на средства кои се уште не биле распределени по кој било основ утврден со закон истиот е должен да ги депонира како судски депозит согласно член 200 став 5 точка 1 од Законот за стечај.

23. Стечајниот управник ја чува евиденцијата за банкарското работење која ја води за стечајната маса, заклучно со последниот извод на банката, каде што состојбата на сметката е нула.

24. Ако стечајниот управник ја пренесе контролата на сметките на нови овластени лица поради спроведувањето на планот на реорганизација, ќе побара да му се соодветна изјава и потврда, која што стечајниот управник ја чува како дел од својата евиденција за банкарското работење во стечајната постапка.

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА ПОПИС НА ИМОТОТ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК, СОСТАВУВАЊЕ НА ЛИСТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ И ПОЧЕТНИОТ СТЕЧАЕН БИЛАНС

1. ВОВЕД

Стечајниот управник е должен да изработи целосен и сеопфатен попис на имотот на стечајниот должник, од кој што тој лично, како и другите органи на стечајната постапка би стекнале јасна слика за имотот на стечајниот должник и каква е неговата структура. Бидејќи имотот на стечајниот должник ги опфаќа правата према трети лица, пописот на имотот на стечајниот должник без исклучок ја опфаќа и изработката на листата на должници на стечајниот должник, односно евидентирање на побарувањата на стечајниот должник. Пописот на имотот на стечајниот должник нема за цел изработка на проста евиденција на неговиот имот, туку во мерка во која е можно ја изразува потенцијалната вредност на имотот во случај на нејгово впаричување во стечајната постапка. Пописот и проценката на имотот му служат на стечајниот управник за изработка на извештајот за економско - финансиската состојба на стечајниот должник за извештајното собрание. Со пописот и проценката на имотот на стечајниот должник стечајниот управник на доверителите им дава клучни информации за реалната состојба, капацитетите и можностите на стечајниот должник, врз основа на која доверителите носат одлука за можноста за изработка на план за реорганизацијата на стечајниот должник.

Стечајниот управник во секое време треба да има во предвид дека неговите со закон утврдени должности се во интерес за зачувување на стечајната маса и заштита на интересите на доверителите, како и дека благовременото попишување и проценка на имотот е едно од клучните работи во стечајната постапка. Стечајниот управник има обврска точно и прецизно го одреди обемот на проценетата вредност на имотот. Во оваа фаза на постапка подеднакво е важно доверителите да ја сознаат можната пазарна вредност на имотот. Пописот на имотот е од големо значење за доверителите ако со проценката на имотот се добие и очекуваната ликвидациона вредност и пазарната вредност, како и книговодствената вредност.

Стечајниот управник има должност да состави и прецизна листа на доверителите на стечајниот должник врз основа на книговодствената и другата достапна документација. Оваа должност е условена со потребата за сочинување на што е можно поточен и попрецизен почетен стечаен биланс.

Почетниот стечаен биланс го опфаќа пописот, листата на должници и листата на доверителите на стечајниот должник. Стечајниот управник може да ангажира лица вработени кај стечајниот должник, како и свои соработници, за што побрзо спроведување на пописот а имајќи го предвид рокот утврден со законот за стечај кога пописот мора да заврши.

2. ДЕФИНИЦИИ

1. Пазарната вредност се базира на најдобрите достапни информации кои го одразуваат износот кој стечајниот должник би можел да го добие на денот на изготвување на билансот на состојба за оттуѓувањето на тоа средство во трансакција помеѓу две добро информирани странки, соочени една со друга, по одземањето на трошоците на продажбата. При утврдувањето на овој износ, стечајниот управник ќе го земе во предвид исходот на трансакција со понов датум која се однесува за слично средство во рамките на истиот економски сектор.

2. Ликвидационата вредност е проценетата продажна вредност под условите кои важат за стечајни постапки кога доверителите одлучиле да ги ликвидираат средствата. Трошоците на отуѓувањето, со исклучок на трошоците веќе признаени како пасива, ќе се изземат при утврдување на ликвидационата вредност. Примери за такви трошоци се трошоци за правни услуги, трошоци за заверување итн, даноци на трансакцијата, трошоци за транспорт на средствата како и директни дополнителни трошоци за донесување на средствата во состојба во која ќе можат да се продадат.

3. СТАНДАРДИ

1. По именувањето, стечајниот управник со одлука формира централна пописна комисија, како и други. посебни пописни комисии, ако се укаже потреба за тоа. При именувањето на членовите на комисијата, стечајниот управник се раководи од нивната стручност и доверливост. Имотот на стечајниот должник во сметководствена смисла го чинат средствата на стечајниот должник.

2. При вршењето на пописот, стечајниот судија односно одборот на доверители доколку тој не формиран, ќе определат вешто лице кое е должено да направи проценка на пазарната вредност и ликвидационата вредност на подвижниот и недвижниот имот кој влегува во стечајната

маса и кој е предмет на пописот. Проценката на имотот ја утврдува стечајниот управник врз основа на извештајот за проценета вредност согласно меѓународните стандарди за процена.

3. Пописната комисија попишува, односно ги евидентира сите средства што се наоѓаат на локација на стечајниот должник вклучувајќи ги и хартиите од вредност. За време на вршењето на пописот, пописната комисија не навлегува во испитувањето на сопственоста на средствата на стечајниот должник. Проценката на средствата за потребите на пописот се извршува во согласност со стандарди за проценка.

4. Доколку поединечни средства сочинуваат дел на одредена функционална целина и ако истите може да функционираат единствено како целина, пописната комисија во текот на проценката ги третира како целина, односно не ги проценува поодделно.

5. Средството се признава во билансот кога е веројатно дека идните економски ефекти ќе настанат во претпријатието и кога средството има набавна вредност или цена на чинење, или вредност која може сигурно да се измери.

6. Залихите се мерат по нивната набавна или ликвидациона вредност доколку истата е пониска.

7. Проценката на ликвидационите вредности се засновани на најкомпетентните докази во моментот на изработка на проценката во поглед на износот за кој се очекува да се реализира со продажба на залихата.

8. Пазарната вредност би можела да се утврди и кога со средствата не се тргува на активниот пазар. Меѓутоа, понекогаш пазарната вредност не ќе може да се утврди затоа што не постои основа за релевантна проценка на износот кој може да се добие од продажбата на средствата во трансакција помеѓу добро информирани страни, соочени меѓусебно. Во тој случај, за износот на средствата кој може да се добие може да се земе неговата сегашна вредност.

9. Износот кој може да се добие се утврдува за секое средство поединечно, освен ако тоа средство не создава приливи на готовина од континуираната употреба кои се во голема мера независни од готовинскиот прилив на друго средство или друга група на средства. Во

тој случај, износот кој може да се добие се утврдува за единицата која создава готовински тек на која тоа средството припаѓа, освен ако:

1) ликвидационата вредност на средствата е поголема по износот по кој се искажани;
2) може да се процени дека сегашната вредност на средствата е приближна на нивната ликвидациона вредност и дека ликвидационата вредност може да се утврди.

10. Во поедини ситуации, како на пример кога залихата се состои од расипливи работи, може да се употреби скратениот начин на проценување за да се утврдат приближни износи, наместо деталната проценка.

11. Најдобар доказ за пазарната вредност на средствата е цена од реализиран купопродажен договор во трансакција помеѓу меѓусебно рамноправни страни, која е коригирана за дополнителни трошоци кои можат директно да се препишат на отуѓените средства.

12. Ако не постои извршен купопродажен договор, туку со средствата се тргува на активниот пазар на стоки (берза), ликвидационата вредност претставува пазарна цена на средствата, намалена за трошоци на продажба. Пазарната цена по правило е тековно понудената цена од страна на купувачите. Кога тековно понудените цени не се достапни, цената постигната при последната трансакција може да послужи како основа за проценка на ликвидационата вредност, под услов да нема значителни промени на економските околности во периодот помеѓу датумот на таа трансакција и датумот кога е извршена проценката.

13. Со овој стандард се пропишуваат и образците со минимум потребни информации за: попис на имотот на стечајниот должник (Образец 1); листа на должници на стечајниот должник (Образец 2); листа на доверители (Образец 3); почетен стечаен биланс (Образец 4); и истите претставуваат негов составен дел.

Образец 1

ПОПИС НА

ИМОТОТ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

Стечаен должник: Број на предмет

Вредност во денари

р.б.	опис	вид	Ликвидациона вредност
1.			
2.			

страна____ од _____ страни

Образец 2

СПИСОК НА
ДОЛЖНИЦИ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

Стечаен должник: Број на предмет

Вредност во денари

Тип О/Н	главен долг	камата до стечајот	Вкупни обврски	Правен основ	Предмети врз кои постои обезбедување

Н- необезбедено, О- Обезбедено
страна _ од _страни

образец 3

СПИСОК НА ДОВЕРИТЕЛИ

Стечаен должник:

Број на предмет

Вредност во денари

Ред.бр	**Доверител (фирма/име седиште/престој и адреса)**	**Исплатен ред** (И, Р, #)	**Главен долг**	**Вкупна обврска**	**Правен основ /причина**	**Предмети на кој постои И/Р побарување и веројатен износ на намирување**

И - Излачен, Р - Разлачен, страна _ од _страни

образец 4

ПОЧЕТЕН БИЛАНС НА СТЕЧАЈОТ

Стечаен должник:: _____ Број на предмет _____

Вредност во денари

р.б	Средство / обврска	Проценета
ИМОТ СО ВРЗ КОИ ПОСТОИ ЗАЛОЖНО ПРАВО		
1.		
2.		
3.		
ВКУПЕН ИМОТ ВРЗ КОИ ПОСТОИ ЗАЛОЖНО ПРАВО		
ОБВРСКИ СПРЕМА РАЗЛАЧНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ		**обврски**
1.	**Доверител А**	
2.	**Доверител Б**	
3.	**Доверител В**	
ВКУПНИ ОБВРСКИ СПРЕМА РАЗЛАЧНИ ДОВЕРИТЕЛИ		

ВРЕДНОСТ КОЈА НЕ Е ПОКРИЕНА СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО	

р.б.	Средство-обврска	Проценета
ИМОТ		
1. 1	**Готовина и готовински еквиваленти**	
2. 2	**Аванси**	
3. 3	**Побарувања**	
4. 4	**Залихи**	
5. 5	**Други финансиски средства**	
6. 6	**Вложувања во поврзани субјекти**	
7. 7	**Лиценци**	
8. 8	**Недвижност, постојки и опрема**	
ВКУПЕН ИМОТ		

ОБВРСКИ		
1. 1	**Пресметани трошоци на стечајна постапка**	

2. 2	**Обврски на стечајна маса**	
3. 3	**Побарувања од повисок ред**	
4.	**Стечајни доверители**	
5.	**Разлачни доверители како стечајни доверители**	
6.	**Побарувања од пониски исплатни редови**	
ВКУПНИ ОБВРСКИ		
ПРЕЗАДОЛЖЕНОСТ(ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КАПИТАЛОТ)		

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ЗА ИЗВЕШТАЈНОТО СОБРАНИЕ

1. ВОВЕД

Со овој стандард се дефинира задолжителната содржина на извештајот за економско - финансиската состојба на стечајниот должник (во понатамошниот текст Извештај), што стечајниот управник согласно член 96 од Законот за стечај го поднесува на извештајното собрание.

Извештајот кој го поднесува стечајниот управник е еден од најбитните документи во стечајната постапка, бидејќи врз основа на поднесениот извештај, доверителите одлучуваат дали деловниот потфат на должникот ќе биде затворен и ликвидиран или привремено продолжен и ќе биде прифатена иницијатива за подготовка на план за реорганизација.

2. СТАНДАРДИ

Обврската на стечајниот управник да состави извештај

Стечајниот управник има право да му наложи на стечајниот должник да поднесе сопствен извештај за економско - финансиската состојба. Во тој случај, стечајниот управник може известувањето на должникот или дел од неговиот извештај да го приложи со својот извештај, со јасна назнака дека станува збор за извештај кој го составил стечајниот должник. Меѓутоа, извештајот на стечајниот должник не може да сочинува поголем дел од извештајот на стечајниот управник, со оглед дека обврската за составување на извештајот е во исклучителна надлежност на стечајниот управник, како и тоа дека единствено стечајниот управник одговара за точноста и потполноста на податоците кој се наведени во извештајот. Извештајот кој го поднесува стечајниот управник на извештајното собрание содржи: краток историјат и статусот на стечајниот должник; опис на мерките и активностите кои ги превземал стечајниот управник во управувањето со имотот на стечајниот должник; анализа и евиденција на книгите за документацијата на стечајниот должник; очекуваниот исход во случај на затворање на деловниот потфат и ликвидација на стечајниот должник и мислење на стечајниот управник за иницијатива за подготовка на план за реорганизација.

1. Краткиот историјат и статусот на стечајниот должник особено содржи:

1. Кратко прикажување на финансското работење на должникот за период од најмалку последните пет години, со посебен осврт за добивката односно загубата, како и нивоата на трендовите на задолженост;

2. Мерките кои се превземени од раководството во период од подточка 1) на оваа точка да ги реши проблемите кои довеле до неможност за плаќање и отварање на стечајната постапка, односно мерките превземени како би се остварила подобра контрола на приходите и расходите, вклучувајки и податоците за претходни предлози
за отварање на стечајни постапки, и дали биле отворени претходни стечајни постапки;

3. Историјат на сопственичката структура, како и постоечката сопственичка структура на стечајниот должник.

2. Описот на мерките и активностите кои ги превземал стечајниот управник во управувањето со имотот на стечајниот должник особено содржи:

1. Краток опис на почетниот биланс на стечајот, со задолжителен осврт на податоците за проценка на вредноста на имотот. Опширна верзија на почетниот биланс на стечајот која го опфаќа и пописот на имотот на стечајниот должник, стечајниот управник го приложува како прилог на извештајот;

2. Податоците за степенот на соработка или несоработка на стечајниот должник, и тоа од денот на назначувањето или именувањето на стечајниот управник до денот на поднесувањето на извештајот;

3. Краток опис на мерките превземени поради обезбедување на имотот на стечајниот должник;

4. Опис на мерките кои ги превзел стечајниот управник за да ги заврши започнатите деловни работи на стечајниот должник, со опис на постигнатите или очекуваните резултати на таквите мерки;

5. Други мерки за заштита на имотот на стечајниот должник (отворање на сметка во банка, известување на сите деловни банки дека е отворена стечајна постапка, запечатување на имотот, известување на должинците на стечајниот должник,и сл.)

6. Податоци за осигурување на имотот на стечајниот должник.

3. Анализа и евиденција на книгите и документацијата на стечајниот должник особено содржи:

1. Состојба во деловните книги и документацијата на должинците;

2. Паралелен приказ на имотот заведен во деловните книги на стечајниот должник со имотот на стечајниот должник за кој стечајниот управник до денот на составување на извештајот бил во можност да го преземе во владение;

3. Правните работи на стечајниот должник за кои стечајниот управник смета дека може да се оспорат со побивање;

4. Приказ за битните отстапувања помеѓу побарувањата на доверителите кои му се познати на стечајниот управник во моментот на составувањето на извештајот и обврските заведени во книгите на стечајнииот должник;

5. Податоци за работењето во финансиските трансакции на стечајниот должник со поврзаните лица;

6. Податоци за обврските на стечајниот должник према даночните и други државни органи;

7. Приказ на постоечките или потенцијалните проблеми во врска со управувањето со имотот на стечајниот должник;

4. Очекуваниот исход во случај на затворање на деловниот потфат и ликвидација на стечајниот должник особено содржи:

1) приказ на почетната состојба на стечајниот должник, со образложение за начинот на
кој е приказот составен;

2) приказ (шема) на очекувани намирувања по исплатни редови на доверителите, врз
основа на очекуваното намалување на почетната состојба корегирана за износот за
проценетите трошоци на стечајната постапка.

**5. Мислењето на стечајниот управник за иницијатива за подготовка на план за
реорганизација особено содржи:**

1) опис на планови чиј резултат би можел да биде поповолен за намирување на
доверителите од намирувањето кое би можеле доверителите да го остварат во постапка
на впаричување на имотот.
2) паралелен приказ на претпоставените намирувања на доверителите во постапка на
затворање на деловниот потфат и во постапка на реорганизација, составен по исплатни
редови на доверители;

**5. Мислењето на стечајниот управник за иницијатива за подготовка на план за
реорганизација особено содржи:**

1) опис на планови чиј резултат би можел да биде поповолен за намирување на
доверителите од намирувањето кое би можеле доверителите да го остварат во постапка
на впаричување на имотот.
2) паралелен приказ на претпоставените намирувања на доверителите во постапка на
затворање на деловниот потфат и во постапка на реорганизација, составен по исплатни
редови на доверители;
3) детален опис на претпоставките врз кој се заснова анализата на остварливост на
планот за реорганизација;
4) детален опис на условите и мерките потребни за остварување на резултатите кој би

довеле до успешно извршување на планот на реорганизацијата вклучувајќи ја и можноста за дополнително финансирање, со наоѓање на финансиски извори;
5) податоци за степенот на можна поддршка од страна на останати учесници во
стечајната постапка, а особено можност за добивање подршка од доверителите со права на одвоено намирување ако се овие податоци битни за изводливост на планот на
реорганизацијата.

Ако стечајниот должник во исто време има поднесено план за реорганизација со
предлогот за отварање на стечајна постапка, стечајниот управник е должен да изврши анализа на поднесениот план и да даде мислење за изводливоста на планот за реорганизација кој ги содржи сите елементи од подточка 1) до 5) од оваа точка. Кога стечајниот управник има сознанија за намерите на другите органи на управување на стечајниот должник за поднесување на план за реорганизација, тој е должен за таа состојба и за други сознанија во врска со овој план да ги извести доверителите.

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА МИНИМУМ ПОДАТОЦИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА КОЈ ГО ПОДНЕСУВА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК

1. ВОВЕД

Донесувањето на економски рационална одлука за прифаќањето или одбивањето на планот за реорганизација е условена од предходната целосна, точна и прецизна информираност на доверителите за сите факти кои можат да ја определат нивната одлука за предложениот план или да влијаат на донесувањето на предметната одлука. Во случај кога планот за реорганизација го подготвува и доставува стечајниот управник, тој е должен во планот за реорганизација да приложи веродостојни, објективни и целосни информации.

Со стандардите поблиску се уредуваат информациите кои се од значење за доверителие, кои во рамките на Планот за реорганизација ги подготвува стечајниот управник.

2. СТАНДАРДИ

Содржина на планот за реорганизација

1. Планот за реорганизација треба на јасен, концизен и недвосмислен начин да ги објасни причините кои довеле до влошување на финансиската состојба на должникот, да даде податоци за тоа колку долго стечајниот должник работел со финансиски потешкотии, како и да ги содржи основните податоци за тоа на кој начин овие причини се одразиле на економско-финансиската состојба на стечајниот должник. Планот за реорганизација треба детално да ги опише сите мерки кои се превземени од страна на управата и/или сопственикот, а кои се спроведени со цел одстранување на причините за финансиските потешкотии на стечајниот должник,како и резултатите од тие мерки. Планот за реорганизација, исти така, треба да содржи и список на мнозинството сопственици, управниот одбор на стечајниот должник и на членовите на надзорниот одбор. Сите правни лица кои се во сопственост на стечајниот должник или се со него поврзани на друг начин,мораат да бидат наведени во планот за реорганизација.

2. Ако со планот за реорганизација се предвидува продолжување на работењето на стечајниот должник, тогаш тој план мора да содржи

детално објаснување за начинот на кој причините кои довеле до стечај ќе бидат одстранети во постапката на спроведувањето на реорганизацијата. Исто така Планот за реорганизација, мора на еден несомнителен начин да ги прикаже можностите на доверителите за нивното поволно намирување во постапката за реорганизација, во однос на намирувањето со впаричување на имотот на стечајниот должник. Планот за реорганизација мора да го задоволи условот со неговата примена ниту еден од доверителите да не добие помалку од она што би можле разумно на очекуваат од постапката на впаричување на имотот на стечајниот должник.

3. Планот за реорганизација не може да биде условен од идни настани, со оглед на тоа доверителите тешко можат да ја проценат веројатноста на своето успешно намирување со спроведувањето на таквиот план за рорганизација. Реализацијата на планот за реорганизација, исто така, не може да биде условена со настаните на кои страната што го предлага нема влијание (на пример, промена на курсот или царинскиот режим).

4. Во случај кога планот за реорганизација предвидува дополнително финансирање, тој план задолжително содржи податоци за давателот на заем, износот и останатите услови на финансирање, како и за условите за враќање на заемот.

5. Планот за реорганизација мора да содржи детален опис за начинот на намирувањата и побарувањата во стечајната постапка. Групата на доверители чии побарувања спрема планот за реорганизација треба да бидат измирени во целост пред почетокот на примена на планот, немаат право да гласаат за планот на реорганизација, и ќе се смета дека е усвоен во таа група.

6. Планот за реорганизација ги определува класите и приоритетите во намирувањето на доверителите, и планираниот начин, динамиката и роковите за намирување на побарувањата.

7. Планот за реорганизација треба прецизно да го опише начинот на намирување на побарувањата на доверителите, со образложение дадено за секое побарување кое постои по стечајната маса, како и како треба, во планот да се третира, секое побарување кое вклучува странка сродна на должникот, како и анализа на нивната основаност. Ако стечајниот управник ја утврдил основаноста на побарувањата, тој е должен да ги

внесе во планиот за реорганизација сите податоци за утврдените, односно оспорените побарувања.

8. Во сличај кога со планот се предлага продажба на имотот на друг начин од начинот предвиден со Законот и стандардите, во планот за реорганизација треба да се наведе причината поради која предложениот начин на продажба се смета за поцелисходен.

9. Планот за реорганизација треба прецизно и недвосмислено да ги наведе роковите за негово извршување, како и роковите за реализација на главните елементи на планот. Роковите се еден од ретките објективни критериуми на основа на кои е можно да се следи применувањето на усвоениот план за реорганизација. Стечајниот управник во вршењето на надзорот над спроведувањето на планот за реорганизација е должен при известувањето на судот и доверителите да им укаже на сите постапувања кои се во спортивност со усвоениот план за реорганизација, а посебно на непочитувањето на роковите.

10. Планот за реорганизација содржи список на членовите на органите кои управуваат со стечајниот должник и износот на нивниот надомест. Наведувањето на членовите на управата е значајно за доверителите во моментот кога гласаат за планот за реорганизација, со оглед на тоа дека треба да знаат кој управува со стечајниот должник, односно кој во постапката за примена на планот за реорганизација ќе биде одговорен за извршување на планот и намирувањето на нивните побарувања.

11. Планот за реорганизација содржи опис на должностите на стечајниот управник во постапката на спроведување на надзор над извршувањето на планот за реорганизација, висината на наградата на стечајниот управник за вршење на овој надзор, како и изворот на средства од кои ќе се исплаќа оваа награда.

12. Стечајниот управник е должен во планот за реорганизација да ги наведе експертите кои ќе бидат ангажирани во постапката на неговата реализација, како и да даде детален опис на нивните должности, овластувања и обврски. Стечајниот управник во планот на реорганизацијата ќе ја одреди сумата и начинот на исплата за надоместоците и наградата на ангажираните стручни лица, како и сумата на својата награда.

13. Стечајниот управник е должен во планот за реорганизација јасно да ги дефинира кои настани представуваат суштински промени во однос на состојбата предвидена со усвојувањето на планот за реорганизација, а со оглед на кои стечајниот управник го известува судот и доверителите за неисполнувањето на планот.

14. Стечајниот управник е должен покрај планот за реорганизација да достави и годишен финансиски извештај за предходните пет години кој ќе даде јасен приказ на активностите на стечајниот должник кои предходеле на отварањето на стечајната постапка.
15. Стечајниот управник е должен во планот за реорганизација да ја вклучи и проекцијата на готовинските текови за следните пет години во случаи кога планот е заснован на идното успешно работење на субјектот на реорганизација. Оваа проекција треба да ги прикаже реалните очекувања на средствата кои ќе бидат генерирани во периодот што следи. Основните претпоставки за изворот на средствата за финансирање на планот треба јасно и во целост да бидат изложени во планот за реорганизација, за доверителите да се во можност да ја проценат веројатноста на овие претпоставки. Предметните проекции се неопходни, како во случај кога Планот за реорганизација предвидува дека доверителите треба да се исплатат во готовина кој се собира од понатамошното работење или со продажба на имотот на стечајниот должник, така и во случај кога побарувањата на доверителите се намируваат со конверзија на побарувањата во капитал.

16. Планот на реорганизација мора да содржи податоци за хипотеките и другите долгови на стечајниот должник, прифатени од страна на управникот.

17. Стечајниот управник е должен во планот за реорганизација да внесе проценка на очекуваниот паричен износ кој би се остварил со продажба на имотот на стечајниот должник во постапката на впаричување. Споредбата на оваа проценка со предлогот за намирување на доверителите во постапката за реорганизација, има за цел на недвосмислен начин да ја покаже веројатноста дека секоја група на доверители со усвојувањето на планот ќе постигне намирување кое најмалку е еквивалентно со намирувањето кое би можело разумно да се очекува во постапката на впаричување на имотот на стечајниот должник.

18. Стечајниот управник со Планот за реорганизација прелиминарно ги утврдува правните работи и дејства кои стечајниот управник ги заклучил односно превзел, а кои може да се предмет на побивање во стечајната постапка. Со планот за реорганизација се опишува начинот на кој би се постапило во однос на ваквите правни работи и дејства ако предложениот План за реорганизацијс биде усвоен. Ако стечајниот управник до поднесувањето на планот за реорганизација не превзел ништо по прашање на утврдувањето на постоењето на правни работи и дејства кои би можеле да бидат предмет на побивање, должен е за тоа да ги извести доверителите.

19. Стечајниот управник во планот за реорганизација го одредува датумот за почеток на примена на планот и динамиката на неговото извршување.

Соодветна примена на овој стандард кога во својство на подносител на Планот за реорганизација се јавуваат други лица кои се активно легитимирани за поднесување на планот

Ако планот за реорганизација не го поднесува стечајниот управник, туку други овластени предлагачи, стечајниот управник ќе побара увид во предложениот план за реорганизација, како би утврдил во која мерка тој план ја задоволува содржината пропишана со овој национален стандард. Ако планот за реорганизација не ги содржи сите наведени елементи, стечајниот управник е должен предлагачот на планот за реорганизација да го запознае со недостатоците и да го упати да направи соодветни измени. Ако предлагачот одбива да внесе измени во планот за реорганизација, а стечајниот управник утврди дека поднесениот план за реорганизација не ги штити интересите на доверителите, односно интересите на одредена група на довериотели, а посебно кога на одредени доверители или дури на сите доверители очигледно повеќе би им одело во прилог впаричување на имотот, стечајниот управник е должен да го извести одборот на доверители и судот пред денот на рочиштето на кое се гласа за усвојување на планот за реорганизација.

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА ВРШЕЊЕ КОНТРОЛА НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

1. ВОВЕД

Со професионалните стандарди за вршење контрола над извршување на планот за реорганизација се утврдува постапката за спроведување на контролата од страна на стечајниот управник како и друго лице (контролор) кое е определено со содржинскиот дел од планот за реорагнизација (во понатамошниот текст: лице овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација.

2. ДЕФИНИЦИИ

Суштинска промена во однос на состојбата предвидена со усвоениот план за реорганицаија во смисла на овој стандард е, секој настан, промена или отстапување кои се од значајна природа и кои, по мислење на лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација
1.негативно да се одразат на готовинските текови (cash flow);
2.да му оневозможи на должникот во реорганизација обавување на дел или сите работни дејности;
3.ја намали веројатноста за успешно извршување на планот за реорганизација;
4. значајно го загрози интересот на една или повеќе класи на доверители.

3. СТАНДАРДИ

Улога и независност

1. Лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација е должно во вршење на надзорот на извршување на планот за реорганизација да постапува со еднакво внимание, со одговорност и објективност која се бара од стечајниот управник во стечајната постапка.

2. Ако стечајниот управник својата со закон пропишана обврска за вршење надзор не ја врши со пропишаниот степен на внимание, одговорност и објективност, министерот за економија може да примени мерки предвидени во Законот за стечај.

3. Лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација во вршење на надзорот на извршување на планот за реорганизација е должно да постапува согласно со пропишаните стандарди, во спротивно доверителите имаат право против него да поднесат тужба за надомест на штета.

Судската одлука со која се потврдува планот за реорганизација

4. Обврската на лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација во постапката за вршење на надзорот на извршување на планот за реорганизација, како и самиот начин на вршење на надзор треба да биде содржан во содржинскиот дел од планот за реорганизација и решението на стечајниот судија се заклучува стечајната постапка поради поради одобрување на планот за реорагнизација.

5. Лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација поднесува детален извештај за спроведување на контрола на извршување на планот за реорганизација до одборот на доверители доколку бил основан и до стечајниот судија.

Надзор

6. Ако во судското решение со кое се одобрува планот за реорганизација не е наведено поинаку, лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација врши контрола над работењето на субјектот на реорганизација и над неговите финансии како и на динамиката на намирување на побаруваната на доверителите од моментот на донесување на судското решение се до целосното извршување на планот, или додека неговата контролна улога не биде завршена од некоја друга причина.

7. Пред започнување на вршење контрола над извршување на планот за реорганизација, лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација, во согласнот со одлуката на судот односно во согласност со самиот план за реорганизација, изработува програм за вршење контрола на работата над субјектот во реорганизација. Стечајниот управник го информира субјектот во реорганизација за тоа што ќе се смета за суштинска промена од усвоениот план за реорганизација, за што Лицето овластено да го врши

надзорот над спроведување на планот за реорганизација е должен да го извести стечајниот судија и одборот на доверителите.

8. При вршењето на надзорот над спроведување на планот за реорганизација субјектот над кого се врши контрола е должен да му дозволи на лицето овластено да ја врши контролата да влезе во нрговите деловни простории како и да му ги достави сите потребни писмени докумемти.

9. Поради припрема на програмата за вршење контрола на работењето над субјектот за реорганизација, лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација:

1) прибавува копија од документацијата која е доставена со планот за реорганизација, вклучувајќи ја и проекцијата на очекуваните парични текови (cash flow) ако планот за реорганизација предвидува да доверителите се намируваат од идните приходи;
2) ги дефинира околностите кои можат негативно да делуваат на проектираните парични текови (cash flow);
3) обезбедува финсиските проекции да ги содржат проекциите на паричните текови, проектираниот биланс на состојба, билансот на успех и др;
4) остварува контакт и обавува претходни разговори со сите лица од чија подршка суштински зависи успешното извршување на планот за реорганизација;
5) воспоставува континуирана комуникација со органите на управување и сопствениците на субјектот во реорганизација како би можел да им даде одговори на прашања и потребни информации поврзани со спроведување на планот за реорганизација;
6) одржува состанок со органите на управување на субјектот во реорганизација како би ги известил за својата обврска и обемот за вршење надзор и постапка за реорганизација, обврска и известување на судот и доверителите за секое отстапување од извршување на планот за реорганизација, како и да воспостави соработка со нив.
7) ги утврдува критериумите за идентификација на околностите и нивото на нивниот негативен удел на проекцијата на очекуваните парични текови;
8) го дефинира текот и динамиката за вршење надзор над извршување планот за реорганизација.
9) утврдува дали и во која мерка постоечките информациони системи за управување и работење и финансиско работење на субјектот во

реорганизација се такви да можат да обезбедат благовремено прибавување на сите потребни информации;

10) врши проверка на остварените резултати од работењето и ги споредуваат со проекцијата на паричните текови и други финансиски проекции и показатели;
11) врши контрола на резултатите наведени во извештаите за работењето на субјектот во реорганизација поради објективната проценка на нивната точност.

Известување

9. Лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација најмалку еднаш на секои шест месеци поднесува извештај на одборот на доверители доколку бил основан и на стечајниот судија за работата на субјектот во реорганизација, вклучувајќи и финансиски извештаи, како и извештај за остварените резултати во постапката на извршување на планот за реорганизација, динамиката на намирување на побарувањата на доверителите утврдена со планот за реорганизација освен ако стечајниот судија со своја одлука не утврди поинаква динамика за доставување на овие извештаи.

10. Стечајниот судија и одборот на доверители имаат право во секое време да побараат посебни информации или други периодични извештаи од лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација во врска со спроведување на планот за реорганизција.

11. Кога лицето овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација утврди дека настапила околност која се одразила негативно на проекциите за очекуваните парични текови или на други аспекти од финансикото работење на субјектот во реорганизација, без одлагање ги опоменува ораните на управување на субјектот во реорганизација на таквите околности и го информира за работите кои по тој повод има намера да ги превземе.

12. Стечајниот управник го информира одборот на доверители и стечајниот судија за утврдените негативни околности кои доведуваат до отстапување од усвоениот план за реорганизација.

13. Доколку утврди дека и по упатената опомена до органите на управување планот за реорганизација не се спроведува, лицето

овластено да го врши надзорот над спроведување на планот за реорганизација, го известува одборот на доверители, односно доверителите за потребата за поднесување на повторен предлог за отворање на стечајна постапка поради тоа што биле исполнети условите.

14. Во случај надзорот над планот за реорганизациија да му е доверен на стечајниот управник тој може да поднесе предлог за повторно отворање на стечајната постапка од причина што не бил спроведен планот за реорганизација.

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ЗА ИЗВРШЕНИТЕ УПЛАТИ И ИСПЛАТИ

1. СТАНДАРДИ

Со овој стандард се пропишува содржината на образецот за завршната сметка на стечајниот управник.

ЗАВРШНА СМЕТКА НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК

	ПРИЛИВИ	Износ(ден.)
1	**Готовински парични средства во благајната и на сметките во банките на денот на именувањето на стечајниот управник**	
2.	**Парични средства преземени од:**	
	Привремениот стечаен управник	
	Разрешениот стечаен управник	
3.	**Реализирани средства од имотот на стечајниот должник, изземајќи ги недвижностите:**	
	Долгови по книгите и меници	
	Залихи	
	Подвижен имот, машини и инвентар	
	Реализирани средства од недвижниот имот	

	Бруто	Одбивна ставка на име исплата на разлачните доверители	Одбивна ставка на име директни трошоци од продажба	нето	
	Недвижност 1				
	Недвижност 2				
	Недвижност 3				
	останато				
	Вкупни реализирани средства од недвижниот имот на стечајниот должник				
4.	**Приходи од работењето:**				
	Одбивна ставка на име: (а) Купување (да се приложи изјава со податоци, по категории)				
	(б) Расходи од работењето во готовински парични средства (да се приложи изјава со податоци, по категории)				
	= Нето готовински парични средства добиени преку работењето ако се позитивни (да се приложи изјава со наведени расходи, по категории)				

5.	**останато**	
	(а) камати од банки	
	(б) останато (да се наведе)	
6.	**Вкупни приливи**	

	ОДЛИВИ	
7.	**Судски трошоци (трошоци за поднесување барање и др)**	
	(а) трошоци од огласувања	
	(б) останати трошоци(да се наведе)	
8.	**Преписка со доверителите и останати преписки**	
9.	**Трошоци на превземање во владение и заштита на имотот**	
	Заштита на имотот	
	останати трошоци(да се наведе)	
10.	**Трошоци за попис (вклучувајќи ги и трошоците за проценка на имотот)**	
11.	**Премии за осигурување**	

12.	**Ангажирани стручни лица и ангажирани агенти за продажба (наведени поединечно)**	
13.	**Трошоци поврзани со правни услуги (да се наведат сите трошоци)**	
14.	**Одобрени награди и надомест на трошоци на привремениот стечаен управник**	
15.	**Одобрени награди и надомести на трошоци на членовите на одборот на доверители**	
16.	**Останато**	
	(а) Загуби во работењето од дејноста	
	(б) останати (да се наведе)	
17.	**Вкупни одливи, освен награда на стечајниот управник и надомест на трошоци**	
18.	**Нето реализирани средства пред исплатата на наградата за стечајниот управник и распределбата на доверителите**	
	Одбивни ставки	
19.	**Награда на стечајниот управник**	
	(а)стечаен управник	
	(б) разрешен стечаен управник	

20.	**Надомест на трошоците на стечајниот управник**				
	(а)стечаен управник				
	(б)Разрешен стечаен управник				
21.	**Преостанато за распределба на доверителите**				
22.	**Намирување**				
		Утврдени Побарувања	% на намирување	Износ на намирување (ден.)	
	(а)Разлачни доверители				
	Средства резервирани за оспорените доверители				
	(б)доверители од повисок исплатен ред				
	(в)стечајни доверители				
	1.авансна распределба				
	2.резервирани средства				

	1. авансна распределба				
	2. резервирани средства				
	Конечна делба				
	Средства резервирани по конечна делба				
	Вкупни средства исплатени на доверителите				
	Вкупен износ на резервирани средства				
23.	**Состојба**				**Нула**
24.	**Преостанат имот на должникот кој не опфатен во приливите** (да се наведе причината поради која имотот не е продаден или средствата не се остварени)				

стечаен управник

_____

датум

одобрил Одбор на доверители :

Претседател на одбор на доверители

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВОВЕД

Стечајниот управник е должен да води уредна евиденција за секоја стечајна постапка во која е именуван. Евиденцијата на стечајниот управник ги опфаќа трговските книги и документацијата на стечајниот должник, како и друга документација врзана со текот на стечајната постапка.

Трговските книги, евиденцијата и документацијата на стечајниот должник се документи кои овозможуваат увид во статусните, работните, финансиските и правните документи на стечајниот должник, односно увид во неговите активности пред започнувањето на стечајната постапка.

Стечајниот управник со денот на именувањето во стечајна постапка го презема владението и управувањето со целиот имот што влегува во стечајната маса вклучувајќи ја и документацијата на стечајниот должник која ја водел согласно посебните законски прописи.

Стечајниот управник веднаш ги превзема компјутерите на стечајниот должник, нивните единици за сместување на податоци, вклучително и помошните копии (back up) на податоци кои должникот ги има. За да се заштити интегритетот на овие податоци, како и истите да се превземат на ефикасен начин, стечајниот управник мора веднаш да го ограничи пристапот до компјутерскиот систем само за себе и за своите соработници, а со цел да се оневозможат секакви промени, бришења или преместувње на должниковата евиденција.

Стечајниот управник може да го ограничи пристапот до трговските книги и другата документација на стечајниот должник, само за себе и своите соработници, на период за кој самиот ќе процени дека таквото ограничување е целисходно.

Стечајниот управник не може да го ограничи пристапот до податоците на членовите на одборот на доверители.

По превземањето на документацијата на стечајниот должник, стечајниот управник ќе продолжи уредно да ги води трговските книги

и евиденцијата на должниковата документација, а со цел да ги прибави сите неопходни податоци потребни за:

1) утврдување, односно оспорување на пријавените побарувања на доверителите;
2) поведување и водење на постапките за наплата на побарувањата на стечајниот должник;
3) утврдување на сопственичкиот статус и имотните права на стечајниот должник и одлучување за сопственичките побарувања пријавени во стечајната постапка од трети лица;
4) побивање на правни дејства на стечајниот должник;
5) други работи кои се од значење за спроведувањето на стечајната постапка.

2. СТАНДАРДИ

Евиденцијата на стечајниот управник

1.Документацијата за основање на стечајниот должник и правните лица поврзани со стечајниот должник вклучува без ограничувања:

1) актите за основање, спојување, припојување и за секоја друга статусна промена;
2) аналитиката на организацијата и организационата структура на должникот;
3) актите за избор и именување на органите на управување;
4) одлуките на собранието, управниот и надзорниот одбор;
5) податоците за застапниците, полномошниците и прокуристите;
6) книгата за архивирање;
7) евиденција на печатот, жигот и штембилот;
8) записниците за преглед на архивската граѓа, регистарскиот материјал за издвојување на непотребниот регистарски материјал записници за примопредавање на архивскста граѓа на надлежниот архив;
9) базите на податоци - датотеки;
10) сите документи поврзани со договорите за вработување на вработените лица и другите ангажирани лица, статут, правилници, општите и посебните колективни договори и другите општи акти поврзани со договорите за вработување, податоците за стажот на осигурување, работничките книшки, податоци за престанок на работниот однос, за здравствено и пензиско инвалидско осигурување;

11) платните списоци или аналитичка евиденција на исплатените плати;
12) друга документација која се однесува на статусот, организационата структура, архивската граѓа и работните односи на стечајниот должник како и лицата поврзани со стечајниот должник.

2.Документација за сопственичките права и работење на стечајниот должник вклучува без ограничување:

1) аналитика на работењето, листа на купувачи односно клиенти, добавувачи и деловни партнери на стечајниот должник;
2) документација за основот и стекнување на заложните права засновани над имотот на стечајниот должник како и заложни права на стечајниот должник над имотот на трети лица (договорна, законска, судска хипотека заложни права врз подвижни предмети и права извод од катастарот и др.);
3) договори кои призлегле од деловното работење;
4) права од интелектуална сопственост;
5) докази за вложување во други друштва;
6) документација за основот за стекнување на сопственички права на стечајниот должник на недвижниот имот освен заложите права;
7) договорите за закуп без разлика дали стечајниот должник е закупец или закуподавец;
8) договори за лизинг односно финасиски лизинг;
9) деловните планови;
10) трговските книги;
11) финансиско-сметководните извештаи, документација за платниот промет, како и актите за даночните и другите државни органи;
12) дневник, главна деловна книга и помошните книги;
13) друга писмена документација за сопственичките права и работење на стечајниот должник.

3.Документација за стечајната маса и побарувања на доверителите вклучува без ограничување:

1) попис и проценка на имотот на стечајниот должник;
2) почетниот стечаен биланс;
3) извештаите од банката и дополнителна документавија со која се оправдува исплатата преку сметка во банката носител на платниот промет за стечајниот должник или во други банки;
4) копии од даночните пријави и финансиски извештаи кои ги изготвил стечајниот управник;

5) сите документи кои се однесуваат на продажба на имотот, односно дел од имотот без оглед на начинот на продажба;
6) пријавите за побарувања поднесени од доверителите како и шемата за утврдени и оспорени побарувања ;
7) завршниот извештај.

4.Документација за комуникација со органите на стечајната постапка стечајниот судија и одборот односно собранието на доверители и други учесници во постапката која вклучува без ограничување

1) сите поднесоци доствени до стечајниот судија, одборот односно собранието на доверители;
2) примероци од одлуките донесени од стечајниот судија во текот на стечајната постапка;
3) приговорите и жалби кои ги поднел стечајниот управник до стечајниот совет или второстепениот суд;
4) приговори и жалби кои ги поднеле другите заинтересирани странки и изјаснувања на стечајниот управник по истите;
5) копии од известувањата, барање за одобрување, мислења и согласност како и друга писмена документација која е поднесена до одборот односно собранието на доверители, како и добиените мислења и согласност одборот односно собранието на доверители;
6) копии од сите месечни извештаи и други дополнителни извештаи и информации доставени до стечајниот судија или одборот односно собранието на доверители;
7) сите записници од состаноците на кои стечајниот управник бил присутен;
8) извештаите од банки и сметководствена евиденција од која може да се утврдат приходите и расходите како и дополнителна документација со која се потврдуваат разните исплати со која во текот на стечајната постапка располага стечајниот управник;
9) евиденција на сите постапки кои се водат пред судовите и другите државни органи.

Водење на уредна евиденција и чување на евиденцијата на стечајниот управник

1. Стечајниот управник по преземањето на документацијата на стечајниот должник продолжува да води уредна евиденција на документацијата и се грижи за неа согласно законот и другите прописи

и овој стандард. По преземањето на документацијата која се чува согласно со законот со кој се уредува архивската граѓа, стечајниот управник ги затвора деловните и архивските книги со денот кога ќе ја преземе должноста и отвора нови книги.
2. Пред заклучување на стечајната постапка во случај на впаричување на имотот на стечајниот должник по извршената распределба стечајниот управник е должен да ја среди архивската граѓа согласно Законот за архивска граѓа и архивската граѓа во изворна, комплетна и средена состојба со попис и опис, како и документарниот материјал со подолги рокови на чување, платни списоци, ЕВТ-2 картони, обрасци М-4 и пријави и одјави на вработените да ги предаде во Државниот архив на Република Македонија.
3. Дел од документацијата на стечајниот должник која се однесува на основање и одлуките на собранието, управниот и надзорниот одбор, исплата на плати како и доказите за сопственичките права на имотот на должникот стечајниот управник ги чува како дел од својата евиденција.
4. Во случај на реорганизација и во другите случаи на запирање на постапката кога стечајниот должник продолжува со работа или настанало ново друштво стечајниот управник ја предава архивската граѓа на овластените лица со потврда дека извршил примопредавање на документацијата.
5. Стечајниот управник најмалку три години по престанок на вршење на должноста стечаен управник ја чува копијата од документација наведена во точка седум вклучувајќи ги и сите документи кои се однесуваат на стечајната постапка како и органите на стечајната постапка.

ПРОФЕСИОНАЛЕН СТАНДАРД ЗА ОБРАЗЕЦ ЗА МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ИЗВЕШТАЈ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ЗА МЕСЕЦ _____ 201_ година

1) ПРИЛИВИ

рб	ПРИЛИВИ од	Претходен период (кумулативно)	Оставарен прилив во тековниот месец	Вкупно приливи на крајот на месецот (кумулативно)
1.	Продажба на недвижен имот			
2.	Продажба на опрема			
3.	Продажба на стоки, опрема инвентар			
4.	Продажба на суровини и репроматеријали			
5.	Продажба на друг имот			
6.	Закупнини			
7.	Други приливи			
	Вкупно			

2) ОДЛИВИ

Рб	ОДЛИВИ – ТРОШОЦИ	Претходен период (кумулативно)	Оставарен одлив - трошок во тековниот месец	Вкупно одливи - трошоци на крајот на месецот (кумулативно)
1.	Трошоци на претходна постапка			
2.	Исплатена награда на стечајниот управник			

3.	Исплатена награда на претходни стечајни управници			
4.	Закупнина			
5.	Патни и дневни трошоци			
6.	Телекомуникациски услуги (мобилен телефон)			
7.	Надомест за користење на сопствено возило			
8.	Трошоци за членови на Одбор на доверители			
9.	Канцелариски материјал			
10.	Електрична енергија			
11.	Комунални услуги (вода и смет)			
12.	ПТТ трошоци			
13.	Суровини и репроматеријали			
14.	Тековно одржување			
15.	Провизии			

3) СОСТОЈБА

р.б.	состојба	Претходен период	Промени во тековниот месец	На крајот од месецот
1.	Парични средства			
2.	Недвижен имот			
3.	Опрема			
4.	Производи стоки и инвентар			
5.	Друг имот			
	ВКУПНО			

4) НАМИРУВАЊЕ

Процент на исплата на утврдените побарувања на:

- разлачни доверители
- доверители од повисок исплатен ред
- стечајни доверители
- резервирани средства

5) Податоци за други прашања за кои добил задолжување од стечајниот судија, односно одборот на доверители и други позначајни информации од интерес на доверителите во стечајната постапка

Стечаен управник _____

Дата _____

Одобрил, Одбор на доверители _____

Претседател на одбор на доверители _____

Врз основа на член 362 од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија", број 34/06), министерот за економија донесе

ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ

1. Предмет

Со овој кодекс се пропишуваат правилата на однесување по кои стечајните управници се должни да постапуваат во извршувањето на работата на стечајниот управник.

2. Основни начела на постапување

Стечајниот управник ги извршува своите работи во согласност со начелата кои се однесуваат на:

1) стручно и совесно извршување на работите во согласност со законот со кој се уредува стечајната постапка, со овој кодекс и другите прописи, со професионалните стандарди за управување со стечајната маса и со високите етички стандарди во спроведување на стечајната постапка, со цел да се постигне целта на стечајната постапка колективно намирување на доверителите и на начин кој што цело време ја одржува и подобрува довербата на народот и вербата во спроведувањето на Законот за стечај;
2) објективно постапување во спроведувањето на стечајната постапка без предрасуди, лични интереси или пристрасни ставови;
3) навремено извршување на законските обврски

3. Професионална одговорност

1) Со именувањето од страна на стечајниот судија, стечајниот управник ја превзема обврската своите должности предвидени во законот за стечај да ги извршува совесно и на најдобар можен начин.
2) Стечајниот управник не може да прифати работи кои не е во можност да ги изврши благовремено, односно самостојно, поради другите веќе превземени обврски или поради недоволна стручност.
3) Стечајниот управник кој веќе бил ангажиран од должник кој работел како советник или претставник, не може да врши влијание ниту да ги штити интересите или односите со кои се нарушуваат или намалуваат вредностите на неговите професионални одлуки.

4) Стечајниот управник не може да се занимава со работи или професии кои можат да го компромитираат во извршувањето на работите во стечајната постапка или кои можат да го загрозат неговиот личен и професионален кредибилитет.
5) Стечајниот управник не може да советува или подтикнува други лица да вршат работи во врска со стечајните постапки за кои стечајниот управник знае или треба да знае дека се незаконски и нечесни.
6) Стечајниот управник своите професионални обврски ги извршува ефикасно и благовремено и не може да превзема било какви дејства, со кои би се одложувало неговото постапување, освен ако за тоа одложување не постојат објективни причини.
7) Стечајниот управник не може лажно да се представува ниту може било кој факт да го представи на начин за кој може оправдано да се претпостави дека негативно ќе се одрази на другите стечајни управници или на стечајната постапка.
8) Стечајниот управник не може лажно да ги представува своите способности и квалификации, со цел да биде именуван за стечаен управник.

4. Независност во работата

1) Стечајниот управник ги извршува своите работи самостојно и стручно.
2) Стечајниот управник мора да биде независен во однос на другите лица кои би можеле да влијаат на одлучувањето или резултатот од неговата работа во стечајната постапка.
3) Пред прифаќањето за именувањето, стечајниот управник е должен да испита дали постојат било какви деловно-финансиските врски со стечајниот должник или со други лица поврзани со стечајниот должник кои би можеле да претставуваат пречка, односно да влијаат на постапувањето и одлучувањето на стечајниот управник, како и за постоење на околности кои преставуваат законска пречка да биде именуван за стечаен управник и да го извести судот.
4) Стечајниот управник не може да го прифати именувањето ако тој или неговиот другар како и крвните роднини од права линија без оглед на степенот или во постранична линија до четвртиот степен и родниниите до вториот степен на сродство, имаат директно или индиректно учество во капиталот на стечајниот должник.
5) Стечајниот управник, како и овие лица не можат директно или индиректно да се стекнат со било каква сопственост над капиталот

на стечајниот должник, во кој ги извршува работите на стечаен управник .

5. Доверливост на информации

1) Стечајниот управник е должен на сите заинтересирани лица во стечајната постапка да им обезбеди пристап до целосни и точни податоци односно информации под еднакви усливи, во согласност со законот.
2) Стечајниот управник не може да дава информации ниту, да постапува на начин на кој едно лице во постапката би било ставено или изгледа дека е ставено во поповолна ситуација во однос на други лица, а особено во врска со постапката за продажбата на имотот на стечајниот должник.
3) Стечајниот управниик нема да потпише ниту еден документ, вклучувајќи писмо, извештај, изјава или финансиска изјава, или да се поистоветува со таков документ за кој знае или треба да знае дека е неточен.
4) Стечајниот управник е должен да ги чува како деловна тајна сите доверливи информации кои се однесуваат на стечајната постапка, освен ако обврската за давањето на овие податоци е пропишана со закон или одобрена од страна на лицата на кои се однесунаат таквите поверливи информации.
5) Стечајниот управник не може во тек на стечајната постапка, ниту по заклучувањето на стечајната постапка, да ги користи доверливите информации до кои дошол спроведувајки ја должноста на стечаен управник заради стекнување лична корист или корист за трето лице.

6. Судир на интереси

1) Стечајниот управник е должен да ги извршува своите должности така што нивното извршување не го подреди на личниот интерес, ниту меѓу нив да предизвика судир (во понатамошниот текст: судир на интереси).
2) Стечајниот управник мора да избегне ситуации во кои совесениот трговец разумно заклучува дека ситуацијата личи на конфликт на интереси.
3) Судирот на интереси настанува кога стечајниот управник има лични интереси кои влијаат или можат да влијаат на совесен трговец, можат да влијаат на правилно извршувањето на должноста стечаен управник.

4) Ако дојде до судир на интереси или по именувањето на стечајниот управник се утврди дека постои таков судир, стечајниот управник е должен веднаш да поднесе барање за свое разрешување од должноста стечаен управник.
5) Стечајниот управник не може да договара ниту да прима било каков вид на надокнада или да има друга корист за должностите кои ги извршува како стечаен управник, освен наградата за работата и надомест на материјалните трошоци кои ги одобрува судот.
6) Стечајниот управник не може, со цел за обезбедување на свои професионални ангажмани од страна на трети лица, да им исплаќа или нуди, непосредно или посредно, провизија надокнада или други бенефиции на тие лица

7. Чување и управување со имотот на стечајниот должник

1) Стечајниот управник е должен со внимание на способен и вешт човек (професионалец), да го чува имотот кој му е доверен како и да управува со него во согласност со овој кодекс, со професионалните стандарди за управување со стечајната маса,и со други прописи.
2) Стечајниот управник е должен имотот на стечајниот должник, односно паричните средствата добиени од продажбата на имотот на стечајниот должник да ги чува на посебна сметка одвоено од својот имот.
3) Стечајниот управник е должен да ги превземе сите неопходни мерки заради зачувување и заштита на средствата или имотот на стечајниот должник.

8. Располагање со имотот на стечајниот должник

1) Стечајниот управник не може да го купува, непосредно или посредно имотот на стечајниот должник во стечајна постапка во која е именуван за стечаен управник.
2) Во постапка во која не е именуван за стечаен управник, стечајниот управник може да го купува имотот на стечајниот должник ако тој имот се купува со законски спроведена постапка за продажба на имотот, под еднакви услови со сите останати потенцијални купувачи или во тек на редовното работење на стечајниот должник.
3) Стечајниот управник не може во постапката на продажба на имотот на стечајниот должник, непосредно или посредно тој имот да го продаде:

(1) на вработените лица кои ги ангажирал или на лица кои имаат други лични и деловни врски со стечајниот управник;
(2) на други стечајни управници, како ниту на вработени кај други стечајни управници;
(3) на лица кои се поврзани со стечајниот управник, односно со други стечајни управници, како и со други лица поврзани со лица кога му се познати овие услови;
4) по исклучок, стечајниот управник може да го продава имотот на стечајниот должникот и овие на лица доколку е предходно доставено известување за таа продажба на судот, собранието на доверители и одборот на доверители, под услов да на тоа известување нема благовремено поднесен приговор од страна на доверителите и да не е оневозможена согласноста на судот, како и тоа имотот на стечајниот должник да биде понуден јавно, по иста цена и исти услови.

9. Колегијалност

1) Стечајниот управник не може поради лична корист да го одстапи водењето на стечајната постапка на друг стечаен управник, како ниту на своите вработени ниту на вработени кај друг стечаен управник, како и на лицата ангажирани од страна на стечајниот управник.
2) Стечајниот управник не може да дава лажни и неточни информации за друг стечаен управник на доверителот кој го предлага за стечаен управник по однос на бројот на предметите кои ги работи и обемот на работите во постапки. Исто така неможе да дава лажни податоци дека нема ограничување определено со закон, за да може да биде именуван за стечаен управник.

10. Ангажирани и вработени лица кај стечајниот управник

Стечајниот управник е должен да обезбеди активностите кои ги спроведуваат вработените во друштвото, да бидат во согласност со професионалните стандарди кои се применуваат за извршување на работите на стечајниот управник.

11. Известување за работата на стечајниот управници

1) Доколку во извршувањето на своите должности и овластувања стечајниот управник не постапува согласно со овој кодекс, заинтересираното лице за тоа ја известува Комората на стечајни управници

12. Соработка со Комора на стечајни работници и надлежното министерство

Стечајните управници се должни целосно да соработуваат со Комората на стечајни управници и надлежното министерство за сите прашања што произлегуваат од Законот за стечај, националните стандарди и други политики и директиви, донесени од министерството што се поврзани со администрација на стечајните постапки.

13. Овој кодекс стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во Службен весник на Република. Македонија.

Бр. 07-7858/1
10 ноември 2006 година
Скопје

Министер,
Вера Рафајловска, с. р.

Врз основа на член 34 став (6) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07 и 47/11) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА Е-СТЕЧАЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на е-стечај (во натамошниот текст: Регистар).

Член 2

Регистарот за е-стечај се води во електронска форма.

Член 3

Во Регистарот од членот 1 на овој правилник се внесуваат податоци за:

1. Општи податоци
- број на стечајна постапка (ст. број);
- начин на водење на стечајната постапка;
- основен суд;
- стечаен судија;
- датум на кој стечајниот судија го примил предметот во работа;
- стечаен управник;
- датум на кој стечајниот управник го презел предметот;
- предлагач на стечајната постапка;
- закон по кој се води стечајната постапка;
- фаза во која се наоѓа стечајната постапка и
- причини за одолговлекување на стечајната постапка.

2. Стечаен должник
- име, седиште, адреса и матичен број;
- датум на отворање на стечајната постапка;
- датум на заклучување на стечајната постапка и
- датум на запирање на стечајната постапка.

3. Стечајна маса
- проценета вредност на стечајната маса;
- впаричена стечајна маса;
- невпаричена стечајна маса;

- прилив во денари од користење на стечајната маса и
- состојба на жиро сметка.

4. Разлачен доверител
- име, седиште, адреса и ЕМБГ за физичко лице, односно ЕМБС за правно лице;
- износ на побарувањето во денари и
- предмет врз кој има хипотека.

5. Доверител од повисок исплатен ред
- име, седиште, адреса и ЕМБГ за физичко лице, односно ЕМБС за правно лице;
- износ на утврденото побарување во денари и
- процентуално учество на побарувањето во вкупните утврдени побарувања.

6. Стечаен доверител
- име, седиште, адреса и ЕМБГ за физичко лице, односно ЕМБС за правно лице;
- износ на утврденото побарување во денари и
- процентуално учество на побарувањето во вкупните утврдени побарувања.

7. Собрание на доверители
- состав;
- датум на одржување на прво (извештајно) рочиште и
- одржани рочишта.

8. Одбор на доверители
- претседател;
- членови на одбор на доверители и
- одржани седници.

9. Исплати по тип на побарувања
- исплата на разлачни доверители;
- исплати на доверители од повисок исплатен ред;
- авансни исплати на стечајни доверители и
- конечна распределба на стечајната маса.

10. Трошоци на стечајната постапка
- исплата на награда на стечаен управник;
- исплата на други трошоци за водење на стечајната постапка и
- вкупно направени трошоци на стечајната постапка.

11. Табелата (шема) на утврдени побарувања изготвена согласно член 89 и 90 од Законот за стечај целосно се внесува во регистарот за е-стечај.

12. Објави за продажби и извршени продажби на делови или целокупната стечајна маса.

13. Објави за закажани рочишта на собранието на доверители.
14. Други документи кои се составен дел од стечајното досие:
- одлуки на собрание на доверители;
- одлуки на одбор на доверители и
- решенија на стечајниот судија.

Член 4

Во Централниот регистар се внесуваат податоците од член 3, точка 2 алинеа 1 и 2 од овој правилник, врз основа на решението издадено од надлежниот суд.

Во Министерството за економија се внесуваат податоците од член 3, точка 1 алинеи 6 и 7 од овој правилник, врз основа на електронска информација од Централниот регистар.

Другите податоци од член 3 точка 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 8, 9, 10 и 11, точка 2 алинеи 3 и 4, точка 3 алинеи 1, 2, 3, 4 и 5, точка 4 алинеи 1, 2 и 3, точка 5 алинеи 1, 2 и 3, точка 6 алинеи 1, 2 и 3, точка 7 алинеи 1, 2 и 3, точка 8 алинеи 1, 2 и 3, точка 9 алинеи 1, 2, 3 и 4, точка 10 алинеи 1, 2 и 3, точките 11, 12, 13 и точка 14 алинеа 1, 2 и 3 од овој правилник, ги внесува стечајниот управник хронолошки како што настануваат веднаш или најдоцна во рок од 8 дена од денот на настанувањето.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.15-7369/5

10 ноември 2011 година — Министер за економија,

Скопје — Ваљон Сараќини , с.р.

Врз основа на член 98 став (8) од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА НА ЕЛЕКТРОНСКА ПРОДАЖБА КАКО И ПРОДАЖБАТА НА ИМОТОТ ДЕЛ ОД СТЕЧАЈНАТА МАСА ЗА КОЈА МОЖЕ ДА НАСТАНАТ ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на постапката на електронска продажба како и продажбата на имотот дел од стечајна маса за која може да настанат штетни последици.

Член 2

Во рок од три дена по донесувањето на одлуката за затворање на деловниот потфат и претворање во пари на имотот, имотните права и побарувањата на должникот кои влегуваат во стечајна маса, во системот на Е-стечај што се води во Централниот регистар на Република Македонија, се објавува оглас со кој се повикуваат заинтересираните купувачи да го разгледаат имотот и да се информираат за начинот на продажбата.

Член 3

Огласот за електронска продажба се објавува во рок од три дена по истекот на рокот од член 2 на овој правилник и трае најмногу 15 дена.

Член 4

Заинтересираните купувачи се најавуваат преку системот за Е-стечај до стечајниот управник дека имаат намера да учествуваат на објавената електронска продажба.

Право на учество во електронската продажба имаат лица кои ги исполниле условите од член 98 став (2) од Законот за стечај.

Член 5

Во точно определеното време на огласот, започнува електронското наддавање на купопродажната цена и трае 30 минути.

Член 6

По завршувањето на јавното наддавање Е-системот електронски ги известува учесниците за резултатите од наддавањето.

Член 7

Продажбата на имотот дел од стечајна маса за која може да настанат штетни последици се врши согласно член 98 став (5) од Законот за стечај.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-1432/1

26 февруари 2014 година — Министер,

Скопје — **Ваљон Сараќини,** с.р.

Врз основа на член 37 став (2) од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА НИВНАТА ВИСИНА

I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина.

Член 2

(1) Наградата се утврдува при секоја авансна исплата на побарувањата на доверителите.

(2) Без исплата на побарувањата на доверителите авансна исплата во висина од една просечна плата се исплаќа најмногу за првите шест месеци сметано од отворањето на стечајната постапка.

(3) Заедно со предлогот за авансна исплата на стечајните доверители, се доставува предлог за авансна исплата на дел од наградата за извршена работа на стечајниот управник, при што се доставува ажурирана пресметка на очекуваната вкупна награда, пресметка на делот на награда според висината на авансната исплата на стечајните доверители, пресметка на износот на вкупно исплатените аванси и разликата што преостанува за доплата.

(4) Наградата се утврдува и исплаќа и во случај на впаричување на имот врз кого постои право на одвоено намирување, при што се применуваат одредбите за определување на награда при намирување на стечајните доверители.

Член 3

Наградата на стечајниот управник се утврдува врз основа на:

1) Начинот на спроведувањето на стечајната постапка,

2) Висината на паричната вредност за намирување на побарувањата на стечајните доверители,

3) Процент на намирување на стечајните доверители,

4) Сложеност на стечајната постапка и
5) Времетраењето на стечајната постапка.

Член 4

Начинот на утврдување на наградата на стечајниот управник зависи од начинот на спроведување на стечајната постапка (со впаричување на имотот на должникот или спроведување план за реорганизација) и посебно за привремен стечаен управник во претходна постапка.

II. Начин на утврдување на висината на наградата на стечајниот управник кога стечајната постапка се спроведува со впаричување на имотот на должникот

1. Парична вредност за намирување на побарувањата на доверителите

Член 5

(1) Во зависност од висината на паричните средства потребни за намирување на побарувањата на стечајните доверители, наградата на стечајниот управник се определува според следната табела:

Ставка	Парична вредност за намирување на побарувањата на стечајните доверители	Награда на стечаен управник
I	До 300.000 ден.	60.000 ден.
II	Над 300.000 до 1.500.000 ден.	Од 60.000 до 150.000 ден.
III	Над 1.500.000 до 3.000.000 ден.	Од 150.000 до 300.000 ден.
IV	Над 3.000.000 до 15.000.000 ден.	Од 300.000 до 600.000 ден.
V	Над 15.000.000 до 30.000.000 ден.	Од 600.000 до 1.000.000 ден.
VI	Над 30.000.000 до 150.000.000 ден.	Од 1.000.000 до 2.500.000 ден.
VII	Над 150.000.000 ден.	Од 2.500.000 до 7.500.000 ден.

(2) Наградата од ставките дадени во табелата од став (1) на овој член се определува сразмерно на износот на намирувањето на побарувањата на доверителите, при што интервалот на наградата се споредува со интервалот на намирувањето на побарувањата на стечајните доверители. Во ставката VII од табелата, како горна граница на парична вредност на намирување на побарувањата се смета 650.000.000 денари.

2. Процент на намирување на стечајните доверители

Член 6

За постигнато парично намирување над 50% од утврдените побарувања на доверителите исклучувајќи ги доверителите од повисок исплатен ред согласно член 117 од Законот за стечај, за секој 1% зголемена наплата на побарувањата, се зголемува за 1% и наградата пресметана според член 5 од овој правилник.

3. Сложеност на стечајната постапка

Член 7

Врз основа на сложеност на постапката, во однос на видот и облиците на имотот на стечајниот должник и сложеност на неговото претворање во пари како на пример побарувања што потешко можат да се наплатат, побивање на правни дејствија, удели и акции во други трговски друштва и слично, наградата определена во член 5 од овој правилник може да се зголеми најмногу за 10%.

4. Времетраење на стечајната постапка

Член 8

(1) Наградата утврдена според членовите 5, 6 и 7 од овој правилник се исплаќа во висина од 100% ако стечајната постапка е заклучена во рок од една година. Во случај кога стечајната постапка трае повеќе од една година наградата се намалува по 4% месечно во наредните 18 месеци, така што по навршување на вкупно 30 месеци, наградата ќе изнесува најмногу до 28%.

(2) Во случај на промена на стечајниот управник пресметката на наградата од став (1) на овој член ќе се врши во сразмерен дел на потребното време за заклучување на постапката, но најдолго во рок од една година, сметајќи од денот на именувањето на новиот стечаен управник, т.е. вкупно 42 месеци, по кој рок наградата ќе изнесува најмногу до 28% од вкупната награда определена според член 5, 6 и 7 од овој правилник.

III. Начин за утврдувањена висината на наградата на стечаен управник во случај на реорганизација на деловниот потфат

1. Парична вредност за намирување на побарувањата на доверителите

Член 9

(1) Во зависност од висината на паричните средства потребни за намирување на побарувањата на стечајните доверители, наградата на стечајниот управник се определува според следната табела:

Ставка	Парична вредност за намирување на побарувањата на стечајните доверители	Награда на стечаен управник
I	До 300.000 ден.	120.000 ден.
II	Над 300.000 до 1.500.000 ден.	Од 120.000 до 300.000 ден.
III	Над 1.500.000 до 3.000.000 ден.	Од 300.000 до 500.000 ден.
IV	Над 3.000.000 до 15.000.000 ден.	Од 500.000 до 1.200.000 ден.
V	Над 15.000.000 до 30.000.000 ден.	Од 1.200.000 до 2.100.000 ден.
VI	Над 30.000.000 до 150.000.000 ден.	Од 2.100.000 до 4.000.000 ден.
VII	Над 150.000.000 ден.	Од 4.000.000 до 15.000.000 ден.

(2) Наградата од ставките дадени во табелата од став (1) на овој член се определува сразмерно на износот на намирувањето на побарувањата на доверителите, при што интервалот на наградата се споредува со интервалот на намирувањето на побарувањата на стечајните доверители. Во ставката VII од табелата, како горна граница на парична вредност на намирување на побарувањата се смета 650.000.000 денари.

2. Процент на намирување на стечајните доверители

Член 10

Ако со планот за реорганизација е предвидено намирување над 50% од утврдените побарувања на доверителите исклучувајќи ги доверителите од повисок исплатен ред согласно член 117 од Законот за

стечај, за секој 1% зголемено намирување на побарувањата, се зголемува за 1% и наградата пресметана според член 9 од овој правилник.

3. Сложеност на стечајната постапка

Член 11

(1) По основ на сложеност на постапката во однос на планот за реорганизација определена со финансиските анализи и проекции, наградата определена во член 9 од овој правилник може да се зголеми најмногу за 10%.

(2) Ако планот за реорганизација е доставен со предлогот за отворање на стечајна постапка од должникот или доверител, или доверителите на првото извештајно собрание овластиле друго лице да изготви план, а стечајниот управник не учествувал во неговот изготвување, наградата на стечајниот управник определена во член 9 од овој правилник, се намалува до 50%.

4. Времетраење на стечајната постапка

Член 12

(1) Наградата утврдена според членовите 9, 10 и 11 се исплаќа во висина од 100% ако стечајната постапка е заклучена во рок од една година. Во случај кога стечајната постапка трае повеќе од една година наградата се намалува по 4% месечно во наредните 18 месеци, така што по навршување на вкупно 30 месеци, наградата ќе изнесува најмногу до 28%.

(2) Во случај на промена на стечајниот управник пресметката на наградата од став (1) на овој член ќе се врши во сразмерен дел на потребното време за заклучување на постапката, но најдолго во рок од една година, сметајќи од денот на именувањето на новиот стечаен управник, т.е. вкупно 42 месеци, по кој рок наградата ќе изнесува најмногу до 28% од вкупната награда определена според член 9, 10 и 11 од овој правилник.

IV. Награда за работа на привремен стечаен управник

Член 13

(1) Утврдувањето на наградата на привремениот стечаен управник се врши врз основа на обемот на работата, времето потребно за извршување на должностите определени со решението на стечајниот судија како и висината на авансираните трошоци, а не треба да биде поголема од 20.000 денари.

(2) Во случај кога во претходна постапка се подготвува и донесува план за реорганизација, во тој случај наградата на привремениот стечаен управник може да изнесува најмногу во висина од 50% од утврдената награда од член 9 на овој правилник.

(3) Привремениот стечаен управник има право на надомест на реално сторените трошоци кои се определуваат согласно одредбите од член 15 од овој правилник.

V. Надоместок на реално сторени трошоци за водење на стечајна постапка

Член 14

(1) Стечајниот управник еднаш месечно поднесува предлог пресметка за исплата на реално сторените трошоци во стечајната постапка заедно со месечниот извештај од член 34 став (2) од Законот за стечај.

(2) Надоместоците за реално сторени трошоци за водење на стечајна постапка се определува врз основа на писмени документи, како докази за трошоците, којшто стечајниот управник ги доставува до стечајниот судија, со образложение, заедно со предлог за исплата.

(3) Секој поединечен трошок треба да се подели на сите стечајни предмети што ги води стечајниот управник, земајќи го предвид реалното учество на секоја стечајна постапка во реално стореният трошок.

(4) Во реално сторени трошоци влегуваат:

1) Надоместок за закупнина на канцеларијата на стечајниот управник врз основа на склучен договор за закупнина во месечен паушален износ кој не може да биде повисок од 20.000 денари во вкупен износ за сите стечајни предмети што стечајниот управник ги води;

2) Патни и дневни трошоци на стечајниот управник во конкретен стечаен предмет;

3) Трошоци за телекомуникациски услуги, вклучувајќи мобилни телефони не повеќе од 5.000 денари за сите стечајни предмети што ги води;

4) Надомест за користење на сопствено превозно средство на подрачјето на надлежен суд во вкупен износ од 10.000 денари за сите стечајни предмети што ги води во тој суд;

5) Надомест за користење на сопствено превозно средство согласно Законот за работни односи и Општиот колективен договор за стопанство, доколку не се користи превозно средство сопственост на стечајниот должник за конкретни стечајни предмети надвор од

седиштето на стечајниот управник;
6) Трошоци за дополнително ангажирани лица што се однесуваат за сите стечајни предмети што ги води стечајниот управник и посебно за ангажирани лица вработени кај должникот;
7) Сите трошоци поврзани со водење на деловниот потфат, односно одржување на имотот на стечајниот должник;
8) Трошоци поврзани со спроведување на стечајната постапка со странски елемент согласно Законот за стечај и
9) Други трошоци (комунални услуги, потрошени канцелариски материјали, користење на компјутерска техника и сл.).

VI. Преодни и завршни одредби

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за награда и надоместок на реално потребните трошоци на стечајниот управник, начинот на утврдување на нивната висина и определување на износот на авансот за покривање на трошоците на претходна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 119/06 и 77/13).

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-1434/1

26 февруари 2014 година

Скопје

Министер,

Ваљон Сараќини, с.р.

Врз основа на член 30-а став (5) од Законот за стечај (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ И ЛИСТИТЕ НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ ПО СУДОВИ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ВОДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Регистарот на стечајните управници, листите на стечајни управници по судови кои се стекнале со лиценци односно им биле одземени и начинот на нивното водење.

Член 2

(1) Регистерот на стечајни управници во кој е вклучен и посебниот регистар за стечајни управници со специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација, ги содржи следните податоци:

- име и презиме на стечајниот управник, адреса, телефонски број,
- назив и седиште на друштвото стечаен управник, односно трговец поединец во кое е вработен стечајниот управник,
- број и дата на издавање и дата на обновување на лиценца за стечаен управник,
- број и дата на решението за одземање на лиценца на стечаен управник,
- висината, датумот и периодот на траење на осигурувањето од професионална одговорност,
- број на уверението за положен стручен испит на стчајниот управник и
- број и дата на издавање на сертификатот за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација.

(2) Регистарот од став (1) на овој член се води електронски.

(3) Формата и содржината на Регистарот од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Посебна листа на стечајни управници се води за секој надлежен суд, за стечајни управници кои се пријавиле да водат стечајни постапки во тој суд.

(2) Листата на стечајни управници по судови ги содржи следните податоци:

- име и презиме на стечајниот управник, адреса, телефонски број, електронска пошта,
- назив, седиште и ЕМБС на друштвото стечаен управник, односно трговец поединец во кое е вработен стечајниот управник и
- број и дата на издавање на сертификатот за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација.

(3) Листата од став (1) на овој член се води електронски

(4) Формата и содржината на Листата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Податоците во Регистарот на стечајните управници и листите на стечајни управници по судови кои се стекнале со лиценци односно им биле одземени се внесуваат од страна на службени лица овластени од министерот за економија.

Член 5

Податоците од Регистарот на стечајните управници и листите на стечајни управници по судови кои се стекнале со лиценци односно им биле одземени најдоцна во рок три дена по нивното изготвување се објавуваат на веб страната на Министерството за економија.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 15-1437/1

26 февруари 2014 година — Министер,

Скопје — **Ваљон Сараќини,** с.р.

ПРИЛОГ 1

РЕГИСТАР НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ

Име и презиме на стечајниот управник	Адреса	Теле-фонски број	Назив на друштвото/ трговец поединец – во кое е вработен стечајниот управник	Број на лиценца	Дата на издавање/ дата на обновување на лиценцата	Износ на осигурување од професионална одговорност	Рок на важност на осигурувањето од професионална одговорност	Број на уверението за положен испит за стечаен управник	Број на сертификат за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација	Дата на издавање на сертификатот за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација

ПРИЛОГ 2

ПОСЕБНА ЛИСТА НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ ЗА СЕКОЈ НАДЛЕЖЕН СУД

Име и презиме на стечајниот управник	Адреса	Теле-фонски број	Електронска пошта	Назив и седиште на друштвото/ трговец поединец – во кое е вработен стечајниот управник	ЕМБС на друштвото/трговец поединец во кое е вработен стечајниот управник	Број на сертификат за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација	Дата на издавање на сертификатот за положен испит за специјалистички знаења од областа на планот за реорганизација

Врз основа на член 89 став (6) од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОСЕБНАТА ТАБЕЛА (ШЕМА) НА УТВРДЕНИ И ОСПОРЕНИ ПОБАРУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на табелата (шемата) на утврдени и оспорени побарувања.

Член 2

(1) Табелата (шемата) на утврдени и оспорени побарувања се изготвува во А4 формат на хартија со бела боја.

(2) Табелата (шема) на утврдени и оспорени побарувања ги содржи следните податоци:

- реден број;
- назив, седиште, единствен матичен број на субјектот - за правните лица и име и презиме, адреса и единствен матичен број на граѓанинот - за физичките лица;
- исплатен ред;
- назив на носителот на платен промет;
- број на жиро сметка;
- правен основ на побарувањето;
- предмет врз кој има хипотека;
- пријавен износ на побарување;
- утврден износ;
- оспорен износ;
- правен основ на оспорувањето;
- процентуално учество на побарувањето во вкупните побарувања;
- вкупно побарувања од повисок исплатен ред и стечајни доверители и
- вкупно побарувања на разлачни доверители.

(3) Формата и содржината на табелата (шемата) се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-1438/1

26 февруари 2014 година Министер,

Скопје **Ваљон Сараќини,** с.р.

ПРИЛОГ

ТАБЕЛА (ШЕМА) НА УТВРДЕНИ И ОСПОРЕНИ ПОБАРУВАЊА

Реден број	Назив/ Име и презиме	Седиште/ адреса	ЕМБС/ ЕМБГ	Исплатен ред	Назив на носителот на платен промет	Број на жиро сметка	Правен основ на побарувањето	Предмет врз кој има хипотека	Пријавен износ на побарување	Утврден износ	Оспорен износ	Правен основ на оспорувањето	Процентуално учество на побарувањето во вкупните побарувања
Вкупно побарувања од повисок исплатен ред и стечајни доверители:													
Вкупно побарувања на разлачни доверители:													

Врз основа на член 31 став (6) од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБОР НА СТЕЧАЕН УПРАВНИК СПОРЕД МЕТОДАТА НА ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗБОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на избор на стечаен управник според методата на електронски избор.

Член 2

Системот на Е-стечај автоматски изготвува ранг листа на стечајни управници за секој суд посебно.

Член 3

Ранг листата од член 2 на овој правилник се изготвува врз основа на:

- број на стечајни предмети што стечајниот управник ги води во сите судови и
- времетраење на стечајните предмети.

Вкупниот број на поени на секој стечаен управник се определува така што податоците од став (1) алинеја 1 на овој член се множат со податоците од став (1) алинеја 2 на овој член.

Стечајниот управник со најмал број на поени е прв на ранг листата.

Член 4

Стечајниот судија кога ќе добие нов стечаен предмет, или кога треба да изврши именување на нов стечаен управник во веќе постоен стечаен предмет, преку системот на Е-стечај ја добива ранг листата на стечајни управници на судот каде што се води стечајниот предмет и го избира прворангираниот стечаен управник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-1439/1 Министер

26 февруари 2014 година, Скопје **Ваљон Сараќини, с.р**

Врз основа на член 85 од Законот за стечај (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА СТЕЧАЈНОТО ДОСИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водење на стечајното досие кое се формира за секоја стечајна постапка.

Член 2

Стечајното досие се води електронски во системот на Е-стечај при Централниот регистар на Република Македонија.

Член 3

Стечајното досие содржи попис со извештај за процена, почетен стечаен биланс, список на доверители и должници, табела на утврдени и оспорени побарувања, извештај за економско-финансиска состојба на стечајниот должник, месечни и други извештаи на стечајниот управник, предлог план за распределба, завршен извештај и план за реорганизација.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-1435/1

26 февруари 2014 година — Министер,

Скопје — **Ваљон Сараќини,** с.р.

Врз основа на член 23-г став (3) и член 23-ј став (2) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14), министерот за економија, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за овластен стечаен управник и формата и содржината на уверението за положен испит за овластен стечаен управник.

Член 2

(1) Во првиот дел од испитот точниот одговор на прашањата се бодира со два бода, сличните одговори со точниот се бодираат со еден бод, неточниот одговор во мал обем се бодира со нула запирка пет, а неточниот одговор во голем обем со нула бода. Максималниот број на освоени бодови изнесува 100.

(2) Во вториот дел од од испитот точниот одговор на прашањата се бодира со пет бода, со два бода и со еден бод во зависност од точноста на одговорот. Сите членови од комисија од соодветната област вршат бодирање на одговорените пет прашања, при што се пресметува просечна вредност на освоени бодови за секое прашање. Максималниот број на освоени бодови за секоја од практичните прашања изнесува 100.

Член 3

(1) Уверението за положен стручен испит за овластен стечаен управник се издава на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Уверението од став (1) на овој член ги содржи следните податоци:

- грб на Република Македонија:
- назив на Република Македонија:
- Министерство за економија:
- зборовите: „Врз основа на член 23-ј од Законот за стечај министерот за економија издава“;
- презиме, татково име и име на кандидатот;

- датум на раѓање;
- место на раѓање;
- назив на училиштето каде се стекнал со пријавеното образование;
- датум на издавање на свидетелството/дипломата;
- датум кога е положен испитот;
- број и датум на издавање на уверението и
- место за печат и потпис на министерот за економија.

(3) Формата и содржината на уверението од став (1) на овој член се дадени во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-1741/1

26 февруари 2015 година

Скопје

Министер за економија,

Беким Незири, с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 23-Ј од Законот за стечај, министерот за економија издава

УВЕРЕНИЕ
ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК

_____ роден / а на _____ година, во
(презиме, татково име и име на кандидатот) (датум на раѓање)

_____, со стручна подготовка во _____ и
(место на раѓање) (назив на училиштето каде се стекнал соодветното образование)

Свидетелство/диплома издадено на _____ година.
(датум на издавање на свидетелството / дипломата)

На _____ година кандидатот го положи стручниот испит за
(датум кога е положен испитот)
овластен стечаен управник со: _____ .

Бр. _____ година
Скопје

Министер за економија

Врз основа на член 290-а став (2) од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13 и 29/14) министерот за економија донесе

ПРОГРАМА
ЗА ПОСЕБНАТА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОБУКА ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА КАКО И ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПОСЕБНИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ЗНАЕЊА

1. Со оваа програма се пропишуваат темите за кои се спроведува посебната специјалистичка обука за подготовка и спроведување на план за реорганизација, како и темите за полагање испит за стекнување на сертификат за посебни специјалистички знаења.
2. Програмата од точката 1 на оваа програма се состои од следните теми:

I. ТРГОВСКИ ДРУШТВА

1. Поим за трговски друштва, основање, форми на трговските друштва, време на траењето на трговските друштва, друштвото како правно лице, одговорност за обврските, посебна одговорност на содружниците, односно акционерите;
2. Управување со трговските друштва;
3. Управување со средствата на друштвото, управување со трошоците, управување со квалитетот на економијата на друштвото, управување со резултатите;
4. Белези на трговските друштва;
5. Фирма, седиште и предмет на работењето;
6. Застапување на трговските друштва;
7. Прокура, трговски полномошник и трговски патник;
8. Трговски регистар и постапка за упис, поим на трговскиот регистар, субјектите на уписот, податоците што се запишуваат во трговскиот регистар, видовите на уписи и начелата на упис во трговскиот регистар и
9. Трговски книги, годишни сметки, финансиски извештаи, сметководство и ревизија на финансиски извештаи.

II. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
1. Поим и видови на на финансиски извештаи;
2. Биланс на состојба;
3. Биланс на успех ;
4. Извештај за промени во капиталот; и
5. Извештај за готовински текови.

III. ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА
1. Примена на финансиската анализа;
2. Постапка на финансиска анализа;
3. Рацио анализа:
- показатели на ликвидноста;
- показатели на активноста;
- показатели на задолженоста;
- показатели на профитабилноста;
- показатели на пазарна вредност и
4. ДИПОН анализа.

IV. ВРЕМЕНСКА ВРЕДНОСТ НА ПАРИТЕ
1. Поим и значење;
2. Дисконтирање;
3. Пресметка на идна вредност;
4. Вкаматување;
5. Пресметка на сегашна вредност;
6. Утврдување на дисконтна стапка и
7. Примена на концептот на временска вредност на парите.

V. ДОЛГОРОЧНО ФИНАНСИСКО ОДЛУЧУВАЊЕ
1. Карактеристики на ефикасноста на капиталните вложувања;
2. Постапка на планирање на капиталните вложувања;
3. Компоненти на процесот на инвестициско вложување:
- животен век на инвестицијата и нејзини проекции;
- готовински текови;
- третман на амортизацијата;
- инвестиции во постојани и трајни обртни средства;
- примена на принципот на инкременталност;
- утврдување на дисконтна стапка;
- третман на инфлацијата;
4. Примена на готовински текови за оценка на инвестициски проекти:
- нето-сегашна вредност и резидуална вредност на капиталот;
- оценка на рентабилноста на проектот ;

5. Критериуми за оценка на инвестициони проекти;
6. Период на враќање на инвестиција;
7. Просечна стапка на принос;
8. Нето - сегашна вредност;
9. Интерна стапка на рентабилност и
10. Долгорочни вложувања и ризик.

VI. ЦЕНА (ТРОШОК) НА КАПИТАЛ

1. Определување на очекувана стапка на принос како основа на цената на капиталот;
2. Цена на долгот;
3. Цена на капиталот на приоритетни акции;
4. Цена на капиталот од обични акции;
5. Примена на CAPM методата;
6. Гордонов модел (константна стапка на раст);
7. Метод на надградување;
8. Цена на капиталот од интерни извори (акумулирана добивка); и
9. Утврдување на просечна цена на капиталот (WACC).

VII. МЕТОДИ НА ПРОЦЕНА

1. Статички пристап во проценатa - Метод на корегирана книговодствена вредност и
2. Приходни методи на процена на капиталот.

VIII. РЕОРГАНИЗАЦИЈА

1.ОПШТО ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

1.1. Финансиско работење (основни правила на финансиското работење, обезбедување ликвидност и солвентност, ризици во финансиското работење, управување со ризикот на ликвидност, пратење и обезбедување на адекватност на капиталот, исполнување на паричните обврски, обврски на органите на управување во друштвото кога ќе настане неликвидност или инсолвентност) и

1.2. Реорганизација на друштвото (план за реорганизација, поим и цел, содржина на планот за реорганизација, мерки за реализација, подготвителен дел на планот, содржински дел, прилози кои треба да се поднесат со планот, финансиски проекции на билансот на успех, билансот на состојба и готовинскиот тек за наредните пет години).

2. РЕОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

2.1. Изготвување на планот за реорганизација и доставување на доверителите;

2.2. Постапка на одлучување и учество на судот во постапката на одлучување по планот

2.3. Заклучување на стечајната постапка.

3. РЕОРГАНИЗАЦИЈА ВО СТЕЧАЈ

3.1. Изготвување на планот за реорганизација и доставување на доверителите,

3.2. Постапка на одлучување и учество на судот во постапката на одлучување по планот;

3.3. Заклучување на стечајната постапка;

3.4. Надзор и контрола на планот за реорганизација:

3.5. Решение за надзор и контрола на спроведување на планот;

3.6. Објавување на надзорот;

3.7. Права и обврски на стечајниот управник;

3.8. Укинување на надзорот и

3.9. Иницијатива за отворање на стечајна постапка.

3. За спроведување на посебната специјалистичка обука за подготовка и спроведување на план за реорганизција и за полагање стручен испит за стекнување сертификат за посебни специјалистички знаења се користи следната литература и прописи:

- Закон за стечај;
- Закон за трговските друштва ;
- Финансиски менаџмент, Сашо Арсов, Економски Факултет Скопје, 2007;
- Професионален стандард за минимум податоци кои треба да ги содржи планот за реорганизација кој го поднесува стечајниот управник и
- Професионален стандард за вршење контрола над извршување на планот за реорганизација

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-1436/1 Министер,

26 февруари 2014 година, Скопје **Ваљон Сараќини,** с.р.

Одредби од Законот на трговските друштва кои ја уредуваат ликвидацијата на трговските друштва

ЛИКВИДАЦИЈА НА ДРУШТВО

Ликвидација на друштвото
Член 538

(1) Ако не се отвори стечајна постапка над друштвото, по донесувањето на одлуката за престанување на друштвото се спроведува ликвидација.
(2) Ако од одредбите на овој закон или од целта на ликвидацијата не произлегува нешто друго, до завршувањето на ликвидацијата се применуваат одредбите од овој закон што важат за друштвата коишто не престанале.

Ликвидатори
Член 539

(1) Ликвидацијата на јавно трговско друштво ја спроведуваат сите содружници како ликвидатори, а на командитно друштво и на командитно друштво со акции сите комплементари, ако со спогодба содружниците не им ја доверile на одделни содружници. Двајца или повеќе наследници на починат содружник се должни да постават заеднички застапник.
(2) Ликвидацијата на друштво со ограничена одговорност и на акционерско друштво ја спроведуваат членовите на органот на управување, односно управителот на друштвото, во својство на ликвидатори.
(3) Ликвидаторите од ставовите (1) и (2) на овој член можат, во секое време, да бидат разрешени од страна на содружниците, односно од собирот на содружниците или од собранието на друштвото.

Ликвидатори назначени од судот
Член 540

(1) Ако содружниците, односно акционерите не назначиле ликвидатор и ако со овој закон е определено дека судот спроведува ликвидација на друштво по сила на закон, судот го назначува ликвидаторот.
(2) На предлог на содружниците, односно на акционерите чиј заеднички удел, односно акции изнесува најмалку 20% од основната главнина, ако постојат значајни причини и ако предлагачите ги сторат веројатни значајните причини, судот може да назначи ликвидатори од листата на

предложените лица од страна на содружниците, односно на акционерите.
(3) Ликвидаторите, назначени од страна на судот имаат право на надомест на трошоците и на награда за нивната работа како ликвидатори. Ако не се сложат судски назначените ликвидатори и друштвото, судот ги утврдува надоместоците и наградите.

Упис во трговскиот регистар
Член 541

(1) Првите ликвидатори и нивните овластувања се пријавуваат заради упис во трговскиот регистар. Секоја промена заради упис во трговскиот регистар ја пријавуваат самите ликвидатори.
(2) Пријавата за упис на ликвидатор, како и секоја промена заради упис во трговскиот регистар која ја пријавуваат самите ликвидатори може да се поднесува и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем.
(3) Назначувањето и разрешувањето на ликвидаторите од страна на судот се запишуваат во трговскиот регистар по службена должност.
(4) Ликвидаторите го доставуваат својот потпис заверен кај нотар до Централниот регистар на Република Македонија, ако го немаат сторено тоа, како членови на органот на управување или како управители.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член ликвидаторите можат да го достават својот потпис како прилог во електронска форма преку едношалтерскиот систем, ако е потпишан со електронски потпис без истиот да го заверат кај нотар.

Права и должности на ликвидаторите
Член 542

(1) Ликвидаторите се должни да ги довршат зделките што се во тек, да ги наплатат побарувањата на друштвото, да го упаричат другиот имот и да ги намират обврските спрема доверителите. Ако тоа го бара ликвидацијата, тие можат да склучуваат и нови зделки на друштвото во ликвидација.
(2) Ликвидаторите можат, во согласност со содружниците, односно се акционерите и со доверителите, да отуѓуваат одделни објекти од ликвидациониот имот на одделни акционери и на содружници ако со тоа не се повредуваат правата на другите содружници, на акционерите и на доверителите.
(3) Ликвидаторите, во рамките на својот делокруг, ги имаат правата и должностите на органот на управување. Ако друштвото има орган на надзор, ликвидаторите се под негов надзор.

Одговорност на ликвидаторот
Член 542-а

(1) Ликвидаторот е одговорен со сиот свој имот за штетата која ќе им ја причини на доверителите во текот на постапката за ликвидација. Доколку се именувани повеќе ликвидатори за причинетата штета тие одговараат солидарно. Ликвидаторот нема да одговара за штета кога на доверител не му е исплатено побарувањето кое го пријавил по истекот на рокот за пријавување на побарувањата од членот 544 на овој закон, а за тоа ликвидаторот не знаел ниту пак можел да знае.

(2) За штетата која ликвидаторот им ја причинил на акционерите или содружниците се применуваат прописите за одговорност за штета.

(3) Барање за надомест на штета до судот против лицето кое било ликвидатор, може да се поднесе во рок од една година по бришењето на друштвото од трговскиот регистар.

(4) Правните дејства кои се преземени во постапката на ликвидација не можат да се оспоруваат по бришењето на трговското друштво од трговскиот регистар.

Застапување на друштвото во ликвидација
Член 543

(1) Ликвидаторите го застапуваат друштвото.

(2) Ако се поставени повеќе ликвидатори, тие колективно го застапуваат друштвото, освен ако со договорот за друштвото, односно со статутот поинаку не е определено. Ако постои обврска од давање изјава од трети лица спрема друштвото, доволно е таа да биде дадена пред еден од ликвидаторите.

(3) Ликвидаторите овластени за колективно застапување можат да овластат ликвидатор или одделни ликвидатори за преземање определени работи или определени видови работи.

(4) Поединечен ликвидатор може да овласти одделни лица за преземање определени работи или определени видови работи.

(5) Овластувањето за застапување од ставовите (3) и (4) на овој член не може да се ограничи.

(6) Ликвидаторите се потпишуваат така што кон фирмата на друштвото го додаваат додатокот „во ликвидација“.

Објавување на ликвидацијата
Член 544

Ликвидаторот, по уписот во трговскиот регистар, без одлагање и во интервал не пократок од седум дена, а не подолг од 15 дена од уписот во трговскиот регистар, објавува дека друштвото е во ликвидација.

Објавата се врши на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија. Со објавата се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена од денот на објавата на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија. Познатите доверители се известуваат поединечно и во писмена форма за ликвидацијата.

Биланс за отворање на постапката за ликвидација
Член 545

(1) Ликвидаторот составува биланс на состојбата според состојбата на денот на почетокот на отворањето на постапката за ликвидација (почетен биланс за отворање постапка за ликвидација) и извештај во којшто го објаснува билансот, како и извештај за работењето на друштвото во текот на годината за којашто се подготвува годишната сметка.

(2) Содружниците, собирот на содружниците и собранието на друштвото одлучуваат за почетниот биланс, за годишната сметка и за извештајот за работењето на друштвото, за одобрување на работата на ликвидаторот.

Впаричување на имотот на друштвото
Член 545-а

Начинот на впаричувањето на имотот на друштвото во ликвидација го пропишува министерот за економија.

Запирање на постапката за ликвидација и поднесување предлог за отворање стечајна постапка
Член 545-б

Доколку ликвидаторот врз основа на пријавените побарувања на доверителите утврди дека имотот на друштвото во ликвидација не е доволен за намирување на обврските кон сите доверители во целост заедно со каматата, ликвидаторот е должен веднаш да ја запре постапката за ликвидација и да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

Бришење на трговското друштво поради непријавени побарувања од доверителите
Член 545-в

Доколку ликвидаторот по истекот на рокот за пријава на побарувањата утврди дека нема пријавени побарувања на доверителите, ликвидаторот е должен во рок од три дена да поднесе пријава за бришење на

трговското друштво од трговскиот регистар. Ликвидаторот може да ја потпише пријавата за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар и само со електронски потпис пред истата да ја поднесе во електронска форма преку едношалтерскиот систем.

Распределба на имотот што останува по намирување на обврските
Член 546

(1) Имотот што останува по намирување на обврските спрема доверителите се распределува меѓу содружниците, односно меѓу акционерите.
(2) Имотот се распределува според односот на номиналните износи на уделите, односно акциите, ако во договорот за друштвото, односно во статутот поинаку не е определено и ако не постојат акции со различни права при распределбата на остатокот од имотот на друштвото.

Доставување и чување на документацијата
Член 547

(1) По завршената ликвидација, ликвидаторите ги доставуваат годишната сметка и извештајот до содружниците, до собирот на содружниците или до собранието на друштвото.
(2) Ликвидаторите кон пријавата, заради бришење на друштвото во трговскиот регистар, поднесуваат одобрена годишна сметка и извештај, како и препис од одлуките на содружниците, собирот на содружниците и собранието на друштвото со коишто се одобрува работата на ликвидаторите.

Рок во којшто се распределува имотот што останува по намирувањето на обврските
Член 548

(1) Имотот на друштвото се распределува по истекот на шест месеца од денот на објавувањето на повикот до доверителите.
(2) Ако еден од доверителите кои се познати не се јави, износот којшто му се должи се положува во судски депозит.
(3) Ако некоја обврска не може веднаш да се намири или ако е спорна, може да се пристапи кон распределба на имотот само ако на доверителот му биде дадено обезбедување.

Појава на имот по бришењето на друштвото
Член 549

Ако по бришењето на друштвото во трговскиот регистар се пронајде имот на друштвото, судот по барање на кое било лице кое има правен

интерес повторно ги повикува ликвидаторите или поставува нови, кои постапуваат според одредбите од овој закон за ликвидација.

Заштита на права против избришано друштво
Член 550

Ако спрема бришаното друштво се остварува некое право пред суд, судот на поранешното друштво му поставува привремен застапник. Лицата кои одговарале за обврските на поранешното друштво можат, според својата одговорност, да бидат тужени, ако не настапила застареност.

Услови под коишто може да се донесе одлука за продолжување на постоењето на друштвото
Член 551

(1) Ако друштво престанало со истек на времето, определено во договорот за друштвото, односно во статутот или со одлука на содружниците, собирот на содружниците или собранието на друштвото можат да донесат одлука за продолжување на постоењето на друштвото се додека не започне распределбата на имотот меѓу содружниците, односно меѓу акционерите.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член се донесува со согласност на сите содружници во друштвото со ограничена одговорност, односно со две третини од претставените акции со право на глас на собранието на друштвото.

(3) Ликвидаторите го пријавуваат продолжувањето на постоењето на друштвото заради упис во трговскиот регистар. При пријавувањето се должни да докажат дека се уште не е започната распределбата на имотот на друштвото меѓу содружниците, односно меѓу акционерите.

Објавување на бришењето
Член 552

По завршувањето на постапката за ликвидација, ликвидаторот веднаш поднесува пријава за бришење на друштвото во трговскиот регистар и го известува Централниот депозитар за хартии од вредност дека акциите на акционерското друштво и командитното друштво со акции се поништени и дава налог за затворање на акционерската книга.

Врз основа на член 545-а од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008), министерот за економија донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ВПАРИЧУВАЊЕ НА ИМОТОТ НА ДРУШТВОТО ВО ЛИКВИДАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој представува ликвидациона маса по пат на: јавно наддавање; јавен оглас за прибирање на понуди и непосредна спогодба.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Проценета вредност на имотот на друштвото во ликвидација„ е вредноста определена од вешто лице (проценител), заснована на ликвидационата вредност на предметниот имот согласно меѓународните стандарди за проценка.
2. „Ликвидациона вредност„ е паричен износ кој може да се оствари со поединечна продажба на делови од имотот на друштвото во ликвидација на дадениот пазар во краток временски период.
3. „Продажна документација„ е документација изготвена во врска со продажбата на имотот и се состои од: пописна листа со опис на имотот, означување на намената на имотот, проценета вредност на имотот, како и сите дополнителни информации за имотот кои се од значење за определување на неговата вредност.
4. „Почетна цена„ е вредност врз основа на која започнува постапката за јавно наддавање или постапката на јавниот оглас за прибирање на понуди.
5. „Депозит„ е уплатување на паричен износ или депонирање на неотповиклива првокласна банкарска гаранција на начин определен од страна на ликвидаторот.
6. „Јавно наддавање„ е начин на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој се спроведува така што по огласување и прифаќање на почетната цена, заинтересираните купувачи јавно ги истакнуваат своите безусловни понуди за купување на имотот кои треба да се повисоки од претходно истакнатата понуда.

7. „Јавен оглас за прибирање на понуди„ е начин на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој се спроведува така што заинтересираните купувачи ги истакнуваат своите понуди по писмен пат во затворени пликови кои се отвораат на јавно објавено место и во присуство на претставници на понудувачите и други лица.
8. „Непосредна спогодба„ е начин на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација кој се спроведува така што ликвидаторот директно го известува потенцијалниот купувач или идните купувачи за условите за продажбата.

Член 3

(1) Впаричувањето по пат на јавно наддавање го организира и спроведува ликвидаторот. При спроведување на постапката на ликвидаторот можат да му помагаат и други лица кои тој ќе ги овласти или ангажира.
(2) Кога впаричувањето на имотот се спроведува со јавно наддавање, ликвидаторот во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката на органот на управување:
1) го објавува огласот за начинот на впаричувањето;
2) води евиденцијата на уплатените односно применети депозити;
3) ги регистрира учесниците на јавното наддавање;
4) го спроведува јавното наддавање;
5) води записник за текот на јавното наддавање;
6) констатира кој од пријавените учесници на јавното наддавање понудил најдобра цена и се стекнал со право да го купи имотот предмет на јавното наддавање;
7) го доставува записникот и другите писмени докази од спроведеното јавно наддавање до органот на управување на друштвото во ликвидација.
(3) Ликвидаторот впаричувањето на имотот со јавно наддавање го огласува во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија.
(4) Ликвидаторот може да го објави огласување на јавното наддавање и во еден странски весник, преку ВЕБ страница на Министерството за економија, како и со директно известување на потенцијалните купувачи за продажбата. Овие начини на огласување на впаричувањето се спроведуваат особено во случај ако проценетата вредност на имотот предмет на впаричувањето го поминува износот од еден милион евра во денарска противвредност.

Член 4

(1) Огласот за впаричување на имотот по пат на јавно наддавање содржи:
1) начин и услови на впаричувањето;
2) време и место за разгледување на имотот предмет на впаричувањето;
3) време и место на одржување на јавното наддавање;
4) краток опис на имотот кој се впаричува со податоци за неговата намена и реални товари ако ги има (право на службеност, заштитени права на трети лица и сл.);
5) почетна цена на имотот предмет на јавното наддавање;
6) висина на депозитот кој заинтересираните учесници на јавното наддавање се должни да го уплатат, како и начинот и рокот на уплата на депозитот, како и начинот и местото на преземањето на обрасците со изјава на заинтересираниот учесник на јавното наддавање дека се согласува со начинот на губење односно со правото за враќање на депозитот во случаите утврдени во овој правилник;
7) опис на постапката за јавно наддавање и услови под кои ќе биде определен понудувачот кој се стекнал со право да го купи предметниот имот;
8) рокот во кој понудувачот кој се стекнал со право да го купи предметниот имот е должен да ја уплати понудената цена; и
9) други податоци за кои ликвидаторот смета дека се од значење за успешно впаричување на имотот со јавното наддавање.
(2) Условите за впаричувањето треба да содржат и информација за начинот и условите на доставување на продажната документација на сите заинтересирани учесници на јавното наддавање, со јасна ознака дека информациите се доставуваат само за потребите за нивното учество на јавното наддавање. Продажната документација задолжително содржи известување дека податоците содржани во таа документација не се засновани на личен заклучок и истражување на ликвидаторот за имотот кој се продава, односно дека ликвидаторот не гарантира за недостатоците на имотот кој е предмет на впаричувањето, како и дека купувачите треба да ги прифатат како конечни наведените количини, карактеристики и намена на имотот. Ликвидаторот заинтересираните купувачи ги известува за сите недостатоци на предметниот имот за кои има сознание до моментот на впаричувањето.
(3) Со потпишување на образецот за изјавата за губење на правото односно за враќање на депозитот, учесникот на јавното наддавање се согласува депозитот да не му биде вратен во следните случаи:
1) Ако учесникот на јавното наддавање не се регистрира во рокот утврден пред започнување на јавното наддавање;

2) Ако учесникот на јавното наддавање не се појави на местото и во времето за кога е определено одржувањето на јавното наддавање за продажба на имотот на должникот;
3) Ако ниту еден од учесниците на јавното наддавање не ја прифати утврдената почетна цена на имотот предмет на јавното наддавање;
4) Ако учесникот на јавното наддавање кој се стекнал со правото да го купи предметниот имот не ја уплати понудената цена во рок од 15 дена од денот кога се стекнал со правото да го купи предметниот имот.
(4) Доколку при јавното наддавање ликвидаторот оствари средства по основ на задржување на уплатените депозити тие се уплаќаат на сметката на друштвото во ликвидација.
(5) Впаричувањето на имотот по пат на јавно наддавање по правило се врши во просториите на друштвото во ликвидација. Ако ликвидаторот процени дека во конкретниот случај поцелисходно е впаричувањето да се одржи на местото каде се наоѓа имотот, или на некое друго место, ликвидаторот тоа место ќе го определи со огласот за впаричувањена имотот по пат на јавно наддавање, како место за впаричување.
(6) При определување на времето на јавното наддавање ликвидаторот води сметка истото да биде определено на тој начин што ќе им овозможи присуство на сите заинтересирани учесници.
(7) Ликвидаторот го истакнува известувањето за впаричувањето на имотот со јавно наддавање на видно место на местото каде се наоѓа имотот кој е предмет на впаричувањето.
(8) Ликвидаторот обезбедува еднакви услови за сите заинтересирани купувачи, кога е во прашање разгледување на имотот кој се впаричува. Разгледувањето на имотот може да се врши само преку ден и во точно определени временски интервали.
(9) Учесниците на јавното наддавање можат да го разгледуваат имотот најдоцна седум дена пред денот на одржување на јавното наддавање.
(10) Депозитот кој што учесниците на јавното наддавање треба да го уплатат за да учествуваат на јавното наддавање изнесува 10% од почетната цена на впаричувањето на имотот.
(11) Впаричувањето на имотот со јавно наддавање се спроведува во перидот од 8 до 15 дена од денот на објавувањето на огласот за продажба.
(12) Ликвидаторот води посебна евиденција на уплатените депозити. Уплатата на депозитот се смета како пријава за учество на јавното наддавање.
(13) Ликвидаторот го спроведува јавното наддавање така што:
1) ги регистрира лицата кои имаат право на учество на јавното наддавање;

2) го отвора јавното наддавање со читање на правилата за наддавање;
3) ги повикува учесниците да ја истакнат цената која се спремни да ја платат;
4) одржува ред на јавното наддавање;
5) констатира дека определен учесник на јавното наддавање предложил највисока цена во случај кога некој друг учесник на јавното наддавање нема да истакне повисока цена од последната понудена цена ниту по третиот повик од страна на ликвидаторот;
6) го потпишува записникот за јавното наддавање.
(14) Под регистрација на лицата од став 13 точка 10 од овој член се подразбира:
1) Проверка на идентитетот на учесникот на јавното наддавање или неговиот полномошник и потврда за уплатен депозит;
2) Издавање на картичка;
3) Потпис на учесникот на јавното наддавање или неговиот полномошник на листата на учесници.
(15) Учесникот на јавното наддавање кој нема да се регистрира на пропишаниот начин или не дојде на јавното наддавање за продажба на предметниот имот, го губи правото на враќање на депозитот.
(16) Ликвидаторот започнува со регистрација на учесниците на местото на одржување на јавното наддавање два часа пред почетокот на јавното наддавање. Регистрацијата на учесниците треба да заврши 15 минути пред времето определено за почеток на јавното наддавање..
(17) Во времето кое е определено со огласот за јавното наддавање како време на започнување на јавното наддавање, ликвидаторот го отвора јавното наддавање со тоа што:
1) го наведува имотот кој е предмет на јавното наддавање;
2) ја соопштува почетната цена на имотот предмет на јавното наддавање и ја објаснува понатамошната постапка за спроведување на јавното наддавање;
3) ги повикува учесниците да побараат појаснување во врска со имотот кој е предмет на продажба, почетната цена, како и понатамошната постапка на јавното наддавање.
(18) Во случај кога на јавното наддавање е регистриран само еден учесник на јавното наддавање, истиот се повикува да ја прифати почетната цена со подигање на картицата. Ако учесникот на јавното наддавање ја прифати почетната цена се констатира дека истиот ја доставил и најдобрата понуда, а почетната цена на јавното наддавање се прогласува за продажна цена.
(19) Ако пред почетокот на јавното наддавање уредно се регистрирале повеќе учесници на јавното наддавање, ликвидаторот го започнува

јавното наддавање со тоа што ја објавува почетната цена, го утврдува секое наредно зголемување на цената и ги повикува учесниците да истакнат понуди со подигнување на картиците. Апсолутниот износ на зголемувањето на цената не може да биде поголем од износот на депозитот кој што учесниците на јавното наддавање го уплатиле и истиот го утврдува ликвидаторот.

(20) Утврдувањето на новата цена се повторува се додека учесниците истакнуваат понуди на утврдената цена. Доколку учесниците по вториот повик од ликвидаторот не истакнале понуда на последната утврдена цена, ликвидаторот го упатува последниот повик за истакнување на понуди. Кога ниту по третиот повик на ликвидаторот нема да биде истакната нова понуда, ликвидаторот го прогласува јавното наддавање за завршено и констатира дека учесникот кој понудил највисока цена е најповолен понудувач и се стекнал со право да го купи предметниот имот.

(21) Ако ниту еден од учесниците на јавното наддавање не ја прифати почетната цена, јавното наддавање се прогласува за неуспешно, а учесниците го губат правото на враќање на депозитот.

(22) Ликвидаторот определува лице кое ќе го води записникот за јавното наддавање.

Записникот ги содржи следните елементи:

1) список на регистрирани учесници;
2) утврдена почетна цена;
3) висина на зголемувањето на цената;
4) текот на јавното наддавање;
5) конечна продажна цена постигната на јавното наддавање;
6) податоци за учесникот кој понудил највисока цена и се стекнал со право да го купи предметниот имот и податоци за учесникот кој понудил втора највисока цена;
7) име и презиме на ликвидаторот и записничарот;
8) датум и час на почеток и завршување на јавното наддавање; и
9) име и презиме на членовите на органот на управување кои биле присутни на јавното наддавање.

(23) Записникот за јавното наддавање го потпишуваат:

1) ликвидаторот и записничарот;
2) учесникот кој понудил највисока цена и се стекнал со правото да го купи предметниот имот или неговиот овластен застапник; и
3) учесникот на јавното наддавање кој понудил втора највисока цена или неговиот овластен застапник.

(24) Впаричувањето по објавениот оглас за јавно наддавање се смета дека не успеало ако:

1) ниту еден учесник не се пријавил и не уплатил депозит;
2) ниту еден од учесниците на јавното наддавање не ја прифатил почетната цена;
3) доколку учесникот на јавното наддавање кој како втор е прогласен за купувач не ја уплати купопродажната цена во пропишаниот рок и по пропишана постапка, и во тој случај се губи правото на поврат на депозитот.
(25) Ако впаричувањето на првото јавно наддавање е неуспешно, ликвидаторот, следнато впаричување на предметниот имот ќе го спроведе, по пат на јавно наддавање со повторно објавување на огласот за јавно наддавање со почетна цена која неможе да биде помала од половина на проценетата вредност.

Член 5

(1) Впаричување на имотот на друштвото во ликвидација по пат на јавен оглас за прибирање на понуди ја организира и спроведува ликвидаторот. При спроведување на постапката на ликвидаторот можат да му помагаат и други лица кои тој ќе ги овласти или ангажира, во согласност со овој правилник.
(2) Кога впаричувањето на имотот се спроведува по пат на јавен оглас за прибирање на понуди ликвидаторот треба да:
1) ја објави продажбата на имотот;
2) ги собере понудите;
3) ги отвори пристигнатите понудите;
4) ги отфрли или ги одбие понудите, како и да констатира која од доставените понуди
е најповолна; и
5) ги информира учесниците за резултатите од јавниот оглас за прибирање на понуди.
(3) Ликвидаторот впаричувањето на имотот по пат на јавно прибирање на понуди го огласува во најмалку еден дневен весник од трите најтиражни дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија.
(4) Ликвидаторот може огласот за прибирање на понуди, да го објави во еден странски весник, и на ВЕБ страницата на Министерството за економија. Ликвидаторот, ваквиот начин на објавување на огласот за впаричување на имотот по пат на прибирање на понуди го врши, во случај кога проценетата вредност на имотот кој е предмет на продажба го надминува износот од еден милион евра во денарска противвредност.

Член 6

(1) Јавниот оглас за впаричување на имотот на друштвото во ликвидација со прибирање на понуди содржи:

1) начин и услови на впаричување, како и место и време во кое може заинтересираните учесници да ја подигнат продажната документација;

2) време и место за разгледување на имотот ;

3) место и краен рок за доставување на понуди;

4) краток опис на имотот кој се впаричува со податоци за намената и евентуалните реални товари (права на службеност, заштитени права на трети лица и сл.);

5) проценета вредност на имотот, со напомена дека проценетата вредност не е минимално прифатлива вредност, ниту пак на било кој друг начин е обврзувачка или определувачка за понудувачот при одредување на висината на понудата;

6) износ на депозитот, кој заинтересираните учесници се должни да го уплатат 5 дена пред крајниот рок за доставување на понуди;

7) известување дека отворањето на понудите се врши 15 минути по истекот на рокот за доставување на понуди, на определеното место, како и известување до заинтересираните учесници да присуствуваат на отварањето на понудите по јавниот оглас за прибирање на понуди; и

8) други податоци за кои ликвидаторот ќе оцени дека се од значење за успешното впаричување на имотот по пат на јавен оглас за прибирање на понуди.

(2) Ликвидаторот го истакнува известувањето за впаричувањето по пат на јавен оглас за прибирање на понуди на видно место во седиштето на друштвото во ликвидација и на местото на кое се наоѓа имотот кој се продава, како и обезбедува доволен број копии за условите на продажба кои можат да се подигнат.

(3) Условите за впаричување ги содржат следните информации: местото на превземање на продажната документација, попис и опис на имотот, општата намена на имотот и проценетата вредност на имотот со соодветната документација. Во условите за впаричување треба јасно да биде означено дека погоре наведените информации им се даваат само за потребите на учество на заинтересираните учесници во продажбата со јавно прибирање на писмени понуди. Исто така, ликвидаторот во документација ги наведува сите недостатоци на предметниот имот за кои има сознанија до моментот на впаричувањето.

(4) Продажната документација треба да содржи и известување дека податоците содржани во неа не се засноваат врз оценка на ликвидаторот

за имотот кој се впаричува, односно дека ликвидаторот не гарантира за недостатоците на имотот кои се предмет на впаричување, како и тоа дека купувачите треба да ги прифатат како конечни наведените количини, карактеристики и намена на имотот.
(5) Ликвидаторот да обезбедува еднакви услови за сите заинтересирани учесници на јавнниот оглас, по однос на разгледување на имотот кој се продава. Разгледување на имотот може да се врши само преку ден, во одредени временски интервали.
(6) Разгледувањето на имотот предмет на впаричувањето, може да се изврши најдоцна во рок од осум дена пред последниот ден кој е определен за доставување на понудите.
(7) Депозитот, кој треба заинтересираниот учесник да го уплати за да може да поднесе писмена понуда, изнесува 10% од проценетата вредност на имотот.
(8) Заинтересираните учесници понудите ги доставаат во писмена форма. Како уредни ќе се сметаат и ќе бидат прифатени писмените понуди запечатени со назнака "Понуда" на пликот и назнака дека понудата се однесува на впаричувањето на имот на одреденото друштво во ликвидација на кое се однесува јавниот оглас за прибирање на понуди.
(9) Ликвидаторот на секој плик од доставените понуди го запишува точното време на прием. Усните понуди од заинтересираните учесници ликвидаторот нема да ги земе во разгледување.
(10) Ликвидаторот ги евидентира пристигнати понуди така што ги запишува сите понуди кои што пристигнале до рокот означен во огласот, забележувајќи го датумот и точното време на прием на секоја понуда.
(11) Откако пристигнатите понуди ќе бидат отворени, ликвидаторот го запишува на понудениот износ и за кој имот се однесува понудата. Увид во евиденцијата на понуди можат да вршат сите заинтересирани учесници кои ги исполниле условите од огласот за поднесување на понуди и побарале да извршат увид во истата.
(12) Ликвидаторот ги отвара понудите:
1) во времето, местото и на начинот назначен во огласот за продажба на имотот по пат на објавување на јавен оглас за прибирање на понуди;
2) во присуство на членовите на органот на управување на друштвото во ликвидација.
Доколку, во времето на отварањето на понудите не се присутни членовите на органот на управување, ликвидаторот може да пристапи кон отворање на понудите и без нивно присуство;.

3) во присуство на сите заинтересирани учесници на јавниот оглас кои поднеле писмени понуди. Во случај кога учесниците кои поднеле писмени понуди не присуствуваат на отворањето на понудите, ликвидаторот ќе го констатира тоа во записникот и ќе пристапи кон отворањето на пристигнатите понуди.

(13) Ликвидаторот нема да ја прифати понудата во која не е наведен точно определен износ туку истата содржи процентуален износ кој може да се пресмета единствено во однос на друга понуда, од причина што ваквата понуда не е во согласност со условите на впаричувањето.

(14) Ликвидаторот ќе ги отфрли како нецелосни или неуредни писмените понуди доставени од заинтересираните учесници кои се составени спротивно на правилата утврдени во овој правилник, а особено ако на пликот се напишани податоци кои се однесуваат на заинтересираниот учесник и ставен е печат од кој може да се утврди од кого е поднесена, нема доказ за уплатен депозит пет дена пред крајниот рок за доставување на понудите, понудата не содржи потпис и печат на заинтересираниот учесник, износот кој заинтересираниот учесник го нуди за имотот кој е предмет на впаричувањето не е правилно напишан.

(15) Ликвидаторот за текот на отворањето на писмените понуди води записник во кој се запишува: во колку часот започнало отворањето на пристигнатите понуди, бројот на пристигнатите понуди, редоследот на отворањето на пристигнатите понуди со наведување на податоците на заинтересираниот учесник и висината на цената на понудата и за кој имот на друштвото во ликвидација се однесува. По спроведувањето на отворањето на писмените понуди, записникот го потпишуваат ликвидаторот, записничарот, и присутните заинтересирани учесници.

(16) Ликвидаторот веднаш по отворањето на пристигнатите понуди ќе констатира кој од учесниците поднел најповолна понуда, согласно условите на огласот и тоа се го објави на присутните учесници.

(17) Ликвидаторот, целокупната писмена документација во врска со јавниот оглас за прибирање на понуди како и записникот во кој е констатирано која понуда поднесена од учесниците на јавниот оглас е најповолна ги доставува до органот на управување на друштвото во ликвидација.

(18) Ако учесникот на огласот чија понуда е прифатена не ја уплати понудената цена во рок од 15 дена од денот на отворањето на понудите, го губи правото на враќање на депозитот.

(19) Ликвидаторот не гарантира дека имотот кој се продава има одредени карактеристики во смисла на квантитет, квалитет или да одговара на целта за која ја предвидел учесникот на огласот чија понуда

е прифатена. Ликвидаторот на идните купувачи јасно им става до знаење дека треба сами да ги утврдат карактеристиките на имотот кој е предмет на продажба, освен кога се во прашање недостатоци за кои ликвидаторот имал сознание до моментот на продажба.
(20) Ликвидаторот води грижа за тоа дека некои од лицата кои се ангажирани во ликвидационата постапка или пак биле вработени кај друштвото во ликвидација, нема да изнесуваат какво било мислење поврзано со имотот кој се продава.
(21) Во случај постигнатата цена на најдобрата понуда на учесниците на огласот да била пониска од проценетата вредност, ликвидаторот ќе одлучи за начинот на продажбата на предметниот имот согласно одредбите од овој правилник.
(22) Во случај кога предметниот имот не може да се впаричи по цена пониска од проценетата вредност, ликвидаторот може да одлучи следното впаричување на предметниот имот по пат на прибирање на писмени понуди да биде без почетна цена. Ликвидаторот во тој случај повторното впаричување на предметниот имот ќе го спроведе согласно одредбите од овој правилник кои се однесуваат на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација по пат на јавен оглас за прибирање на понуди.

Член 7

(1) Кога имотот предмет на впаричување, не бил впаричен ниту по два последователни огласи за јавно наддавање или по пат на објавување на два јавни огласи за прибирање на понуди, во тој случај истиот може да биде впаричен по пат на непосредна спогодба.
(2) При продажба на имотот по пат на непосредна спогодба ликвидаторот:
1) го утврдува начинот на огласување кој е најпогоден, со цел да обезбеди најголема можна конкуренција;
2) директно контактира со потенцијалните купувачи;
3) може да ангажира консултантски куќи специјализирани за финансиски трансакции кои ќе бидат обврзани да го осмислат маркетингот на продажбата, во зависност од атрактивноста и вредноста на имотот предмет на продажба;
4) во подготовката и дистрибуцијата на рекламниот материјал води сметка за чување на доверливите податоци кои се однесуваат на предметниот имот, односно бара од заинтересираните купувачи при превземање на рекламниот материјал да потпишат договор за чување на доверливи податоци;
5) ги запознава заинтересираните купувачи со сите податоци

(оперативни, правни и финансиски) поврзани со предметот на продажба за кои тој има сознание и со фактот дека не одговара за физичките недостатоци кои дополнително ќе се утврдат и ги предупредува дека самите треба да ги утврдат карактеристиките на имотот што е предмет на продажба.
(3) При впаричување на подвижни предмети кои се дел од опрема која не го нарушува технолошкиот процес: репроматеријали, недовршени производи, инвентар, отпадни материјали, производи со рок на траење и слично, ликвидаторот може да пристапи кон впаричување по пат на непосредна спогодба и по пониска цена од проценетата.

Член 8

(1) Впаричувањето на акциите кои се дел од ликвидационата маса се врши преку берза. Ликвидаторот, впаричувањето на акциите по однос на цената и начинот на продажбата го врши согласно Законот за хартии од вредност.
(2) Продажбата на удели кои се дел од ликвидационата маса ликвидаторот ја изврши согласно одредбите на Законот за трговски друштва и овој правилник.
(3) Доколку уделот кој е предмет на продажба е во друштво каде друштвото во ликвидација било содружник, ликвидаторот пред да ја започне продажбата на уделот треба да ги информира останатите содружници кои имаат приоритетно право да го купат.
Останатите содружници може да учествуваат во продажбата на уделот која ќе се спроведе според одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на јавното наддавање, при што истите немаат обврска да ја покачуваат понудената цена, туку само да ја прифаќаат со зборовите „прифаќам“.
Во случај уделот кој е предмет на продажба да е во друштво основано од должникот како единствен содружник, ликвидаторот веднаш ќе започне продажба по пат на јавно наддавање.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Одредби од Законот за трговските друштва кои го уредуваат бришењето на неактивни субјекти од трговскиот регистар

Постапка на утврдување на статус на неактивен субјект
Член 477-а

(1) Централниот регистар на Република Македонија прибележува во својата евиденција дека над субјектот се води постапка на утврдување на статус на неактивен субјект и електронски ја известува Управата за јавни приходи за секој субјект за кој утврдил дека ги исполнува условите од членот 477 став (10)[1] од овој закон.

(2) Управата за јавни приходи поведува постапка на утврдување на статус неактивен субјект за субјектите од членот 477 ставови (9)[2] и (10) од овој закон за кои била електронски известена согласно со ставот (1) на овој член. Во постапката, Управата за јавни приходи утврдува дали во периодот за кој не била поднесена годишна сметка и финансиски извештаи субјектот:

- реализирал трансакции по кој било основ преку трансакциската сметка отворена кај носител на платен промет (вклучително и ако е остварен само прилив на средства) или
- на друг начин располагал со своите средства и имот што Управата за јавни приходи го утврдила при вршење на работите од нејзиниот делокруг на надлежност.

(3) Во случај кога кај субјектот како должник постои одлив на средства или пренос на имот по основ на присилна наплата, односно извршување истото не може да се третира како активност на субјектот во постапката на утврдување на статус на неактивен субјект.

(4) Управата за јавни приходи донесува решение за утврдување на статус на неактивен субјект доколку кај субјектот над кој спровела постапка согласно со ставот (2) на овој член утврди дека не се

---

[1] Став (10) од член 477 гласи:

(10) Трговци поединци и трговски друштва кои не вршеле никаква трговска дејност, односно дејност која според природата и обемот на дејствување може да се смета за трговска во претходната година се должни до Централниот регистар на Република Македонија покрај писмено известување дека не биле активни да достават и годишна сметка со податоци на пропишани обрасци најдоцна до последниот ден од истекот на законскиот рок за кој се поднесуваат годишните сметки согласно со одредбите од овој закон.

[2] Став (9) од член 477 гласи:

(9) Секој голем и среден трговец е должен да ја достави годишната сметка до Централниот регистар само во електронска форма

исполнети условите определени во ставот (2) на овој член. Управата за јавни приходи електронски веднаш го известува Централниот регистар на Република Македонија дека на друштвото му е определен статус на неактивен субјект, заради негово евидентирање.
(5) Ако Управата за јавни приходи во постапка на утврдување на статус на неактивен субјект констатира дека не се исполнети условите за неактивен, со решение го задолжува субјектот во рок од 30 дена од донесувањето на решението за деловната година повторно да достави до Централниот регистар на Република Македонија годишна сметка и финансиски извештаи, со претходно извршена ревизија од овластен ревизор.
(6) Ако Управата за јавни приходи утврди дека постојат одредени отстапувања на податоците во годишната сметка и финансиските извештаи доставени до Централниот регистар на Република Македонија во однос на податоците доставени до Управата за јавни приходи, со решение го задолжува субјектот во рок од 30 дена од донесувањето на решението за деловната година повторно да достави до Централниот регистар годишна сметка и финансиски извештаи, со претходно извршена ревизија од овластен ревизор.
(7) Управата за јавни приходи за донесените решенија согласно со ставовите (5) и (6) на овој член електронски го известува Централниот регистар на Република Македонија.
(8) Доколку субјектот од ставовите (5) и (6) на овој член не достави во определениот рок годишна сметка и финансиски извештаи се брише од трговскиот регистар согласно со одредбите од членовите 552-а и 552-б од овој закон.

Постапка на бришење на неактивни субјекти од надлежен регистар

Член 552-а

(1) Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од 30 дена по настапувањето на условите за бришење на неактивен субјект и причините определени со членот 552-б од овој закон на својата веб страница да објави соопштение за тоа и да спроведе постапка за негово бришење. Во соопштението се наведува називот на трговското друштво, неговиот ЕМБС и седиштето причината за бришење известувањето за правните последици од бришењето и рокот за постапување по известувањето. Истовремено со соопштението се

повикуваат законските застапници, односно лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на субјектот, содружниците, како и доверителите (овластени подносители) во рок од една година од денот на објавувањето на соопштението да поднесат предлог за стечај согласно со Законот за стечај или предлог за ликвидација согласно со овој закон и за тоа писмено да го известат Централниот регистар на Република Македонија. За објавеното соопштение Централниот регистар на Република Македонија ја известува јавноста најмалку преку еден печатен медиум кој излегува на целата територија на Република Македонија и на националниот радио и телевизиски јавен сервис.

(2) Доколку во рокот определен во ставот (1) на овој член Централниот регистар на Република Македонија не добие известување за поднесен предлог за ликвидација, односно предлог за отворање на стечајна постапка од страна на овластен подносител, го брише субјектот и бришењето го објавува на својата веб страница, а кога се работи за трговски друштва, во објавата се повикуваат и содружниците, односно акционерите на бришаните друштва да го распределат имотот на друштвото меѓу себе согласно со ставот (4) на овој член.

(3) Доколку Централниот регистар на Република Македонија во рок од една година од истекот на рокот од ставот (1) на овој член, не добие решение за отворање на стечајна постапка, односно не е отворена постапка за ликвидација согласно со одредбите од овој закон, Централниот регистар на Република Македонија го брише субјектот и бришењето го објавува на својата веб страница, а кога се работи за трговски друштва, во објавата се повикуваат и содружниците, односно акционерите на бришаните друштва да го распределат имотот на друштвото меѓу себе согласно со ставот (4) на овој член.

(4) Движниот имот на трговските друштва избришани согласно со членот 552-а од овој закон се распределува во рок од една година од денот на донесувањето на решението за бришење. Паричните средства и недвижниот имот се распределуваат во рок од десет години од денот на донесувањето на решението за бришење. Доколку по истекот на овие рокови не дојде до распределба на имотот на друштвото, односно до распределба на новопронајден имот истиот се пренесува во сопственост на Република Македонија, со обврска движниот имот да се чува една година, а недвижниот имот и паричните средства десет години. Во овој

рок основачите имаат право во судска постапка да ја докажуваат сопственоста на имотот и да бараат враќање на истиот.
(5) Централниот регистар на Република Македонија секој месец на својата веб страница објавува преглед на трговци поединци и трговски друштва кои согласно со овој член се избришани од трговскиот регистар во текот на претходниот месец, врз основа на кој надлежните органи и институциите постапуваат во рамките на нивните надлежности.

Член 552-б

(1) Во постапката определена во членот 552-а од овој закон од трговскиот регистар се бришат трговец поединец и трговско друштво ако е исполнета една од следниве причини:
- не доставиле годишна сметка и финансиски извештаи за последната деловна година до последниот работен ден од тековната година и
- не пријавиле упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена согласно со членот 21 став (4) од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица.
- по истекот на една година од објавувањето на уписот на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија за извршен упис на основање согласно со членот 175 од овој закон не го внесе/уплати основачкиот влог.
(2) Постапка за бришење согласно со ставот (1) на овој член и членот 552-б од овој закон поведува Централниот регистар на Република Македонија по службена должност.
(3) Трговците поединци и трговските друштва за кои согласно со причините од ставот (1) на овој член, е започната постапка за бришење, истата ќе се запре ако за времетраењето на објавата на списокот за бришење ги отстранат причините заради кои била поведена.

.